**„УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**

**ДОКТОРСКИ СТУДИИ – БЕЗБЕДНОСТ**

**ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Ментор:** **Изработил:**

**проф. д-р Светлана Николоска** **м-р Џемаил Лимани**

**број на индекс 18/14**

**Скопје, 2020 година**

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Членови на Комисијата:**


**проф. д-р Томе Батковски - Претседател** Е-пошта**: tomebat52@gmail.com**

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**Член - М е н т о р:**

**Редовен проф. д-р Светлана Николоска** Е-пошта**: svetlananikoloska@hotmail.com**

**Факултет за безбедност – Скопје**

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**Член**

**Редовен проф. д-р Миодраг Лабовиќ** Е-пошта**: mlabovic@yahoo.com**

Факултет за безбедност - Скопје

**Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола**

**Член**

**Редовен проф. д-р Марјан Николовски** Е-пошта: **mnikolovski66@gmail.com**

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**Член**

**Редовен проф. д-р Ќебир Авзиу** Е-пошта: **qebir.avziu@unite.edu.mk**

Декан на Правен факултет – Тетово

Државен Универзитет Тетово


**Датум на одбрана ____________________**

**Датум на промоција:__________________**

**Наука на којшто се стекнува докторатот: Доктор на безбедносни науки.**

**И З Ј А В А**

**Од м-р Џемаил Лимани**

**Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.**

**Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.**

**Изјавител:**

**м-р Џемаил Лимани**

*ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

# АПСТРАКТ


**APSTRAKT** ..... 10

**ВОВЕД** ..... 12

**1 ДЕЛ** ..... 18

**ТЕОРЕТСКО – ХИПОТЕТСКА РАМКА** ..... 18

**1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ ИСТРАЖУВАЊЕ** ..... 18

**2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ..... 20

**3. ТЕОРЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ..... 22

**4. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ..... 27

**5. ХИПОТЕЗИ** ..... 30

**6. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ..... 32

**7. ПРОСТОРНА И ВРЕМЕНСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ..... 34

**8. ОПШТЕСТВЕНА И НАУЧНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ..... 34

**2 ДЕЛ** ..... 36

**ОСНОВИ НА БЕЗБЕДНОСТА И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА КАКО ФАКТОР НА БЕЗБЕДНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ..... 36

**1. ОСНОВИ НА БЕЗБЕДНОСТА** ..... 36

**2. СЛОБОДАТА НА ГОВОР И ИЗРАЗУВАЊЕ** ..... 39

**3. СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА** ..... 45

**4. ПОЈАВНИ ОБЛИЦИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА** ..... 48

**4.1. Говорот на омраза кај младите** ..... 53

**4.2. Говорот на омраза преку медиумите** ..... 56

**4.3. Говорот на омраза преку компјутерските мрежи и системи** ..... 59

**5. ГОВОРОТ НА ОМРАЗА – ОБЛИЦИ И ФОРМИ НА МАНИФЕСТАЦИЈА** ..... 64

**6. ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА** ..... 66

**7. ГОВОРОТ НА ОМРАЗА КАКО ФАКТОР НА БЕЗБЕДНОСТА** ..... 71

**8. ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И ДИСКРИМИНАЦИЈАТА** ..... 74

**3 ДЕЛ** ..... 78

**МЕЃУНАРОДНИТЕ ПРАВНИ АКТИ – СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА** ..... 78

**1. АКТИВНОСТИ И КОНВЕНЦИИ НА ООН** ..... 78

1.1. Универзалната декларација за човековите права ... 82
1.2. Конвенцијата за укинување на сите форми на расна дискриминација ... 87
2. АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СОРАБОТКА ВО ЕВРОПА - ОБСЕ ... 91
3. АКТИВНОСТИ И КОНВЕНЦИИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ... 95
3.1 Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи ... 97
3.2. Конвенција за компјутерски криминал ... 99
3.3. Други значајни меѓународни акти – Препораки ... 102
3.4. Рамковната одлука за расистички и ксенофобични кривични дела ... 105
4. МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ И ТЕЛА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ГОВОР НА ОМРАЗА ... 107
4.1. Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРН) ... 108
4.2. Европскиот центар за расизмот и ксенофобијата (ЕЦРК) ... 112
4.3. Комесарот за човекови права ... 113
4.4. Европскиот суд за човекови права ... 116
5. ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НИЗ ЗАКОНОДАВСТВАТА НА ПОВЕЌЕ СТРАНСКИ ДРЖАВИ ... 119
4. ДЕЛ ... 121
НАЦИОНАЛНИТЕ ПРАВНИ АКТИ - СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОР НА ОМРАЗА ... 121
1. УСТАВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ... 121
2. КРИВИЧЕН ЗАКОНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ГОВОР НА ОМРАЗА ... 125
2.1. Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот со елементи на говор на омраза ... 133
*2.1.1. Повреда на рамноправноста на граѓаните член 137* ... 134
*2.1.2. Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото по член 138* ... 136
*2.1.3. Присилба по член 139* ... 137
*2.1.4. Противправно лишување од слобода по чл. 140* ... 138
*2.1.5. Грабнување по чл. 141* ... 139
*2.1.6. Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување по чл. 142* ... 140
*2.1.7. Малтретирање во вршење на службата по чл. 143* ... 141
*2.1.8. Загрозување на сигурноста по член 144* ... 142

**2.2. Кривични дела против честа и угледот** ..... 144

***2.2.1. Повреда на угледот на Република Македонија по чл. 178*** ..... 144

***2.2.2. Излагање на подбив на македонскиот народ и припадниците на заедниците по член 179*** ..... 144

**2.3. Кривични дела против државата** ..... 145

***2.3.1. Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска – чл. 319*** ..... 145

**2.4. Кривични дела против јавниот ред** ..... 146

***2.4.1. Насилство чл. 386*** ..... 147

***2.4.2. Злосторничко здружување чл. 394*** ..... 148

***2.4.3. Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем - чл. 394 – г*** ..... 150

**2.5. Кривични дела против човечноста и меѓународното право** ..... 153

***2.5.1. Расна и друга дискриминација чл. 417*** ..... 153

**3. АНАЛИЗА НА ДРУГИ ЗАКОНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАДЕ СЕ СОДРЖАНИ ОДРЕДБИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА** ..... 156

**3.1. Закон за спречување и заштита од дискриминација** ..... 157

**3.2. Закон за радиодифузна дејност** ..... 160

**3.3. Закон за медиуми** ..... 165

**5. ДЕЛ** ..... 169

**ПОСЛЕДИЦИ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА** ..... 169

**1. ПОСЛЕДИЦИ ОД БЕЗБЕДНОСЕН КАРАКТЕР** ..... 169

**1.1. Последици со елементи на криминално делување** ..... 171

**1.2. Последици со нарушување на соживотот и толеранцијата во меѓуетничките средини** ..... 176

**2. НАДЛЕЖНОСТ И ОВЛАСТУВАЊА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА** ..... 179

**2.1. Надлежности и овластувања на Јавниот обвинител за справување со криминалот со елементи на говор на омраза** ..... 182

**2.2 . Надлежности и овластувања на Министерството за внатрешни работи** ..... 185

**2.3. Соработка со Интернет провајдерите** ..... 188

2.4. **Невладините организаци и нивните активности кон истражувања на говорот на омраза** ..... 192

**6 ДЕЛ** ..... 194

**ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА АНКЕТИРАЊЕ ВО ЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА ДРЖАВАТА** ........ 194

**1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 194

**1.1. Анализа на извештаите на Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија** ........ 195

**1.2. Анализа на Извештаи од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија за постапувања по кривични дела со елементи на говор на омраза** ........ 202

**2. АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ ОД МАКЕДОНСКАТА БЕЗБЕДНОСНА ПРАКТИКА ОБЈАВЕНИ ВО МЕДИУМИТЕ** ........ 206

**3. АНАЛИЗА НА НАПРАВЕНИ ИНТЕРВЈУА ОБЈАВЕНИ ВО МЕДИУМИТЕ** ........ 211

**4. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РЕАЛИЗИРАНАТА АНКЕТА** ........ 212

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ........ 250

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ........ 260

**ПРИЛОЗИ** ........ 270

## АПСТРАКТ

Во современите општества на правото се гледа како на моќна алатка за конструирање на општествената реалност и вклучување на сите лица во модерното општествено живеење.[1] Токму во таа насока се напорите на меѓународната заедница за осознавање на проблемите во општествата и изнаоѓање на правни решенија и препораки до националните законодавства за регулирање на одредени прашања и за кодификација на криминални поведенија што претставуваат опасност за граѓаните и нивното фукционирање во општеството. Како посебен проблем на современото општество што влече корени и од минатото е омразата и поведенијата на поединци и групи предизвикани од омраза, а кои се поизразени во мултиетничките средини каде проблемите повеќе се чувствуваат и претставуваат препрека за нормално функционирање, особено на заедниците кои се од различна национална етничка и верска припадност. Тоа се проблеми кои ја загрозуваат безбедноста на локално, регионално и национално ниво, а проблемите се рефлектираат и на глобално ниво. Безбедносните проблеми на современите општества, а посебно на општествата во транзиција, како што веќе три децении е Република Македонија, покрај економските и политичките се и проблемите на заедниците кои се соочуваат со одредени видови на дискриминација, нетрпеливост и нетолеранција. Овие појави се манифестираат преку повеќе облици и форми на изразување, како една од поопасните појави кои со помош на информатичката технологија и компјутерските системи и мрежи се повеќе се шират и претставуваат реална опасност во говорот на омраза. Говор на омраза е секој начин на изразување кој промовира омраза кон едно или повеќе лица поради нивните лични карактеристики или припадноста кон одредена група или заедница. А како жртва на говор на омраза може да биде секој, поради тоа што омразата може да постои врз различни основи, односно поради расата, бојата на кожата, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествен статус, менталната или телесната

[1] Поповска., *Стереотипите и предрасудите како причина за дискриминаторските практики,* http://eprints.ugd.edu.mk/16376/1/Stereotipi%20i%20predrasudi%20vo%20presudite%20na%20ESCP_trud%20na%20Z.Poposka.pdf.

попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, сексуалната ориентација, родовиот идентитет на луѓето.[2]

Говорот на омраза е сериозен општествен проблем кој има безбедносен карактер и неговото проучување, истражување во насока на спречување, предизвикува посебен интерес посебно за тоа како се манифестира говорот на омраза, каде најчесто се манифестира, дали и колку граѓаните се загрижени со оваа појава и нивното нормално живеење во срединиите кадешто генерации живеат нивните семејства и дали и како институциите на системот имаат правен основ за реакција и каква е нивната реакција во справување на случаите со елементи на говор на омраза.

Република Македонија и нејзините демографски карактеристики ја прават мултинационална, мултиетничка, мултирелигиозна, богатство и проблем. Соживотот, толеранцијата, културата на комуникација се карактеристики на повеќе региони посебно во западниот дел на државата, но сето тоа во одредени периоди со конкретни поведенија на поединци и групи се нарушува и се предизвикуваат сериозни безбедносни проблеми, делумно предизвикани и со говор на омраза, а како се справуваме со овој проблем како поединци во општеството и како тоа го решаваат институциите на системот е посебно актуелен проблем на истражување.

Во докторскиот труд се проучуваат појавните облици и форми на говор на омраза, посебно се анализираат кривичните дела со елементи на говор на омраза и направено е истражување за ставот на граѓаните од мултиетничките средини за нивниот став кон говорот на омраза.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:** говор на омраза, мултиетнички средини, безбедност, дискриминација, нетолеранција, кривични дела.

[2] http://www.govornaomraza.mk/page/index/3

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


## APSTRAKT

In modern societies, law is seen as a powerful tool for constructing social reality and involving all individuals in modern social life. It is in this direction that the international community's efforts to identify problems in societies and find legal solutions and recommendations to national legislation to regulate certain issues and to codify criminal behaviors that pose a danger to citizens and their functioning in society. As a special problem of modern society that is rooted in the past, it is the hatred and behavior of individuals and groups caused by hatred, which are more pronounced in multiethnic environments where problems are more felt and an obstacle to normal functioning, especially in communities that are different. National ethnic and religious affiliation. These are problems that threaten security at the local, regional and national levels, and the problems are reflected globally. The security problems of modern societies, and especially of transitional societies, such as the Republic of Macedonia for three decades, in addition to economic, political, are the problems of communities facing certain types of discrimination, intolerance and intolerance. These phenomena are manifested in many forms and forms of expression, as one of the more dangerous phenomena that with the help of information technology and computer systems and networks are increasingly spreading and posing a real danger is hate speech. Hate speech is any form of expression that promotes hatred towards one or more people because of their personal characteristics or belonging to a particular group or community. And as a victim of hate speech, everyone can be because hatred can exist on different grounds, ie because of race, skin color, gender, marginalized group affiliation, ethnicity, language, citizenship, social origin, religion or religion belief, other types of beliefs, education, political affiliation, personal or social status, mental or physical disability, age, marital or marital status, property status, sexual orientation, gender identity of people that.

Hate speech is a serious social problem that has a security character and its study, prevention research causes special interest especially in how hate speech is manifested, where it is most often manifested, whether and how much citizens are concerned about this phenomenon and their normal living in environments where their family has lived for generations and whether and how the institutions of the system have a legal basis for reaction and what is their reaction in dealing with cases of hate speech.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

The Republic of Macedonia and its demographic characteristics make it multinational, multiethnic, multireligious, wealth and problem. Coexistence, tolerance, communication culture are characteristics of several regions, especially in the western part of the country, but all this in certain periods with specific behaviors of individuals and groups is disrupted and causes serious security problems, partly caused by hate speech, and how we deal with this problem as individuals in society and how it is solved by the institutions of the system is a particularly current problem of research.

The doctoral dissertation examines the emerging forms and forms of hate speech, analyzes the criminal acts with elements of hate speech and conducts research on the attitude of the citizens of the multiethnic environment for their attitude towards hate speech.

**KEY WORDS**: hate speech, multiethnic environments, security, discrimination, intolerance, crime.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД

Република Македонија, посебно западниот дел на државата е мултиетничка средина која се карактеризира како мултинационална, мултиетничка, мултикултурна и со различна верска исповест на граѓаните. Мултиетничките средини и соживотот во нив еваѓжна општествена придобивка која треба да се негува, а не да биде проблем за нормално функционирање на заедниците од локално до регионално и национално ниво. Проблемите во општеството се секојдневни и се од економска, социјална, егзистенцијална, политичка и друга природа и тие се проблеми кои ги чувствуваат сите граѓани. Но, граѓаните во мултиетничките средини се соочуваат и со други проблеми кои произлегуваат од различностите според националната, етничката и верската припадност. Иако, Република Македонија според првиот Претседател, Киро Глигоров, беше наречена „оаза на мирот“, тој мир во одредени периоди е нарушен, а нарушувањата произлегуваа од одредени недоразбирања, намален степен на толеранција, политички притисоци и сл. Но, во континуитет се изнаоѓаат решенија за смирување на состојбите за среќа на граѓаните кои сепак живеат во тие средини и на нив нивната лична безбедност, безбедноста на нивните најблиски и безбедноста на имотот им се најбитни, но значаен е и соживотот со нивните комшии и другите граѓани од помалите и поголемите општествени средини во кои живеат со години, а одредени семејства и со векови егзистираат на тие простори и во соживот со другите кои не се од иста национална, етничка и верска припадност.

Република Македонија како и други држави со мултиетнички и мултинационален карактер има свои проблеми кои се провлекуваат низ историјата и во одредени временски периоди ескалираат, а тоа барем до сега се решава со политички одлуки. Овој принцип на решавање е карактеристичен и за други држави, но она што светот го наложува преку препораки на меѓународните правни акти е хармонизација на националното законодавство и решавање на проблемите на правен начин и со тој вид „праќање порака“ спрема граѓаните дека сите треба да ги почитуваат законските

одредби, но и дела за сторен криминал се одговара на ист начин без разлика на националната, етничката и верската припадност.

Во светот последините години се повеќе се истакнува проблемот со говор на омраза и последиците од тоа. Проблемот се потенцира и меѓународната заедница постојано се труди за изнаоѓање решенија за мирно решавање на овие проблеми, најнапред со дефинирање на проблемите, нивните појавни облици и форми и предвидување на начин за нивно истражување. Во таа насока се и препораките за хармонизација на националните законодавства и кодификација на криминални поведенија со елементи на говор на омраза, а со тоа предвидување и санкции за сторителите, како една од сериозните превентивни мерки. Препораките од македонскиот законодавец се прифаќаат на начин што се направени соодветни измени и дополнувања на казненото законодавство и се инкриминирани посебни кривични дела со елементи на говор на омраза, а се направени и одредени дополнувања и кај веќе постоечки кривични дела се предвидени облици на извршување или дејствија на извршување поттикнати од омраза. Покрај кривичната одговорност за посеризните облици на незаконски однесувања со елементи на говор на омраза, предвидени се и санкции од прекршочен карактер во неколку закони, посебно во делот на регулирање на медиумите и слободата на изразување.

Безбедносните проблеми настануваат или се потикнуваат на повеќе начини, а како покарактеристичен начин на поттикнуваат на национална, верска или етничка нетрпеливост во последниве години се истакнува говорот на омраза кој иако е „говор“ или „вербален конфликт“, може да предизвика и посериозни последици како по имотот на граѓаните, така и по нивната лична или безбедност во средините на живеење. И не би била оваа појава толку сериозна, ако истата не се шири толку брзо со помош на информатичката технологија и социјалните мрежи на Инетрнет или брзата комуникација преку мобилната телефонија и за краток период да се предизвикаат сериозни последици, кои ја поткопуваат безбедноста посебно во мултиетничките средини.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Говорот на омраза причинува голема штета и тоа како на конкретните индивидуи на кои се однесува изразувањето, така и на општеството во целина. Тој го повредува идеалот на еднаквоста или еднаквиот третман и принципот на

недискриминација кои се фундаментални за секое демократско општество. Говорот на омраза има штетно влијание на општествениот ред, мир и квалитетот на живот во заедницата. - Овој говор има капацитет сериозно да ја оштети социјалната ткаенина и да ги раздели заедниците. И конечно, говорот на омраза потенцијално води кон криминал од омраза.[3]

Криминалот од омраза е специфичен облик на криминал, со криминални обележја во повеќе поедини кривични дела од Кривичниот законик на Република Македонија, посебно во кривичните дела кадешто се потенцира дека криминалните делувања се спрема други лица од различна национална, етничка или расна група или верска определба.

Карактеристика на мултиетнички средини е токму различноста на составот на населението и каде преовладува структура на населението од различна национална или етничко припадност и различна верска определба.

Говорот на омраза или слободата на изразување се слични, но сепак различни. Слободата на изразување не треба да значи и „повредување“ на националните, верските или етничките чувства. Но, слободата на изразување може и да се злоупотреби во определени ситуации и истата преминува во појава која е нејзина потполна спротивност, а тоа е говор на омраза со елементи на нетрпеливост, повикување на насилство и сл.

Говорот на омраза се манифестира најчесто во ситуациите кога одредени лица и групи може да изразат идеи за надмоќ на определена раса, религија или нација со намера да ги понижат сите кои не припаѓаат на „нивната“ група како и да повикаат на прогон, изолација, па дури и до геноцид. Во такви случаи слободата на изразување е прешироко толкувана и преминува во говор на омраза.[4] Овие појави ја актуелизираат дискусијата за слободата на изразување, нејзините ограничувања и злоупотребата на оваа слобода.

---

[3] Јованова Д., *Говор на омраза и медиуми,* Student's social science journal, Faculty of law university, Goce Delčev – Štip, 2017, number 4, pg. 120.

[4] https://www.pravdiko.mk/sloboda-na-izrazuvane-i-govor-na-omraza/, пристапено, 16.01.2020.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Во нашите медиумски и транзициски состојби и ниска култура на „зборот“ и неговата употреба, таквото јавно сеење и распалување на омраза, без чувство за одговорност за искажаниот збор, се појавува како главен генератор на општествената

клима на нетолеранција и предрасуди врз национална, етничка и други основи, која се појавува како општа психолошка рамка за експанзија на сите облици на делата на омраза од делата на физичко до делата на вербално и психичко насилство. [5]

Сузбивањето или борбата против говорот на омраза е сложена проблематика во надлежност на полицијата која во одредени ситуации треба да се справува со проблеми со различен карактер и тоа справување со масовни немири и спречување на нарушување на јавниот ред и мир, детектирање на прекршочни и криминални поведенија на учесниците во немирите, утврдување на вид и висина на материјална штета на правни и физички лица како и утврдување на штета спрема објекти во државна сопственост, кои ги користат државните органи и институции.

“Криминалот од омраза се заснова на предрасуди. Тој може да се јави насекаде и ниту едно општество не е имуно на влијанието на предрасудите и нетолеранцијата. Поединечните појави на криминал од омраза во себе го носат зачетокот на потенцијални конфликти, затоа што можат да ескалираат и во однос на бројот на погодени лица и во однос на интензитетот на насилството, а кругот на предизвиканото насилство може да се прекине само доколку се преземат одлучни мерки.“[6]

Справувањето со говорот на омраза треба да има пред се превентивен карактер кој ќе биде насочен кон претходно проучување на безбедносните состојби и преземање на мерки за спречување на проблемите пред нивна ескалација со нарушување на јавниот ред и мир и предизвикување сериозни последици по животот и имотот на граѓаните од заедниците или групите кои се спротивставени и меѓу кои се шири говорот на омраза. Покрај превенцијата, репресијата секако се применува тогаш кога проблемите се настанати и органите на прогон ги имаат идентификувано сторителите на прекршочни и криминални поведенија.

---

[5] *Правна анализа на концептот на казнено дело на омраза и говорот на омраза*, ОБСЕ, Полиестердеј, Скопје, 2012, стр. 37.
[6] https://akademik.mk/evropski-den-na-zhrtvite-na-kriminalot-od-omraza/, pristapeno, 17.11.2019.

Репресивните мерки треба да се преземаат, но колку се ефикасни и дали репресијата раѓа нови немири и насилства се прашања за посебна анализа и посебни истражувања. Од досегашната анализа на изречените санкции на Камбовски и

Лазарова[7] се потенцира дека има неприменување на законските одредби, а причините за тоа се комплексни и може да се разместат во широка лепеза на фактори за резервираниот став на судската практика во однос на прифаќањето на концептот на дело на омраза: од независноста на судството, до постојната констелација на политички и меѓунационални односи. Помеѓу нив постои заеднодејство, во таа смисла што создадената клима на политички тензии врши постојани притисоци врз системот на казнена правда и неговите капацитети за објективно, независно и непристрасно постапување во овие случаи. Самата најава дека одделно дело се смета, на пример, за дело извршено од национална омраза, предизвикува политички реакции, кои некогаш имаат насилен вид (демонстрации), со кои судот однапред се сомничи дека е пристрасен и дека ќе им суди на обвинетите не како на криминалци, туку како на припадници на одредена национална, етничка или верска група. За не постоено оптимални услови за непристрасно просудување на делата на омраза врз национална, етничка, верска, па и политичка основа, често придонесуваат и медиумите кои, во зависност од припадноста или поврзаноста со определена општествена група, несоодветно известуваат за постапките, подигајќи ја општата тензија што го отежнува нивното непристрасно водење.

Говорот на омраза има прекршочен и кривичен карактер, но тоа се најчесто и однесувања со кои се нарушува моралот и достоинството на човекот и граѓанинот поради одредени недолични однесувања на лица од спротивните групи. Карактерот на говор на омраза може да биде национален, етнички, верски, политички, социјален, расен и сл. Во овој истражувачки труд вниманието ќе биде насочено кон теоретско проучување на криминалните поведенија со елементи на говор на омраза кои се инкриминирани од страна на македонскиот законодавец, преку анализа на кривичните

[7] Камбовски В. и Лазарова Трајковска М. , *Правна анализа на концептот на казненото дело омраза и говор на омраза*, Издание на ОБСЕ во Република Македонија, Скопје, стр. 37.

дела кои во своите битија имаат и елементи на говор на омраза. Проучувањето на кривичните дела со елементи на говор на омраза придонесува за осознавање на можните начини на извршување, начинот на организирање на сторителите, а посебно користењето на комјутерските системи како масовно средство за извршување на кривичните дела со елементи на говор на омраза или како средство за потикнување на

извршување на насилни кривични дела каде мотивот е нетолеранција, нетрпеливост, одмазда, нанесување на штета или покажување на сила, надмоќ спрема припадниците од спротивната заедница.

# 1 ДЕЛ

## ТЕОРЕТСКО – ХИПОТЕТСКА РАМКА

### 1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ ИСТРАЖУВАЊЕ

Безбедноста во Република Македонија од нејзиното осамостојување до денес се одржува во одредени граници, но треба да се истакне дека во неколку ситуации безбедноста беше нарушена од повеќе фактори, меѓу кои се: национална нетрпеливост, политичка натрпеливист, етничка нетрпеливост и сл. Како дополнителен елемент на овие фактори е факторот на говор на омраза кој се шири меѓу одредени заедници кои се разликуваат по националната, верската, етничката, политичката и социјалната припадност.

Посебно загрижувачи се моментите на брзиот начин на ширењето на говорот на омраза и повикот на припадниците од една заедница за масовни протести и покажување на другата заедница моќ, сила и сеење страв. Во неколку ситуации состојбите изминативе години ескалираа и беа предизвикани сериозни последици како по личната безбедност на граѓаните, така и по безбедноста на имотот на граѓаните имотот на правните лица и имотот на државните институции.

Како најкористени мрежи во изминатиот период за повик на масовни собири и ширење говор на омраза се Фејсбук и Твитер, во поново време комуникацијата преку Вибер, но и редовните телефонски контактирања по мобилен телефон придонесуваат за ширење говор на омраза, нетрпеливост, масовни собирања, дивеење и предизвикување штети по физичкиот интегритет на граѓаните и штети на нивниот недвижен и движен имот.

Масовните собири предизвикани со повик преку социјалните мрежи посебно се опасни ако се знае дека младата популација нив ги користи речиси постојано преку своите уреди (мобилни телефони, лап топи, персонални компјутери) и брзо ги восприемаат информациите, а посебно информациите како што се ширење на говор на омраза и брзата реакција на солидаризирање со својата група и спремноста за приклучување кон групите, спрменост за протестирање, а што е и најопасно спремност

за насилно однесување. Ова е доста сериозен проблем од причина што младата популација на населението реагира насилно, на насилен начин се спремни да го искажат своето незадоволство, а што е најопасно во одредени ситуации насилно се протестира, реагира и по повод некој „банален проблем“ или проблем што не е толку сериозен, на пример: „сообраќајна незгода“, „тепачка помеѓу соученици“ и сл. Иако се започнува од не толку сериозен проблем, ситуацијата ескалира со сериозни последици: со губење на човечки животи, нанесена штета на угостителски објекти, возила и сл.

Станува збор за сериозен безбедносен проблем со кој Република Македонија се соочува изминативе години и преку своите безбедносни служби, најчесто полицијата, ситуациите се ставени под контрола, но треба да се потенцира дека во одредени ситуации беа потребни и политички преговори и активно делување на политичките лидери по поголемите политички партии за смирување на состојбите кои ескалираа со масовни собири на граѓаните во кои имаше и сериозни нарушувања од меѓусебни напади со елементи на насилства, напад и нанесување на штета на имотот на граѓаните, до напади и сериозни последици по безбедноста на полициските службеници кои во рамките на нивната професија и професионалните задачи го одржуваат јавниот ред и мир и ја чуваат безбедноста и имотот на граѓаните.

Какви се можат да бидат последиците од ширењето на говорот на омраза е проблем препознаен од меѓународната заедница, која со меѓународни акти дава препораки за инкриминирање и создавање на правни процедури и стандарди за соработка на институциите и државите во спречување на говорот на омраза, кој се истакнува како еден од посериозните проблеми за светската безбедност и безбедноста во национални рамки, а посебно тоа е проблем во државите кои имаат сложена национална, верска, етничка структура на население, но и проблем на државите после мигрантската криза и миграцијата на граѓани од исток кон запад, со миграциите се

носат проблемите кои ја предизвикале миграцијата и проблеми од прифаќање и егзистирање во новите средини.

Проучувањето на говорот на омраза како фактор на безбедноста е сериозен предизвик и потреба од научно проучување на теоретските основи на говорот на омраза, проучување на ставовите и мислењата на граѓаните, за тоа колку се запознаени со појавата на говор на омраза, дали ги препознаваат повиците кои се предизвикани со

говор на омраза и колку се спремни за подобрување на состојбата и прифаќање на предизиците за живот и соживот во едно мултикултурно, мултинационално, мултиетничко и мултиполитичко општетство.

Научните истражувањето на криминалните појави со елементи на говор на омраза се потребни пред се поради истражување на причините и факторите кои доведуваат до поведенија со говор на омраза, потоа истражување на начините на ширење на говор на омраза, посебно најбрзиот начин, а тоа е користењето на компјутерските мрежи и системи и проучување на последиците од говорот на омраза, а посебно проучување на тактичките методи и начини на криминалистичко истражување на оваа криминална појава и техниките кои се користат при обезбедување на доказен материјал од страна на органите на прогон.

Научните проучувања на говорот на омраза се значајни и треба да имаат превентивен карактер, а тоа би значело дека по добивањето на индикаторите од истражувањето да се дадат препораки за градење на политики и стратегии за сузбивање на овој проблем кој е проблем на сите граѓани во Република Македонија без разлика на националност, вера, политичка или социјална припадност.

## 2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Како предмет на проучување ќе биде правната анализа на кривичните дела инкриминирани во македонскиот Кривичен законик со елементи на говор на омраза, поврзаноста на овие кривични дела со други кривични дела со елементи на организираност како што е „Злосторничко здружување“, но и со други насилни и имотни кривични дела. Посебно ќе се направи анализа на податоците и информациите

за криминални случаи од македонската безбедносна и криминалистичка практика, ќе се анализираат случаите, посебно што било причината за безбедносните настани, каков бил карактерот или од што биле предизвикани учесниците, дали се детектирани прекршочни и криминални поведенија, дали се поведени постапки пред надлежните судови и какви се завршниците.

Посебно ќе се стави акцент на теоретско проучување на кривичните дела од аспект на нивните објективни и субјективни карактеристики, поврзаноста со други кривични дела од насилен и имотен карактер, ќе се истражуваат неговите појавни облици, начините на извршување, сторителите, нивната организираност, со посебен акцент на компјутерот како средство на извршување, односно средство со кое се определува и самиот начин на извршување. Посебен акцент ќе се стави на криминалистичка анализа на криминалните ситуации кои се реалност за македонската криминалистичка практика во изминативе 10 години, што ќе бидат определени како временска рамка на истражувањето. Поврзаноста на овие кривични дела со други кривични дела во една реална криминална ситуација ќе бидат анализирани со примената на методот на „анализа на случај“.

Во делот на теоретско проучување на кривичните дела со елементи на говор на омраза ќе се направи компарација со неколку законодавства од други држави за да се анализира колку и на кој начин другите законодавства ги инкриминираат овие криминални поведенија и каков е системот на санкционирање.

Справувањето со овој проблем треба да има една поширока општествена димензија во кој ќе бидат активно вклучени најнапред политичките париии, посебно владејачките, на превентивен план, а потоа во делот на превенција активно вклучување на полицијата со акции за подигнување на свеста на граѓаните за опасностите кои се предизвикуваат со говор на омраза, но сето треба да биде подржано и од останатите институции со соодветни програми и содржини,( се мисли на образовните институции. Вклучувањето на невладиниот секор преку граѓански иницијативи за пропагирање на) вредностите на општеството, мирот и толеранцијата, наспроти насилството, омразата, нетолеранцијата, ксенофобијата и расизмот.

Превенцијата е најдобар начин за справување со оваа проблематика, но во конкертни ситуации и репресивните мерки треба да бидат применети на соодветен

начин со почитување на законските прописи, човековите права, но и со примена на мерки и дејствија за откривање на сторителите, расветлување на сторените криминални активности и секако обезбедување на релевантни докази за успешно кривично гонење на сторителите.

## 3. ТЕОРЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Теоретското определување на предметот на истражување е поврзано со дефинирање на значајни поими кои ќе бидат користени во истражувањето при теоретското проучување на говорот на омраза, пред се, дефинирање на поими, значајни за операционализација на предметот на истражување.

Бидејќи македонскиот законодавец, покрај класичните облици на говор на омраза предвидува и кривични дела со елемети на говор на омраза каде како средство на извршување се јавува компјутерот и начин на криминално делување се користење на компјутерските системи и мрежи ги преземаме и дефинициите за поимите на компјутерски систем и компјутерски податоци предвидени во македонскиот казнен законик, а овие кривични дела се и во групацијата на компјутерски криминалитет. Се издвојуваат и дефинирања на други значајни поими кои се користат при операционализација на теоретското истражување на оваа проблематика, но и во делот на практичното истражување или преку примена на научни методи и средстава да се обезбедат податоци според кои ќе се добијат индикатори за оваа појава во Република Македонија.

Во насока на поставување на проблемот на истражување, најнапред се поставува прашањето: Што е говор на омраза? Унифицирана дефиниција за појавата на говор на омраза не постои. Постојат повеќе толкувања за појавата на говорот на омразаа, тоа е состојба: „Кога некој поради предрасуди од социјална, етничка, национална, политичка, сексуална, расна, полова омаловажува, вознемирува, предизвикува или потикнува на насилство спрема друга група“.

**Дефинирање на говорот на омраза** е содржано во Препорака - та бр. R (97) 20 на Комитетот на Министри на Советот на Европа од 1997 година, каде се истакнува дека под терминот „говор на омраза“ треба да се разбере појава кој ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува, промовира или оправдува расна

омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетолеранција, вклучувајќи и: нетолеранција изразена во форма на агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мигранти и лица со имигрантско потекло.[8]

**„Говор на омраза"** означува усно или писмено комуницирање или друг облик на јавно изразување на став во кој било облик на комуникација со други (со конклудентни дејствија, гестови, користење симболи итн.), кој содржи намера, заснована врз предрасуди, да дискриминира, вознемири, предизвика реакција или поттикне негативен став, нетолеранција, непријателство или насилство спрема поединци или групи луѓе, врз основа на нивната расна или родова припадност, возраст, етничка припадност, националност, верско уверување, сексуална ориентација, родов идентитет, хендикеп, јазична припадност, културна припадност, морални или политички ставови, социјална состојба, занимање, ментални и физички особини, или која било друга особина. Јавно изразување на дискриминаторен, деградирачки став кон поединци и групи врз основа на некоја нивна особеност, со коештоо се шират предрасуди и се создава или може да се создаде однос на нетолеранција, непријателство или да се предизвика насилство кон таквите групи и нивните припадници. Говорот на омраза подразбира изразување омраза за определена група.

**„Говор на омраза"** е термин кој означува говор чија намера е да деградира, вознемири, или предизвика насилство или активности врз основа на предрасуди против лица или групи луѓе врз основа на нивната раса, род, возраст, етничка припадност, националност, религија, сексуална ориентација, родов идентитет, хендикеп, јазична способност, морални или политички ставови, социоекономска класа, занимање или изглед (како висина, тежина и боја на коса), ментален капацитет и која било друга особина. Терминот се однесува и на пишана и на усна комуникација, како и некои форми на однесување на јавно место.[9]

---

[8] Препораката бр. R (97) 20 на Комитетот на Министри на Советот на Европа за „говор на омраза" http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec%281997%29020&expmem_EN.asp

[9] https://civilmedia.mk/sken-politichki-video-magazin-govor-na-omraza-i-ne-kaznivosta/, пристапено. 10.10.2019.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Критичарите сметаат дека „говорот на омраза” е современ пример на „Newspeak”, со кој се стишувале критиките на социјалните партии кои биле слабо имплементирани во напорот да останат политички коректни. Говорот на омраза како концепт се однесува на цел еден спектар на негативен говор, протегајќи се од говор кој изразува, поттикнува, повикува или промовира омраза, до повредливи зборови и епитети, па дури и (иако дискутабилно) екстремни примери на предрасуди, стереотипи и пристрасност. Покрај директниот говор, говорот на омраза вклучува и многу други форми на изразување, како на пример:

- Јавно користење  навредувачки симболи.
- Нивно експлицитно прикажување на паради, протести, јавни обраќања и слично.
- Палење на крстови (ова е карактеристично за Кју Клукс кланот во САД).
- Палење  знамиња.
- Испишување  графити.
- Лепење  плакати.
- Делење и дисеминација на летоци со таква содржина.
- Изразување преку ТВ и радио.
- И од поново време, изразување на Интернет.[10]

**„Омраза”** - опфаќа субјективни чувства и ставови, изразени како различни степени на омраза (нетрпеливост, непријателство итн.). Најчесто, омразата не е некое привремена емоционална состојба, туку траен став на лицето кон друго лице, група или предмет. Омразата е субјективен елемент, мотив, побуда за извршување насилство

спрема поединец или група лица, поради нивната различност, односно припадност кон национална, етничка, верска, расна, социјална, или друга група.[11]

[10] http://www.osce.org/mk/skopje/116610?download=true, преземено, 2017.

**„Дело на омраза”** е дејствие изречно, предвидено со закон како казнено дело, мотивирано со непријателски однос кон жртвата како припадник на определена социјална група, или кон самата социјална група.

Поимот **„дело на омраза”** може да се дефинира во поширока, криминолошка, и во потесна, казнено - правна смисла. Во криминолошка смисла овој поим ги подразбира сите негативни поведенија на поединците кои се мотивирани или имаат за цел создавање и распалување на омраза спрема поединци или групи луѓе врз расна, етничка, полова или друга основа, која една социјална група ја разликува од друга. Криминолошката дефиниција поаѓа од негативните социјални консеквенции на постапките мотивирани со омраза во однос на општествените односи и нивната стабилност, без оглед на тоа дали самото поведение, зад кое стои таков мотив или цел, е изречно предвидено со законот како казнено дело. Во казнено - правна смисла, поимот „дело на омраза” е дејствие изречно предвидено со закон како казнено дело, мотивирано со непријателски однос кон жртвата како припадник на определена социјална група, или кон самата социјална група. Тоа е криминал на дискриминација, дискриминација на жртвата врз расна, етничка, полова или друга основа е мотив или цел на насилнички акт, со Законот дефиниран како кривично дело.[12]

Терминот „расизам“ го опфаќа верувањето во расни разлики, што служи како оправдување за нееднаквото постапување (што некои го сметаат за „дискриминација“) со припадници на таа раса. Терминот честопати се користи во негативна конотација и е вообичаено поврзан со расна предрасуда, насилство, антипатија, дискриминација или угнетување.[13] **Расизмот** претставува дискриминација, сегрегација, прогон наспроти доминацијата на нивната раса, вера  национална припадност.

**Дискриминацијата** треба да биде разбрана како различно постапување со лице/група во слични ситуации направено без објективно или разумно оправдување.

**Ксенофобијата** е широк поим поврзан со различни значења. Терминот „ксенофобија“ доаѓа од грчките зборови ξένος (ксенос), што значи „туѓинец“,

---

[11] Камбовски В., и Лазарова – Трајковска М*., оп. цит*., стр. 6.
[12] Камбовски В., и Лазарова – Трајковска М., *оп. цит*., стр. 6.
[13] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A0%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC,

„странец“ и φόβος (фобос), што значи „страв“. Манифестациите на ксенофобија обично се предизвикани поради силно недопаѓање или омраза против луѓе кои се сметаат за неприпадници, туѓи или странци на група, заедница или народ, врз основа на нивното претпоставено или стварно потекло, национална, етничка или општествена припадност, раса, боја, вероисповед, пол, сексуална ориентација или други основи. Манифестациите на ксенофобија вклучуваат акти на директна дискриминација, непријателство или насилство и поттикнување на омраза. Ксенофобичните акти се намерни бидејќи целта е да се понижи, оцрни и/или повреди лице (а) и „поврзаната“ група на луѓе.[14]

Под компјутерски систем се подразбира каков бил уред или група на меѓусебно поврзани уреди од кои, еден или повеќе од нив врши автоматска обработка на податоци според одредена програма.[15]

Под компјутерски податоци се подразбираат презентирање на факти, информации или концепти во облик погоден за обработување преку компјутерски систем, вклучувајќи и програма подобна компјутерскиот систем да го стави во функција.[16] Со Дополнителениот Протокол на Конвенцијата за спречување на компјутерскиот криминал коштоој се однесува на казнување на акти на расизам и ксенофобија извршени преку компјутерски систем е донесен во Стразбург на 28 јануари 2003 година, се препорачува усвојување на такви законски мерки кои можат да бидат потребни во домашното законодавство да се инкриминира однесување, кое е сторено намерно и противправно со елементи на дистрибуција или достапност на друг начин, по пат на компјутерски систем, јавно, материјали кои се оспоруваат, минимизираат во поголем обем, се дозволуваат или оправдуваат дела кои претставуваат геноцид или кривично дело против човечноста, така како што тоа е дефинирано во меѓународното право и признаено како такво, по пат на конечни и

[14]http://aktiv.mk/attachments/article/343/%D0%9A%D1%81%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%84%D0%BE%D0%B1%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf.
[15] Член 122 ст. 26 од Кривичен законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 07/08.*
[16] Член 122 ст. 26 од Кривичен законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 07/08.*

обврзувачки одлуки на Меѓународниот воен суд, воспоставен со Лондонската спогодба од 8 август 1945 година.[17]

Предметот на истражување се поврзува и со целите на истражување, а посебно кога станува збор за говорот на омраза, предметот на истражување треба да биде во функција на добивање на индикатори за тоа во кој временски период, на кој начин, кои средства се користени и кои се последиците по безбедноста на Република Македонија од ширењето на говорот на омраза и изнаоѓање решенија за спречување на оваа појава која ги разорува и најдемократските општества, а посебно е безбедносен проблем за Република Македонија која постојано се соочува со проблеми од безбедносен карактер а чија основа е мултиетничноста, мултинационалноста и различните политички ставови, идеологии, социјалните разлики и сл.

## 4. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Штетите или последиците предизвикани со ширењето на говорот на омраза во мултиетничките средини се насочен против безбедноста и стабилноста на Република Македонија, против соживотот и толеранцијата, против развојот на културата на прифаќање на различностите и градење на демократско граѓанско општество, оштество каде сите граѓани ќе ги уживаат уставно загарантираните права, но и каде ќе постои владеење на правото и правдата и санкционирање на граѓаните кои ги злоупотребуваат правата и ги разгоруваат во негативна насока различните ставови врз основа на национална, етничка, верска, политичка, социјална припадност. А, посебно злоупотреба на новата технологија и брзиот развој на информатичката технологија во негативни цели како што се брзата комуникација во функција на брз начин на ширење на говор на омраза и здружување и предизвикување на масовни немири и нанесување на штета по приватните и државните интереси, а каде како мотив е само омразата, нетолеранцијата, неприфаќањето на различностите.

Посебно се наметнуваат последиците од нарушување на редот и мирот и нарушување на соживотот, толеранцијата и развојот на мирот и демократијата во Република Македонија како мултинационална, мултиетничка, мултикултурна и држав

[17] Николоска С., *Методика на истражување компјутерски криминалитет,* Факултет за безбедност-Скопје, Скопје, 2013, стр. 60. (2)

во која политичката плурализација доведува и до несакани последици од нетрпеливост спрема припадниците од спротивните политички групации и сл. Во насока на проучување на проблемот со говор на омраза се диференцираат и целите на истражување кои се мултиплицирани од аспект на проучување на влијанието на говорот на омраза врз безбедоста и стабилноста на државата до последици изразени со нетолеранција, нетрпеливост и нарушување на севкупната стабилност и природата на соживот на македонските граѓани. Сфаќањата и ставовите на граѓаните спрема говорот на омраза се значајни во насока на идентификација на проблемите и изнаоѓање на начини, методи и средства за сузбивање на оваа негативна безбедносна појава.

Злоупотребата на компјутерската комуникација преку социјалните мрежи на Интернет е еден од најопасните начини на ширење на говор на омраза на којшто посебно ќе се посвети внимание во овој труд од причина што подигањето на свеста на граѓаните и критичното разлислување при прифаќање на повиците за нетолеранција, решавање на проблемите по насилен пат, ќе биде во насока на превенција од ширење на говор на омраза пред се преку социјалните мрежи на Интернет, а тука треба да се посвети внимание и на соработката со операторите во насока на препознавање на елементите на говор на омраза и нивно спречување пред објавување и овозможување на масивизација на овој проблем.

Проучувањето на проблемот со говорот на омраза неговите појавни облици и форми и посебно последиците од оваа појава ќе придонесат на одреден начин за подигнување на свеста кај граѓаните со цел преовладување на здравиот разум и пред се чувството и потребата од сигурност и подготвеност за соочување со негативните последици од оваа појава и потикнување на ставовите за превенција во интерес на градење на здраво демократко општетство со прифаќање на различностите на заедниците.

Како штети од актите на говор на омраза се диференцираат материјалните и финансиските штети, нематеријалните коиштоо се однесуваат на повреда на полова слобода, полов морал, повреда на расни и национални чувства, но и нанесување на физички и други повреди,

Треба да се потенцираат и политичките штети кои се во директна поврзаност со развојот на демократијата и прифаќањето на различните политички ставови, идеи и сл.

Посебно со говорот на омраза се диференцираат штетите како што се чувството на небезбедност, неприфатеност, инфериорност, неприпадност, како сериозни индикатори за нарушување на севкупната безбедност на државата  и развојот на соживотот и демократските процеси.

Преку проучувањето на говорот на омраза како фактор на безбедноста се очекува да се добијат индикатори за причините, условите и состојбите кои допринесуваат или создаваат погодно тло за сеење на страв, нетолеранција, ксенофобија во нашата држава, а пред се како се користат компјутерските мрежи и системи во однос на масовноста и брзината на ширењето на говорот на омраза.

Од предметот на истражување произлегуваат и неговите цели кои пред се се насочени кон теоретска анализа на инкриминираноста на кривични дела во македонското казнено законодавств, појавните облици и форми на говор на омраза детектирани во периодот на истражување, поврзаноста со други криминални појави, организираноста на сторителите и пред се карактерот на појавите дали се од национален, етнички, политички, верски или социјален. Посебно преку инструментите на истражување се очекува да се добијат индикатори за ставовите на граѓаните, а потоа да се постигнат и одредени цели коиштоо ќе бидат практично применливи и основа за градење на страгија за сузбивање на говорот на омраза и поттикнување на прифаќањето на различностите и неподлегнување на други негативни влијанија и делување за остварување на нечии туѓи интереси, зацврстување на туѓи ставови кои најчесто се деструктивни, дестабилизирачи и директно влијаат на безбедноста на Државата.

Посебна цел на проучување се наметнува потребата од добивање на индикатори врз основа на кои ќе се развиваат активности и кампањи за подигнување на свеста како што се:[18]

- Развивање на ефективни кампањи за подигнување на свеста и едукација коишто ја вреднуваат различноста како богатство.

[18]http://aktiv.mk/attachments/article/343/%D0%9A%D1%81%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%84%D0%BE%Dш0%B1%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

- Усвојување и спроведување закони кои ефикасно ги решаваат злосторствата од омраза.
- Обезбедување брза, непристрасна и темелна истрага и гонење.

## 5. ХИПОТЕЗИ

Истражувањето на говорот на омраза  во мултиетничките средини во Република Македонија е комплексен проект во кој се поставуваат повеќе аспекти на проучување со една единствена сериозна цел, истражување на појавните облици и форми на говор на омраза во Република Македонија, начинот на организирање и масивизирање на проблемот со користење на современите информатички технологии а во насока на дестабилизација и нарушување на безбедноста во Државата. Проблемот би можело да се каже дека најчесто е инициран од тесни интереси до нивна масивизација кон поголем дел од припадниците на заедницата и на тој начин доведување до состојба на дестабилизација и небезбедност во природната средина на живеење.

Говорот на омраза како безбедносен проблем се јавува и во најразвиените демократски држави, но посебно е сериозен проблем во малите држави кои имаат сложена структура на население по национална, верска, етничка припадност, но и држави каде политичкиот плурализам не е вредност на демократските општества.

Политичкиот плурализам ствара состојби на  политички превирања, пазарења, а сето тоа предизвикува омраза, нетрпеливост и сл. Дури во одредени ситуации политичките тензии предизвикуваат уште поголеми состојби на меѓуетничка, меѓунационална и меѓуверска нетолерантност, нетрпеливост што доведува до расправии, полемики, а во сето тоа се препознава и говор на омраза.

Говорот на омраза во Република Македонија е реалност, се препознава во медиумиите преку јавно искажаните ставови на политичарите, аналитичарита, навинарите, а се почесто и на професорите од академската заедница.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Говорот на омраза кај нас е реалност и има карактер на веќе прифатена појава и се чини „нормална",се додека не ескалираат состојбите во конфликти и тогаш тие истите што ги предизвикале се во улога на медијатори. А, проблемите од говорот на омраза ги чувствуваат директно граѓаните со претрпени штети на имот, штети од настанати последици по здравјето, а посебно штетите во нормалното живеење каде срединиte се исти и пред конфликт и по конфликт куќи и земјиште се имот кој не се пренесува како најобичен предмет, а токму тоа не поврзува во срединиte на живеење, токму поради тоа омразата носи проблеми и ни го загрозува нормалниот тек и развој н нормален живот за граѓаните од сите национални, верски и др. припадности.

Проучувањето на говорот на омраза како фактор на безбедност тргнува од генералната хипотеза формулирана како:

**„Говорот на омраза е негативна безбедносна појава во Република Македонија која е реалност и се прифаќа како „нормална" појава, се до моментот на ескалација и предизвикување на нарушување на безбедносната состојба на локално, регионално ниво и се чувствува само таму каде што е проблемот, а на национално ниво се шири говорот на омраза преку медиумите, социјалните мрежи и сл. и има прекршочен и криминален карактер согласно законите на Државата и ратификуваните меѓународни правни акти."**

Од главната хипотеза се издвојуваат и неколку посебни хипотези, а тоа се следните:

1. Меѓународната заедница ја сфаќа опасноста од говорот на омраза и последиците од тоа и поради тоа дава препораки за националните законодавства за инкриминирање на криминални поведенија со говор на омраза.

2. Република Македонија во својот Кривичен законик има инкриминирано повеќе кривични дела со елементи на говор на омраза со цел превенција и репресија.

3. Говорот на омраза има национален, верски, етнички, политички и социјален карактер.
4. Со ширење на говор на омраза преку компјутерските системи и социјалните мрежи на Фејсбук и Твитер на брз начин се шири омразата и се организираат масовни собири со набој на нетолеранција, насилство и примена на сила спрема припадниците од спротивната заеднца, но и насилство спрема припадниците на безбедносните служби.
5. Последиците од говор на омраза се комплексни: материјални штети, губење на човечки животи, нарушување на безбедноста и стабилноста на граѓаните во мешовитите средини.
6. Безбедносните служби имаат сериозен предизвик во однос на превенцијата и репресијата на говорот на омраза.
7. Говорот на омраза предизвикува појава на други криминални појави од полесен карактер до најсериозни безбедносни појави како што се: насилство, вооружени пресметки, предизвикување општа опасност со палежи, уништување на недвижен и движен имот, уништување на имот на државни институции, приватни правни лица и имотот на граѓаните кои со ништо не придонесле да бидат оштетени, тероризмот и сл.
8. Говорот на омраза се манифестира на повеќе начини со јавно искажани ставови, мислења, напишани пароли на јавни места, графити, но како најбрз начин е ширеењето на говорот на омраза преку компјутерските системи и мрежи.
9. Последиците ог говорот на омраза го чувствуваат највеќе граѓаните од мешаните средини и тие се најпогодени и секако имаат потреба од превенција од оваа појава.

## 6. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во проучувањето на говорот на омраза во мулти етнички средини во Република Македонија се применат повеќе методи и техники на истражување и прибирање, обработка и анализа на податоците.

Најнапред се примени **нормативниот метод** со цел проучување на препораките од меѓународните акти и нивната имплементација во македонското казнено законодавство.

Примената на **историскиот метод** е во насока на краток осврт низ историјата и анализата на соживотот на македонските граѓани, анализата на условите, факторите кои допринесле за појавата и ескалацијата на појавните облици на нарушување на безбедноста со елементи на говор на омраза. Многу е битно да се детерминираат причините за појавата на говорот на омраза и најчестите причини кои предизвикале развој на говор на омраза и вршење на криминални поведенија и поведенија насочени кон нарушувањето на мирот и стабилноста на Државата.

Со статистичкиот метод преку однапред подготвени аналитички концепти ќе се прибираат податоци за безбедосните случаи со елементи на говор на омраза, ќе се направи анализа на податоците од надлежните органи на прогон и од судовите за поднесени пријави за кривични дела предизвикани со говор на омраза, кривични дела со елементи на говор на омраза со целосна анализа на случаите од моментот на поденсување на кривични пријави до донесувањето на правосилни судски пресуди и иречени санкции.

Како методи се применат и други во зависност од текот и примената на наведените методи, а ќе бидат користени и анкетата и интервјуто како инструмент за обезбедување на податоци за ставовите и мислењата на граѓаните за говорот на омраза и нивните ставови во однос на тоа што треба да се преземе од страна на Државата и невладиниот сектор во интерес на подобрување на состојбата и придонес кон развој на безбедносно стабилна и демократка Република Македонија како дом за сите без разлика на националноста, верата, политиката, социјанлната состојба и сл.

## 7. ПРОСТОРНА И ВРЕМЕНСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето на говорот на омраза во мултиетнички средини со примена на методи, начини и сердства на истражување на говорот на омраза како фактор на безбедноста во Република Македонија ќе се спроведе на податоци за цела Македонија со примена на истражувачки инструменти наменети за истражувањето на ставовите на граѓаните од западниот дел на Република Македонија, а ќе бидат анкетирани 300 лица од различна национална, верска, етничка, политичка и социјална припадност. Периодот во кој ќе се реализира истражувањето е 2017-2018 година.

## 8. ОПШТЕСТВЕНА И НАУЧНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Личните и социјалните детерминанти на сторителите се рефлектираат преку социјалните услови и влијанија врз личноста да пројават во било каков степен криминална активност, но никогаш не треба да се согледуваат само надворешните влијанија и притоа да се запоставува самата субјективна страна на личноста. Објективните услови земени само за себе не можат да доведат до криминално однесување, како што ни субјективните услови немаат значење во отсуство на општествените услови на живеење. Субјективното и објективното делуваат во единство во сите животни процеси и манифестации, па и тогаш кога е во прашање криминалната активност. [19]

Говорот на омраза отвора непријатни и комплексни проблеми за современите општества оддадени на почитување и негување на културниот плурализам и толеранцијата. Регулирањето на говорот на омраза е во голема мера феномен на

[19] Николоска С. , *Методика на истражување на економско – финансиски криминалитет*, Ван Гог, 2013, Скопје, стр. 57.

периодот по Втората светска војна. Поттикнати од очигледните врски помеѓу расистичката пропаганда и Холокаустот, повеќе меѓународни договори како и поединечни земји, го истакнаа говорот на омраза како неприфатлив и спротивен на

уставно заштитените права. Дебатите околу говорот на омраза денес се сé повеќе и реакција на постојните дискусии околу растечката миграција, предаденоста кон плурализмот и почитувањето на различноста во современите уставни демократии.[20]

Справувањето со овој пробем треба да има една поширока општествена димензија во кој ќе бидат активно вклучени најнапред политичките париии, посебно владејачките, на превентивен план, а потоа во делот на превенција активно вклучување на полицијата со акции за подигнување на свеста на граѓаните за опасностите кои се предизвикуваат со говор на омраза, но сето треба да биде подржано и од останатите институции со соодветни програми и содржини се мисли на образовните институции. Вклучувањето на невладиниот секор преку граѓански иницијативи за пропагирање на вредностите на општеството, мирот и толеранцијата, наспроти насилството, омразата, нетолеранцијата, ксенофобијата и расизмот. Превенцијата е најдобар начин за справување со оваа проблематика, но во конкертни ситуации и репресивните мерки треба да бидат применети на соодветен начин со почитување на законските прописи, човековите права, но и со примена на мерки и дејствија за откривање на сторителите, расветлување на сторените криминални активности и секако обезбедување на релевантни докази за испешно кривично гонење на сторителите.

[20] http://www.osce.org/mk/skopje/116610?download=true

# 2 ДЕЛ

# ОСНОВИ НА БЕЗБЕДНОСТА И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА КАКО ФАКТОР НА БЕЗБЕДНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. ОСНОВИ НА БЕЗБЕДНОСТА

Во секојдневната комуникација кога го употребуваме поимот безбедност најчесто мислиме или подразбираме чување, заштита на нешто, на некоја вредност, материјална или духовна, или заштита на човекот. Но, кога се зборува безбедноста се мисли и на безбедноста во државата во која живееме, работиме, создаваме семејни и материјални добра за што секојдневно се грижиме. Терминот „безбедност“ во научната терминологија се употребува како функција на Државата која што се материјализира во чување на темелните општествени вредности или како составен дел на општествените појави, односно процеси на определување на носителите на безбедносните задачи или за опис на дејностите на одделни државни органи, чија задача е да обезбедат опстојност и непречено делување на Уставот, законите и со други мерки прифатено уставно уредување, доминантниот начин на производство, темелните општествени односи на сите подрачја на човековиот живот, потоа како општествена состојба изложена на различни облици на опасност и загрозување и конечно како синоним, односно објективен темел на општествениот ред и мир.[21]

Во проучувањето на потребите за раст и развој на човекот чија крајна цел е постигнување на успех, Маслов[22] прави класификација пет категории на човековите потреби, каде во втората категорија ги става потребите за безбедност и потенцира дека во моментите на несигурност се друго изгледа помалку важно и во таквите моменти овие потреби потполно овладуваат со организмот, со можност да прераснат во единствени организатори на однесувањето, ставајќи ги во служба сите капацитети на организмот, кој како единствен механизам трага по безбедност.

[21] Стојановски Т., *Полицијата во демократско општество*, 2 Август С, Штип, 1997, стр. 32.
[22] Маслов Н. А, *Мотивација и личност*, Нолит, Белград, 1982, стр, 107.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Непобитен е фактот дека човекот како инвидуа или општествено битие (член на заедницата) апсолутно неможе да егзистира, да живее, да работи, да твори ако не е безбеден. Ова е така затоа што тој лично и добрата што го опкружуваат постојано се изложени на на загрозување како од другите луѓе така и од природата и од негативните појави на општеството. Поради тоа тој мора сам – лично да се грижи за својата безбедност (лична безбедност), да учествува во остварување на безбедноста на државата (државна безбедност), на општеството (општествена безбедност), на сообраќајот, објектите, просторот, податоците и тн.[23]

Безбедноста како концепт има повеќе значења, за што во теоријата се водат расправи за тоа што всушност претставува безбедност, дали е само систем, функција, организација или држава. Од одговорот на тие прашања, кои се предмет на теоретска определба, се одредуваат потесните термини како што се: државна, јавна и воена безбедност; меѓународна, национална и колективна безбедност; надворешна и внатрешна безбедност[24] и во последно време, исто така, се објаснува и поимот приватна безбедност. Со проучување на овие прашања исто така се занимаваат и специфични научни дисциплини.

Исто така, безбедноста, може да се сфати како состојба на стабилност на виталните вредности во едно општество постигнати во околности на економски, политички, правни, социјални и културни ресурси кои и овозможуваат на владејачката класа со организирање на соодветен систем и практика да оствари безбедност која ќе го достигне минималниот легитимитет потребен за зачувување на континуитетот на економскиот и социјалниот развој на земјата во која се наоѓа на власт. Тоа значи дека безбедноста е дефинирана како позитивен систем на мерки и постапки на државните органи кои обезбедуваат, придонесуваат и го олеснуваат зачувувањето на

[23] Ивановски З. и Ангелески М., *Безбедносни системи*, Европски Универзитет на Република Македонија, Скопје, 2005, стр. 80.

[24] Иванчевић Н., *Систем безбедности Југославије - Увод у теорију система интегралне безбедности*, Београд, 1993, стр. 29 - 33.

независноста, автономијата и територијалниот интегритет на државата и заштитата на конституцијата на воспоставениот поредок на земјата[25].

Поимот безбедноста најчесто се сваќа на три начини: „како функција, како организација и како држава, со секој од овие елементи создавајќи целина за себе.

1. Како функција, безбедноста е неразделен атрибут на државата и движењето без оглед на карактерот на организацијата, политичкиот систем или формата на владеење.
2. Како организација или инагилиран механизам на заштита, безбедноста може да има различни форми на организациски облици (соодветни тела) и различни овластувања замислени и регулирани со уставните и правните акти или одлуки од политичката власт. "Овие две форми претставуваат единствена целина - систем за безбедност - кој вклучува органи и мерки (активност) кои се спроведуваат за да се заштитат одредени општествени вредности утврдени со Уставот и правните акти.[26]
3. Како состојба безбедноста го исклучува постоењето на материјални и други дела насочени против уставниот поредок, независност, суверенитет, територијалниот интегритет, вооружените сили и други вредности што претставуваат заштитени добра."

Традиционалната теорија, ја одредува безбедноста како активност или функција преку која на законска и политичка основа се организира спроведувањето на мерките и активностите на државата, со цел да ја заштити својата независност, суверенитет и интегритет, уставно воспоставениот внатрешен ред, како и лична и имотната сигурност на граѓаните. Безбедноста дефинирана во оваа смисла, со одредени корекции, е функција на секоја држава, бидејќи главно се спроведува преку мерките и активности на надлежните државни органи во рамките на политичките власти.

Безбедноста во последната деценија од минатиот век и почетокот на новиот век претставува еден од најзначајните општествени проблеми на целиот свет. Многу

[25] Радуловић Р. , *Лексикон безбедности и заштите*, Нови Сад,1994, стр. 14.

[26] Ковачевић С., *Основи система ДСЗ*, Београд, 1980, стр. 14.

сериозно е загрозена безбедноста на темелните вредности од нови и тешки облици на противречни и конфликтни состојби и криминални дејствија. Светот е соочен со ретроградни процеси, бруталност на деструкциите, судири на интереси кои произлегуваат масовни страдања на луѓето и народите[27].

Говорот на омраза како еден фактор кој може да ја загрози безбедноста стана појава која глобално го загрозува светот. А корисниците на говорот на омраза располагаат со такви начини, знаења и средства со кој му се олеснува начинот за нејзино ширење во сите слоеви на општеството.

Говорот на омраза, посебно говорот на омраза кој се шири преку социјаните мрежи и системи е современ ризик овозможен со масовната употреба на информатичката технологија кој кој се поврзува со националната безбедност, но и безбедноста која ги надминува националните граници, а тоа е регионалната и меѓународната безбедност.

Говорот на омраза е фактор на безбедноста, но во одредени ситуации тенка е линијата помеѓу говорот на омраза и слободата на изразување. Токму поради тоа е неопходно проучување на двете појави и дистинкција на појавите кога слободата на изразување има и елементи на говор на омраза.

## 2. СЛОБОДАТА НА ГОВОР И ИЗРАЗУВАЊЕ

Слободата на изразување е Уставно загарантирано право се до оној момент додека не се повредени туѓи чувства на основа на националните, етничките, верските, расните, политичките, социјалните и културните чувства на граѓаните. Согласно член 16 од Уставот[28] се дава широка заштита на ова право и се гарантирани сите негови аспекти и појавни облици и тоа се гарантираат слободата на изразување на поединецот и слободата на јавно информирање и медиумите.

---

[27] Спасески Ј., Николовски М. и Герасимоски Саше, *Безбедносни системи*, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр. 142.

[28] *Сл. весник на РМ бр. 52/91.*

Слободата на говор и изразување на мислата претставува основно човеково право кое има суштинска улога во остварувањето и заштитата на другите права. Можноста да се изрази мислењето и да се сподели информација претставува вредносен показател за демократскиот капацитет и институционалната поставеност на демократијата во општествата. Концептите на граѓанство и плурализам се неостварливи без можноста за слободно изразување на мислата и објективниот натпревар на спротивставени политички идеи. Толеранцијата кон мислата на другиот и различниот, овозможува коегзистенција во современите мултикултурни општества.[29]

Слободата е широк поим кој може да се анализира од повеќе аспекти, но сите нив ги обединува слободата на говор и изразување, а тоа посебно се истакнува во социјаниот, економскиот, политичкиот и правниот живот.

Слободата, во принцип, се приближува како збор што „изразува една од најосновните а воедно и најконтроверзни концепти на човечката мисла и пракса."[30]

Етимолошки слободата обично се дефинира како:[31]

- Можност за независна акција, можност за самоопределување на лицето, контрадикторна ситуација, постоењето на принуда.
- Можност за непречено работење во која било област на човеките активности.
- Однесување спротивно на законите, затвор.
- Привилегија и сл.

Во врска со горенаведените карактеристики на слободата, како и многу други услови, треба да се земе предвид секоја таква определба, дури и кога се утврдени од економски, политички и правен аспект. Се разбира, со оглед на тоа што условите кои ја одредуваат или влијаат на формата, содржината и досегот на слободата не се исти. Тие се разликуваат во зависност од времето и просторот во кој се гледа, изучува и дефинира.

[29] Михајлова Е., Бачовска Ј. и Шекерџиев Т., *Слобода на изразување и говор на омраза,* ОБСЕ, Полиестердеј, Скопје, 2013, стр.5. https://www.osce.org/mk/skopje/116610?download=true.

[30] *Politička enciklopedija,* Beograd, 1975, стр. 978.

[31] Anić V. , *Rječnik hrvatskog jezika*, treće, prošireno izdanje, Zagreb, 2000, стр. 1072.

Фридман М.[32] при дефинирањето на економската слобода започнува од тезата дека „Слободата самата за себе е целта која што се практикува при организирање на доминантниот дел од економските активности" или „Слободата во економските договори на слободниот пазарот."

Политичката слобода неопходно произлегува од системот на владејачките социо - економски односи, ја следи и кореспондира со владејачките социо - економски и политички партии. Во системот на „конкурентен капитализам, видовите на економска организација кои директно обезбедуваат економска слобода непосредно нудат помош и политичка слобода, одвојувајќи ја економската моќ од политичката, и на тој начин овозможувајќи му на еден да биде во противтежа на другиот." Затоа, во политичкиот контекст, идејата за слобода се користи за да се нагласи можноста за избор која мора да биде подредена на поединецот како негово право."[33]

Правото како форма на специфична (конкретна) форма на правото на слобода кое во исто време ја изразува и потврдува слободата како рамка и фундаментална вредност е добра форма на дијалектички пристап во разбирањето на овој проблем со примена на телеолошкиот метод на неговото толкување, со кој се утврдува односот помеѓу општата и индивидуалната содржина (како вредности) и можните форми (преку различни форми на слобода) на неговата манифестација. Овој пристап кон концептот на слобода, неговата содржина и форми на изразување како вредност, но и како права на индивидуалните слободи во системот на човековите права и слободата во уставното право и уставот, прифаќа современ конституционализам.[34]

Правото на слобода и безбедност е едно од најелементарните права на секој човек. Секое ограничување на правото на слобода и безбедност ја става личноста во особено ранлива положба и таа или тој лесно може да стане жртва на нечовечно, понижувачко постапување, па дури и на мачење. Заштитата на правото на слобода и безбедност е дел од правата и основните слободи кои се опфатени уште со

[32] Friedman M., *Kapitalizam i sloboda*, Globus, Zagreb, 1992, стр. 19 - 21.

[33] Ljubić D., *Ustavi pojmovi prava, slobode, jamstva, načela, mogućnosti i zabrane*“, Hrvatska pravna revija, Zagreb, 2011, str. 1.

[34] Carmani D., *Komparativna politika*, Zagreb, 2013, str. 164.

Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации од 1948 година. Овој столб во заштитата на човековите права на глобално ниво ги постави темелите на кои подоцна со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, државите членки се обврзаа дека правото на слобода и безбедност ќе има посебно место.[35]

Кога се зборува за правото на слобода и безбедност треба да се има во предвид пропорционалниот однос за заштитата како на севкупните општествени, така и на приватните интереси. Почитувањето на слободите и правата и другите вредности се уставно загарантирани човекови права и слободи и правата на малцинствата и нивните членови како еден од неизбежните елементи на современиот конституционализам. Тука се вклучуваат и слободата на мислата и изразувањето, слободата на совеста и религијата, слободата на собирање, слободата на здружување, слободата на движење, слободата на договорот, слободата на претпријатието и размена, слободата на формирање политички партии, слободата на избор и сл. Оттука на слободата на изразување се гледа како на *conditio sine qua non* што подразбира функционирање и опстанок на секое демократско општество и гаранција за сите други човекови права и слободи. Секоја рестрикција, состојба, ограничување или било какво мешање во слободата на изразување може да се примени само за одредено остварување на оваа слобода, а содржината на правото на слободата на изразување секогаш останува непроменета.[36]

Слободата на изразување може да се гледа како двојно право. Имено, правото прво, да се испраќаат, пренесуваат или изразуваат мислења и идеи од секаков вид (политички, уметнички, комерцијални изразувања) и второ, право да се бараат и примаат информации во секаква форма (усно, писмено, преку форми на уметност, медиуми, вклучувајќи ги и новите технологии). Вака поставено, ова право е интегрален дел на правото да се комуницира. Вака дефинираното право треба да е од интерес пред

[35] Ананиев Ј., Арифи Б., Габер - Дамјановска Б., Лазарова- Трајковска М., Поповска Ж. и Чубриќ С., *Човекови права,* ОБСЕ; Скопје, 2018, стр. 117.

[36] Simović M., *Pravo na sloboda na izrazavanja iz član II/3HR ustav Bosne i Hercegovine I član 10 Evropske konvencije i novija praksa ustavnog suda Bosne I Hercegovine,* Evropski defektologija centar za naučna, politička, ekonomska, socijalna, bezbjednosna, sociološka i kriminološka istraživanja, Banja Luka, 2014, str. 134.

се за креаторите на политиките, за оние кои ги формулираат политиките за правните, економските и политичките прашања. Во овој домен акцентот треба да се стави на креирање на медиумските политики, така на пример, се забележува широк обем на активности во овој правец од страна на Советот на Европа кој успеа, во значајна мера, да уреди дел од базичните принципи во однос на прашања како што е слободата на изразување и приватноста. Со тоа Советот на Европа како и Европскиот суд за човекови права одиграа улога слична на улогата на уставните судови во некои од националните јурисдикции.[37]

ПЕВ истражувачкиот центар има спроведено истражување за тоа како земјите се споредуваат со гледиштата за слободно изразување, има изградено индекс врз основа на одговорите на испитаниците на пет прашања за дозволување на одредени видови говор, како и три прашања за тоа дали на медиумите треба да им се дозволи да објавуваат одредени видови на информации. Резултатите се прикажани на слика 1.




[37] Голберт Д., *Регулирање на медиумите, компаративна студија*, Арс Ламина, Скопје, 1998, стр. 155-184.

Слика 1: Слободата на изразување во светот[38]

Според направената анализа на податоци се доаѓа до сознание дека Американците најмногу го поддржуваат слободниот говор и слободниот печат. Неколку европски и латиноамерикански држави, исто така, се појавуваат како релативно силни поддржувачи, а меѓу нив се вклучени и Канада, Австралија и Јужна Африка. Во меѓувреме, Сенегал, Јордан, Пакистан, Украина, Буркина Фасо и Виетнам се на дното на индексот, што укажува на релативно ниско ниво на поддршка за слободата на изразување.[39]

Еден од првите важни меѓународни договори во кој законски се уредува слободата на изразување е несомнено член 19 од Универзалната декларација за човекови права усвоена и прокламирана од Генералното Собрание на ОН со резолуција 217А (ИИИ) на 10 декември 1948, каде е наведено дека: [40]

***„Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво мешање и да се бараат, примаат и пренесуваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите.“***

Во однос на поимното и правното значење на слободата на изразување значајна е Европската конвенција за човекови права, каде е напишано дека: [41]

„Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без

[38] Извор: Global Attitudes & Trends (2015) – пристапено на: 30.06.2018 http://www.pewglobal.org/2015/11/18/global-support-for-principle-of-free-expression-but-opposition-to-some-forms-of-speech/

[39] Global Attitudes & Trends (2015) – пристапено на: 30.06.2018 http://www.pewglobal.org/2015/11/18/global-support-for-principle-of-free-expression-but-opposition-to-some-forms-of-speech/

[40] Член 19 од *Универзалната декларација за човекови права:* http://bezomrazno.mk/wp-content/uploads/2013/10/Univerzalna-deklaracija-za-pravata-na-covekot.pdf

[41] Член 10 од Европска конвенција за заштита на човековите права, https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценцирање на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос или кината. Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на немири или криминал, за заштита на здравјето или моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството." Иако и двата договори датираат од средината на минатиот век, истите сѐ уште се применуваат.

## 3. СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Слободата на изразување во својата смисла овозможува размена и плурализам на идеи за да се оствари богатството на мислата и преку комуникација да се реализира демократијата и политичкиот дискурс. Затоа и нејзините ограничувања мора да поминат преку строг филтер за истата да не се загрози или пак злоупотреби.

При разгледување на случаите на ограничување на слободата на изразување може да се идентификуваат случаи кога определено изразување може да наштети на цели кои се легитимно заштитени. Таквиот механизам обезбедува да не се злоупотребува слободата на изразување и да не се насочува кон комплетната спротивност на самата оваа слобода како што претставува говорот на омраза кој е најсериозна злоупотреба на можноста за изразување.

Историски гледано, говорот на омраза е прастара појава колку и политиката, но неговиот правен третман е релативно нова појава. Во почетните децении на

дваесеттиот век, тој бил познат во форма на расна омраза, а на почетокот на 40-тите години на минатиот век во правниот промет се јавува како дебата за „групна клевета“, поместувајќи ја расправата од индивидуалните кон групните карактеристики за санкционирање на клеветничките престапи.[42]

Развојот на третманот на говорот на омразата (hate speech) во своите модерни правни и политички облици, имплицитно и експлицитно, се резултат на развојот на политичкиот модел на либералната демократија и датираат од пост-воените напори на меѓународната заедница да се соочи со големите колективни геноцидни искуства (пред сè на Евреите) во Втората светска војна и пост-воените политички и историски интерпретации на феноменот на холокаустот и причините и методите за неговото настанување. Современото казнено право и меѓународната правна рамка за развивање на казнено - правен концепт што ги третира делата на омраза го следи моделот на казнивост на геноцидот и злосторството против човечноста, како и забраната на дискриминација, развиени во меѓународните конвенции и меѓународни документи за правата на човекот.[43]

Говорот на омраза е изразувања на мислења и идеи, кои се по својата природа дискриминаторни, расистички, шовинистички кои што се упатени на група луѓе или поединци заради нивната верска, расна, културна, национална, политичка или сексуална усмереност. Наменот е деградирање, престрашувачки или пробудување на насилство и нетолеранција. Предрасудите и стереотипите значајно придонесуваат во тоа да се луѓето нестрпливи и да не ги прифаќаат поинаквите светски разлики. Причините за предрасудите на стереотипите не се сместени само во поединци и во нивното различно однесување, туку често се потпирани и од страна на медиумите и политичките партии. Во медиумите би морала да биде предвидена слободата на изразувањето, а во меѓувреме би морале да бидат свесни дека самата слобода на изразување не е апсолутна. Слободата на изразувањето мора да постои, но не во

[42] Живановски Н., *Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза – Законот во сенка на политичкото толерирање на говорот на омраза“,* Македонски институт за медиуми, Скопје, 2017, стр. 2.

[43] Камбовски В. и Траковска Лазарова М., *оп. цит.*, стр. 17 - 18.

својата целосна верзија и со голема одговорност за сите кои што се вклучени како во медиумскиот, па така и во самиот политички процес.[44]

Во теоријата е добро позната разликата на политичкиот и правниот пристап кон овој феномен и неговата регулација во САД и во Европа. Во традицијата на својот Прв уставен амандман за заштитата на слободата на изразување, Американците имаат многу повисок праг на толеранција за гонење на дела од областа на говорот на омраза, од законските и правосудните практики во Западна Европа (во Франција и Германија, на пример) кои не само што забрануваат форми на говор коишто суштински ги содржат квалификативите за говор на омраза, туку и за оние за кои има одредена веројатност да доведат до насилство.[45]

Меѓу правните теоретичари не постои апсолутен консензус со кој се дефинира **говорот на омраза** и затоа не постои универзално прифатена дефиниција за овој начин на изразување.

Американскиот теоретичар Самуел Вокер (Samuel Walker)[46] го дефинира говорот на омраза прилично општо, како говор што **„традиционално ги опфаќа сите форми на изразување што се сметаат за навредливи било од страна на расна, верска, етничка или национална група“**.

Родни Смола (Rodney Smolla)[47] го дефинира говорот на омраза како **„генерички термин што вклучува и употреба на говор на напади врз раса, етничка припадност, религија или сексуална ориентација или припадност.**“

Рејмонд А. Френклин, автор на познатата интернет-страница „Hate Directory“, која ги следи веб-страниците на кои може да се сретне говор на омраза, наведува дека тоа се „интернет-страници на поединци или групи, според авторот, кои застапуваат насилство против определени групи, клевета, погрешно претставување, непријателство

[44] http://progres.org.mk/files/publications/Govorot%20na%20omraza%20za%20vreme%20na%20izbornata%20kampanja%202014.pdf

[45] Gagliardone I., Gal D., *Thiago Alves, Gabriela Martinez, “Countering Online Hate Speech*”, UNESCO, Paris, 2015, pg. 12.

[46] Walker S. , *Hate Speech: The History of an American Controversy*, Lincoln: University of Nebraska Press, 1994, pg. 8.

[47] Smolla Rodney A., *Free Speech in an Open Society*, Alfred A. Knopf, New York, 1992, pg. 152.

кон другите поради нивната раса, религија, етничко потекло, пол или сексуална ориентација“.

Говорот на омраза произлегува низ ограничувањата кои се пропишуваат во врска со грижата за заштита на слободата на изразување, како рамковно право, и тоа како апсолутно граѓанско право на слободата на мислење и како политичко право со заштитата на слободата на изразувањето на мислењето; токму политичкиот аспект на ова право е предмет на рестрикции и ограничувања низ разработени правни норми „со одредени правно поставени објективни цели“, при што „ограничувањата на правото треба да бидат определувани рестриктивно“, односно „главното право не треба да биде потценето и ограничувањето не смее да биде поголемо од потребата за заштита на правата и основните јавни добра.“[48]

## 4. ПОЈАВНИ ОБЛИЦИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА

Говорот на омраза подразбира изразување на омраза за определена група. Тој се користи за да се навреди едно лице преку расната, етничката, религиската или друга група на која тоа лице и припаѓа. Таквиот говор генерално настојува да ја осуди или обесчовечи индивидуата или групата или да изрази гнев, омраза, насилство или презир кон нив. Тој носи порака за инфериорност на членовите на односната група и осудува, понижува, и е полн со омраза. Практично, сите расистички, ксенофобични, хомофобични и други поврзани деклинации на идентитетско - напаѓачко изразување би можеле да се подведат под поимот на говор на омраза.[49]

Алабуриќ ги наведува следните облици на говор на омраза и начините и средствата за нивно ширење:[50]

- Расистички, антисемитски, шовинистички, ксенофобични, сексистички, хомофобични стереотипи и инсинуации, најчесто изразени во форми.

[48] Михајлова Е., Бачовска Ј. и Шекерџиев Т., *оп. цит.*, стр. 7 - 9.

[49] https://www.pravdiko.mk/definirane-na-govorot-na-omraza/

[50] Ibid

- Различни форми на вербално вознемирување чија цел е да предизвикаат чувство на непријатност, страв, вознемиреност на поединецот, на пр. честа злоупотреба на телефон во неразумно време.
- Употреба погрдни зборови „етикети" кои стигматизираат одредени општествени групи и нивните членови, на пр. „црнчуги", „педери" и т.н.
- Употреба различни неоправдани обвиненија, лаги и стереотипи за да ја оправдаат омразата против некого, на пр. "Евреите владеат со светот и тие се виновни за самиот холокауст".
- Симболички акти преку комуницирање „очи во очи", што со своето изразување директно може да му наштети на жртвата или да предизвика физички конфликт;
- Вербално заплашување на членовите на одредени групи за да ги натера да заминат од работното место, местото на живеење, училиште итн.
- Нагласување на различни симболи или симболични акции со цел да се насочат кон целните групи и да им се покаже дека се непожелни во одредено опкружување, како што се свастиката, палење на крстот, напад на религиозни и културни институции итн.
- Негирање или намалување на злосторствата од Холокаустот и другите нацистички воени злосторства и злосторства против човештвото, нагласување на нацистичките симболи, застапување на нацистички идеи итн.
- Обвинување на одредени групи за различно општествено зло, на пр. „Хомосексуалци за ширење на импотенцијата и болести".
- Изразување на намерата за дискриминација, на пример „за Црнците и Евреите влезот е забранет".
- Директно поттикнување на различни видови на дискриминација кон одредени социјални групи, на пример, убедување на некои членови на одредени групи да не вработуваат, да се откажат од обезбедување услуги и сл.
- Отворени закани за жртвите од различни видови насилство, поттикнување на насилство, поттикнување и провоцирање на чувства на непријателство и омраза со која ќе се предизвика физичко насилство против нив.
- Директно повикување и охрабрување на физичко истребување, на пр. Геноцид, етничко чистење, итн.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Имајќи предвид дека говорот на омраза е девалвиран, исмеан, исцеден и обележан заради својата намена, важно е да се знае дека тој може да се појави во секојдневниот живот во различни форми – по начинот и средствата на изразување, но и по степенот на транспарентност и штетите кои може да произлезат од неговите ефекти.[51]

Според Богданиќ[52] говорот на омраза се изучува и опишува во неколку различни насоки. Првиот би бил лингвистички - зборови, фрази, имиња и структури на реченици, или изрази на одвратност за некоја личност поради нивната припадност кон одредена група, Тоа се придавки и именки кои најчесто се користени како стилски фигури, односно метафорите зборови  со негативен призвук во насока на исмевање и етикетирање кои се насочени спрема одредена група на граѓани.  Потоа според Богданиќ говорот на омраза е насочен во комуникативноста со одредени намери  и цели за наштетување или понижување на некое лице врз основа на припадноста на одредена група. Пораките на говор на омраза може да бидат најочигледни и недвосмислени, но и различните пораки можат да се толкуваат на различни начини, во зависност од тоа како се пренесени во комуникацијата. Говорот на омраза може да има повеќе ефекти, но најопасни се психолошките ефекти со кои се повредуваат емотивните чувства кои предизвикуваат  страв, непријатност или гнев кај жртвите, а кај испраќачот на порака се предизвикува омраза и лутина. Токму тоа може да се протолкува  дека говорот на омраза е повик за одмазда или насилство на поединец или група што во крајна линија води до социјални конфликти или други проблеми во заедницата.

Дел од авторите кои ја проучуваат оваа проблематика предупредуваат дека не е сето тоа што содржи негативни емоции како што се гневот, омразата и нетолеранцијата кон некој говор на омраза. Особено интересен е делот кој опишува како говорот на

[51] Alaburić V. , *Ograničavanje „govora mržnje" u Demokratskome društvu - teorijski, zakonodavni i praktički aspekti* I Dio, 2003,  str. 7 http://www.pravo.unizg.hr/USTP/predmet/ups/seminar_-_dr._sc._a._horvat_vukovic, пристапено на: 02.07.2018.

[52] Bogdanić, A. , *Govor mržnje." Znakovi i poruke*, Komunikoloski kolez, Banja Luke, 2010, str. .55, http://kfbl.edu.ba/wp-content/uploads/2015/02/ZiP-III-1-2010.pdf, пристапено на: 02.07.2018.

омраза кон власта всушност не е говор на омраза. Во говорот на омраза во никој случај не спачаат владините критики, владините политики или процедури и ставовите на поединците на власт, без оглед на тоа колку тие критики биле сурови, нефер, шокантни, вознемирувачки, навредливи и сл. Имајќи ја предвид слободата на изразување на граѓаните и демократски избраните власти, ова е т.н. „Издувен вентил", изразувајќи го своето незадоволство и фрустрација. Мора да знаеме дека не секој говор кој е навреда во исто време ne е говор на омраза, иако придонесува за предрасуди и дискриминација. Исто така, треба да се земат во предвид одредени разлики помеѓу земјите, па така навредите и расистичките мислења се изразуваат во правото на слобода на мислење и изразување. Сепак, секое упатување на насилна акција против одредена група поради нивните посебни карактеристики е говор на омраза.[53]

Говорот на омраза има намера да повреди, да го претстави некого како помалку човек од другите, да вознемири, да понижи, омаловажи, деградира и да поттикне нечувствителност и бруталност кон одредени групи луѓе поради нивните карактеристики.[54]

Говорот на омраза е појава која може да се манифестира преку различни облици, но пораките се слични и имаат за цел да понижат, деградираат, дискредитираат одредена група на граѓани, со цврста намера или без „дефинирана“ намера, но прифатена како своја од останатите кои ја потикнале или започнале, токму тука е опасноста од масивизација на говорот на омраза, а со тоа и предизвикување на сериозни облици на страв, недоверба.

Говорот на омраза подразбира изразување на омраза за определена група, се користи за да се навреди едно лице преку расната, етничката, религиската или друга група на која тоа лице и припаѓа. Таквиот говор, генерално, настојува да ја осуди или обесчовечи индивидуата или групата или да изрази гнев, омраза, насилство или презир кон нив и носи порака за инфериорност на членовите на односната група и осудува, понижува, и е полн со омраза. Практично, сите расистички, ксенофобични,

[53] Matić J. , i Mršević Z. , , *Slobodan govor vs. govor mržnje, Pomeramo granice pribavljeno*., 2007.

[54] https://dzlp.mk/sites/default/files/u1002/pravo-na-govor-ne-e-pravo-na-govor-na-omraza11%20(1).pdf

хомофобични и други поврзани деклинации на идентитетско - напаѓачко изразување би можеле да се подведат под поимот на говор на омраза.[55]

Појавата на говор на омраза може да се манифестира на повеќе начини и тоа во секојдневната комуникација, особено кај младата популација, преку медиумите, преку пишување на графити, цртање на слики на јавни места, но во последно време како најмасовен облик на ширење на говор на омраза е преку користење на компјутерските мрежи и системи.

Кога зборуваме за говорот на омраза треба да се размислува и за тоа која популација од населението најчесто е подложна на прифаќање на ширењето на таа појава и каде најчесто се манифестира. Секако дека тоа се местата на помасовни собирања и местата на поголема фреквенција, а најголемата фреквенција во денешното време на „бум“ со користење на информатичката технологија е електронската комуникација преку која се повикува и на масовни собири со цел изразување на негативни чувства со елементи на повикување на нетрпеливост и нетолеранција спрема друга групација на граѓани.

Говорот на омраза причинува голема штета како на конкретната индивидуда односно група на која се однесува, така и на општеството во целина. Се нанесува емоционална и психолошка болка на жртвите, влијае на општествената мобилност и просперитетот во работата: психолошките одговори на ваквите вербални напади се состојат од чуство на пониженост, изолираност, мразење на себе си и сомневање во себе си.[56]

Говорот на омраза е особено застапен на спортските натпревари каде од вербална комуникација со говор на омраза во одредени случаи се предизвикуваат и масовни тепачки и пресметки на навивачите, а тоа е особено опасно ако има и елементи врз основа на национална, верска, етничка и друга припадност.

---

[55] Ѓорѓиевска В., *Размислувај глобално, дејствувај локално, македонска перспектива,* Меѓународна конферемција на МАНУ на тема „Дијалогот меѓу цивилизациите и предизвиците на толеранцијата во дигиталната ера“, Скопје, 2018, стр. 114.
[56] Михајлова Е., Бачовска Ј. и Шекерџиев Т., *оп. цит*., стр. 34.

### 4.1. Говорот на омраза кај младите

Сите негативни ефекти кои ги создаде процесот на транзицијата а кои оневозможија да се преземе соодветна грижа за децата и младите, сепак, влијаеа социјалното однесување на младите да се создаде преку медиумскаtа содржина, која најчесто не е соодветна за информативни и образовни цели. Денес, медиумите се неопходен фактор во нашите животи. Ако ги дефинираме како средство за пренесување на информации или спроведување на начин за комуникација со јавноста и со тоа да влијаеме на различни целни групи, може да заклучиме дека децата и младите се особено ранливи во тој поглед, бидејќи тие можат да влијаат на нивните однесување и формирање на првите ставови на кои подоцна ќе се надградуваат врз нивното искуство за светот околу нив.

Телевизијата, радио станиците, интернетот, печатените медиуми, сите тие ја обликуваат свеста кај младите луѓе. Достапноста на информациите е толку различна што повеќе не ги познава границите. Кога ова ќе се земе во предвид кога ќе се утврди дека доставените информации и не се толку добронамерен и создаваат нереална слика на реалноста или го нарушуваат концептот на разбирање на животот, можеме да заклучиме дека тоа може да доведе до различни феномени на непожелно однесување. Бомбардирани со секојдневни сцени на насилство, говор на омраза, нетолеранција малолетници знаат да прифатат такви реалност без никакви алтернативи и да се препуштат на такви форма на однесување кои носат епитет анти-социјални, несакани, девијантни однесувања. Целта на медиумите би требало да биде осмислување стратегии кои ќе го промовираат одговорни постапки према антисоцијалното однесување во медиумите и да се избегнат активности кои поттикнуваат морална дегенерација. Сите овие програми што произлегуваат од медиумските центри треба да бидат контролирани и спроведени според законот, за да може да се ограничи нивното

влијание[57]. Кога интернетот е веќе спомнат како медиум преку кој се информираат младите, особено внимание треба да се посвети на социјалната возбуда преку која младите луѓе испраќаат пораки на омраза еден кон друг, што е, секако, загрижувачки тренд кој е исклучително социјално штетен.

Јасно е дека врз развојот на дете или младите, примарно влијание има семејство, како основна единица (клетка) на секое општество. Сепак, факт е дека и во семејното окружување исто така може да ја најде основата на говорот на омраза, насилството, нетолеранцијата, кои негативно влијаат врз процесот на воспитување и усвојување на прифатливото сценарио на однесување на децата и младите. Бидејќи семејното опкружување е од примарна социјална и психолошка важност за процесот на социјализација на младиот човек, може да се оправда поврзаноста на негативното или деликвентно однесување кај младите лица со негативните или лоши животни услови во микро-социјалната средина, што е прв и најважен „социјален чекор" во формирањето и дизајнот на емоционалните, интелектуални и доброволни компоненти на младата личност; за семејството се нагласува дека тоа е најважниот фактор на социјализација, особено во периодот на детството. Исто така, младите лица кои живеат во несреќни семејни состојби генерираат психички или психосоцијални нарушувања, депресија, анксиозност, напнатост, и се многу подложни на опструктивно однесување. Во многу дела се истакнува дека семејниот статус е еден од клучните криминогени фактори, а меѓу другото негативните семејни состојби обично генерираат различни психолошки и психосоцијални нарушувања кои допринесуваат да се зголеми омразата и таа да стане составен дел од нивната секојдневна комуникација.

Училиштето по семејството, е најважната општествена група во која детето влегува. Повеќето деца се соочуваат во училиштето се свет каде што повеќе немаат привилегирана положба што ја уживале во семејството. Недостатоците во прифаќањето на работните навики, постигнувањето на целите и задачите на одгледување, културни и морални навики и други карактеристики на помладите

[57] Mojsilović Ž., Gavrić N., *Kuda vodi vršnjačko nasilje – maloletnička delinkvencija, pojam i karakteristike.* Laktaši, Visoka škola unutrašnjih poslova u saradnji sa Hans Zajdel fondacijom. Zbornik radova, Vršnjačko nasilje, , 2007, str. 107 - 119.

генерации може да имаат негативни ефекти врз однесувањето на личноста. Поради недостатоците во образовниот процес се создаваат социјални и психолошки услови поволни за појава на отстапувања во однесувањето на малолетните лица кои се под напад на овие недостатоци и влијанија. Бидејќи образованието е значаен вовед во успешната афидизација во животот, животот на децата и младите, деликвентно однесување честопати е оптоварено со разни проблеми кои, меѓу другото, влијаат на нормалниот тек на нивното образование. Дисбалансираниот тек на школување, несоодветниот однос кон училиштето и работните обврски, негативниот став кон училиштето како институција, како и недостатокот на работни навики се рефлектираат на различни начини, и образованието на младите се карактеризира со малку специфични карактеристики и функции.[58]

Во атмосферата на изобличени ставови за вреднување на школувањето, младите кои не се вклопени во училиштето и ја немаат прифатено вредноста на образованието, прибегнуваат кон употреба на говор на омраза кон своите врсници, кои нема да ги прифатат нивните модели на однесување. Говорот на омраза во такви ситуации често доведува до повеќе насилство меѓу врсниците. Тука е важно да се истакне дека транзициониот период ја создаде патологијата на вредносните системи.

Етничката и верска ексклузивност, која доминира во општеството од деведесеттите години, не само што се репродуцира, туку разви и други форми на ексклузивност, кои се шират во други општества.

Говорот на омраза, насилството и нетолеранцијата исто така станаа главна карактеристика на младите генерации чијшто раст се заснова на искривен систем на општествени вредности во кои непочитувањето на другиот и различниот и непочитувањето на општествените норми и правила се перцепираат како апсолутно позитивни вредности. Во такви услови, младите, идните граѓани, не го познаваат поимот толеранција, различна сексуална ориентација или идејата за родова еднаквост.

[58] Mojsilović Ž., Gavrić N., *op, cit.*, str. 107 - 119.

### 4.2. Говорот на омраза преку медиумите

Медиуми (печатење, радио, телевизија, интернет) се масовни алатки за комуникација. Како важен фактор на севкупните општествени односи, тие заземаат посебно место во современата социологија. Според Даглас Харпер, поимот медиум доаѓа од латинскиот збор media, што претставува форма на множина од medium[59], што значи на половина, во средината, на исто растојание од две страни. Додека пак, Пол Вилкинсон во овој термин ги вклучува сите методи и канали за пренос на информации[60]. Притоа треба да се има во предвид фактот дека само формалните медиуми се релевантни за оваа тема - телевизија, радио, весници и интернет.

Медиумите, како средства за масовна комуникација, имаат исклучително важна улога во промовирањето на различностите, нивното почитување, толеранцијата и рамноправноста, недискриминацијата. Но, и покрај тоа, често пати и самите стануваат промотори на јазик на омраза.

Структурата на говор на омраза вклучува две спротивставени групи актери, каде што говорникот без разлика дали тоа е политичар, новинар, уредник или некоја друга јавна личност е носител на одреден идентитет и претставник на групата, која ја претставува и ги застапува неговите истомисленици. Говорот на омраза е орален или писмен израз со дискриминаторски ставови. Со него се шири, стимулира, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, хомофобија, антисемитизам, сексизам и други форми на омраза врз основа на нетолеранција. Жртви на говорот на омраза обично не се поединци, туку ранливи социјални групи. Во основата на говорот на омраза е верување дека тие луѓе се помалку вредни, затоа неговата цел е дехуманизација, понижување, заплашување и влошување на социјалната положба на оние против кои е насочен.

Совршен начин на пакување на медиумските пораки и препознавање на облиците на говор на омраза во општествата кои не се диктаторски и демократски, медиумите се области на интензивни научни истражувања. Во западните медиуми, ова

59 Harper D. , *Etimology Dictionary*, Historian, Nev York, 2008.

60 Wilkinson P., *The Media and Terrorism*: A Reassessment, Frank Cass, London, 1997.

подразбира каква било негативна карактеризација, односно ширење на стереотипите преку медиумите насочени кон маргинализирани групи како што се: странци, малцински заедници или жени. Прекршувањето на овие норми е предмет на кршење на човековите и граѓанските права и постојат прецизно дефинирани кодови кон кои медиумите мора да се придржуваат за да избегнат вакви случаи. Како расизам во политичкиот дискурс, се смета секое повикување на една заедница или луѓе како помалку вредно во однос на сопствените или наведување на некои особини во таа смисла. Тој може да биде експлицитно наведено во медиумите во многу примери.

Говорот на омраза во јавниот простор обично завршува со насилство. Завист, омраза, штета, презир и одвратност се лошите чувства на човекот. Емоциите на омраза, презир и одвратност „потекнуваат од претходните фази на еволуцијата и имплицираат антагонизам кон оние кои не се членови на заедницата, кои спаѓаат во најопасните од нашиот репертоар. Ние ги наследуваме заедно со нашата способност да сакаме. Најекстремниот израз на овие емоции е војната, активност која што и ден денес во 21 век сеуште е присутна. Маневрирањето со цел да се обезбеди статус во хиерархијата на доминација е општествен акт со одредени правила и процедури.

Наспроти тоа кон емоцијата на презир и омраза настојуваме да ги елиминираме другите, без ограничување, како што ги истребуваме штетниците. Насоките кои нас не водат на таков чин не се опшествени емоции, туку асоцијални.[61]

Ерих Фром предупредуваше дека „човечката агресија ја надминува агресијата на предците, човекот е за разлика од повеќето животни вистински убиец”. Омразата е „стремеж за исчезнување, за смрт, за уништување на една личност". Се разбира, овој феномен не се јавува секогаш во таква апсолутна чиста форма: постојат различни степени. Можеме половина да сакаме нечија смрт. Но, секоја омраза ја содржи идејата за смрт. Двата делириуми ја содржат идејата за смрт: делириум на меланхолија и делириум на прогон. Делириум на меланхолија е крајната цел или цел на самоубиство. Делириум на прогонство или делириум на омраза е крајната цел на убиството".[62]

---

[61] Outli K., *Emocije,* Clio, Beograd, 2005, str. 136 - 137.

[62] Janet P., *Ljubav i mržnja,* Naprijed, Zagreb, 1968, str. 196 - 197.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Кога омразата има шанса да се манифестира на јавната сцена, тогаш може да се смета дека таа е управувана и поттикната од злобни и опасни луѓе. Доминацијата на омраза на јавната сцена не е ништо повеќе од доминацијата на нечесните на власт. Медиумите што користат говор на омраза се широко распространети и се соучесници во можните зло и злосторства кои произлегуваат од омразата. Зборовите на омраза што се говорат или пишуваат во медиумите „немаат општествена вредност, ја дехуманизираат целта или поттикнуваат насилство и други форми на антисоцијално однесување. Како и кај сите други области на морална загриженост, вработените во медиумите се одговорни за содржината што ја прикажуваат, без оглед на тоа кој навистина ги произведува. А рекламите се етички одговорни за обезбедување на финансиската поддршка на апостолите импотенцијали.

Вистинската реалност вели дека се додека публиката ја продолжува или ги игнорира носителите на говорот на омраза и програмите што успеваат да прикажат насилна конфронтација, медиумите ќе продолжат да придонесуваат за деградација на културното општество. „Искуството покажува дека со овие бедни занаетчии и лоши луѓе ништо сериозно и вредно не може да стори. Животот со нивното учество на јавната сцена ќе биде голема лага - измама секогаш во нивна полза.[63]

Медиумите што генерираат говор на омраза, во суштина, е процес на медиумско ширење на содржина на говор на омраза кон голем број приматели на информации. Говорот на омраза постоел долго пред појавата на медиумите. Сепак, неговата генерирање во постојниот обем без масовна комуникација не би била возможен. Носителите на говорот на омраза во масовните медиуми пронашле моќен сојузник кој им овозможува да го привлечат вниманието на голем број примачи на информации.

Во пристапот кон овој проблем, приоритет се дава на телевизијата како најмоќен медиум при што неоправдано се занемарува улогата на Интернетот како идеален медиум за ширење на говор на омраза. Предностите на оваа алатка за генерирање на говор на омраза се разнолики: анонимност во комуникацијата, едноставен и лесен пристап, отсуство на цензура или било која друга форма на

[63] Čupić Č, *Politika i poziv*, Udruženje za političke nauke Jugoslavije i Čigoja štampa, Beograd, 2002, str. 89.

контрола, речиси целото население на светот како потенцијална публика, брз пренос на информации, многу ниски трошоци за одржување, способност да се комбинираат текст, слики, звук и „преземање" на содржината, способност да влијаат на класичните медиуми кои го користат Интернетот како извор на информации.[64]

Во борбата против говорот на омраза во медиумите, никогаш не треба да се изгуби од вид ставот дека без слобода на говорот нема слободно општество. Затоа е потребно, покрај државната и општествената контрола на изразувањето, неопходно е уште повеќе да се дозволи организираниот притисок на граѓаните, преку разни невладини здруженија, и на говорот на омраза да се одговори само преку говорните аргументите.

### 4.3. Говорот на омраза преку компјутерските мрежи и системи

Компјутерските мрежи претставуваат најголемите технолошки достигнувања во историјата на човештвото со уникатна општествена трансформативна сила, можностите за комуникација меѓу луѓето станаа, практично, безгранични, и во квантитативна, но и во квалитативна смисла. Денеска секој кој има пристап до интер-нет, дури и без многу труд, пари и особени технички или образовни квалификации, може да достигне милионска публика со она што ќе го сподели како вест или друга содржина на светската мрежа, во реално време: од фотографии или куси видеа за домашните миленици или рецептите за подготовка на храна, до содржини и политички дискурси кои можат да ги засегнат правата не само на поединци, туку и на цели општествени групи и слоеви.

[64] Reid E., Qin J., Zhou Y., Collecting and Analyzing the Presence of Terrorists on the Web: A Case Study of Jihad Websites, University of Arizona and Haifa University, Tuscon, Haifa, 2007.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Сé поголемиот технолошки развој на општествата, особено во делот на информатиката и виртуелниот свет, доведува до реална можност луѓето преку користењето на интернетот и социјалните мрежи да можат да ги искажуваат своите ставови на јавен начин за одредени состојби во разни општествени сегменти. Брзиот развој на виртуелниот свет, остава и простор за ширење на говор на омраза и дискриминација на разни групи и поединци кои се дел од интернет-заедницата. Социјалните мрежи и социјалното вмрежување не се нови концепти, тие во различни облици постојат отсекогаш. [65]

Интернетот, како и повеќето нови технологии, претставува вредносно неутрална алатка, кој како што може да биде корисен за остварување на социјални бенефити, може да биде искористен и за општетствено девијантни поведенија, дотолку повеќе, што тој овозможува креирање на нови форми на општетствено штетно однесување, но и олеснување на извршувањето на традиционалните форми на криминалитет. Ширењето на говорот на омраза преку компјутерските системи е криминал кој е предвиден во меѓународните правни акти, а во Република Македонија со реформите се инкриминирани посебни кривични дела со елементи на говор на омраза, нетолеранција, расизам и ксенофобија преку компјутерски систем.[66]

Компјутерските системи и мрежи овозможуваат брз начин на ширење на говорот на омраза, постојат и други начини на ширење на говорот на омраза, но битни се последиците од говорот на омраза кои се манифестираат со масовни собири, немири, насилства со нарушување на јавниот ред и мир, нанесување на штета по животот и имотот на граѓаните. Причините за говор на омраза може да бидат од обични или банални, караница помеѓу лица од различна националност или расправија помеѓу лица од различна политичка определба, а последиците може да бидат доста сериозни предизвикани со повик кон својата група на припадност и одмаздување спрема спротивната страна.[67]

[65] Kušić S. , *Online društvene mreže i društveno umrežavanje*, Život i škola, 2/2010, 2010, str. 103.
[66] Тупанчевски Н. и Кипријановска Д. , *Основи на македонското информатичко казнено право*, МРКПК бр. 2 - 3, Скопје, 2008, стр. 523.
[67] Николоска С.*, оп. цит.*, стр. 283. (1)

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во најширока смисла, под говор на омраза „он-лајн“ („сајбер-омраза“) се подразбира која било употреба на технологијата на електронски комуникации за ширење антисемитски, расистички, ксенофобични, дискриминаторски, екстремистички или терористички содржини. Изразот говор на омраза „он-лајн“ е поширок од изразот говор на омраза на интернет затоа што ги опфаќа не само интернет-содржините (веб - страници, социјални мрежи, кориснички - генерирани содржини, блогови, он-лајн игри, е-пораки итн.) туку и содржините на мобилните телефони.[68]

Интернетот стана нов фронт за ширење на омраза. Анонимноста и мобилноста која ја обезбедува ова средство за комуникација го направи изразувањето на омраза лесно во еден широк и апстрактен простор кој е надвор од областа на традиционалната примена на правото. Пораката на омраза може да стигне до милиони луѓе во еден краток временски период преку компјутерските мрежи, а пораката на омраза може да предизвика и други последици посебно спрема групите на кои е насочена омразата. Посебно младата популација која голем дел од времето го поминува на компјутерските социјални мрежи е подложна на прифаќање на омразата и прифаќање на насилството како акт на нетолеранција. Виртуелните идентитети, често анонимни, ширејќи говор на омраза, во сè поголем број го остваруваат својот потенцијал да станат вистинска закана за реалните идентитети не само на поединци кои припаѓаат на социјалните или политичките малцинства и маргинализираните групи во општествата, туку и на целите тие групи, врз основа на нивните замислени или реални различни групни идентитетски карактеристики од оние на општествените мнозинства. Количеството на говор на омраза и повиците за дискриминација низ традиционалните медиуми одамна не може да се спореди со огромното количество и интензитетот на омразата што се шири на интернет: употребата на навредите и различните форми на абразивен и екстремен говор, дефамациите, компромитациите, отворените закани и повици за групно насилство се тажното, но и загрижувачко секојдневие на интернет, особено по релативно новиот феномен на дигиталните платформи за комуникација на социјални мрежи.

[68]http://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2014/09/Vodic-za-IKT-na-Metamorfozis-br-10-MK-za-WEB-1.pdf

Дел од истражувања од оваа област покажуваат дека 22% од испитаните корисници на социјалните мрежи доживеале да бидат злобно третирани од други, 21% биле цел на „тролање“, а дури 16% биле изложени на говор на омраза.[69]

Говорот на омраза на Интернет ја има и таа карактеристика што не само што овој глобален медиум е погоден за брзо и масовно распространување на пораките, туку тие содржини, благодарејќи на мулти-платформската природа на овој медиум и можноста за безброј линкувања и лажна трансформација на содржините, останувaат многу подолго достапни за различни таргет-групи.

Релевантни истражувања покажуваат дека практиките за „интернет тролање“ – намерно провоцирање на корисниците на мрежата преку употреба на навредлив и распалувачки говор – ја докажуват старата теориска теза дека и природата на медиумот влијае врз содржината што ја пренесува. „Говорот на омраза се потпира врз тензиите (во општеството), коишто сака да ги репродуцира и засили. Таквиот говор и обединува и разделува, истовремено. Создава „ние“ и „тие“.[70]

Истовремено, под притисок на јавноста и на институциите во демократските држави, и главните интернет платформи (како Гугл) или оние за социјална комуникација (Фејсбук, Твитер, Виспер и сл.) почнуваат својот однос кон овој феномен сè повеќе да го моделираат од реактивен во проактивен, користејќи ги огромните можности што им стојат на располагање за обработка, анализа и корелација на големите бази на податоци со кои располагаат, зачувувајќи ја приватноста на своите корисници.

Во последните години, особено заради наглиот пораст на глобалната закана од тероризам, видливи се зголемените напори кај интернет провајдерите и платформите за социјална комуникација на сериозен начин да го третираат растечкиот проблем на ширење омраза преку нивните мрежи. Овие глобални компании вработуваат сè повеќе луѓе кои се задолжени за следење и анализа на содржините на нивните мрежи,

[69] Deb A., Donohue S. and Glaisyer T., *Is Social Media a Threat to Democracy?,* The Omydiar Group, October 2017, pg. 13.

[70] Gagliardone I., Gal D., Alves T., and Martinez G., *op. cit*. pg. 11-15.

развиваат софтверски решенија кои овозможуваат супер брзи обработки на податоци од оваа сфера, а подигнато е и нивото на соработка со националните и меѓународните владини и невладини инстанци кои се занимаваат со регулирање, следење и санкционирање на областа на онлајн говорот на омраза.

Во настојувањата да се справи со омразата на Интернет, Советот на Европа во 2001 година ја усвои Конвецијата за компјутерски криминал која е и првиот мултилатерален договор кој настојува да се справи со компјутерски криминал и да ја зголеми соработката помеѓу државите хармонизирајки ги националните закони и истражни техники. Во 2003 година Советот на Европа донесе и посебен Протокол за говорот на омраза на Интернет чија цел е двократна:[71]

1. Da се хармонизира казненото право во борбата против расизмот и ксенофобијата на Интернет, и
2. Da се унапреди меѓународната соработка во оваа област.

Според овој Протокол како расистички и ксенофобичен материјал се смета: секој пишан материјал, секоја слика или секое друго претставување на идеи или теории кои застапуваат, промовираат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство, против индивидуа или група на индивидуи, засновано на раса, боја, предците или националното или етничко потекло, како и религија ако е употребена како претекст за било кој од овие фактори.

Според овој Протокол говорот на омраза на Интернет подразбира:

- Расистички и ксенофобично мотивирана закана преку компјутерски систем.
- Расистички и ксенофобично мотивирана навреда преку компјутерски систем и
- Негирање, големо минимизирање, одобрување или оправдување на геноцид или злосторства против човештвото.

[71] Михајлова Е., Бачовска Ј. и Шекерџиев Т., *оп. цит.*, стр. 38.

## 5. ГОВОРОТ НА ОМРАЗА – ОБЛИЦИ И ФОРМИ НА МАНИФЕСТАЦИЈА

Секоја форма на говор на омраза во одреден историски и културен контекст различно може да биде толкувана, а истата се поврзува и со моралното и емоционалното значење на содржината на текстот, сликата или друг манифестен облик на говор на омраза. Ова произлегува од самата природа на говорот. Имено, употребата на навредливи зборови во разговор со познајници и со пријатели може да доведе до спротивното; до низа пожелни социјални ефекти, како што се хумор, социјална кохезија и слично. Јазичните истражувачи јасно укажаа дека не постои универзална изјава за тоа кој говор може да се смета за навредлив. Говорот на омраза е емотивен концепт со кој се деградира, заплашува, поттикнува омраза, насилство, дискриминација против поединец или група. Со говорот на омраза се сака да се создаде чувство на презирање и стереотипизирање засновано врз негативни конотации кон лица или групи и кон нивните карактеристики.[72]

Говор на омраза како појава може да биде манифестирана на повеќе начини и со користење на мовеќе средства, а формата зависи и ода пораката која треба да ја пружи текстот или сликата и насоченоста спрема целна група, од аспект на тоа дека постојат повеќе облици говор на омраза од политички, религиозен, националистички, сексуален и сл. облик на говор на омраза. Бидејќи предемт на истражување во трудот е говорот на мраза во мултиетничките средини фокусот се насочува кон истражување на манифестните облици и форми на говор на омраза токму во тие средини.

Говорот на омраза во мултиетничките средини во минатото, периодот пред масовната употреба на компјутерските уреди и користењето на компјутерските системи и мрежи вообичаено се манифестирал преку пишувани текстови во пишувани медиуми, графити на јавни места, памфлети и сл, но вербалниот говор на омраза се манифестирал на јавни собири или преку одредени здруженија кои делувале токму во насока на создавање раздор меѓу населението во мултиетничките средини Но, со развојот на електронските медиуми и компјутерските системи и мрежи и Интернет

[72] Ракша – Зубчевиќ А., Војводиќ Ј., Бендер С., *Регулаторни тела за медиумите и говорот на омраза,* Публикација на Совет на Европа, Скопје, јуни, 2017, стр. 14,

комуникацијата се променети и манифестните облици на говор на омраза но, и техниките и тактиките на изработка на содржини со говор на омраза и облици на ширење на говор на омраза.

Посакуваните ефекти од говор на омраза се во зависност од методите и техниките на ширење и целните групи спрема кои е насочен говорот на омраза и постигнување на посакуваните ефекти, на сеење страв, несигурност, нетолеранција и нетрпеливост спрема спротивните заедници од истата средина на живеење.

**Говорот на омраза може да биде во отворена и скриена форма.**

**Отворен говор на може да се најде во емитуваните програми, дури и во форма на СМС-пораки, електронски пораки, пораки на Фејсбук и на Твитер што ги праќа публиката до давателот на програмите.** Тогаш е потребно да се види како и какви чекори презема медиумот, ако воопшто презема во врска со таквите пораки. Нивното прикажување на екранот секако не е правилен начин и во такви ситуации давателот на такви програми треба да се смета за одговорен. Постојат голем број техники и тактики што може да ги користат медиумите кога тие не се вистински генератор на говорот на омраза.[73]

**Отворениот говор на омраза може да биде вербален говор на омраза изразен на масовни собири и манифестации, како ееден од облиците на вербален говор на омраза се вербалните искази на спортските наптревари на спротивните навивачки групи посебно на спртски натпревари каде се тимови од различни национални и етнички состав.** Покрај вербалниот отворен говор на омраза застапен е и говорот на омраза во одредени коментари, мислења, ставови кои се објавени во пишуваните и останатите медиуми, посебно на телевизија, радио и во последно време со различни „статуси“ на Интернет.

**Говорот на омраза може да се појави и во скриена форма, со други зборови, при секое разгледување на говорот на омраза неопходно е да се утврдат и да се оценат сите околности во кои се јавува говорот на омраза или за кои се верува дека таквиот говор на омраза веројатно ќе поттикне насилство, заплашување,**

[73] Ракша – Зубчевиќ А., Војводиќ Ј., Бендер С., *оп. цит.*, стр. 15.

**непријателство или дискриминација против оние кон кои е насочен. Ова произлегува од самата природа на говорот.** Имено, употребата на навредливи зборови во разговор со познајници и со пријатели може да доведе до спротивното; до низа пожелни социјални ефекти, како што се хумор, социјална кохезија и слично. Јазичните истражувачи јасно укажаа дека не постои универзална изјава за тоа кој говор може да се смета за навредлив.[74]

Во современото информатичко општество, Интернетот е широко користен за ширење говор на омраза како глобална информативна мрежа достапна на стотици милиони луѓе ширум светот, вклучувајќи ги и децата и младите луѓе. Постојат стотици (и некои податоци и илјадници) локации за омраза на Интернет што различни организации / групи или поединци систематски ги шират и се залагаат за расна, етничка, верска, родова, итн. омраза и дискриминација, обидувајќи се да добијат нови следбеници или симпатизери и да обезбедат финансиска помош. Нивниот точен број всушност е невозможно да се утврди, бидејќи речиси секој ден, некои од овие страници се гаснат, додека нови се појавуваат во исто време.[75]

## 6. ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Проценката за тоа дали едно конректно изразување претставува говор на омраза ќе зависи како од содржината на тоа што е изразено, така и од конкретните околности на случајот, т.е. покрај содржината важен е и контекстот на конкретното изразување. На пример, дали изјавите ги дава политичар, новинар, уметник, обичен граѓанин, во кои околности, на кое место и во кое време итн. кои се последици/забранети резултати од говорот на омраза. Говорот на омраза покрај тоа што причинува повреди на достоинството на лицето/ата на кое/кои се однесува, исто така е и говор кој има способност да доведе до нарушување на јавниот ред и мир или насилство и тоа како моментални инциденти или пак разгорување на насилство помеѓу односните групи во општеството, така и криминал од омраза кон лицата претходно таргетирани со говорот на омраза. Забранетата последица ги опфаќа општествено штетните консеквенции

[74] Ракша – Зубчевиќ А., Којводиќ Ј., Бендер С., *оп. цит.*, стр. 14.
[75] Alaburić V., *op. cit.*, str. 8.

предизвикани со таквото изразување, при што е доволно да е предизвикана омраза кон други, иако изостанале и реални дејствија на предизвикување потешки последици.[76]

Казнените дела на омраза претставуваат мошне сложена општествена и криминална појава, која има низа специфичности во однос на другите облици на криминал. Најпрвин, се разликуваат од другите според мотивот на сторителот, како субјективен елемент што им дава трансцендентален, преносен карактер: секое казнено дело може, но не мора да се појави како дело на омраза, зависно од тоа дали зад неговото извршување стои омразата, пристрасноста или дискриминацијата на жртвата како припадник на определена социјална група, токму во таквото нејзино својство. Исто така, посебноста на овие дела се состои во стратифицираниот објект на заштита: непосреден објект е определено добро, кое е нападнато со конкретното дело, но делото на омраза е насочено и против еден исто така важен посреден објект, а тоа е интегритетот, достоинството и другите добродетели на општествената група на која и припаѓа жртвата чиишто добра се непосреден објект на напад. Покрај непосредната жртва, кај овие дела постои секогаш и посредна жртва, чијшто социјален статус, интереси, слободи и права се повредени или загрозени- а тоа е општествената група (национална, етничка, религиозна итн.) на која припаѓа непосредната жртва на делото.[77]

Кривичните дела мотивирани од нетолерантност кон одредени групи во општеството се објаснети како кривични дела мотивирани од омраза и се широко раширен феномен, со повеќе форми на извршување и повеќе користени средства на извршување на делото. Кривичните дела со елементи на ширење на говор на омраза се инкриминации поврзани со ширењето на расизмот и ксенофобијата како облици на ширење на омраза и нетолеранција. Специфично за расизмот и ксенофобијата по пат на компјутерски систем е тоа што криминалното делување може да биде или е од една држава, а материјалот со такви содржини да биде пуштен на припадници на ,,ранливи групи“, во повеќе држави со цел ширење на идеологија, но и поттикнување на свеста за

[76] Камбовски В. и Лазарова Трајковска М., , *оп. цит*., стр. 5.

[77] Камбовски В. и Лазарова Трајковска М. *оп. цит*., стр. 6.

тоа дека одредени права на нивни припадници во други држави не се почитуваат, а со тоа го подигнуваат степенот на нетолеранција и во други држави.

Заради сеопфатна меѓународна акција во борба против расизмот и ксенофобијата се прават напори за хармонизација на националните законодавства, бидејќи водењето на криминален случај со елементи на расизам и ксенофобија по пат на компјутерски систем на територија на две или повеќе држави не е можно без меѓународна соработка и размена на информации, но и други облици на помош и поддршка се со цел пронаоѓање на сторителите и подведување под кривична одговорност. Овие кривични дела се со пристрасен мотив, се мисли во контекст на некаква форма на предрасуда против одредено лице или група на луѓе.

Терминот ,,кривичните дела мотивирани од омраза“ или ,,пристрасен криминал“ повеќе објаснува облик  на криминал што се содржи и во повеќе кривични дела. На пример тероризам или друг вид на насилство спрема одредена етничка група на луѓе. Кривичните дела мотивирани од омраза не се ограничени на одредени видови на престап, туку типично вклучуваат застрашување, закани, нарушување на имотот, насилство и убиство. Токму мотивацијата е она по што овие дела се разликуваат од обичните кривични дела (насилство од насилство со омраза).

Сторителите ја селектираат жртвата или жртвите поради нивната припадност на расна, верска, национална или етничка група. Делата се наменети за да ја заплашат жртвата или заедницата на која и припаѓаат. Криивчните дела мотивирани од омраза го нарушуваат идеалот за еднаквост помеѓу членовите на општетството.

**Кривичните дела мотивирани од омраза се разликуваат од другите дела по следното**:[78]

- Имаат значително длабок психолошки ефект врз жртвите што води кон депресија и вознемиреност.
- Заедниците кои ги делат карактеристиките на жртвите исто така може да бидат исплашени и застрашени.

[78] *American Psychological Association position paper released in 1998*.

- Опфаќаат поголем круг на лица од обичниот криминал и имаат потенцијал да бидат причина за социјални поделби и граѓански немир.

Низ проследувањето на механизмите на меѓународното право во врска со говорот на омраза, како и воспоставените стандарди во казнувањето и превенцијата на овој тип на абразивен говор, може да се забележи основната тешкотија што произлегува од потребата за балансирање помеѓу различните фундаментални права што се судираат. Имено, како низ напорите на националните законодавства за попрецизни пропишувања на ограничувања на слободата на изразување од една страна, а од друга основите и околностите по кои определени изразувачки активности можат да се ценат како говор на омраза, така и низ судската практика и заклучоците во врска со гаранциите на некои права, можат да се согледаат предизвиците околу идентификувањето на говорот на омраза.[79] Имено, се користат неколку показатели при препознавањето на говорот на омраза, имајќи предвид дека државите имаат различен пристап и односните страни (судии, обвинители, медиуми, новинари, граѓански организации) користат различни показатели во конкретни случаи:[80]

- Намера - Говорот на омраза подразбира изразување зад кое стои намера за поттикнување, промовирање или оправдување омраза кон лицата што припаѓаат на определена група (расна, религиска или етничка група и др.). Ваквата намера за поттикнување или промовирање нетолеранција, расизам, хомофобија, насилство или друга омраза треба да се разликува од намерата за информирање на јавноста за прашања од општ интерес (така, во случајот „Jersild v Denmark“, документарното претставување расистичка организација не е говор на омраза, туку е сторено со намера да се претстави една социјална појава што е од општ интерес за пошироката јавност).
- Содржина/контекст - Процената за тоа дали едно конкретно изразување претставува говор на омраза ќе зависи од содржината на тоа што е изразено, но и од конкретните околности на случајот, т.е. покрај содржината, важен е и

[79] Шуклевска К., и др. ‚*Анализа на состојбите, заштитата и можностите за превенција од говорна омраза во Ре пу бли ка Македонија“*, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Скопје, 2015, стр. 16.

[80] Михајлова Е., Бачовска Ј. и Шекерџиев Т., *оп. цит*., стр. 35.

контекстот на конкретното изразување. На пример, дали изјавите ги дава политичар, новинар, уметник, обичен граѓанин, во кои околности, на кое место и во кое време, итн.

- Последици / забранети резултати - Говорот на омраза, покрај тоа што причинува повреди на достоинството на лицето/ата на кое/кои се однесува, исто така, е и говор што има способност да доведе до нарушување на јавниот ред и мир или насилство, и тоа, моментални инциденти или, пак, разгорување насилство помеѓу односните групи во општеството, но и криминал од омраза кон лицата претходно таргетирани со говорот на омраза. Забранетата последица ги опфаќа општествено штетните консеквенции предизвикани со таквото изразување, при што доволно е да биде предизвикана омраза кон други, иако изостанале и реални дејства на предизвикување потешки последици.

За некоја навреда, клевета, непристојно изразување, метафора, иронија, сарказам, да станат говор на омраза, треба да бидат исполнети некои суштински елементи:[81]

- Прво, во препознавањето на говорот на омраза тргнуваме од тоа дали во говорот има стереотипи, дали се базира на предрасуди кон одредена група луѓе, дали промовира дискриминација, дали создава непријателска атмосфера за работа и живеење на одредена група луѓе заради нивните карактеристики и дали директно или индиректно доведува до ограничување на практикувањето на правата и слободите на секој човек.
- Второ, говорот на омраза подразбира постоење на намера (за поттикнување нетолеранција, расизам, поттикнување на насилство или друга омраза, но не и намера за информирање на јавноста за прашања од општ интерес), контекст (не станува збор за критичко делување, туку станува збор едноставно за ширење на стереотипи и предрасуди), последица (општествено штетните консеквенци предизвикани со таквото изразување).

[81] Михајлов М. и др. , *Говорот на омраза за време на изборна кампања 2014 година*, ФЕС, Скопје, 2014, стр. 7.

- Трето, не се говор на омраза искажаните мислења кои повикуваат на проширување на границите на правата и слободите (повеќе права за поголем број луѓе).

## 7. ГОВОРОТ НА ОМРАЗА КАКО ФАКТОР НА БЕЗБЕДНОСТА

Терминолошкото определување на безбедноста и понатаму останува област во која нема согласност. Овој термин подразбира состојба во која земјата или поединецот не се загрозени, т.е. состојба во која некој е обезбеден од опасност. Безбедноста е функција, организација и сстојба што имплицира заштита на виталните општествени вредности на една заедница. Таа исто така може да се гледа како резултат на рамнотежа помеѓу вистинската и потенцијалната ранливоста на референтните вредности и интереси.

Во нераскинливата врска со безбедноста постои опасност или закана што подразбира во помала или поголема мера загрозување на некои добра или вредности, конкретни или апстрактни. Се појавува загрозување на општеството и неговите вредности од неговото основање. Не постои консензус за дефинирање на поимот за загрозување бидејќи овој поим различно се употребува. Загрозувањето на безбедност ги вклучува дејствијата и последиците од сите опасни феномени кои се насочени против виталните опшествени или национални вредности и интереси.

Со поимот загрозување тесно се поврзува концептот на безбедносни закани. Заканата се определува како свесна намера да се предизвика штета или да се предизвика појава на штета или несакани последици по безбедносниот објект, при што оваа закана мора да биде реална. Под поимот загрозување можеме да ги наведеме сите општествени феномени или однесувања создадени од акција на човекот (поединец или група), природни или техничко-технолошки системи во подолги временски период во кој тие настануваат или може да настанат, штетни последици врз интегритетот на човекот, неговата слобода и имот, како и на интегритетот, субјективитетот на општеството и неговите институции. Значи, заканата е секој вид на социјална,

природна, техничка, технолошка и друга опасност што го загрозува интегритетот на човекот, неговите човекови права, слободи, имот, како и територијалниот интегритет и суверенитет, како и уставниот поредок и законот на државата, народот, нацијата или општествените групи и поединци.[82]

Од гледна точка на загрозувањето на безбедноста, постојат надворешни и внатрешни форми на безбедносни закани, во контекст на кој ќе се почитува говорот на омраза.

Надворешни форми на безбедносни закани. Говорот на омраза како производ на надворешен фактор, може да се гледа како потенцијален генератор на појавата на формите на безбедносни закани од менито за конфликт со мал интензитет, како што се внатрешните немири, субверзија и вклучување на тероризмот на одредена територија. Во таа смисла субверзијата како облика на прикриена и перфидна визија на надворешна интервенција во внатрешноста, предизвикува внатрешен немир и претставув ефективна област каде што говорот на омраза доаѓа до целосен израз, неизбежен со содржина на национални и религиозни конфликти и во однос со различните политички цели.

Внатрешни форми на безбедносни закани. Говорот на омраза станува мотив и генератор на многу забранети дејства кои, во суштина, претставуваат закана за вредностите заштитени со безбедносната функција и системот.

Криминалитетот, разурнувачките демонстрации, нарушувањето на јавниот ред и мир во поголем обем, психолошко-пропагандните активност и тероризмот, може да се дефинираат како манифестирачки форми на безбедносните закани за ефектите од говорот на омраза. Говорот на омраза и манипулација создаваат чувства на несигурност и страв кај припадниците на одредена група, упатување на закани на одредено лице или група и поттикнување на насилство врз одредени лица или групи. Говорот на омраза ја рефлектира постојната состојба во општеството, непријателството

[82] Vejnović D., Lalić V., Grbić Pavlović N., Pavlović G., Ponorac T. , *Politička kultura i govor mržnje u Bosni i Hercegovin, Evropski defendologija centar za naučna, politička, ekonomska, socijalna, bezbjednosna, sociološka i kriminološka istraživanja,* Banja Luka, 2011, str. 86.

меѓу припадниците на различни национални групи, кој е во нераскинлива врска со иницирање или појава на војна.

Општествената неусогласеност на територијата, културата, идеологијата, меѓународната политика и меѓународниот статус, неусогласеноста на целите и средствата за остварување на целите на поединечни општествени групи, политиката и воени настани од минатото доведуваат до општествен конфликт чија содржина неизбежно го вклучува говорот на омраза. Затоа, како таков, тој може да биде генератор на создавањето на феномени и форми кои се означени како извори или форми на безбедносни закани во сферата на внатрешната и надворешната безбедност.

Говорот на омраза несомнено негативно влијаат врз изворите и формите на загрозување на безбедноста на општеството. Последиците од говорот на омраза можат да се манифестираат преку: создавање презир кон одредена група, создавање негативен стереотип кон одредена група, поттикнување на дискриминација и непријателство, осудување на околината против одредена група, предизвикување на чувство на несигурност и страв кај членовите на одредена група, предизвикување физичка и ментална болка на член на одредена група, упатување закани на одредена група, поттикнување и провоцирање на насилство врз одредена група, создавање чувства за голем дел од граѓаните дека ваквото однесување е спротивно на одредена група општествено посакувана и оправдана и поттикнуваат чувства кај граѓаните дека таквото однесување ќе биде толерирано и нема да биде предмет на одговорност. Сите овие последици може негативно да се одразат врз состојбата на безбедноста во земјата.

Вредностите кои се заштитени од говорот на омраза може да се сведат на две: на една страна надворешниот јавен ред и мир, а од друга страна уставниот поредок и безбедноста на државата. Интересно е да се истакне постоењето на еден вид географска поделба во Европа, во однос на вредностите заштитени од говорот на омраза. Земјите од северозападна Европа го штитат јавниот ред и мир, додека земјите од југоистокот го штитат уставниот поредок.

Умешноста на едно општество не се мери по тоа дали говорот на омраза изобилува или целосно отсуствуа, туку по тоа колку даденото општество е агилно во дисциплинирањето на таквиот говор и беспоштедната борба со него.[83]

Улогата на секое општество во однос на сузбивањето на говорот на омраза како фактор на безбедноста може да се анализира од неколку аспекти, но њјазначајни се формалниот аспект и препознавањето на облиците и формите на говорот на омраза и квалификација на појавата дали има прекршочен или криминален карактер. Република Македонија ги прифаќа препораките во однос на инкриминирање на кривилни дела во кои се предвидени криминални делувања со елементи на говор на омраза, но колку случаи се регистрирани, колку постапки се поведени и каква е нивната завршница е индикатор за препознавање на појавата, нејзина класификација и гонење и санкционирање на сторителите. Но значајно е и тоа дали преку говорот н омраза се предизвикани и други кривилни дела или нарушување како на јавниот ред и мир, така и на приватноста на грашаните и нарушувањето на нивните слободи и права гарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународните правни акти.

## 8. ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

Говорот на омраза е еден вид дискриминаторски говор кој се јавува кога луѓето од различни општествени, етнички или религиозни групи комуницираат еден со друг или кога една таква група ја потврдува својата моќ над другите. Постојат многу различни начини за опис на говор на омраза и дискриминацијата, имено:[84]

[83] https://respublica.edu.mk/blog/2018-11-21-09-23-39.
[84] Cohen-Almagor, R., *Freedom of Expression v. Social Responsibility: Holocaust Denial in Canada.* Journal of Mass Media Ethics, 2013, pg. 43.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Говорот на омраза е дефиниран како пристрасен, непријателски, злонамерен говор насочен кон личност или група на луѓе. Тој иницира дискриминаторски, заплашувачки, неодобрени, антагонистички и / или предрасудни ставови кон оние карактеристики кои вклучуваат пол, раса, религија, етничка припадност, боја, национално потекло, попреченост или сексуална ориентација. Говорот на омраза има за цел да ги повреди, обесчести, вознемири, заплаши, да ги деградира, деградира и да ги жртвува целните групи и да ги поттикне нечувствителноста и бруталноста против нив.

Разликувањето од дискриминацијата, пак, создава и почетно препознавање на говорот на омраза, со оглед на тоа што дискриминацијата е инхерентна на говорот на омраза. Имајќи го предвид дефинирањето на дискриминацијата како „различен третман на индивидуата, што вклучува неразумни класификации и подвојувања во даден правен контекст“[85], може да се констатира таквата вовлеченост на дискриминирањето при практикувањето на говор на омраза. Така, „неразумните класификации“ се изведуваат од идентитетската припадност на индивидуата, додека „подвојувањата во даден правен контекст“ се наметнуваат со говорот на омраза како нејзини инфериорни позиции. Но, иако дискриминацијата е инхерентно содржана во говорот на омраза, сепак потребно е јасно посочување на повредата што се одмерува како потешка со користењето и ширењето на говор на омраза, особено имајќи предвид дека листата со особини на индивидуата според кои таа може да биде дискриминирана е отворена и поширока од само листањето на фундаменталните идентитетски особини, посочени претходно.

Дискриминацијата треба да биде разбрана како различно постапување со лице / група во слични ситуации направено без објективно или разумно оправдување. Концептот на дискриминација, значи, се однесува на помалку поволен третман на лицето по некоја забранета основа, како расно или етничко потекло, пол итн. Говорот на омраза, пак, како говор кој шири омраза, може да го содржи дејствието повикување или поттикнување на дискриминација, а исто така и самиот говор на омраза може да

[85] Фрчкоски ,Д., Георгиевски С. и Петрушевска Т. , *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012, стр. 12.

преставу-ва/подразбира/се третира како дискриминација. На пример во случајот Aksu против Турција, Европскиот суд за човекови права оценувајќи дали постојат елементи за случајот да се разгледува од аспект на забрана на дискриминација утврдуваше дали односните публикации кои вклучуваа изрази и забелешки кои изразуваат анти - Ромски чувства имаа „дискриминаторска намера или такви последици“.[86]

Дискредитацијата се користи на два начина:[87]

- Првиот начин е кога директно се дискредитира припадник на одредена маргинализирана група, преку користење на стереотипите и на говорот на омраза врз основа на неговата припадност кон таа група;
- Вториот начин, пак, е кога на лице што не е припадник на таа група му се припишува припадност или дел од стереотипите што постојат за таа група.

За разлика од говорот на омраза, кој е цел сам за себе, во овие случаи, тој се користи како алатка за изместување на дискусијата и за отстранување на соговорникот од јавноста, преку таргетиран личен „ад хоминем“ напад. И во двата случаја тој се користи за менување на темата и за префокусирање на вниманието на публиката од темата врз соговорникот. Додека во првиот случај се работи за класична дискриминација, вториот претставува двојна дискриминација преку натамошно зацврстување на негативниот стереотип. Имено, зацврстувањето на стереотипите се случува преку заемен „фидбек“ на две категории што вештачки се изедначуваат и, притоа, негативниот полнеж на стереотипот се префрла врз човекот што се дискредитира и обратно.

Целта е да се укаже дека соговорникот, или личноста за којашто се говори има такви ставови, затоа што припаѓа на малцинска група (која, патем, е лоша, затоа што отстапува од прифатените стандарди за нормалност), и дека затоа не вреди да се полемизира со неговите/нејзините ставови, затоа што тие механички произлегуваат од нејзиниот претпоставен идентитет. Ова значи дека во борбата со говорот на омраза во национален контекст може ефективно да се користат и одредбите од Законот за

[86] Михајлова Е., Бачовска Ј. и Шекерџиев Т., *оп. цит.,* 2013. стр. 35.

[87] Трајковски Ж., *оп. цит.* , стр. 36.

спречување и заштита од дискриминација од 2010 година[88], поконкретно: членот 9 кој забранува повикување и поттикнување на дискриминација и членот 7 кој забранува вознемирување и понижувачко постапување кое претставува повреда на достоинството на лице или на група на лица кое произлегува од дискриминаторска основа и кое има за цел или резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање на заканувачка средина, пристап или практика.

[88] *Сл. весник на РМ бр. 50/10.*

# 3 ДЕЛ

# МЕЃУНАРОДНИТЕ ПРАВНИ АКТИ – СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

## 1. АКТИВНОСТИ И КОНВЕНЦИИ НА ООН

Организацијата на Обединетите нации (ООН) е меѓународна организација која се декларира како глобално здружување на Владите кои соработуваат на полето на меѓународното право, глобалната безбедност, економскиот развој и социјалната еднаквост, а главна интенција е остварување на човековите права и спречување на настаните кои ги загрозуваат. Називот на Обединети нации потекнува од американскиот претседател Рузвелт и за првпат се појавува во Декларацијата на Обединетите нации од почетокот на 1942 година кога Претседателите на 26 земји се ангажирале во борбата против фашизмот. Во екот на Втората светска војна се актуелизирало прашањето за здружување на нациите и заедничко делување во зачувување на човекоите слободи и права и изнаоѓање на решенија за зачувување на мирот и безбедноста. Посебно активни за формирање на организацијата на Обединетите нации се САД, Велика Британија и Русија, по чија иницијатива во јуни 1945 година во Сан Франциско е потпишана Повелбата на ООН, а како ден на ООН се смета 24 октомври, кога и стапила Повелбата на сила. Денес ООН има 192 членки и е составена од Генерално собрание, Совет за безбедност, Економски и социјален совет, Секретаријат на ОН и Меѓународен суд на правдата.

Цели на Обединетите нации согласно членот 1 од Повелбата е одржување на меѓународниот мир и безбедност, преземањее на колективни мерки за спречување и отстранување на заканите за мирот, преку мировни средства и во согласност со правните начела на меѓународното право, средување или решавање на меѓународните спорови или ситуации кои може да доведат до нарушување на мирот и развивање на пријателски односи меѓу нациите засновани врз принципот на почитување на еднаквите права на самоопределба на народите и преземање на други соодветни мерки на подобрување на универзалниот мир, постигнување на меѓународна соработка при

решавање на меѓународните проблеми од економски, општествен, културен или хуманитарен карактер и промовирање и охрабрување на човековите права и основните слободи за сите без оглед на расата, полот, јазикот или религијата.

Имајќи предвид дека една од основните цели на Организацијата на Обединетите Нации е промоција и јакнење на почитувањето на човековите права и слободи за сите без правење било каква разлика по основ на раса, пол, јазик или религија, тогаш очекувано е заштитата на правата и слободите на граѓаните во рамките на системот на Обединетите Нации да е комплексна и сеопфатна. ОН успеаа да создадат една глобална структура на заштита на човековите права, заснована првенствено на Повелбата на ОН, необрзувачките декларации, правно обврзувачките пактови и конвенции и други активности и дејствија кои целат кон напредок на демократските процеси и унапредување на состојбата со човековите права во светот.[89]

Генералното собрание на 10 декември 1948 година ја усвои Универзалната декларација за човековите права, со што се оствариле заложбите на државите, а овој документ претставува израз на „заеднички стандард којшто треба да се постигне за сите нации и сите луѓе“. Така што во членот јасно и ја изразува идејата за основните човекови права: „Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата“.[90]

Како еден од најважните документи на ОН е меѓународниот пакт за граѓански и политички права донесен во 1966 година, според кој земјите имаат законска обврска да го санкционираат говорот на омраза, согласно член 20 став 2, каде се потенцира дека законот забранува било каков повик на национална, расна или верска омраза, што претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство. Во општиот коментар бр. 11, кој се однесува на членот 20 од Пактот понатаму се појаснува дека овој член може целосно да стапи на сила доколку постои национален закон, каде што ќе е опишана пропагандата и застапување спротивно на јавната

[89] Стојкова А. и Бошковски Д. , *оп. цит*, стр. 20.

[90] Ананиев Ј., Арифи Б., Габер - Дамјановска Б., Лазарова- Трајковска М., Поповска Ж. и Чубриќ С., *оп. цит.,* стр. 21

политика, и ако постојат соодветни мерки за санкционирање во случај на прекршувања на тој закон.[91]

Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација од 1969 година го претставува врвот на напорите на Обединетите нации за изедначување на лица од различни расни и други потекла. Оваа Конвенција претставува основен документ за борба против расизмот и нетолеранцијата. Конвенцијата предлага различни конкретни мерки за борба против расната дискриминација и „говорот на омраза". Со потпишувањето на овој документ, земјите - членки ја осудуваат секоја пропаганда и сите организации кои се водени од идеи или теории заосновани на супериорноста на расата или групата лица со одредена боја или одредено етничко потекло или кои сакаат да ја оправдаат или да ја подржат било која форма на расна омраза и дискриминација. Тие се обврзуваат без одлагање да усвојат позитивни мерки насочени кон отстранување на било какво поттикнување на таква дискриминација или на кој било чин на дискриминација.

Државите посебно се обврзуваат:[92]

- Да се утврди како кривично дело секое ширење на идеите засновани врз расна супериорност или омраза, поттикнување на расна дискриминација, како и сите дела на насилство или поттикнување на таква дела против која било раса или помош на расистички активности, вклучувајќи го и нивното финансирање.
- Да изјават дека се незаконити и да ги забранат организациите и организираните пропагандни активности и секој друг вид на пропаганда активност која промовира расна дискриминација и ќе го признае учеството во овие организации или активности како кривично дело.
- Да не им дозволат на јавните власти или јавни институции, национални или локални, да се промовира расна дискриминација или да им се помага.

Во рамките на позитивните антидискриминациски мерки, земјите - членки мора преку судовите и другите државни институции да обезбедат компензација за лицата

[91] *CCPR General comment,* 11. 29/07/83.

[92]United Nations, пристапено на: 13.07.2018 www.ohchr.org

кои се засегнати од расната дискриминација а, образовните, информативните и културните институции треба да преземат мерки за борба против предрасудите и да промовираат разбирање, толеранција и пријателство меѓу народи и расни и етнички групи. Овие мерки се детално разработени во Декларацијата на УНЕСКО за предрасуди за расата и расата од 1978 година.[93]

Таквите истовремени гаранции на слободата на изразување, но и забрани при злоупотреба на оваа слобода кога се изразуваат омраза и насилство, застапени во механизмите на ООН, добро се објаснуваат со заклучокот на Комитетот за човекови права во врска со пресудата Faurisson V. France.[94] Професорот Форисон од Франција имал ревизионистички ставови во врска со Холокаустот и стратегиите на Германците во истребување на еврејското население, при што бил осуден според „Gayssot Act", според тој закон казниво било негирањето на холокаустот и оспорувањето на сторени злосторства против човештвото. Комитетот се надоврзува на пресудата, ценејќи дека во овој случај рестрикцијата на слободата на изразување бил оправдан и дека изјавите на Форисон, во својата целост, се со таква природа да ги зајакнат антисемитските чувства и дека како последица на оваа рестрикција на слобода на изразување е изразена почит кон еврејската заедница и нејзиниот живот ослободен од страв и атмосфера на антисеминизам.[95]

Комитетот за елиминација на расна дискриминација, анализирајќи го случајот на Jewish Community of Oslo et al. v Norway[96] врз основа на членот 4 дава свое мислење во во врска со комеморацијата на нацистичкиот лидер Рудолф Хес кога бил одржан говор од страна на група насловена Bootboys. При што Комитетот оценил дека „принципот на слобода на говор може да си дозволи пониско ниво во случај расистички и говор на омраза" и дека генералната препорака на Комитетот во членот 15 јасно ја содржи забраната на сите идеи базирани на расна супериорност или омраза

---

93 Ерцег Т., *Расна нетрпељивост и говор мржње - међународни и хрватски стандарди и пракса,* Центар за људска права., Загреб, 2004, стр. 4.

94 *Human Rights Committee, Faurisson v*. France, Communication No. 550/1993, 8 November, 1996.

95 Weber A., *Manual on hate speech*, Council of Europe, 2009.

96 Committee on the Elimination of Racial Discrimination, ._wish Community of Oslo et al. v Norway, Communication No. 30/2003, 15 August 2005, pg. 105.

и е компатибилна со правото на слобода на изразување на мислата. За наведениот случај Комитетот одлучил дека „идеите базирани на расна супериорност и омраза, посочувањата на Хитлер и неговите принципи и чекори мораат да се третираат, најмалку како поттик на расна дискриминација, ако не на насилство" односно посочил дека со оваа одлука на Врховниот суд, Норвешка го прекршила член 4 од КЕРД.[97]

Покрај овие документи, правата од сите форми на дискриминација врз жените, националните или етничките, религиозните и јазични малцинства, постарите лица, лицата со ментален хендикеп, лицата со хендикеп, бегалците, мигрантите и барателите на азил се заштитени со повеќе документи и тоа: Африканската повелба за правата на човекот и народите; Американската конвенција за човековите права; Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, Декларацијата за правата на лицата кои припаѓаат на национални или етнички, религиозни и јазични малцинства, Декларацијата за елиминација на сите форми на нетолеранција и дискриминација врз основа на религија или верување, Принципи на обединетите народи на старите лица, Декларацијата за правата на ментално заостанати лица, Декларацијата за правата на лицата со инвалидност, Конвенцијата за статусот на бегалците, Меѓународна конвенција за заштита на правата на сите работници - мигранти и членовите на нивните семејства, како и Декларацијата за човековите права на лицата кои не се државјани на земјата во која живеат.[98]

## 1.1.Универзалната декларација за човековите права

Универзалната декларација за човековите права и слободи на ОН е донесена во 1948 година на Генералното собрание одржано на 10 декември со 48 гласови „за", 0 „против" и 8 „воздржани" (целиот Советски блок, Јужна Африка и Саудиска Арабија).[99]

---

[97] Weber A., *„Manual on hate speech",* Council of Europe, 2009.

[98] Ерцег Т., *Расна нетрпељивост и говор мржње - међународни и хрватски стандарди и пракса,* Центар за људска права, Загреб, 2004.

[99] International bill of human rights, пристапено на 10.07.2018 https://www.lawteacher.net/...essays/.../international-bill-of-huma...

Универзалната декларација за човековите права не е договор, но има голем авторитет. Декларацијата улогата ја има насочено кон еволуција на модерните закони за човекови права и голем дел од нејзините одредби се ефикасно применети во меѓународните договори. Голем број од нејзините одредби имаат статус на меѓународно обичајно право – тие се универзални и неоспорни.[100]

Генералното собрание на ОН ја Прогласува оваа Универзална декларација на човековите права како општ стандард, што треба да го достигнат сите луѓе и нации и за таа цел секој поединец и секој орган на општеството секогаш, имајќи ја на ум оваа Декларација, ќе се стремат преку подучување и образование да го промовираат почитувањето на овие права и слободи и преку прогресивни национални и меѓународни мерки ќе обезбедуваат нивно општо и ефикасно признавање и почитување и меѓу народите на земјите - членки и меѓу народите на териториите под нивна јурисдикција.[101]

Фундаменталните постулати на кои се заснова Универзалната декларација за човековите права укажуваат на фактот дека слободите и правата се дадени за сите, секаде во светот, во секое време и место. Пред гласањето на Декларацијата, Елеонор Рузвелт, која раководела со Комисијата одговорна за пишувањето на Декларацијата, изјавила: *„На прагот сме на голем настан и за Обединетите нации и за човештвото. Оваа Универзална декларација би можело да стане меѓународна Магна карта за сите луѓе во светот.“* Во Универзалната декларација е потенцирано дека човековите права треба да бидат заштитени преку владеењето на правото, каде што е суштествено како да се унапредува развојот на пријателските односи меѓу народите, каде што последна опција е побуната против тиранијата и угнетувањето.[102]

Интересен е фактот кој укажува на тоа дека во Гинисовата книга на рекорди спаѓа и Универзалната декларација за човековите права како „најпреведуван документ„

[100] Бислимовска Ј. и др., *Човековите права во здравствената заштита - Прирачник за практичари,* Медицински факултет; ЦРИС Студиорум, Скопје, 2010, стр. 6.

[101] https://www.ohchr.org/EN/UDHR/Documents/UDHR_Translations/mkj.pdf

[102] https://akademik.mk/site-lugje-se-ragjaat-slobodni-univerzalnata-deklaratsija-za-chovekovi-prava-akt-koj-treba-da-bide-magna-karta-za-site-luge-vo-svetot/

во светот, до 2004 година била, преведена на 321 јазици и дијалекти. Според Универзалната декларација за човекови права, сите човекови суштества се родени слободни и еднакви во поглед на достоинството и правата. Потоа, сите луѓе имаат право на живот, слобода и лична безбедност. Тие имаат право на слободно движење и поседување земјиште, како и слобода за мислење и изразување.[103]

Универзалната декларација за човекови права на ООН претставува основен општ и рамковен меѓународен акт со кој се регулира материјата на човековите права и нивните слободи.

Во Преамбулата на Универзалната декларација за човекови права е истакнато:[104]

- Бидејќи признавањето на вроденото достоинство, и на еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човештвото се темелите на слободата, правдата и мирот во светот.
- Бидејќи непочитувањето и омаловажувањето на човековите права резултираа со варварски постапки што претставуваат навреда на човековата совест и бидејќи создавањето на свет во кој луѓето ќе ја уживаат слободата на говор и убедување и ќе бидат ослободени од стравот од војна и сиромаштија, се прогласува како најголем идеал на сите луѓе;
- Бидејќи е суштествено човековите права да бидат заштитени со закон, а човекот да не биде принуден последен излез да бара во побуната против тиранијата и угнетувањето;
- Бидејќи е суштествено да се унапредува развојот на пријателските односи меѓу народите;
- Бидејќи народите на Обединетите нации со Повелбата ја потврдија нивната верба во основните човекови права, во достоинството и вредноста на човековата

---

[103] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A3%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0_%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D0%BB%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D1%87%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5_%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0

[104] Universal Declaration of Human Rights, UN, пристапено на: 07.07. 2018 http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/

личност и во еднаквите права на мажите и жените и се одлучија да го потпомагаат општествениот напредок и подобрите животни стандарди во услови на поголема слобода;

- Бидејќи земјите - членки се обврзаа да го издигауваат универзалното почитување и следење на човековите права и слободи, во соработка со Обединетите нации;
- Бидејќи општото разбирање на овие права и слободи е од најголемо значење за целосно спроведување на нивната заложба;

Првите три члена од Универзалната декларација за човековите права се однесуваат на основните права и слободи. Првиот член гласи: "Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата. Тие се обдарени со разум и совест и треба едни кон други да постапуваат во духот на братството."[105] Во вториот член се наведува дека: „Сите права и слободи наведени во Декларација им припаѓаат на сите луѓе, без оглед на нивните разлики, како што се: раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално или општествено потекло, сопственост, раѓање, или друг статус. Натаму, нема да се зема предвид политичкиот, правниот или меѓународниот статус на земјата или територијата на која и припаѓа лицето, без разлика дали земјата е независна, под старателство, без самоуправна власт или под каков и да е друг облик на ограничување на нејзиниот суверенитет.[106] А, во Членот 3 се истакнува правото на живот, слобода и безбедност, бидејќи без остварување на овие права, не може да бидат остварени и другите права: "Секој има право на живот, слобода и безбедност на личноста".[107]

Во поглед на темата во овој труд особено се значајни Преамбулата и првите неколку члена, а посебно и членовите 19 и 20. Така да со членот 19б се потенцира дека: „Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на

[105] Universal Declaration of Human Rights, UN, пристапено на: 07.07. 2018 http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/

[106] https://www.ohchr.org/EN/UDHR/Documents/UDHR_Translations/mkj.pdf

[107] Ibid

границите.“ Токму со овој член се штити слободата на говор и мисла и ширење на идеите како во национални, така и меѓународни рамки преку медиумите, но тоа не значи дека слободата на говорот и мислата треба да се злоупотребува со ширење на омраза или непочитување, нетолеранција. Додека со членот 20 се декларира правото дека „Секој има право на слобода на мирни собири и здружување и дека Никој не може да биде принуден да членува во некое здружение.“ [108] Со што се гарантира правото на здружување, размена на мислења и преку мирни собири размена на ставовите и мислењата.

Универзалната декларација за човековите права како прв меѓународен документ не претставува правно обврзувачки документ, дека за нејзината примена не се формирани никакви посебни тела, механизми или процедури. Меѓутоа, тоа не значи дека Универзалната декларација нема никаква практична вредност и дека останува само збир од добри желби од страна на државите. Својата прва операционализација и конкретизација ја наоѓа при донесувањето на други два документи на ОН и тоа: Меѓународниот пакт за граѓански и полтички права и Меѓународниот пакт за екномски, културни социјални права кои се ратификувани од во повеќе од 150 држави.[109] Универзалната декларација и двата меѓународни пакта ја прават основата на меѓународното законодавство за заштита на човековите права.

Универзалната декларација за човекови права претставува основа за носење на други меѓународни документи и други инструменти за заштита на човековите права со кои се прави одредена разработка, продлабочување и допрецизирање на конкретни слободи и права и нивна заштита од злоупотреба. Тоа се однесува на прашањата поврзани со забраната за расна дискриминација, забраната за тортура, забраната за ропството и сл.

Меѓународниот пакт за граѓански и полтички права и Меѓународниот пакт за екномски, културни социјални права кои произлегуваат од Универзалната декларација за човековите права и ги покриваат двете најголеми области на практикувањето на

[108] Ibid
[109] Russell J. Human Rights: The Universal Declaration vs The Cairo Declaration, London School of Economics and Political Science, 2012, пристапено на: 07.07.2018 - http://blogs.lse.ac.uk/mec/2012/12/10/1569/

човековите права и слободи. Во Преамбулата на секој од наведените документи се повикува на обврските на државите во врска со Повелбата на ООН да ги промовираат човековите права, ги потсетува индивидуите на нивните одговорности да се борат за промоција и почитување на овие права и идеалите за тоа дека секое човечко суштество кое ги ужива граѓанските и политичкита слободи, но и дека треба да се создаваат услови за ослободување од стравот, што може единствено да биде достигнато само доколку се создадаваат услови во кои секој може да ги практикува граѓанските и политички права, како и економските, социјалните и културните права.

Генералното Собрание на Обединетите Нации ја прогласи Универзална Декларација за правата на човекот како заеднички стандард кој треба да го постигнат сите народи и сите нации со што секој поединец и секој орган на општеството, имајќи ја постојано предвид Декларација, би тежнеел низ учењето и воспитувањето да придонесе за почитување на овие права и слободи и со постапни национални и меѓународни мерки да биде обезбедено нивното општо и вистинско признавање и почитување како меѓу народите на самите држави членки, така и меѓу народите на оние територии под нивна јурисдикција.

Универзалната декларација за човековите права е базичен документ за хармонизација на националните закони, посебно на законите со кои се штитат правата и слободите на граѓаните во однос на нивното слободно изразување, здружување и делување во општеството, но и заштита од тортура и дискриминација спрема поедини заедници, групи и сл. Тоа се проблеми коишто најчесто ги погаѓаат мултиетничките општества, но исто така и проблеми кои ги носат современите текови на глобализација и високиот степен на миграција на населението, а миграцијата повлекува и заштита на човековите слободи и права.

## 1.2. Конвенцијата за укинување на сите форми на расна дискриминација

Како значаен меѓународен документ е и Конвенцијата за укинување на сите форми на расна дискриминација донесена во 1965 година, а стапила на сила во 1969

година. Наведената Конвенцијата е најстара и најшироко прифатена меѓународна конвенција на Обединетите нации во областа на човековите права и значајно е да се потенцира дека таа претставува единствениот меѓународен документ кој ја дефинира расната дискриминација. Дефинирани се директната и индиректната дискриминација и се утврдени мерки кои државите треба да ги преземаат за заштита. Врз основа на оваа Конвенција, државите се должни расната дискриминација, односно поттикнувањето расна дискриминација да го утврдат како кривично дело и да ги забранат сите организации кои се занимаваат со расистичка пропаганда и потикнуваат расна дискриминација.

Во Членот 1 од наведената Конвенција е дадена дефиниција за поимот на „расна дискриминација" што се однесува на секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се засноваат врз расата, бојата, претците, националното или етничкото потекло што имаат за цел или за резултат да го нарушат или да го компромитираат признавањето, уживањето или вршењето, под еднакви услови, на правата на човекот и основните слободи на политичко, економско, социјално и културно поле или во секоја друга област на јавниот живот.[110]

Проблематиката која ја анализираме во трудот, а се однесува на говорот на омраза во Конвенцијата за укинување на сите форми на расна дискриминација е уредена со член 4, кој гласи:[111] „Државите членки ја осудуваат секоја пропаганда и сите организации што се раководат со идеите или теориите засновани врз врз супериорноста на некоја раса или група на лица од извесна боја или извесно етничко потекло или што сакаат да оправдаат или поддржат секоја форма на расна омраза или дискриминација; тие се обврзуваат да ги усвојат, без одлагање, позитивните мерки што имаат за цел да укинат секое поттикнување на таква дискриминација или на секое дело

[110] http://healthrights.mk/pdf/Pravnici/Megjunarodni%20dokumenti%20i%20mehanizmi%20za%20zastita%20na%20covekovite%20prava/%D0%9EN/6-%20%D0%9A%D0%BE%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%81%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B8%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%80%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

[111] International Convention on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination, UN, пристапено на 07.07.2018 - https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/cerd.aspx

на дискриминација, и за таа цел, водејќи сметка за принципите наведени во Универзалната декларација за правата на човекот и за правата што се изречно наведени во членот 5 од Конвенцијата, тие особено се обврзуваат“:[112]

- Да го утврдат како кривично дело секое ширење на идеите засновани врз супериорност или расна омраза, секое поттикнување на расна дискриминација како и сите дела на насилство или предизвикување на таква насилство, насочено против сите раси или секоја група лица од друга боја или друго етничко потекло, како и давање помош на расистички активности, подразбирајќи го тука и нивното финансирање.
- Да изјават дека се незаконити и да ги забранат организациите и активностите на организирана пропаганда и секој друг вид пропагандна активност што поттикнуваат на расна дискриминација и што ја помагаат, како и да изјават дека учеството во овие организации или во нејзини активности е со закон казниво дело.
- Да не им дозволат на јавните власти ниту на јавните национални или локални установи да поттикнуваат на расна дискриминација или да ја помагаат.

Членот 4 од Конвенцијата се засновал на член 9 од Декларацијата и содржи само неколку разлики. За време на дискусиите за член 9 од Декларацијата, белорускиот предлог бил најтешко да се проголта за западните земји. Белорусија предложи да се направат организации кои ќе промовираат или поттикнуваат расна дискриминација казнива со закон. Во тековната седница на Комисијата, претставникот на Соединетите Американски Држави предложи да се измени делот 4б, кој се занимава со ова прашање и да ги забрани активностите на една организација. Нивниот претставник тврдел дека одредбите за забрана на организациите, би можеле да бидат злоупотребени од тоталитарните влади. Претставниците од двете комунистички земји и поголемиот дел од афро - азиските земји протестирле против американскиот амандман. Според нив, член 4 б треба да има превентивна функција со цел да се спречи штетата која веќе е

[112] Ibid

направена.[113] Во повеќе наврати се разговарало за измена на под амандманите 4 а и 4 б и бил постигнат компромис и тоа придонесе за подобрување на меѓународно - правните размислувања за човековите права.

Притоа треба да се има во предвид дека државите се должни да ги преземат мерките за елиминирање на расната дискриминација, а тоа подразбира:[114]

- Да не вршат расна дискриминација против лица, групи лица или институции, да обезбедат сите јавни власти и институции да се придржуваат кон оваа обврска.
- Да не ја поттикнуваат, бранат или поддржуваат расната дискриминација што ја вршат лица или организации.
- Да ги ревидираат националната и локалната владина политика и да ги променат или укинат законите и прописите кои предизвикуваат расна дискриминација.
- Да ја забранат и сузбијат расната дискриминација што ја спроведуваат поединци, групи или организации.

Според Конвенцијата за укинување на сите форми на расна дискриминација, државите се должни на граѓаните да им обезбедат фактичка заштита и право на жалба пред националните судови и надлежните органи против какво било дело на расна дискриминација, како и право на надомест на штета во случај на истата. Исто так, а државите се должни расната дискриминација, односно поттикнувањето на расна дискриминација да го утврдат како кривично дело, како и да ги забранат сите организации кои се занимаваат со расистичка пропаганда и поттикнување на расна дискриминација.

Конвенцијата содржи препораки за хармонизација на националното законодавство посебно во делот на прекршочна и кривично – правна заштита на граѓаните од акти на расна дискриминација, но и права во постапките пред националните органи и судови за заштита на правата на граѓаните кои имаат карактер на расна дискриминација.

---

[113] Report of delegation to the 20th session of the Commission on Human Rights held in New York, from 17.02.1964-18.03.1964, стр.13.

[114] Иванова Д. , *Расна дискриминација*, УГД, Штип, 2017, стр. 45.

## 2. АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СОРАБОТКА ВО ЕВРОПА - ОБСЕ

Организацијата за безбедност и соработка во Европа – ОБСЕ како регионална организација за соработка и безбедност во Европа има голема улога во остварувањето на слободата на изразувањето, но и спречувањето на говорот на омраза, пред се преку бројните акти (декларации, резолуции) кои се однесуваат на ползувањето на ова право, така и преку други активности кои се реализираат со соодветни планови за одредени подрачја. Посебно значајна е Одлуката на Комитетот на министри за толеранција и недискриминација за осуда на манифестациите на говор на омраза, кој ја потврдува важноста на целосното почитување на правото на слободите на мислењето и изразувањето, кои ја опфаќаат и слободата на барање, примање и давање информации и кои се од витално значење за демократијата и во суштина се зајакнати со Интернет, како и Заклучниот документ од Конференцијата за човечка димензија донесен во Копенхаген во 1990 година. [115] Според кој, земјите - учеснички потврдуваат дека: „секој човек има право на слобода на изразувањето, како и право на комуникација.“ Ова право ги опфаќа слободата на сопствено мислење и слободата на примање и пренесување информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Спроведувањето на ова право може да подлежи само на ограничувања што се пропишани со закон и се во согласност со меѓународните стандарди. Особено не може да се наметнуваат ограничувања на пристапот и користењето на средствата за репродуцирање документи од каков било вид, но при тоа мора да се почитуваат правата што се однесуваат на интелектуалната сопственост.

Инкриминирањето на говорот на омраза е поддржано од ОБСЕ, според Одлуката бр. 6 за толеранција и недискриминација на Министерскиот совет од Порто

[115] Feedom of the Media, Freedom of Expression, Free Flow of Information; Conference on Security and Co-operation in Europe (CSCE) and Organization for Security and Co-operation in Europe (OSCE) 1975-2012, 2nd Edition.- Vienna: OSCE Representative on Freedom of the Media, 2013, 56 pp. http://www.osce.org/fom/99565

во 2002 година, во која се изразува определбата на државите членки за спречување и казнување на говорот на омраза и сите други манифестации на агресивен национализам, расизам, шовинизам, ксенофобија, антисемитизам и насилен екстремизам, како и дискриминација врз основа на религија или верување.[116]

Прашањата за борбата против расизмот и ксенофобијата се третирани од ОБСЕ, кои постојано ја следат состојбата на теренот и организираат семинари и обуки на органите на прогон за нивна едукација во борбата против ова зло. Едукацијата се однесува на сфаќањето и човековата димензија за спречување на расизмот, ксенофобијата и омразата и злосторства.

Активностите на ОБСЕ се насочени главно кон три аспекти:

- Предизвици и перспективи за спречување на расизмот и ксенофобијата.
- Предизвици во борбата против криминалот од омраза, расизам и ксенофобија.
- Улогата на подигање на свеста, иницијативи и јавниот дискурспреку образование за толеранцијата и меѓусебното почитување и разбирање: добри практики од МВО, владите и граѓанското општество.

Препораките се однесуваат на земјите членки на ОБСЕ во целост, на институциите на ОБСЕ, вклучувајќи ги и Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права, ОБСЕ операциите на терен, други меѓувладини организации, како и актерите во граѓанското општество во земјите членки во ОБСЕ.[117]

Според ОБСЕ, толеранцијата и заштитата од дискриминација на различните општествени групи се клучни вредности кои придонесуваат кон безбедносната димензија во Европа. Во рамките на ОДИХР постојат програмски активности кои се насочени да им помогнат на земјите во борбата против говорот на омраза. Тие нудат разни видови на обука за полицијата, јавните обвинители, едукатори, поддршка при промена на законодавството, подобрување на собирањето и статистичката обработка

[116] Камбовсски В. Трајкоска М., *оп. цит.*, стр. 44.

[117] United Nations пристапено на: 22.07.2018 http://www.osce.org/event/shdm_nov2011

на податоците и го поддржуваат невладиниот сектор на тоа поле.[118] Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ врши едукација и активности за подигање на свеста во однос на говорот на омраза.[119]

Спречувањето на говорот на омраза и промовирањето на толеранцијата во медиумите е еден од приоритетите на мисијата на ОБСЕ . Затоа од суштинско значење е добра и ефективна соработка со Агенцијата за електронски медиуми и медиуми во земјата. За да ја постигне ваквата приоритетна цел ОБСЕ се бори против намерниот и насилен говор на омраза преку проекти за подигнување на свеста, едукација и редовни состаноци со медиумите, уредниците и новинарите.“ [120] А, обуките кои се организираат од страна на ОБСЕ имаат за цел да го нагласат значењето на појавата на говор на омраза во медиумите, да им се овозможи на учесниците да проучат конкретни случаи на говор на омраза и да ја зголемат свеста за сериозните последици од говорот на омраза и нетолеранцијата насочени кон малцинствата и ранливите групи.[121]

За да се обезбеди почитување на заложбите за слобода на изразување и слободата на медиумите во декември 1997 се основа Канцеларијата на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиуми.[122] Функцијата на Претставникот е да ги разгледува состојбите во медиумите на земјите членки на ОБСЕ и да предупредува на повредите на слободата на изразување, но има и задача да им помага на земјите членки преку промовирање и поттикнување на целосно почитување со принципите и заложбите на ОБСЕ во врска со слободата на изразувањето и слободата на медиумите. Во март 2010 година, Дуња Мијатовиќ беше назначена за Претставник на ОБСЕ за слобода на медиуми, а во март 2013 година беше повторно назначена за уште еден мандат од 3

---

[118] ОБСЕ/ОДИХР известување за кривични дела од омраза пристапено на 11.07.208 http://hatecrime.osce.org/odihrs-capacity-building-efforts.

[119] Претставник за слобода на медиумите на ОБСЕ пристапено на 11.07.2018 https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/106289.

[120] Promotion of tolerance and prevention of hate speech in media focus of OSCE Mission to Montenegro workshops in Budva and Kolasin, OBSE 28 June 2018 https://www.osce.org/mission-to-montenegro/386145.

[121] Ibid

[122] United Nations пристапено на: 28.07.2018 http://www.osce.org/fom.

години. Канцеларијата на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиуми има седиште во Виена.

Согласно наведеното, важно е да се воспостават јасни процедурални правила, како и да се дефинира терминот говор на омраза на детален начин за да се утврди што треба да се смета за говор на омраза и да се казни за тоа. Специјалниот известувач на ООН за слобода на мислење и изразување, претставничката на ОБСЕ за слобода на медиумите и Специјалниот известувач на ОАС за слобода на изразување, усвоија заедничка изјава за расизамот и медиумите, која поставува бројни принципи за ограничување на слободата на изразување преку т.н. прописи за говор на омраза кои треба, во најмала рака, да се усогласат со следново:[123]

- Никој не треба да биде казнет за изјави што се вистинити.
- Никој не треба да биде казнет за ширење на „говор на омраза", освен ако не е докажано дека тоа го сториле со намера да поттикнат дискриминација, непријателство или насилство.
- Треба да се почитува правото на новинарите да одлучат како најдобро да комуницираат и да ги споделат информациите и идеите на јавноста, особено кога тие известуваат за расизам и нетолеранција.
- Никој не треба да биде предмет на претходна цензура и
- Секое наметнување на санкции од страна на судовите треба да биде строго во согласност со принципот на пропорционалност.

Ставот на ОБСЕ за говорот на омраза ја одразува различноста на ставовите меѓу нејзините земји - учеснички. Одлуката бр. 10/05 на Министерскиот совет на ОБСЕ ја истакна „потребата за доследно и недвосмислено изјаснување против актите и манифестациите на омраза, особено во политичкиот дискурс", истовремено признавајќи ја важноста на балансот за почитување на слободата на изразување со обврска за борба против дискриминацијата.[124]

---

[123] Pálmadóttir J. , *Hate speech; an overview and recommendations for combating it*, Human rights centre, Island, 2018, пристапено на 13.07.2018.

[124] OSCE Ministerial Council Decision No. 10/05, *„Tolerance and Understanding, Promoting Mutual Respect and Understanding"*, Madrid, 30 November 2007.

Невладините организации можат да ги следат медиумите за случаи на говор на омраза, истовремено користејќи ги медиумите за да одговорат на конкретни случаи на говор на омраза и да ја унапредат борбата против дискриминацијата и криминалот од омраза. Расизмот и ксенофобијата и другите форми на нетолеранција во медиумите, вклучувајќи го и интернетот, се предмет на национални и меѓународни правни ограничувања на дискриминаторските форми на изразување, иако националните закони значително се разликуваат во овој поглед.

## 3. АКТИВНОСТИ И КОНВЕНЦИИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Во последниве години, законодавната акција во Европа покажа зголемување на активностите за забрана на слободата на говорот што се однесува на индивидуалните опшествени групи. Иако, забраната за слобода на говорот во однос на достоинството на групите како што се нацијата, расата, религијата или етничката припадност во Европа постоела долго време, поимот говор на омраза скоро почнал да се користи само за означување на овие ограничувања на слободата на говорот.

Европската унија се заснова на принципите на слобода, демократија, почитување на човековите права и основни слободи и владеењето на правото, начела кои се заеднички за земјите - членки и кои се основа на целото нејзино дејствување. Правото на еднаквост и заштита на сите лица од дискриминација се од суштинско значење за правилното функционирање на демократските општества.

Во европски контекст, релевантни се правните норми и механизми опфатени низ системот на Европската Унија и Советот на Европа, како и правните толкувања, пресуди и преседани воспоставени со работата на Европскиот суд за човекови права кои имаат и казнена и превентивна функција. На тоа се надоврзува и практиката и искуствата на Судот на правдата на ЕУ, кој на едно „повисоко“ ниво се занимава со

„дискурсот на фундаменталните човекови права со правење на приоритети на вредности во контекст.“[125]

Европската Унија и Советот на Европа имаат воспоставено низа механизми и институции кои имаат донесено бројни повелби, рамковни одлуки и препораки од областа на осудата на говорот на омраза и разните форми на дискриминација или за промоција на културата на толеранција во јавната сфера и низ медиумите.

Како најзначајни конвенции и повелби кои се донесени од страна на ЕУ и Советот на Европа а се однесуваат на говорот на омраза може да се издвојат:

- Европската комисија за расизам и ксенофобија од 1993 година, која при набљудувањето го има пристапот „земја по земја” кој значително придонесува во претставувањето на конкретни состојби и препораки за подобрување.
- Европскиот мониторинг-центар за расизам и ксенофобија од 1997 година.
- Агенцијата за основни права од 2007 година.
- Европската повелба за човекови права од 2000 година.
- Рамковната одлука за расистички и ксенофобични кривични дела од 2008 година.
- Препораката (97)20 за говор на омраза усвоена од Комитетот на министри во 1997 година.
- Препораката (97)21 за медиуми и промоција на културата на толеранција од 1997 година.
- Декларацијата на комитетот на министри за слободата за политичка дебата во медиумите од 2004 година.
- Резолуцијата 1510 од 2006 година за слободата на изразување и почит кон верските уверувања од Парламентарното собрание во 2006 година.

[125] Шулевска Х., Голубовска Ј., Младенова В., Барлаковска С. , *Бела книга за состојбата со говор на омраза во Македонија,* Хелсиншки комитет за човекови права на РМ, Скопје, 2015, стр. 12.

- Препораката 1805 од 2007 година за бласфемија, религиозни навреди и говор на омраза кон лица врз основа на нивната религиозна припадност од 2007 година.
- Генералната препорака 7 за националното законодавство во борба против расизмот и расната дискриминација на Европската комисија против расизам и нетолеранција од 2002 година.

### 3.1 Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи[126]

Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи е донесена во Рим на 4 ноември 1950 година. Оваа конвенција е најзначајниот документ донесен од страна на Совет на Европа и сите членки (особено и оние кои сакаат да станат дел од Советот на Европа), се должни да ја ратификуваат Европската конвенција и да ги почитуваат правата на националните малцинства.

Европската конвенција за заштита на човековите права (ЕКЧП) е структуирана во три дела. Во првиот е даден опис и дефиниција на правата и слободите, во вториот дел се регулира поставеноста и постапката пред судот, додекаа третиот дел се состои од преодните и завршни одредби со вклученост на резервите, територијалната примена на одредбите како и самата ратификација.

Во Европската конвенција за заштита на човековите права на почетокот имаше воспоставено двоен надзор од страна на Европската комисија за човекови права и Европскиот суд за човекови права. Овој систем беше заменет со Протоколот бр. 11 кој влезе во сила на 1 ноември 1998 година.[127] Со него целокупната надлежност во делот на постапувањето по апликациите беше пренесена на Европскиот суд за човекови права. Во делот на надзорот за спроведување на пресудите на Судот вклучен е

[126] Recommendation CM/Rec (2011)7of the Committee of Ministers to member states on a new notion of media пристапено на: 12.07.2018 - https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016805cc2c0

[127] Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи изменета согласно Протоколите број 11 и 14 со протоколите број 1, 4, 6, 7,12 и 13, пристапено на 09.07.2018 - bezomrazno.mk/.../Evropska-konvencija-za-covekovi-prava.pdf

Комитетот на министри како и Генералниот секретар на Советот на Европа.[128] Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи се применува на сите територии кои се под јурисдикција на државите потписнички на Конвенцијата.

Имено, Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи на Советот на Европа го гарантира правото на меѓусебно почитување, како и правото на слобода на мислата, слободата и верата, кои се содржани во членовите 8 и 9. Членот 8 гласи:[129]„Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката. Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е во согласност со законо и ако е неопходно во интерес на државната и јавната безбедност или економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот, или заштитата на правата и слободите на другите во едно демократско општество.“

Додека според членот 9 „Секој човек има право на слобода на мислата, совеста и верата. Ова право ја опфаќа слободата на промена на верата или на убедувањето, како и слободата на изразувањето на својата вера или убедување, сам или заедно со други, јавно или приватно, преку богослужба, поука, проповеди, верски обреди и ритуали.“ „Слободата на изразувањето на верата или убедувањето може да подлежи само на оние ограничувања што се предвидени со закон и се нужни во едно демократско општество во интерес на јавната безбедност, заради заштита на јавниот ред, здравјето и моралот, или пак за заштита на основните права и слободи на други лица.“[130]

Во поглед на проблематиката која ја проучуваме, оваа Конвенција го застапува правото на слободно изразување, но предвидува негово ограничување, кое е неопходно во демократското општество за заштита на, меѓу другото, угледот или правата на другите.

---

[128] Стојковска А. и Бошковски Д. , *оп. цит.,* стр. 33.

[129] Конвенција за заштита начовековите права и основните слободи, пристапено на 09.07.2018 - https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

[130] Ibid

Правото на слободно изразување е уредено со членот 10 кој гласи: „Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на сопствено мислење и слободата на примање и пренесување информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да им наметнуваат режим на дозволи за работа на претпријатијата за радиодифузија, телевизија и филм. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или санкции што се пропишани со закон и се неопходни во едно демократско општество во интерес на државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заради спречување нереди и злосторства, заради заштита на здравјето и моралот, како и угледот и правата на другите, заради спречување на објавувањето доверливи информации или заради зачувување на авторитетот и независноста на судството.“

Притоа треба да се има во предвид дека со оваа Конвенвија се забрануива злоупотребата на правото и генералните услови кои се пропишани во член 17 во кој е наведено дека:[131] „Ниту една одредба од Конвенцијата не може да се толкува на начин според кој на некоја држава, група или поединец им е дадено право да преземаат активности или постапки со кои се загрозува некое право или слобода што се признаени во оваа Конвенција, или да ги ограничуваат овие права и слободи во мера поголема од онаа предвидена со Конвенцијата.“

Врз основа на Европската конвенција за заштита на човековите права, државите членки на Советот на Европа имаат право да донесуваат соодветна национална законска регулатива од обласа на регулирањето на слободата на говорот и мислењето, во кои јасно ќе се предвидат и пропишат легитимните околности и пропорционалните мерки за ограничувањата на наведените слободи, без политичка пристрасност и арбитрарност.

### 3.2. Конвенција за компјутерски криминал

Говорот на омраза преку компјутерски системи и мрежи е еден од начините на ширење на говорот на омраза и начин на обезбедување на масовност и брзина на

[131] Ibid

прифаќање на проблемот и брзо одлучување на акција со насилство, во одредени ситуации без разлислување и критична анализа на проблемите кои ќе се прдеизвикаат или опасностите на кои се изложува пред се поединецот или групата. Оваа појава на безбедносни нарушувања, а каде како средство се користат и компјутерските системи и мрежи во литературата се нарекува сајбер безбедност со последици од сајбер криминал, или се користи и терминот компјутерски криминал. Како најзначаен меѓународен документ со кој се анализираат безбедносните нарушувања, потербите од нивна инкриминација и изнаоѓање на постапки и процедури за истражување и санкционирање на сторителите.

Конвенцијата за компјутерски криминал е донесена од Советот на Европа на 23 ноември 2001 година во Будимпешта со цел водење заедничка политика насочена кон заштита на општеството од компјутерски криминал, меѓу другото, преку усвојување на соодветно законодавство и негување на меѓународната соработка на земјите потписнички на овој документ.[132]

Компјутерскиот криминал е дефиниран во Преамбулата на Конвенцијата за компјутерски криминал, а тоа се активности кои се директно насочени против доверливоста, интегритетот и достапноста до компјутерските системи и мрежи на податоци, како и евентуална злоупотреба на овие системи и мрежи на податоци.

Во Конвенцијата се дефинирани и поимот на компјутерски систем, истата дефиниција во 2008 година е превземена во Кривичниот законик на Република Македонија.[133] Според таа дефиниција под компјутерски систем се подразбира каков било уред или група на меѓусебно поврзани уреди од кои, еден или повеќе од нив, врши автоматска обработка на податоци според одредена програма. Исто така преземена е и дефиницијата за компјутерски податоци. Како компјутерски податоци се подразбира презентирање на факти, информации или концепти во облик погоден за обработување преку компјутески систем, вклучувајќи и програма подобна за компјутерскиот систем да го стави во функција.

[132] Николоска С., *оп. цит.,* стр. 50. (2)
[133] Чл. 122 од Кривичен законик на РМ, Сл. весник на РМ бр. 07/08.

Со Конвенцијата се определени области на постоење на компјутерски криминал и препораки за инкриминирање на нови или редефинирање на постоечките инкриминации со цел хармонизација на националните законодавства и со тоа овозможување на меѓународна соработка во сузбивање на компјутерскиот криминалитет или сајбер криминалот кој по својата природа и техничките можности има карактер на меѓународен криминал. Како дополнување на Конвенцијата за компјутерски криминал е донесен Дополнителениот Протокол кој се однесува на казнување на акти на расизам и ксенофобија извршени преку компјутерски систем.

Дополнителениот Протокол на Конвенцијата за спречување на компјутерскиот криминал кој се однесува на казнување на акти на расизам и ксенофобија извршени преку компјутерски систем е донесен во Стразбург на 28 јануари 2003 година, со цел истакнување и подобрување на слободите на граѓаните, без разлика на нивната националност, вера, припадност и сл. Се нагласува потребата за обезбедување полна и ефикасна примена на сите човекови права без било каква дискриминација или разлика како што тоа е загарантирано со европските и другите меѓународни документи, убедени дека делата на расизам и ксенофобична природа претставуваат кршење на човековите права и опасност на владеење на правото и демократската стабилност. Се смета дека националното и меѓународното право треба да обезбедат соодветни легални одговори на пропагандата на расистичката и ксенофобична природа извршени преку компјутерските системи, а земајќи ги во предвид техничките и комуникациски олеснувања за пренесување на информации ширум земјината топка, за краток временски период. [134]

Со наведениот Протокол е направено дефинирање на поимот „расистички и ксенофобичен материјал" кој претставува секаков пишуван материјал, секоја слика или секоја друга презентација на идеи или теории кои помагаат, промовираат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство, против било кој поединец или група на поединци, базирани на раса, боја на кожа, наследно, национално или етничко потекло, како и верско потекло ако се користи како изговор за било кој од тие фактори.

---

[134] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 55. (2)

Мерки кои би требало да се преземат на национално ниво се: инкриминирање на поведенија кои се направени намерно или ненамерно и противправно по пат на дистрибуција и ширење на расистички и ксенофобичен материјал во јавноста, по пат на компјутерски систем, потоа инкриминирање на намерни и противправни поведенија со закaнување преку компјутерски систем спрема лица кои припаѓаат на група чија разлика во расата, бојата на кожата, наследството или националното или етничко потекло се изговор за таквото криминално дело спрема било кое од наведените лица, со било која припадност; инкриминирање на поведенија сторени намерно и противправно со елементи на навреда мотивирана со расизам или ксенофобија.[135]

Дополнителниот Протокол дава препораки за инкриминирање на кривични дела со елементи на расизам и ксенофобија, истите се прифатени од страна на македонското казнено законодавство, поточно во кривичниот законик се предвидени нови кривични дела со цел кривично – правна заштита на актите кои имаат елементи на расизам и ксенофобија посебно пренесени преку компјутерските системи и мрежи.

### 3.3. Други значајни меѓународни акти – Препораки

Покрај наведениот Дополнителен Протокол на Конвенцијата за спречување на компјутерскиот криминал кој се однесува на казнување на акти на расизам и ксенофобија извршени преку компјутерски систем, посебно значајни се и Препораката бр. R (97) 20 во врска со „говор на омраза“ и Препораката CM/Rec(2011)7 за нов концепт на медиумите.

Во Препораката бр. R (97) 20 на Комитетот на Министри на Советот на Европа за „говор на омраза“ од 1997 година, е потенцирано имплицитното дефинирање на „говорот на омраза“ Во Прилогот кон Препораката се истакнува дека терминот „говор на омраза“ треба да се разбере како термин кој ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетолеранција, вклучувајќи и: нетолеранција изразена во форма на агресивен национализам и етноцентризам,

[135] Николоска С. , *оп. цит.,* стр. 56. (2)

дискриминација и непријателство кон малцинства, мигранти и лица со имигрантско потекло.[136]

Според, Препораката бр. R (97) 20 во врска со „говор на омраза"[137] терминот „говор на омраза" ќе се сфаќа како термин кој ги покрива сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза базирани на нетрпеливост, вклучувајќи: нетрпеливост изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство против малцинствата, мигрантите и луѓето од имигрантско потекло. Во врска со говорот на омраза со оваа препорака им се препорачува на владите на земјите - членки да ги преземат чекорите за борба против говорот на омраза утврдени во документот. Ова особено се однесува на говорот на омраза кој се шири преку медиумите.

Со наведената Препорака се инсистира владите на земјите - членки, да одредат јавните власти и јавните институции на национално, регионално и локално ниво, како и нивните службеници да имаат посебна одговорност за воздржување од изјави, особено пред медиумите, кои разумно може да се сфатат како говор на омраза, или како говор кој би можел да создаде ефект на озаконување, ширење или промовирање расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на дискриминација или омраза базирани на нетрпеливост. Исто така, препораката ги повикува владите да воспостават или одржуваат цврста правна рамка во граѓанското, кривичното и управното право која се состои од одредби за говорот на омраза што ќе им овозможат на административните и на судските власти да одлучат во секој случај да се почитува слободата на изразување и достоинството на човекот, и да се заштити репутацијата или правата на другите. Спрема Владите се препорачува да ги истражат начините и средствата за стимулирање и координирање на истражувањето на ефективноста на постојната законска регулатива и правна пракса; прегледување на постојната правна

---

[136] https://www.pravdiko.mk/definirane-na-govorot-na-omraza/

[137] Препорака No. R (97) 20 во врска со „говор на омраза" усвоена од страна на Комитетот на миинистри на Советот на Европа на 30 октомври 1997 г., достапна на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1734%3A-r97-20-q&catid=50%3Aevropska-legislativa-cat&Itemid=339&lang=mk

рамка со цел да се осигурат дека истата на соодветен начин се применува кај разни нови медиумски и комуникациски услуги и мрежи; за развој на координирана обвинителска политика базирана врз националните упатства со почитување на начелата утврдени во оваа препорака; за додавање на наредбите за општественокорисна работа во опсегот на можни казнени санкции; за зајакнување на можностите за борба против говорот на омраза преку граѓанското право, и за обезбедување информации на јавноста и на медиумските професионалци за правните одредби кои важат за говорот на омраза.[138]

Со Препораката се бара со националните закони и пракси да им се овозможи на надлежните тела од обвинителството да обрнат посебно внимание, колку што им дозволува нивната слобода на одлучување, на случаите кои вклучуваат говор на омраза. Од овој аспект, овие власти треба, особено, да обрнат посебно внимание на правото на слободата на изразување на осомничениот поради фактот дека наметнувањето кривични санкции обично претставува сериозно мешање во таквата слобода. Надлежните судови треба, при наметнување на кривичните санкции на лица осудени за дела на говор на омраза, да обезбедат строго почитување на начелото на пропорционалност. А, националното право и пракса во областа на говорот на омраза треба да преземаат соодветни мерки во однос на улогата на медиумите во пренесувањето на информации и идеи кои изложуваат, анализираат и објаснуваат конкретни случаи на говор на омраза и релевантниот феномен од генерален аспект, како и на правото на јавноста да ги добие таквите информации и идеи. Една од најважните разлики кои треба јасно да бидат изразени во националното право и пракса со цел да се направи јасна разлика меѓу одговорноста на авторот на изразите на говор на омраза, од една страна, и некаква одговорност на медиумите и медиумските експерти кои придонесуваат за ширење на истите како дел од нивната мисија да пренесуваат информации и идеи за прашања од јавен интерес, од друга страна.[139]

---

[138] http://www.merc.org.mk/Files/Write/Documents/01248/mk/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf

[139] Ibid

Препораката CM/Rec(2011)7 е за нов концепт на медиумите[140] согласно следниот показател за говорот на омраза според која „медиумите треба да се воздржат од пренесување на говор на омраза и на друга содржина која поттикнува насилство или дискриминација од каква било причина. Потребно е посебно внимание во однос на субјектите кои работат со колективни онлајн споделени простори кои се дизајнирани да ја олеснат интерактивната масовна комуникација (или масовната комуникација од севкупен аспект). Тие треба да внимаваат при употребата и уредничкиот одговор на изразувањата мотивирани од расистички, ксенофобични, антисемитистички, мизогини, сексистички или други предрасуди. Од учесниците во новиот медиумски екосистем може да се бара (со закон) да ги пријават кај надлежните власти криминалните закани за насилство базирани на расна, етничка, верска, родова или друга основа за кои ќе дознаат." Од друга страна, медиумите може да обезбедат балансирана (или позитивна) слика за различните групи кои го сочинуваат општеството и да придонесат кон културата на толеранција и дијалог. Освен во случаите пропишани со закон со почитување на одредбите од Европската конвенција за човекови права, ниту една група во општеството не треба да биде дискриминирана во однос на примената на правото на здружување кое, во новиот медиумски екосистем, вклучува онлајн здружување.

Сите овие препораки, дополнувања и измени се само надградба на постоечките конвенции кои се пропишани од страна на Европската Унија и Советот на Европа а имат за цел да го регулираат правото на слобода на изразување и да ја спречат појавата на омраза во говорот, која може да ја загрози безбедносната состојба на локално, регионално и национално ниво.

### 3.4. Рамковната одлука за расистички и ксенофобични кривични дела

Борбата со расизмот и ксенофобијата преку кривичното право на ниво на Европската унија ја регулира рамковната одлука која има за цел да ги усогласи правата

[140] Препорака CM/Rec(2011)7 на Комитетот на министри за земјите членки за новиот концепт за медиуми, усвоена на 21 септември 2011 г., достапна на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1226%3A-cmrec20117-&catid=50%3Aevropska-legislativa-cat&Itemid=339&lang=mk

на земјите - членки, бара инкриминација на поединци, расизам и ксенофобија на оправдани, кривични дела. Рамковната одлука 2008/91 / ПВР за борба против одредени форми и начини на изразување на расизам и ксенофобија преку кривичното право од 28 ноември 2008 година (Рамковна одлука за расистички и ксенофобични кривични дела) е усвоена како одговор на Европската унија за насилството и екстремистичките програми насочени против растот на имиграцијата и слободното движење на луѓето како една од темелните вредности на ЕУ. Оваа Рамковна одлука ја замени претходно незаконската Заедничка акција од 1996 година, која очигледно не даде задоволителни резултати во однос на хармонизацијата на кривичното законодавство на земјите - членки.[141]

Рамковната одлука за расизам и ксенофобија ги обврзува земјите - членки да ги криминализираат трите кривични дела според нивното законодавство. Прво, тоа е јавно поттикнување на насилство или омраза кон групи или поединци врз основа на раса, боја, религија, потекло или национално или етничко потекло (член 1, став 1 (а)). Понатаму, државите членки се обврзани да пропишат казни за јавно поттикнување на насилство или омраза со јавна дистрибуција на графити, слики или било кој друг материјал (член 1, став 1 (б)). Рамковната одлука за расизам и ксенофобија предвидува и казнивост на јавното одобрување, негирање или суштинска тривијализација на геноцидот, злосторства против човештвото, воени злосторства и агресија против групата или нејзиниот член, ако таквото одобрение, одбивање или намалување на ова кривично дело е сторено на начин кој поттикнува насилство или омраза кон таа група или нејзин член.[142] Сепак, рамковната одлука за расизмот и ксенофобија не настојува во целост да го усогласи европското национално кривично законодавство, туку преку некои понудени алтернативи им дава можност на државите да ја прилагодат до одреден степен забраната на говорот на омраза од страна на нивните сопствени правни системи

---

[141] Turner, J. I. , *The Expressive Dimension of EU Criminal Law. American Journal of Comparative Law* 60, 2012, pg. 564 - 565.

[142] Насоки за човековите права на ЕУ со осврт на слободата на изразувањето на глобалната мрежа и надвор од неа (2014) Советот на Европа, Брисле, стр. 30 - eu_hr_guidelines_on_freedom_of_expression_mk.pdf

во рамките во кои важна позиција има слободата на изразување како едно од основните човекови права.

Рамковната одлука им овозможува на државите да го инкриминираат негирањето, значително да ги намалат или да ги одобрат само оние меѓународни кривични дела кои се утврдени со правосилна пресуда на судот на земјата членка која го прогонува сторителот на ова кривично дело или со пресуда на меѓународен суд. Дополнително, им овозможува на државите слободно да ги казнат само оние дејства што се извршени на начин што може да го наруши јавниот ред или имаат заканувачка, лажна или навредлива природа. Сите прекршоци, без оглед на нивната форма, треба да бидат попречени со ефективни, пропорционални и разубедувачки санкции, со посебен максимум помеѓу најмалку една и три години затвор. Кај сите кривични дела со расистичка и ксенофобична мотивација треба да биде квалификувани или барем потенцијално заобиколени околностите при мерењето на казната. Наведената Рамковна одлука нема да ја измени обврската за почитување на основните права и основните правни начела, вклучително и слободата на изразувањето и на здружување втемелени со Договорот за Европската Унија.

Во член 19 од Договорот за Европската унија се наведува дека „ЕУ ќе се бори против дискриманација врз основа на пол, раса, етничка припадност, хендикеп, возраст или сексуална ориентација“. Со членовите од 20 до 24 се воведува европско државјанство како и правата коишто произлегуваат од него а тоа се: слободно движење, конзуларна заштита од други земји,право на глас на локални и европски избори, право на молба до Парламентот и Европскиот правобранител како и право да се контактираат но и да се добие повратна информација на својот јазик од институциите на ЕУ. Член 25 ја обврзува Комисијата да поднесува извештај за спроведувањето на овие права секоја трета година.[143]

## 4. МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ И ТЕЛА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ГОВОР НА ОМРАЗА

[143] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%94%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5_%D0%BD%D0%B0_%D0%95%D0%B2%D1%80%D0%BE%D0%BF%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0_%D1%83%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0

На меѓународно ниво, по Втората светска војна, беа воведени одредени ограничувања на слободата на говорот со цел да се зајакне правото на еднаквост. Сите меѓународни институции кои се занимаваат со човековите права и слободи се борбат против расизмот, расната дискриминација и тежнеат да го спречат „говор на омраза". Говорот на омраза ја поттикнува, оправдува или преувеличува дискриминацијата врз основа на расни, етнички, родови, верски, јазични или други разлики. Најпознатите меѓународни институции кои играат занчајна улога во превенцијата на говорот на омраза се: Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРН), Европскиот центар за расизмот и ксенофобијата, Комесарот за човекови права и Европскиот суд за човекови права кои се сеопфатно разработени во продолжение на доктрината.

## 4.1. Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРН)

Европската комисија против расизам и нетолеранција на Советот на Европа е основана на 22 март 1994 година, со цел за борба против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата, кои се закана за човековите права и демократските вредности во Европа. Анализирајќи ја ситуацијата во земјите - членки на Советот на Европа, ЕКРН дава препораки во насока на ревидирање на правниот систем на земјите -членки и на нивните политики и други мерки за борба против говорот на омраза.

Освен анализирањето на состојбата во земјите - членки преку периодичните извештаи што државите се должни да ги достават до ЕКРН оваа организација донесува општи препораки кои се однесуваат на различни манифестации на расизам и примери на нетолеранција, како и општи препораки за дискриминацијата на Ромите, ширење на расистички содржини на интернет, совети за законодавните тела на земјите - членки, препораките за „ говорот на омраза" и сл. Препораките не се обврзувачки, но се основа за регулирање на одредени прашања во националните законодавства.

Европската комисија против расизам и нетолеранција ги има донесено следниве општи препораки:

- Препорака бр. 1 од 1996 година за Борба против расизам, ксенофобија, антисемитизам и нетолеранција.

- Препорака бр. 2 за Специјализирани тела за борба против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата на национално ниво.
- Препорака бр. 3 од 1998 година за Борба против расизмот и нетолеранцијата против Ромите.
- Препорака бр. 4 за национално истражување на искуства и перцепција на дискриминација и расизам од перспектива на потенцијални жртви.
- Препорака бр. 5 од 2000 година за Борба против нетолеранција и дискриминација против муслиманите.
- Препорака бр. 6 од 2000 година за Борба против ширењето на расистички, ксенофобични и антисемитски материјали преку Интернет.
- Препорака бр. 7 за националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација.
- Препорака бр. 8 од 2004 година за сузбивање на расизмот во борбата против тероризмот.
- Препорака бр. 9 од 2004 година за борба против антисемитизмот и
- Декларација од 2005 година за употреба на расистички, антисемитски и ксенофобични елементи во политичкиот дискурс.

Препораките даваат политички препораки за делување во националните законодавства и правно решавање на одредени проблеми со конкретни совети и конкретни акции со цел формирање на Комисии и тела во националните држави. Така да врз основа на Препораките се формирани специјализирани тела за борба против расизмот и дискриминацијата на државно ниво, и такви се формирани во Белгија, Данска, Финска, Унгарија, Холандија, Норвешка, Шведска, Швајцарија и Обединетото Кралство. Овие тела се парламентарни комисии, владини канцеларии, кои на национално ниво се занимаваат со следење, помош на жртвите на говорот на омраза, следење на имплементацијата на националниот закон, и борбата против предрасудите преку едукативни мерки и медиумите.[144]

[144] ECRI: Good Practices: Specialized bodies to combat racism, xenophobia, antisemitism and intolerance at national level, Strasbourg, April 1999.

Според Препораката 7 од 2002 година се дадени соодветни упатства за земјите кои немаат конкретни соодветни закони како да делуваат оперативно во случаите на постоење на расизам.

Постојат дефиниции за расизам, директна и индиректна дискриминација, како и предлози за промени во уставот, граѓанското и управното право и кривичното право. Најважните одредби од Кривичниот законик се однесуваат на: забрана за јавни покани за омраза, насилство и дискриминација и закани; јавно ја поддржува идеологијата на супериорност, тоа е инфериорност заснована на раса, јазик, боја, религија, националност или етничко потекло; јавното негирање, исклучување, оправдување на геноцид, злосторства против човештвото и воени злосторства; јавно дистрибуирање на сите видови расистички материјали; расистички групи и расна дискриминација во јавна функција или на работа.[145]

Проблемот за воспоставување на границата меѓу слободата на изразување и говорот на омраза, исто така, е третиран и од други меѓународни тела, како што се Комитетот на ОН за човекови права, Комитетот за елиминација на сите форми на расна дискриминација и Европската комисија за борба против расизмот и нетолеранцијата (ЕКРН), при што утврдиле некои други елементи кои овозможуваат да се одреди каков вид на изразување се прави. Тоа се:[146]

- Цели на контроверзните изјави. На пример: Комитетот на ОН за човекови права стави вето дека ограничувањето на слободата на изразување е дозволено, па дури и неопходно ако наводите поттикнуваат расна или верска омраза.
- Содржина на контроверзни изјави. ЕКРН исто така смета дека јавно поттикнување на насилство, омраза или дискриминација врз лице или група врз основа на на пример, нивното верско или етничко потекло, мора да биде

[145] ECRI General Policy Recommendation No. 7 on national legislation to combat racism and racial discrimination, Strasbourg, February 2003.

[146] ECRI General Policy Recommendation No. 7 on national legislation to combat racism and racial discrimination,Strasbourg, February 2003., пристапено на: 20.07.2018 - http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/ activities/gpr/en/ recommendation_n7/ecri03-8%20recommendation%20nr%207.pdf

казниво со закон. Исто така, ЕКРН препорачува кривичните закони на земјите-членки „експлицитно да пропишат дека расистичките дела претставуваат отежнувачка околност во однос на сите кривични дела"[147].

- Контекстот во кој е дадена изјавата. При оценување на контекстот, важна е позицијата на авторот на контроверзната изјава, односно каква позиција и какво влијание може да има врз публиката на која се пренесува оспорената изјава.
- Природата и сериозноста на мешањето во слободата на изразување. Се зема во предвид снкција која е наметната за да ја ограничи слободата на изразување.

Може да се заклучи дека изјавата која може да се класифицира како „говор на омраза" бара внимателна анализа на сите параметри кои се искристализирани преку меѓународните документи и преку практиката на телата за заштита на човековите права. Она што дополнително го отежнува ваквото внимателно оценување е фактот дека говорот на омраза, освен во изјави кои по својата природа никако не можат да уживаат во слободата на изразување, често може да се сокријат во изјави кои се, на прв поглед, рационални и прифатливи. Во таков случај, сите горенаведените параметри мора внимателно да се применат со цел да се открие разликата меѓу изјавите кои, иако навредливи, сепак уживаат заштита обезбедена со правото на слобода на изразување од изјави кои таквата заштита не може да ји уживаат и кои може да се карактеризираат како говор на омраза.

[147] European Commission against Racism and Intolerance (ECRI), Strasbourg, February 2003 http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/activities/gpr/en/recommendation_n7/ecri03-8%20recommendation%20nr%207.pdf

## 4.2. Европскиот центар за расизмот и ксенофобијата (ЕЦРК)

Европскиот центар за расизам и ксенофобија е независно тело основано 1997 година со седиште во Виена Австрија, а врз основа на Регулативата бр. 1035/97 / ЕС[148] со седиште во Виена. Со официјална работа започнува во 1998 година, а посериозно со проблематиката во 1999 година, целосно бил доформен во 2000 година.[149] Внатрешната организација на овој Центар е структуирана од одбор на директори, извршен одбор и директор. Управниот одбор е составен од 28 члена по еден од секоја земја - членка и по еден од Парламентот, Комисијата и Советот на Европа, членовите се избираат за период од три години. За неговата работа се усвојува годишна програма за работа, буџет. Извршниот одбор се состои од 5 члена и истиот раководи со Центарот, и се спроведуваат одлуките од Управниот одбор. Како највисок орган на Центарот е директорот кој го претставува центарот и се избира на период од 4 години, за својата работа е одговорен пред Одборот на директори.

Управниот одбор усвојува годишна програма за работа, усвојува буџет и назначува директор на предлог на Европската комисија. Извршниот одбор, кој се состои од пет члена, раководи со работата на ЕЦРК и го надгледува спроведувањето на одлуките на Управниот одбор. Највисокиот офицер на ЕЦРК е директорот кој го претставува надвор, се избира за период од четири години и е одговорен за одборот на директори.

Европскиот центар за расизам и ксенофобија има надлежност да обезбедува објективни, веродостојни и споредливи информации за заедницата на земјите членки за феноменот на расизам и ксенофобија, исламофобија и антисемитизам со цел да се предлагаат и усвојуваат мерки за заштита од расизам и ксенофобија. Врз основа на податоците кои ги прибираат ги анализираат причините, последиците и ефектите од оваа негативна безбедносна појава. Врз основа на тоа утврдуваат стратегии за борба

---

[148] Council Regulation establishing the European Monitoring Center on Racism and Xenophobia, Official Journal L 151 of 10. June 1997.

[149] Commission Comm unication on the activities of the EUM C (to gether with p roposals to recast Council Regulation (EC) 1035/97) COM (2003)483 final, стр. 3

против расизмот и ксенофобијата и изнаоѓаат решенија за интеграција на емигрантите од различни етнички, религиозни и малцински групи, проблем кој е посебно актуелен последните години. Овој центар ги подржува активностите за заштита на правата на граѓаните и нивна заштита од расизам и дискриминација на национално, регионално и меѓународно ниво. Обезбедуваат правна заштита која претставува основа за заштита и обесштетување на жртвите, односно силна гаранција за заштита на нивните основни човекови права посебно во делот на заштита од дискриминација врз основа на раса, етничко потекло, религиозна припадност, верување и ги дефинира концептите за заштита од дискриминација при вработување и решавање на социјалните прашања, обезбедува заштита во делот на правата во образованието, здравствената заштита, приста до снабдување со стоки и услуги, спорт и спортски активности како и заштита на нивните политички права. Како и останатите тела и овој Центар покрај позитивните практики бележи и одредени слабости кои се констатираат врз основа на извештаите за работа споредени со извештаите на другите тела во чија надлежност е слична проблематика посебно со Комисијата за борба против расизам и нетолеранција.

Европскиот центар за расизам и ксенофобија врз основа на Регулативата развива Европска информативна мрежа за расизам и ксенофобија (European Racism andXenophobia Information Network - RAXEN), која се формира во 2000 година и има основна цел за прибирање податоци и информации за расизам и ксенофобија на национално ниво, а до 2004 година има дваесет и пет национални фокусни точки во секоја земја членка на ЕУ кои постојано ја следат проблематиката со расизам и ксенофобија, собираат објективни и веродостојни податоци и му помагаат на Надзорниот центар во спроведувањето на т.н. " "early warning" предупредување."[150]

### 4.3. Комесарот за човекови права

Како независна институција која функционира во рамките на Советот на Европа е Комесарот за човекови права кој претставува независна институција и има мандат

[150] Council Decision laving down the procedures for the exercise of implementing powers conferred on the comission во согласност со член 7/3/ Decision 1999/468/EC.

да ја унапредува свеста и почитувањето на човековите права во 47 земји членки на Советот на Европа. Основана е на Вториот самит на Советот на Европа одржан во Стразбур на 10 – 11 октомври 1997 година, а на 7 мај 1999 година, Комитетот на министри ја усвоил Резолуцијата врз основа на која е оформена канцеларијата на Комесарот и е определен неговиот мандат. Во моментов комесар е Дуња Мијатовиќ, која својот честгодишен мандат го започна од 1 април 2018 година,[151] нејзини претходници се: Алваро Гил-Роблес, Томас Хамарберг и Нилс Муижниекс.

Комесарот за човекови права се фокусира на прашања поврзани со три главно тесно поврзани области и тоа:[152]

- Посета на земјата и дијалог со националните власти и граѓанското општество,
- Тематско известување и советување за систематско спроведување на човековите права и
- Активности за подигање на свеста.

Комесарот врши соодветни посети на сите замји членки и ги следи состојбите, се состанува со високите претставници на Владата, парламентот, Судството, Граѓанските асоцијации и другите национални тела за заштита на човековите права. Посветува внимание и води разговори и со обичните граѓани за обезбедување информации за состојбата со почитување со нивните човекови права, посетува одредени места каде е можно загрозување на човековите права и тоа: затвори, психијатриски болници, центрите за азиланти, училишта, сиропиталишта и населбите населени со ранливи групи. Врз основа на посетите Комесарот изготвува извештај и прави соодветни препораки до соодветните држави за надминување на проблемите со непочитвање на човековите права во делот каде се забележани пропусти или сериозни проблеми. Комесарот исто така има право да интервенира како трета страна во постапката на Европскиот суд за човекови права, било со поднесување на писмени информации или земање учество во сослушувања. Се спроведуваат спроведува тематски работилници на теми за заштитата на човековите права во Европа, се даваат

[151] Commissioner for Human Rights, пристапено на 23.07.2018 - https://www.coe.int/en/web/commissioner/the-commissioner

[152] Commissioner for Human Rights, пристапено на 23.07.2018 - https://www.coe.int/en/web/commissioner/mandate

совети и препораки за  спречување на прекршувањата на човековите права и објавува мислења, прашања и извештаи за одредени прашања.

Комесарот ја промовира свеста за човековите права во земјите-членки, преку организирање и учество на семинари и настани на различни теми за човекови права. Комесарот се вклучува во постојан дијалог со владите, граѓанските организации и образовните институции, со цел да се подобри јавната свест за стандардите за човекови права. Тој понатаму придонесува за дебатата и размислување за актуелните и важни прашања за човековите права преку контакти со медиумите, објавува периодични статии и тематски документи. Додека, основните цели на комесарот за човекови права се утврдени со Резолуцијата (99) 50 на Советот на Европа за комесарот за човекови права. Според оваа резолуција, комесарот има за цел:[153]

- Да поттикнува ефективно почитување на човековите права и помош за земјите членки во спроведувањето на стандардите на Советот на Европа за човекови права.
- Да се унапредува едукацијата и свесноста за човековите права во државите членки на Советот на Европа.
- Да идентификува можни слабости во законот и праксата во однос на човековите права.
- Да ги олеснува активностите на институциите на националните правобранител и и други структури за човекови права и
- Да дава совети и информации за заштита на човековите права ширум регионот.

Работните активности на комесарот се фокусира на поттикнување на реформски мерк и за постигнување на мерливи подоб рувања во областа на унапредување и заштита на човековите права. Бидејќи тоа не е судска институција, канцеларијата на комесарот не може да постапува по поединечни приговори, туку комесарот може да извлекува заклучоци и да презема поголеми иницијативи врз основа на веродостојни информации за повреда на човековите права од која страдале поединци.

[153] Ibid

Комесарот соработува со бројни меѓународни и национални институции, како и механизми за мониторинг на човековите права. Најзначајните меѓувладини партнери на канцел аријата на комесарот се Обединетите нации и нејзините специјализирани канцеларии, Европската унија и ОБСЕ. Канцеларијата, исто така соработува со водечки НВО за човекови права, универзитети и тинк тенкови.

### 4.4. Европскиот суд за човекови права

Европскиот суд за човекови права е меѓународен суд со седиште во Стразбур, а е формиран на 21 јануари 1959 година од страна на земјите членки на Советот на Европа за целите на постапување по наводните прекршувања на Европската конвенција за човекови права.[154] Судот е составен од број на судии кој е еднаков на бројот на држави членки на Советот на Европа, кои ја имаат ратификувано Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи.

Судот има особено тешка задача секој пат кога одмерува дали имало „говор на омраза“ во конкретен случај. Поради тоа, со тек на времето, Судот ги оформил трите најчести одговори кога е во прашање „говорот на омраза“:[155]

- Говорот на омраза може да се оправда со упатување кон контекстот.
- Говорот на омраза не може да се оправда.
- Целосно отсуство на говор на омраза.

При одмерување на говорот на омраза, Судот оценува неколку различни аспекти. Првиот се однесува на балансот меѓу контекстот на изразувањето и неговата содржина. Покрај тоа, Судот ја оценува функцијата на подносителот на барањето и неговата/нејзината улога во општеството, каде е направено изразувањето, во која форма. Некои од судиите на Судот отворено даваат поголемо значење на контекстот

[154] European Court of Human Rights пристапено на 18.07.2018 https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=library/collections

[155] Oitheimer M. , Protecting Freedom of Expression *„The Challenge of Hate Speech in the European Court of Human Rights Case Law”*, Cardozo Journal of International & Comparative Law, 2009, стр. 8.

отколку на содржината кога го одмеруваат „говорот на омраза“.[156] Меѓутоа, во сите случаи ЕСЧП сугерира дека ширењето на говорот на омраза со употреба на масовните медиуми може да биде попроблематично[157] отколку говорот на омраза во поезија, книги, постери, брошури, итн.

Членот 10 од Европската конвенција за човекови права ја штити слободата на говорот. Но, таа не е апсолутна, туку може да се ограничи ако е пропишана со закон, ако има јасни легитимни цели и ако е апсолутно неопходна во демократско општество. Европскиот суд за човекови права го употребува членот 17 од Европската конвенција за човекови права кој ја забранува злоупотребата на жалбеното барање со цел да се уништат правата загарантирани од ЕСЧП. Кога се работи за заштита на слободата на говорот, при што содржината може да се квалификува како расистичка или ксенофобична, ЕСЧП, прво, цени дали настанала злоупотреба на правото да се поднесе жалбено барање, а потоа дали постои вмешување во тоа право, дали е законито, извршено за легитимна цел и дали е пропорционално.

Европскиот суд за човекови права врз основа на забраната за дискриминација содржана во Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, го процесира „говорот на омраза" како форма на расната дискриминација. Притоа постојат казни, услови и ограничувања определени со закон за заштита на граѓаните од дискриминација и за промовирање на колективното добро. Значи повторно, правото е нијансирано и балансот на натпреварувачките права се смета за неопходен или соодветен, каква што беше логиката на размислување во Јерсилд против Данска (Jersild v. Denmark, 1994). Прашањето кое се појави пред Европскиот суд за човекови права во овој случај беше дали Јерсилд - дански новинар, бил кривично одговорен за помагање и поттикнување на тројцата млади кои дале расистички забелешки на интервјуата спроведени од Јерсилд на телевизиска програма за работи од јавен интерес. Европскиот суд за човекови права одлучил дека осудата од данските судови ги повредил стандардите на Европската конвенција. Разгледувањето на легитимноста на неговата осуда се претвори во балансирање на неговото право на

[156] Ibid, стр.15.

[157] Ибид, стр.14.

изразување (известување за факти и соопштување на мислења за нив), и штетата наметната со пораката на омраза кон неговата целна група.[158]

Практиката на овој Суд – во која спаѓаат донесени над 10.000 судски пресуди и стотици илјади други одлуки од областа на заштитата на човековите права – која е од извонредна важност за третирањето на делата од областа на говорот на омраза низ европските национални судски практики, со својот либерален пристап на третирање на проблематиката на говорот на омраза разви неколку елементи кои го сочинуваат говорот на омраза: намерата, содржината, односно контекстот на изразувањето и забранетата последици.

Членот 14, како и Протоколот бр. 12 се значајни за сузбивање на кривичните дела од омраза и говорот на омраза, поради тоа што ја забрануваат дискриминацијата. Членот 14 ја забранува дискриминацијата во врска со некој друг член од ЕКЧП, поради тоа често на него се повикуваат подносителите на жалбеното барање кога се жалат на некоја друга повреда на ЕКЧП во контекст на предрасуди и нетолеранција. Принципот на недискриминација предвидува еднаков третман пред законот. Европскиот суд за човекови права цени дали лица во слична ситуација се подложни на различен третман и дали има објективни и доволни причини за тоа.

Слободата на личното и религиозното убедување претставува основа на демократското плурално општество. Членот 9, кој го штити личното и религиозното убедување, ги штити верниците, агностиците, лицата со убедувања различни од мнозинството во општеството, при манифестирање на нивното убедување како поединци, но и во група. Религиозната припадност е значаен елемент на идентитетот на малцинските групи. Религиозната нетрпеливост, посебно кон религиозната заедница која не е типична во државата или регионот, претставува мотив за прекршување на нејзините права, во смисла на скврнавење на религиозни објекти, или насилство при славење на некој религиозен празник. Членот 9 е поврзан со заштитата на верското и културното богатство. Членот 1 од Протоколот бр. 1 од ЕКЧП ја штити приватната

[158] Универзитет Колумбија <https://globalfreedomofexpression.columbia.edu/cases/jersild-v-denmark>пристапено на: 18.07.2018.

сопственост, така што и тој е применлив во однос на заштитата на религиозните и културните објекти земјиштето и просторот.[159]

Друг факт кој Судот сериозно го зема предвид е дали „говорот на омраза“ е кажан во текот на програма во живо. Судот особено разгледува дали авторот имал шанса да го корегира јазикот што го употребил. Поради тоа, во случај на вербални изјави дадени во текот на ТВ дебата во живо, Судот истакнува дека подносителот на барањето немал можност да ги „преформулира, пречисти или повлече истите пред да отидат во јавност.[160] Овој формат на дебата дозволува „размена на мислења, па дури и расправа на таков начин што изразените мислења создаваат меѓусебна противтежа, а дебатата го задржува вниманието на гледачите”.[161] Судиите на Судот секогаш имаат предвид дека постои ризик медиумите да „станат средство за дисеминација на говорот на омраза и промовирање на насилство“.

## 5. ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НИЗ ЗАКОНОДАВСТВАТА НА ПОВЕЌЕ СТРАНСКИ ДРЖАВИ

Во меѓународниот правен систем не постои прецизна и општоприфатена меѓународна дефиниција за говорот на омраза. Комитетот на министри на Советот на Европа, во Препораката бр. 20 на говорот на омраза од 1997 година, се согласил дек под терминот „говор на омраза" се подразбираат сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани на нетолеранција, вклучувајќи: нетолеранција изразена преку агресивен национализам, етноцентричност, дискриминација или непријателство кон малцинствата, имигрантите и луѓето кои имаат имигрантско потекло.[162]

---

[159] Framework Convention for the Protection of National Minorities, Strasbourg, February 1995, пристапено на 30.07.2018 - https://rm.coe.int/16800c10cf

[160] Oitheimer M., *оп. цит*., стр. 14.

[161] Ibid

[162] Recommendation of the Committee of Ministers to member states on "hate speech" R (97) 20, 30.10.1997.

Така, германскиот Кривичен законик содржи многу прецизни одредби против говорот на омраза. Во овој закон, говорот на омраза и забраната за негирање на холокаустот се наоѓаат во поглавјето 7, со наслов „Кривични дела против јавниот ред и мир" од член 130 под наслов „Агитација против народот." Се казнува секоја дистрибуција на пропаганден материјал од страна на "неуставната" организација како што е нео-нацистичката партија, употребата на симболи, поттикнување на омраза и насилство против одредени групи, како и одобрување, негирање или минимизирање на геноцидот, скврнавењето на спомениците на мртвите. Во Германија има постојана телефонска линија на која граѓаните ќе можат да пријават напади од нео-нацистички групи, и постојан надзор на интернет сајтови со расистичка содржина.[163]

Во Обединетото Кралство, постојат голем број закони кои го регулираат говорот на омраза и расизмот. Законот за јавен ред (Public Order Act 1986) забранува било какво вербално насилство, печатење и дистрибуција на материјал што поттикнува расна омраза. Ова исто така важи и за музиката и за филмот. Овој закон е изменет во 2006 година и дополнет и носи наслов „Закон за расна и верска омраза", кој е дополнет со законот од 1986 година, концептот верска омраза и новите кривични дела за верска омраза дополнување, односно додадени се нови објекти на омраза, па според расата тоа сега може да биде верата. Законот за фудбалски прекршоци (Football Offences Act) забранува расистичко навивање.[164]

Во Италија со Уставот се забранува фашистичката партија, а во неколку закони кои се однесуваат на оваа област, забрането е да се шират идеи врз основа на расна омраза и супериорност и да се однесуваат на расната припадност, потоа етничко и друго насилство или провокација, групи или организации со такви цели, употреба на нивните симболи во спортски настани, како и оправдување на фашизмот и геноцидот.[165]

---

[163] European Commission against Racism and Intolerance, Second Report on Germany, Strasbourg, 3 July 2001.

[164] European Commission against Racism and Intolerance: Legal Measures to Combat Racism and Intolerance in the Member States of the Council of Europe, Strasbourg, 2002.

[165] Ibid

Во Франција, се казнува дискриминацијата, омразата и насилството врз основа на потеклото, оправдувањето на злосторствата против човештвото извршени во Втората светска војна, носење униформи и амблеми кои личат на одговорните за злосторствата против човештвото. Франција, која ги пропишува најстрогите мерки против говорот на омраза, предвидува дури и забрана за не-јавно поттикнување на дискриминација, омраза или расно насилство.[166]

## 4. ДЕЛ

## НАЦИОНАЛНИТЕ ПРАВНИ АКТИ - СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОР НА ОМРАЗА

### 1. УСТАВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Република Македонија претставува мултиетничко, мултикултурно и мултиконфенсионално општество, во која со одредбите од Уставот државата е дефинирана како демократска држава, заснована на еднаквост, рамноправност и почитување на различностите. Тоа значи дека различноста и толеранцијата се темелот

[166] Ibid

на македонското општество и како важни демократски вредности, освен со Уставот се уредени и со други закони и етички кодекси.[167]

Согласно Уставот на Република Македонија,[168] темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија врз основа на член 8 се: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Слободата на изразување во Уставот на Република Македонија се гарантира со член 16, кој гласи: ***Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.***

Покрај овој член и во други членови од уставот се содржани елементи за гарантирање на слободите и правата на граѓаните, а посебно заштитата од секаков вид на омраза, нетолеранција и сл. Наведениот член анализиран во корелација со други членови кои ги гарантираат физичкиот и моралниот интегритет на личноста, заштитата од акти на понижување и нечовечно однесување спрема други. Така во Членот 11 е предвидено дека „Физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени и забранет е секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување.“ со Членот 16 ст. 1 и 2 се „Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање“. Со Уставот се гарантирани и верските права, но и правата на здружување заради остварување на политички, економски, социјални или други права

[167] Мајхошев А. , *Прва меѓународна научна конференција филологија, култура и образование,* Универзитет "Гоце Делчев", Штип, 2016, стр. 504.

[168] *Сл. весник на РМ" бр. 52/91, 01/92, 31/98, 91/01,84/03, 107/05, 03/09 и 13/09.*

на граѓаните. Имено со Членот 19 се гарантира слободата на вероисповеста, слободното и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата. Со овој член се потенцирани и постоењето и делувањето на Македонската православна црква, Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско - Методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи закон, со што е потенцирано почитувањето на граѓаните нивната вероисповест. Во однос на слободата на здружување, во членот 20 ( ст. 1 – ст.3) од Уставот е предвидено дека: „На граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања, дека граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат и дека Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост. Заштитата на приватноста на граѓаните се гарантира од Членот 25 и тоа: „На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.“ а, со Членот 54 се предвидува ограничување на слободите и правата на граѓаните, но тоа треба да биде подеднакво за сите граѓани без разлика на нивната национална, верска, етничка или друга припадност, односно дека ограничувањето на слободите и правата на човекот не може да биде дискриминаторско, врз основа на полот, расата, бојата на кожата, јазикот, верата, националното или социјалното потекло, како и имотната или општествената положба. [169]

Според членот 110 од Уставот на РМ е предвидено дека: *Уставниот суд на Република Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот, што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната за дискриминација*

[169] Устав на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 52/91, 01/92, 31/98, 91/01,84/03, 107/05, 03/09 и 13/09.*

*на граѓаните по основа на пол, раса, верска, национална и социјална и политичка припадност.*[170]

Уставниот суд на Република Македонија во својата практика манифестира позитивна тенденција кон индиректно повикување на меѓународните главни и помошни извори, консултирајќи во своите одлуки релевантни меѓународни конвенции, „меки“ правила и/или пресуди на меѓународни судови при примената на уставните или законските норми, особено во контекст на Европската конвенција за човекови права и практиката на Судот за човекови права во Стразбур.[171]

Согласно одредбите на Уставот на РМ се потенцира мултиетничкиот модел на македонското општество и се гарантираат правата и слободите на сите граѓани без разлика на нивната националност, етникум, вера и сл. Но Уставот ги гарантира и во одредени случаи ограничува слободите и правата, но и во тие ситиации ограничувањата треба да бидат за сите граѓани подеднакви. Но, Уставот е основа, со повеќе законски и подзаконски акти за разработува заштитата на правата и слободите граѓаните од повеќе аспекти и во повеќе сегменти, а се како резултат на прфаќање на меѓународните препораки содржани во повеќе меѓународни документи кои се ратификувани во нашата Држава. Препораките се прифаќаат пред се при хармонизацијата на македонското казнено законодавство во кое се предвидуваат поединечни кривични дела за заштита на слободите и правата на граѓаните, но и санкционирање на откриените слуќаи кои имаат елементи на кривични дела. Од аспект на „говорот на омраза“ во неколку закони се направени соодветни измени и дополнувања се со цел заштита на слободите и правата од дискриминација со елементи на говор на омраза кој може да се манифестира со повеќе облици и форми, за тоа да се злоупотребуваат медиумите и компјутерските мрежи, но за сето тоа треба општеството да има систем на закони и институции надлежни за превенирање на „говорот на омраза“ и санкционирање на стторителите на прекршоци и кривични дела со елементи на „говор на омраза“.  Затоа, со хармонизација на националната легислатива и со прифаќањето со Членот 118 од Уставот дека  меѓународните договори ратификувани

---

[170] *Сл. весник на РМ бр. 52/91, 01/92, 31/98, 91/01,84/03, 107/05, 03/09 и 13/09.*
[171] Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, *Сл. весник на РМ“, бр. 143/12.*

од Република Македонија стануваат дел од внатрешниот правен поредок и не може да се менуваат со закон, се овозможува спречување на нетолеранцијата и насилството, дискриминацијата и ширење омраза, а посебно говорот на омраза кој со примената на електронските медиуми брзо се шири и може да предизвика други безбедносни проблеми со елементи на наруѓување на јавниот ред, благосостојбата и соживотот на граѓаните.

## 2. КРИВИЧЕН ЗАКОНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ГОВОР НА ОМРАЗА

Под поимот криминал од омраза разбираме кривични дела во кои сторителот е мотивиран од предрасуди кон групната припадност на жртвата, со други зборови, кон расниот, етничкиот, религискиот и сл. идентитет на жртвата. За едно кривично дело да се прогласи за криминал од омраза неопходно е да ги содржи и двата елементи (базично кривично дело и пристрасна мотивираност за негово сторување). За разлика од криминалот на омраза, говорот на омраза како говор кој навредува или деградира на определена основа е изразување кое е забрането поради конкретната содржина, но, самото изразување не би било кривично дело без таа посебна забранета содржина. Според тоа, на говорот на омраза му недостига првиот суштински елемент на криминалот од омраза односно базичното кривично дело (ако мотивот или содржината со предрасуда се тргнат, ќе нема кривично дело). Директното и непосредно поттикнување на кривични дела вообичаено е забрането. Таму каде што ќе се појави вакво поттикнување со мотив од предрасуда тоа треба да биде категоризирано како криминал од омраза бидејќи постои базичното кривично дело.[172]

Република Македонија ги следи препораките на меѓународната заедница во однос на инкриминирање на кривични дела кои имаат елементи на омраза, така што уште со донесувањето на првиот Кривичниот законик на Република Македонија е се предвидени одредени криминални активности како акти на омраза и истите се систематизирани во неколку кривични дела. При донесувањето на првиот Кривичен законик, некои кривични дела се преземени од Кривичните закони на поранешната

[172] Михајлова Е., Бачовска Ј. и Шекерџиев Т., *оп. цит*. стр. 35.

Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно Кривичниот закон на Социјалистичка Република Македонија, кривичните дела се систематизирани во повеќе Глави на Кривичниот законик.

Со првиот Кривичен законик на Република Македонија од 1996 година[173] во некои од неговите членови според начинот на извршување и мотивите на сторителите е предвидено санкционирање на сторителите и во случаите кога кривичното дело има одредени елементи на омраза врз основа на национална, расна или етничка нетрпеливост. Со имплементирање на меѓународните препораки со повеќе измени и дополнувања македонскиот Кривичен законик е збогатен со тоа што во повеќе членови е ставено дополнување за санкционирање на сторителите во случаите кога делата се извршени со елементи на омраза, а некои се и прецизирани дека се извршени односно потикнато е нивното извршување со „говор на омраза“ од страна на сторители од различна национална, етничка, расна или друга припадност. Ова е значајна придобивка за македонското казнено законодавство, ако се има предвид мултинационалниот, мултиетничкиот карактер на државата, а со тоа се овозможува кривична заштита на граѓаните од различна национална, етничка, верска и друга припадност и придонес за подигнување на свеста за толеранција, соживот и почитување на различностите.

Во Република Македонија изминативе години често под влијание на внатрешните состојби и влијанието на меѓународниот фактор посебно во делот на препораки за подобрување на националното казнено законодавство се направени повеќе измени и дополнувања на Кривичниот законик во кој се инкриминирани неколку кривични дела со елементи на говор на омраза со цел постоење на законски основ за спротивставување на оваа безбедносно негативна појава со откривање на сторителите, детектирање на начините и средствата на извршување и гонење на сторителите, а со инкриминирањето на кривичните дела на некој начин и превентивно се делува од аспект на постоење на кривични дела и опасноста за казнена одговорност на сторителите.

[173] *Сл. весник на РМ бр. 37/96.*

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Од донесувањето на прввиот Кривичен законик во 1996[174] година до денес македонското казнено законодавство ги прифаќа препораките од меѓународните правни акти и меѓународните тела и институции и прави повеќе измени и дополнувања на Кривичниот законик, посено во делот на заштита од говор на омраза и ширење на омраза, расизам и ксенофобија, дискриминација и насилство врз било која група и врз било кој основ.

Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик на Република Македонија[175] во насока овозможување на соодветно санкционирање на сторителите на кривични дела каде покрај останатите елементи кои го обележуваат битието на делото, македонскиот законодавец со општа норма во делот на општите правила за одмерување на казната предвидува дека **„судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор.“**

Со наведената одредба во криминалистичкото истражување доколку се утврдат елементи на говор на омраза или други елементи на омраза при извршувањето на било кое кривично дело од Кривичниот законик и во текот на кривичната постапка судот врз основа на доказите обезбедени од јавниот обвинител ги утврди тие елементи при одмерувањето на казната треба да се повика на Членот 39 став 5, од причина што поголем број на кривични дела може да ги содржат наведените елементи, а во посебното кривично дело не е предвидено дека делото е извршено од говор на омраза или омраза.

Во истите измени и дополнувања на Кривичниот законик, а врз основа на Препораките од Дополнителниот Протокол на Конвенцијата за спречување на компјутерскиот криминал донесен во Стразбург 2003 година кој се однесува на

[174] *Сл. весник на РМ бр. 37/96.*
[175] *Сл. весник на РМ бр. 114/09.*

казнување на акти на расизам и ксенофобија извршени преку компјутерски систем, воведени се и нови кривични дела кои се однесуваат на заштита од говор на омраза потикнати од расизам и ксенофобија, а се извршуваат преку компјутерските системи и мрежи. Воведено е ново кривично дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ во чл. 394 – г.

Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик на РМ во 2012[176] година избришани се инкриминациите со елементи на клевета и навреда, а соодветни измени и дополнувања со соодветни редефинирања на инкриминациите направени се во 2014 година,[177] со тоа што е сменет називот соджината на членот 319, „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“. Направени се и редефинирања на одредени ставови кај кривични дела со елементи на говор на омраза и омраза, но и во наредните години се правени соодветни измени и дополнувања во зависност од препораките на меѓународните правни акти.

Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик од 2018 година направено е дополнување на Членот 122 ст. 42 со нова дефиниција за тоа што претставува кривично дело од омраза.

*„*Како дело од омраза изречно предвидено со одредбите од овој Законик, се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.“[178]

Со наведените измени и дополнувања на Кривичниот законик од 2018 година предвидени се квалификаторни облици на основните кривични дела во случаите кога се извршени од „омраза“. При извршувањето на кривичното дело кај сторителите

---

[176] *Сл. весник на РМ бр. 142/12.*
[177] *Сл. весник на РМ бр. 27/14.*
[178] Чл. 122 ст. 42, Кривичен законик на РМ, измени и дополнувања, Сл. весник на РМ бр. 248/18.

преовладува субјективниот елемент на намера или мотив на извршување на жртва која со сторителот е со различна нацоионална, верска, етничка или друга припадност, а сето тоа укажува на посебни услови на извршување и пред се кршење и на уставно загарантираните права и слободи на граѓаните во Република Македонија без разлика на нивната националност, религија, вера или друга припадност.

По омраза се подразбираат повеќе поведенија спрема физички и правни лица, додека „говор на омраза“ е секој говор, гестикулација или однесување, пишан текст, или приказ кој што е забранет поради можноста да поттикне насилство или предрасудно дејствување против или од страна на некоја заштитена индивидуа или група, или поради што се деградира или заплашува одредена индивидуа или група. Кај делата со говорот на омраза бител елемент е постоењето на манифестен облик како што е пишуван текст објавен во медиумите или достапен на јавноста, пишана памфлета, леток, брошура, или јавно настапување на јавни места или преку јавните медиуми каде се потикнува насилство, се повикува на нетолеранција, но битен е и елементот дека тие се насочени спрема група од друга заедница со различна припадност и тоа врз основа на национална, расна, верска, етничка, но се повеќе и политичка припадност.

Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик на РМ од крајот на 2018 година покрај тоа што се дефинира поимот на „дело од омраза“ се направени и измени кај одредени кривини дела со предвидување на квалификаторни облици на истите, а тоа е кај следните кривични дела:[179]

- Кај **кривичното дело „Убиство“ во членот 123** се додава и доколку делото е извршено од омраза, предвидена е затворска казна од најмалку 10 години.

[179] https://akademik.mk/shto-se-predviduva-vo-tekstot-na-predlozhenite-izmeni-na-krivichniot-zakonik-objaven-od-ministerstvoto-za-pravda/ и https://www.pravdiko.mk/tenka-e-linijata-megu-govorot-na-omraza-i-slobodata-na-izrazuvane/

- **Кај Телесна повреда во членот 130** се додава и доколку делото е извршено од омраза, предвидена е затворска казна од 6 месеци до 5 години.
- **Кај Тешка телесна повреда во членот 131** се додава и доколку делото е извршено од омраза, предвидена е затворска казна од 6 месеци до 5 години.
- Кај **Присилба во членот** 139 се додава и доколку делото е извршено од омраза, предвидена е затворска казна од 6 месеци до 3 години.
- Кај **Противправно лишување од слобода во членот 140,** се додава и доколку делото е извршено од омраза, предвидена е затворска казна од 6 месеци до 3 години.
- Кај **Мачење и друго сурово нечовечно или понижувачко постапување и казнување во членот** чл. 142, се додава и доколку делото е извршено од омраза, предвидена е затворска казна од најмалку 4 години.
- Кај **Загрозување на сигурноста во членот** 144, се додава и доколку делото е извршено од омраза, предвидена е затворска казна од 3 месеци до 3 години.
- Кај **Спречување и смеќавање јавен собир во членот** 155, се додава и доколку делото е извршено од омраза, предвидена е затворска казна до една година, а ако е службено лице од 3 месеци до 3 години.
- Кај **Силување по членот** 186 во став 3 се додава и доколку делото е извршено од омраза предвидена е затворска казна од 4 години.
- Кај **Неукажување медицинска помош во членот** 208, се додава и доколку делото е извршено од омраза, а предвидената затворска казна во случај на смрт е од 6 месеци до 5 години.
- Кај **Тешка кражба во** членот 236 се додава и доколку делото е извршено од омраза предвидена е затворска казна од 1 до 10 години.
- Кај **Разбојништво** во членот 237, се додава и доколку делото е извршено од омраза предвидена е затворска казна од 1 до 10 години.

- Кај **Разбојничка кражба** во членот 238, се додава и доколку делото е извршено од омраза предвидена е затворска казна од 1 до 10 години.
- Кај **Оштетување туѓи предмети во членот 243,** се додава и доколку делото е извршено од омраза предвидена е затворска казна од 6 месеци до пет години.
- Кај **Изнуда во членот** 258, се додава и доколку делото е извршено од омраза предвидена е затворска казна од 4 години.
- Кај **Насилство во** членот 386, се додава и доколку делото е извршено од омраза предвидена е затворска казна од една до 5 години.
- Кај **Скврнавење на гроб во членот** 400, се додава и доколку делото е извршено од омраза предвидена е казна од парична до 3 години затвор.
- Кај **Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства во членот** 407 - а, се додава и доколку делото е извршено од омраза предвидена е затворска казна од една до 5 години.

Дополнувањата на кривичните дела се со „елементот“ на омраза како квалификаторен при извршувањето на кривичното дело, но кај сите дела е „омразата“ како елемент, не е издвоено како посебен елемент „говорот на омраза“. Елементот на „говор на омраза“ се извлекува од начинот на манифестирање на омраза, дали се содржани елементите на говор на омраза што може да биде само кај дел од наведените кривични дела. Тешко е да се разграничи што е се говор на омраза, во вкупноста на поимот на омраза, но сепак од анализата на основните облици на поединечните кривични дела може да се извлече и дали се со говор на омраза или друг облик на изразување на омраза.

Според Камбовски В. Лазарова Трајковска М.[180] кривичните дела на омраза претставуваат мошне сложена општествена и криминална појава, која има низа

[180] Камбовски В и Лазарова – Трајковска М., Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза,
https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%B0%D0%B7%D0%BD%D0%B5%D0%BD%D0%BE-%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%BE-%D0%BD%D0%B0-

специфичности во однос на другите облици на криминал. Најпрвин, се разликуваат од другите според мотивот на сторителот, како субјективен елемент што им дава трансцендентален, преносен карактер: секое казнено дело може, но не мора да се појави како дело на омраза, зависно од тоа дали зад неговото извршување стои омразата, пристрасноста или дискриминацијата на жртвата како припадник на определена социјална група, токму во таквото нејзино својство.

Одредени аргументи за тоа дали треба „омразата“ како мотив да биде ставена кај повеќе кривични дела во јавноста постојат, околу тоа дали и во која мера говорот на омраза треба да биде толериран, за сметка на санкционирањето. Но, проблемот е манифестацијата на омразата, ако во криминалните ситуации причина за извршување на кривично дело или мотив е претходен „говор на омраза“, а со преземени други дејствија, најчесто на „физички пресметки“ или нанесување штети на имот кој е во „непосредна близина“. Во одредени случаи говорот на омраза се смета како појава на „исфрлување на бесот од себе“, односно вербална манифестација на „гнев“, но

попратен и со други елементи за да се зборува дека е дело со елементи на говор на омраза, а тоа е дека гневот или манифестниот „говор на омраза“ со вербални закани е насочен спрема граѓани од друга национална, верка, етничка припадност, а во последно време најчесто е забележан и „политичкиот говор на омраза“. Токму во таа насока се прави и анализа на неколку кривични дела од македонскиот кривичен законик кои имаат елементи на говор на омраза.

Одредени кривични дела имаат експлицитни елементи на „говор на омраза“ при нивното извршување, но дел од кривичните дела се потикнати од „говор на омраза“ како причина за извршување на други кривични дела. Во таа насока е и кривичното дело „Убиство“ по членот 123 кога делото е предизвикано со „говор на омраза“ со расправија, недолично навивање на спортски натпревари и сл. Случајот со убиството на дваесетгодишниот Никола Саздовски од страна на судот е квалифициран како свирепо убиство, а според вербалните изјави на сведоците претходела расправија со елементи и на говор на омраза. Според исказите на еден од сведоците убиениот Никола

%D0%BE%D0%BC%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B0-%D0%B8-%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%BC%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B0.pdf

бил припадник на навивачката група „Комити“, а сторителите на навивачка група од друг фудбалски клуб, а вербалната расправија започнала на стадион на фудбалска утакмица, а нападот врз убиениот бил извршен со елементи на насилство (тепање) на автобуска постојка во скопската населба Автокоманда“. Од нанесените повреди настапила смрт, а делото е квалификувано како свирепо убиство. Во времето на извршувањето не е предвиден квалификаторниот елемент на омраза, односно говор на омраза.

## 2.1. Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот со елементи на говор на омраза

Казненото право е само дел од инструментариумот со кој државата ги штити човековите права, како ulma rao обезедува заштита на некои од основните индивидуални и општествени вредности. Од тие причини, објект на заштита не претставуваат сите уставно загарантирани слободи и права, туку само оние што на денешниот степен на развитокот на општествените односи не можат да се обезедат со други соодветни заштитни механизми. Важни инкриминации за дела против

човековите права и слооди има и во други глави на Кривичниот законик. Имено, повеќе глави од Кривичниот законик за свој основен или придружен заштитен објект ги имаат одделни основни слободи и права, на пример делата против животот и телото; против работните односи итн. Тоа укажува дека инкриминациите против слободите и правата на човекот и граѓанинот во Глава XV од Кривичниот законик ги опфаќаат повредите на личните, политичките и граѓанските слободи и права. Личните права ја опфаќаат сферата на слободите и правата на човекот како личност; покрај основната лична слобода на човекот како генерички израз за повеќе слободи и права, како што се: слободата на одлучување, слободата на движење итн., во оваа сфера влегуваат и правата на личноста, особено заштитата на приватната и на интимната сфера на човекот (правото на приватност, лична тајна, неповредливоста на станот, тајноста на писмата, како и тајноста на другите средства за социјално комуницирање). Втората група на политички и граѓански права и слободи на кои им се укажува казнено -

правната заштита со одредите од оваа глава, ги опфаќа – слобода на мислата, слободата на говор и јавно соирање, еднаквоста и рамноправноста на граѓаните.[181]

Како дела со елементи на говор на омраза, ограничување на човековите слободи и права со измените и дополнувањата на Кривичниот законик на Република Македонија од 2014 и 2018 година се изменети и дополнети согласно препораките и анализата на практиката од Република Македонија. Слободите и правата на граѓаните се уставно загарантирани, но со Кривичниот законик се предвидени активности и или однесувања кои имаат елементи на кривични дела кои се пропишани со кривичниот законик на РМ, а за истите се предвидени и санкции, во зависност од тежината на делото и степенот на повредата на слободите и правата на граѓаните. Во таа насока се прави анализа на кривичните дела според нивната инкриминираност, според објектот и субјектот на криминален напад, а посебно како битни елементи дали се предвидени омразата, односно говорот на омраза.

### *2.1.1. Повреда на рамноправноста на граѓаните член 137*

Кривичното дело Повреда на рамноправноста на граѓаните е инкриминирано со првиот Кривичен законик на Република Македонија од 1996 година, на следниот начин:

(1) Тој којшто врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, јазикот или друго лично својство или околност, ќе му одземе или ограничи права на човекот и граѓанинот, утврдени со Уставот, закон или со ратификуван меѓународен договор или кој врз основа на овие разлики им дава на граѓаните повластици спротивни на Уставот, закон или ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако делото од став 1 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.[182]

---

[181]Камовски В., *Коментар на Кривичниот законик на РМ*, Второ издание, Матица, Скопје, 2015, стр. 371.

Со измените и дополнувањата од 2004 година на Кривичниот законик на Република Македонија, кај кривичното дело Повреда на рамноправноста на граѓаните е воведен нов став (3) Ако делото од став 1 го стори правно лице, ќе се казни со парична казна. Ова дополнување е во согласност со воведувањето на кривичната одговорност на правните лица која за првпат е востановена токму со овие измени и дополнувања.[183]

Со измените и дополнувањата, а по препораките на меѓународната заедница за кодификација на дела со елементи на омраза е изменет и дополнет ставот (1) кој гласи „Тој што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожа, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус, менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба, или која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе му одземе или ограничи права на човекот и граѓанинот, утврдени со Уставот на Република Македонија, закон или со ратификуван меѓународен договор или кој врз основа на овие разлики им дава на граѓаните повластици спротивни на Уставот на Република Македонија, закон или ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.“[184]

Измените на законската рамка се проширени и во себе го инкорпорираат и родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, државјанството, социјалното потекло, образованието, личниот или општествениот статус, менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба.

Според, Камбовски можен е стек на околности помеѓу ова дело и другите дела што се состојат во повреда на тие слободи и права.[185] Оваа инкриминација ги покрива сите облици на дискриминација утврдени во Рамковната одлука на Советот на министри на ЕУ 2008/913/ЈНА од 2008 година за спречување на одделни форми на

---

[182] *Сл. весник на РМ бр. 37/96.*
[183] *Сл. весник на РМ бр. 19/04.*
[184] *Сл. весник на РМ бр. 27/14.*
[185] Камовски В., *оп. цит.*, стр. 734 -735.

изразување расизам и ксенофоија со средствата на казненото право; како особености на групата, кои се наведени со измените на ставот 1,: расата, бојата на кожата, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија и верско уверување, други видови уверувања, оразование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или рачна состоја, имотен статус, здравствена состоја или која ило друга основа, што е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор. Дејство на извршување на делото е одземање или ограничување на определени права или давање повластици. Делото е блиско на делото Предизвикување национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост (член 319) и Расна и друга дискриминација (член 417) и може да прерасне во некое од тие дела, ако според интензитетот на дискриминацијата ги предизвика таму определените последици.

### *2.1.2. Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото по член 138*

Кривичното дело Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото е инкриминирано со првиот Кривичен законик на Република Македонија во 1996 година и е предвидено на следниот начин:

(1) Тој којшто ќе им го одземе или ограничи на граѓаните со Уставот, закон или ратификуван меѓународен договор загарантираното право на употреба на јазикот и писмото, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако делото од став 1 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.[186]

Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик од 2004 година ова кривично дело е дополнето со став (3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.[187]

Ова дело е специјален облик на повреда на рамноправноста на граѓаните и се состои во одземање или во ограничување на Уставот, со закон или со ратификуван меѓународен договор на правото на граѓаните на употреба на јазикот и писмото.

[186] *Сл. весник на РМ бр. 37/96.*
[187] *Сл. весник на РМ бр. 19/04.*

Уставот на РМ (Амандман V) ја гарантира употребата на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо како службен јазик на целата територија на РМ и во нејзините меѓународни односи, како и употребата како службен на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението, како што е определено понатаму со оваа уставна одреда. Условите за употреба на друг јазик се подетално уредени со посебен закон.[188]

Кај ова дело не е предвидено и привилегирање на друг како дејство на извршување. Одземањето или ограничувањето не се врши врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло итн. Ако ограничувањето или одземањето на правото на употреба на јазикот и писмото е извршено заради дискриминација врз тие основи, се работи за повреда на рамноправноста на граѓаните, а не за ова дело.[189] Ова дело е умислено и извршителот може да биде кое било лице, а својството на службено лице е квалификаторна околност. За одговорност на правното лице е нужно исполнување на општите законски услови од член 28-а.[190]

### *2.1.3. Присилба по член 139*

Кривичното дело Присилба е систематизирано во членот 139 каде е предвидено дека:

(1) Тој којшто со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Гонењето се презема по приватна тужба.[191]

---

[188] Закон за употреба на јазик што го зоруваат најмалку 20% од граѓаните во Репулика Македонија и во единиците на локалната самоуправа, *Сл. весник на РМ“, бр. 101/18.*
[189] Камовски В., *оп. цит.*, , стр. 734 – 736.
[190] Ibid, стр.736
*[191] Сл. весник на РМ бр. 37/96.*

Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик од 2004 година ставен е нов став (2) Ако делото од став 1 е сторено при вршење семејно насилство, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

А, ставот 2 станува став (3), а ставот 3, станува став (4).

Со најновите измени и дополнувања на Кривичниот законик[192] е предвидено доколку делото е извршено со мотив на омраза, е предвидена затворска казна од 6 месеци до три години.

Ова дело може да биде со елементи на говор на омраза доколку сериозната закана има елементи на говор на омраза изразен преку порака, вербална расправија со заканување и сл.

### *2.1.4. Противправно лишување од слобода по чл. 140*

Противправното лишување од слобода е кривично дело предвидено со член 140 од Кривичниот законик на РМ, каде основното дело е во однос на противправно затворање, држење затворено лице или на друг начин одземање или ограничување на слободата на движење.

Кај **Противправно лишување од слобода во членот 140,** се додава и доколку делото е извршено од омраза, предвидена е затворска казна од 6 месеци до 3 години.[193]

Се изедначува затворската казна како и во случаите кога делото е извршено во семејно насилство.

Дејство на извршување е секое дејство со кое се одзема или се ограничува слободата на движење.[194] Законот тука неосновано ги изедначува одземањето на слободата и ограничувањето на слободата на движење, разлика што е итна и јасно се прави во казненото процесно право и во правото и практиката на Европската

[192] *Сл.весник на РМ бр. 248/19.*
[193] Сл. весник на РМ бр. 248/19
[194]Камовски В., *оп. цит.*, стр.734 – 736.

конвенција за човековите права. Дејството за извршување треба да биде противправно. Делото не постои ако едно лице доброволно се согласува да биде лишено од слобода. Освен тоа, постојат повеќе случаи определени со закон на допуштено лишување од слобода и спротивно на волјата на лицето (така, одредите во ЗКП за притворот и

другите мерки за обезедување присуство на лица; прописите за органите за внатрешни раоти и нивните овластувања во однос на ограничувањата на слободно движење на лица затекнати на местото на извршување на казненото дело итн.).

Субјективното битие на делото опфаќа умисла. Од друга страна, потешки облици се: извршување на основното дело при вршење на семејно насилство (став 2); сторување на делото од службено лице со злоупотреба на службената положба или овластување (став 4); и потешки облици (став 5 и 6) за кои како квалификаторни околности се предвидени: траењето на лишувањето од слобода – ако противправното лишување од слобода траело подолго од 30 дена; начинот на извршување – свиреп начин; последицата – ако поради делото е тешко нарушено здравјето на лицето – лишено од слобода или настапиле други тешки последици или тоа лице го загубило животот.

### *2.1.5. Грабнување по чл. 141*

Грабнувањето е кривично дело со елементи на насилство манифестирани со затварање, држењен затворен или ограничување на слобода на движење, на лица од семејството или на други лица, или кога е сторено од страна на службени лица кои се во одреден однос на жртвата, каде сторителот искористува одреден статус кој го злоупотребува и држи затворено лице за што има законска обврска да се грижи за него. Не се смета кога се работи за лица кои се на издржување на затворска казна. Самото кривично дело е предвидено на следниот начин:

(1) Тој што друг противправно ќе затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја одземе или ограничи слободата на движење, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 е сторено при вршење семејно насилство, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(3) Обидот се казнува.

(4) Ако противправното лишување од слобода го стори службено лице со злоупотреба на службената положба или овластување, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(5) Ако противправното лишување од слобода траело подолго од 30 дена или е вршено на свиреп начин или ако на лицето противправно лишено од слобода поради тоа тешко му е нарушено здравјето или настапиле други тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет годнни.

(6) Ако лицето противправно лишено од слобода поради тоа го загубило животот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.[195]

Наведеното дело може да биде мотивирано од омраза, но според основното дело не може да постојат елементи на говор на омраза бидејќи не е предвидена закана која може да биде со елементи на говор на омраза, туку дејствија на ограничување на движење и затварање, што претставува физичко ограничување на неговата слобода на движење што може и да има елементи на омраза.

### *2.1.6. Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување по чл. 142*

Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување е кривично дело со елементи на злоупотреба од страна на службено лице спрема лица над кои има одредени ингеренции или се води одредена постапка со цел изнудување на признание или некоја друга изјава. Кривичното дело е предвидено со Членот 142 на следниот начин:

[195] *Сл. весник на РМ бр. 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/2012, 55/13.*

(1) Тој што во вршењето на службата, како и тој што е наведен од службено лице

или врз основа на негова согласност, ќе употреби сила, закана иди друго недопуштено средство или недопуштен начин со намера да изнуди признание или некоја друга изјава од обвинетиот, сведокот, вештакот или друго лице, или ќе предизвика кај друг

тешко телесно или душевно страдање за да го казни за кривично дело што го сторило или за што е осомничен тој или друго лице, или за да го заплаши или да го присили на откажување од некое негово право, или ќе предизвика такво страдање поради каков било облик на дискриминација, ќе се казни со затвор од три до осум години.

(2) Ако поради делото од став 1 настапи тешка телесна повреда или други особено тешки последици за оштетениот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

При **Мачењ, малтретирање и друго сурово нечовечно или понижувачко постапување и казнување во членот** чл. 142, се додава и доколку делото е извршено од омраза, предвидена е затворска казна од најмалку 4 години.

Кај ова дело од страна на законодавецот се предвидени елементи на дискриминација и омраза, а говорот на омраза може да биде застапен во делот на вербалната комуникација со елементи на закана како што е предвидено во битието на делото предвидено во ставот 1.

Ова кривично дело има одредени сличности и со кривичното дело на малтретирање во вршење на службата.

### *2.1.7. Малтретирање во вршење на службата по чл. 143*

Малтретирање во вршење на службата според Член 143 има во случаите кога „Тој којшто во вршењето на службата малтретира друг, го застрашува, го навредува или воопшто спрема него постапува на начин со кој се понижува човечкото

достоинство и човековата личност, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.[196]

Објект на заштита е неповредливоста на интегритетот на човековата личност и човековото достоинство. Во постапувањето на службените лица во државните органи, граѓаните можат да бидат доведени во позиција да трпат различни последици од

нивните своеволни постапки. Основа на оваа инкриминација е уставното начело на неповредливост на човековата личност и нејзиното достоинство. Дејството на извршување е сурово, нечовечно, недостоинствено постапување со друг во вршење на службата, што се движи до границата на нанесување на телесна повреда. Според интензитетот на непочитувањето на личноста и достоинството на пасивниот субјект, посебно е издвоено малтретирањето, застрашувањето, навредувањето, како и со генерална клаузула другите постапки што значат понижување на човековото достоинство и личност. Делото го врши лице во вршење на службата. Делото е извршено во вршење на служата и тогаш кога сторителот како службено лице е инаку овластен на преземање на определено службено дејство.[197]

Наведеното дело може да има елементи на говор на омраза при вршење на делото соо елементи на навредувње или понижуавње на човечкото достоинство и човековата личност со дејствија на дискриминација.

### *2.1.8. Загрозување на сигурноста по член 144*

Кривичното дело Загрозување на сигурноста според членот 144 претрпува повеќе измени и дополнувања, посебно во делот на примена на информатичките системи при изразувањето на заканите, а посебно на заканите спрема лица поради нивната национална, етничка или расна припадност. Имено, со неколкуте измени и

[196] *Сл. весник на РМ бр. 37/96.*
[197] Камовски В., *оп. цит.*, , стр. 747.

дополнувања, македонскиот законодавец го инкриминира кривичното дело на следниот начин:[198]

(1) Тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

(2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) Со казната од став 2 ќе се казни тој што делото од став 1 ќе го стори спрема службено лице во вршењето на службата или спрема повеќе лица.

(4) Тој што по пат на информатички систем ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

(5) Гонењето за делото од ставот (1) се презема по приватна тужба.

Суштината на неправото на ова дело се состои токму во исфрлање на човекот од состојба на психички мир  и чувство на спокојство, всадување кај него страв, супституирање на споменатите чувства со спротивни чувства на несигурност, што доведува до реално ограничување на дострелот на користењето на лични слободи.[199] Од друга страна, ова дело по својата природа е и „деликт – пречка“ во однос на други, потешки упади во основните права на човекот. Дејство на извршување е заканата насочена кон загрозување на сигурноста на друг. За разлика од таму употребениот

---

[198] *Сл.весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11 , 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14 и 132/14.*
[199] Тупанчевски Н. и Кипријановска Д., *Основи на македонското информатичко казнено право*, МРКПК бр. 2 - 3, Скопје, 2008, стр. 538.

поим на сериозна закана, тука таа е специфицирана со определување на злото што му се става во изглед на друго лице – дека ќе се нападне врз животот или телото (неговиот, нему лиско лице; не и врз имотот, честа, достоинството или други добра).[200]

Како квалификаторни облици на делото се предвидени со ставот 4 каде се предвидени сериозните закани со примена на информатичките системи и насочени спрема лица поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања и др.

А, сето тоа укажува дека ова дело има елементи на омраза, поточно на говор на омраза која се манифестира и преку информатичките системи.

## 2.2. Кривични дела против честа и угледот

### *2.2.1. Повреда на угледот на Република Македонија по чл. 178*

Повреда на угледот на Република Македонија Член 178 предвидува еден став кој гласи:

Тој којшто со намера за исмејување јавно ќе ја изложи на подбив Република Македонија, нејзиното знаме, грб или химна, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.[201]

### *2.2.2. Излагање на подбив на македонскиот народ и припадниците на заедниците по член 179*

Излагање на подбив на македонскиот народ и припадници на заедниците Член 179 предвидува еден став кој гласи:

[200] Камовски В., *оп. цит*., стр.747.
[201] *Сл. весник на РМ бр. 37/96.*

Тој којшто со намера за исмејување јавно ќе ги изложи на подбив македонскиот народ и националностите, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.[202]

Наведените дела може да имаат и елементи на говор на омраза во вербалната комуникација или на друг начин манифестирање преку текст, објавени содржини преку електронските медиуми кои ги содржат елементите на говор на омраза.

## 2.3. Кривични дела против државата

### *2.3.1. Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска – чл. 319*

(1) Тој којшто со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките или верските симболи, со оштетување туѓи предмети, со скврнавење споменици, гробови или на друг начин ќе предизвика или ќе разгори национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Тој кој што делото од став 1 го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.[203]

Од февруари 2014 во Република Македонија стапија во сила нови законски одредби кои забрануваат и казнуваат говор на омраза и ширење на материјали преку интернет кои промовираат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз која било дискриминаторска основа. Од тогаш

беше променет и називот на член 319 кој гласеше Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост,[204] во Предизвикување омраза, раздор

[202] *Сл. весник на РМ бр. 37/96.*
[203] *Сл. весник на РМ бр. 37/96.*
[204] Кривичен законик, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/03 , 19/04 и Одлука на Уставен суд:Сл. весник 48/01.*

или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа.[205] Според овој член сторителите на вакви кривични дела може да се казнат со казна затвор од една до пет години или од една до десет години.

Од една до пед години казна затвор ќе се казни секое лице што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките, верските и други симболи, со палење, уништување или на друг начин оштетување на знаме на Република Македонија или знамиња на други држави, со оштетување туѓи предмети, со скврнавење споменици, гробови или на друг дискриминаторен начин, непосредно или посредно, ќе предизвика или ќе разгори омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор.[206]

Додека пак, лицето кое кривичното дело ќе го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Меѓу другото, е предвидена казна затвор од една до пет години, за секој кој ќе предизвика или ќе разгори омраза, раздор или нетрпеливост, врз некоја дискриминаторска основа. Кривичното дело има елементи на говор на омраза кои се содржани во битието на делото содржани во ставот 1.

### 2.4. Кривични дела против јавниот ред

[205] Кривичен законик, *Сл. весник на РМ бр. 27/14.*

[206] *Водич за мониторинг на говорот на омраза*, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, 2014, стр. 21.

### *2.4.1. Насилство чл. 386*

Со елементи на омраза и говор на омраза е и кривичното дело „Насилство“ по член 386 од Кривичниот законик на Република Македонија. Самото кривично дело во ставот 1 содржи елементи на насилство и говор на омраза изразени преку грубо навредување со што се предизвикува чувство на страв, атоа е поизразено мо мултиетничките заедници.

Кривичното дело е систематизирано во 8 става и се предвидени елементи на насилства во повеќе ситуации.

Ставот 1 предвидува дека „Тој што друг малтретира, грубо навредува, ја загрозува неговата сигурност или врз него врши грубо насилство и со тоа во јавноста предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

Ставот 2 дека „Тој што со фрлање на пиротехнички средства или предмети со кои може да се загрози животот или телото на друг или имотот на објекти од спортски терен или гледалиште или со влегување во спортскиот терен со намера да предизвика тепачка или друго насилство, ќе се казни со затвор од три месеци до три години. “

Во ставот 3 е предвидено дека „Ако делото од ставовите (1) и (2) е извршено во група од две или повеќе лица или насилството е извршено над повеќе граѓани или сторителот телесно повредил друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години, а во став 4 дека со казната од ставовите (1), (2) и (3) на ќе се казни сторителот на делото од ставот (1) поврзано со спортски натпревар и извршено за време, пред или по завршување на натпреварот.

Во ставот 5 е оредвидено дека ако делото од ставовите (1), (2) и (3) имало за последица предизвикување на тепачка, нереди и оштетување на имот од поголема вредност, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Во ставот 6 е предвидено дека ако делото од ставовите (1), (2) и (3) имало за последица тешка телесна повреда или смрт на некое лице, сторителот ќе се казни со затвор од од три до десет години.

Според ставот 7 со казната од ставот (5) на ќе се казни организаторот на групата што го извршила делото од ставовите (2) и (3) на овој член како и организаторот на спортскиот натпревар кој не преземал мерки за спречување на насилството.

Според ставот 8 за делото од ставовите (2) и (3) со парична казна ќе се казни правното лице кое учествувало во организирање на натпреварот.

Ова кривично дело е изменувано и дополнувано се со цел да се постигнат целите за постапување посебно во случаите со насилствата на спортските натпревари потикнати и со говор на омраза, а како посериозен случај и како последица на говор на омраза на спортски натпревар од страна на навивачките групи на спортски екипи од различен национален и етнички состав, настрада со смртни последици и член на навивачката група, познато во јавноста како убиството на Никола на автобуската постојка во населбата Автокоманда во Скопје, што како случај е анализиран во трудот.

### *2.4.2. Злосторничко здружување чл. 394*

Оваа инкриминација, претставува посебна инкриминација, поради тоа што се казнува самото подготвиелно дејствие .Ова поради посебната опасност од самото здружување, со цел да се вршат кривични дела. Истото има самостојна природа во однос на извршувањето на делата кој биле опфатени со планот на здружението.Организаторот и членовите на здружението одговарат за ова кривично дело и кога ќе дојде до извршување на некое од планираните дела.

Извршувањето на некое од делата што е опфатено со планот на здружението не ја исклучува, за разлика од Договорот за извршување казниво дело (чл. 393 од КЗ), одговорноста и да,не постои привиден, туку вистински стек меѓу создавањето злосторничко здружение и извршените дела. Организаторот и припадниците на здружението одговарат за ова дело и покрај нивната одговорност за извршените дела, опфатени со планот на здружението, во кои самите учествувале како извршители или соучесници.

Се казнува создавањето на група или банда што има за цел вршење на кривични дела за кој може да се изрече казна затвор од три години и потешка.

Под поимот на создавање групa или банда, се подразбира, обезбедување на организациони или материјални претпоставки за реализирање на планот, набавување на средства за дејствување на групата, обука на членовите на групата или бандата итн. Поимот група, опфаќа повеќе од тројца. Бандата пак е поцврста организациона група, со постоење на внатарешни правила за меѓусебните односи, што има за цел вршење на повеќе неопределени дела.

Цел на здружението е вршење на казниви дела за кој може да се изрече казна затвор од три години и потешка. Планот се исцрпува со определувањето на видот на кривичните дела кој треба да се сторат, а бројот на делата може да биде определен или неопределен. Делото е довршено со самото создавање на групата. Нужно е организирањето и пристапување на членови кон групата и тоа најмалку уште два , освен организаторот.

Во ставот 2 од ова кривично дело, се казнува припадникот на групата односно бандата, кој пристапил кон истата со намера да се реализира нејзиниот план. Организаторот се казнува со казна затвор од една до пет години,а припадникот од три месецидо три години. Како посебен квалифициран облик на ова дело се казнува, создавање на група или банда, како и припадникот на истата , која има за цел вршење на кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од најмалку осум години. Во став 5, пропишан е посебен основ, за ослободување од казна за припадникот на групата или бандата, кој ќе ја открие групата или бандата, пред да стори некое дело во нејзиниот состав.[207]

Злосторничкото здружување како криминално поведение може да се јави и кај кривичните дела со елементи на говор на омраза, посебно кај делата со елементи на ширење на расна и верска дискриминација преку компјутерски систем или говор на омраза извршена на друг начин кои се здружиле со намера да вршат криминални активности со цел да внесат немир и несигурност спрема припадниците во заедниците од различен национален , етнички состав или различна верска припадност.

[207] Кривичен закон, *Сл. весник на РМ бр. 27/14.*

### *2.4.3. Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем - чл. 394 – г*

Расизмот и ксенофобијата се негативни појави кои предизвикуваат судири на расна, верска и национална основа. Сè повеќе тоа претставува проблем кој ја загрозува глобалната безбедност и се шири со огромни последици по светскиот мир и безбедност. Расизмот и ксенофобијата се зголемува во целиот свет, сè повеќе се прават национални, религиозни и културни поделби на граѓаните. Сè повеќе е застапена нетолерантноста и нетрпеливоста на домородното население и новодојденците од аспект на сфаќања дека им се загрозуваат одредени права на домицилното население како што се правата на вработување, социјалните права и сл. со барањата од страна на „дојденците“ за вработување, образование на мајчин јазик, градба на верски објекти и сл. Имигрантите и бегалците се меѓу најранливите групи и често се изложени на акти на дискриминација и омраза, но и вршење на кривични дела со кои се прекршваат нивните човекови права кои се загарантирани со меѓународните конвенции. [208]

Во согласност со Кривичниот законик на Република Македонија се врши казнување на секој поединец или грипа која ќе врши ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, а оваа одредба е регулирана со чл. 394 – г од Кривичниот закон, на следниот начин:[209]

(1) Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години.

---

[208] Николоска С., *оп. цит*., стр. 277. (2)
[209] Чл. 394 – г Кривичен законик на РМ*, Сл. весник на РМ бр. 114/09*, *114/09 и 27/14.*

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој којшто делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање.

(3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.

И според овој член се санкционира ширењето на говорот на омраза преку компјутерски систем, ако претставува ширење во јавноста на расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија што помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на „пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор."

За сите сторители на кривични дела се предвидува казна затвор од една до пет години, а во потешки случаи од една до десет години. Имено тоа се случува кога делото е извршено со злоупотреба на положбата или на овластувањата или ако поради тие дела дошло до безредие или насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери. Во однос на делото на омраза што се состои во насилство спрема поединец или група врз дискриминаторска основа, оваа инкриминација се појавува како „претходно" дело. Тоа може да биде повод за дела на омраза, ако сторителот успее со ширење расистички или ксенофобичен материјал да создаде кај поединци омраза, која ќе се појави како решавачки мотив за извршување дело на насилство. Таквата цел на сторителот законот ја ограничува на помагање, промовирање или поттикнување омраза, дискриминација или насилство спрема друг или група, одредена според расата, бојата на кожата, националното или етничкото потекло и верската определба. Исклучено е од дофатот на оваа одредба ширењето материјал со кој се поттикнува

омраза против група со други особености (политичка, социјална, јазична, полова итн.)[210].

Заканите со елементи на дискрминација, нетолеранција спрема лица од различна национална, расна, верска, етничка и друга припадност преку компјутерски системи е содржана и во чл. 144, ст. 4, од Кривичниот законик каде се предвидува дека се санкционираат и заканите преку информатички систем за чинење на тешки кривични дела (за коишто е пропишана казна затвор од најмалку пет години), поради припадност во сите оние групи наведени во чл. 394-г.

Инкриминираноста опфаќа криминални дејствија кои сторителите ги вршат со користење на компјутерски систем за:

- Ширење на расистички и ксенофобичен материјал во вид на слика, снимка или друга содржина објавена или ставена како информација на компјутерските мрежи и е достапна до јавноста, а особено до јавноста која ги прифаќа и се приклучува кон групите кои популаризираат расна и верска дискриминација.
- Целта на објавувањето на материјали со расистичка и ксенофобична содржина е да промовира насилство, дискриминација против група, раса, национални или етничко население или да предизвикува страв кај останатите групи, заедници кои географски живеат на ист простор.
- Злоупотребата на положбата на лица кои ги искористуваат своите службени овластувања и положбата да пропагираат ксенофобија и расизам и акти на нетрпеливост и насилство е посебен квалификаторен облик на делото, пред се поради фактот дека одредена категорија на службени лица наместо да работат на спречување на овие криминални појави, тие ги поттикнуваат и се предизвикуваат поголеми последици од тоа што не се преземени мерки за сузбивање.[211]

[210] Живановски Н., *Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза,* Македонски институт за медиуми, Скопје, 2017, стр. 5.

[211] Николоска С. *оп. цит*., стр. 280. (2)

## 2.5. Кривични дела против човечноста и меѓународното право

### *2.5.1. Расна и друга дискриминација чл. 417*

Расна и друга дискриминација е кривично дело против човечноста и меѓународното право кое во своето битие содржи елементи на дискриминација заснована на различноста на заедниците. Имено во членот 417 е предвидено дека:

(1) Тој што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожа, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус, менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба, или која било друга основа предвидено со закон или со ратификуван меѓународен договор, ги повредува основните човекови права и слободи признати од страна на меѓународната заедница, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што врши прогонување на организации или на поединци поради нивното залагање за рамноправност на луѓето.

(3) Тој што шири идеи за супериорност на една раса над друга или пропагира расна омраза или поттикнува на расна дискриминација, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

Според член 417 став 3 од Кривичниот закон на Република Македонија инкриминацијата на говорот на омраза претставува и *потешкиот облик на делото расна и друга дискриминација*. Делото може да биде извршено низ три алтернативни облици на *дејството на извршување*: ширење идеи за супериорност на една раса; пропагирање расна омраза; или поттикнување расна дискриминација.[212] Станува збор за дејствија насочени спрема поширок круг лица, што имаат за цел прифаќање став за

[212] Живановски Н., *оп. цит*, стр. 5.

нееднаквост и повреда на слободите и правата на луѓето врз дискриминаторска основа. Од ваквите дејствија може да произлезат различни потешки облици на дискриминација, што може да се состојат во извршување и потешки дела против слободите и правата (геноцид, воени злосторства итн.). Сепак, законското битие на делото не опфаќа предизвикување на никаква последица. Делото е довршено со самото ширење фашистички идеи или преземање дејство на пропаганда или поттикнување омраза и расна дискриминација. Според објектот на заштита, оваа инкриминација не се разликува од делото *повреда на рамноправноста на граѓаните* (чл. 137).[213]

Врз основа на законот може да се изрече казна затвор во времетраење од шест месеци до пет години за секое лице што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожа, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус, менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба или која било друга основа, предвидено со закон или со ратификуван меѓународен договор, ги повредува основните човекови права и слободи признати од страна на Меѓународната заедница, и лице кое врши прогонување на организации или на поединци поради нивното залагање за рамноправност на луѓето. Додека пак со казна затвор од шест до три години се казнува секое лице кое шири идеи за супериорност на една раса над друга или пропагира расна омраза или поттикнува на расна дискриминација.[214]

Говорот на омраза како посебен елемент изразен преку мотивот на сторителите, а содржани во начинот на извршување и користењето на техниките, односно средствата на извршување може да биде инкриминирано и кај други кривични дела во зависност од потребите на кои укажува практиката, но врз основа на посеопфатна кривично правна анализа и секако врз основа и на препораките на меѓународната заедница содржани во меѓународните правни акти кои претставуваат и извор на кривичното право.

---

[213] Камбовски, В. и Лазарова - Трајковска М. http://www.jpacademy.gov.mk/upload/PDF%20Files/Pravna%20analiza.pdf

[214] Кривичен закон, *Сл. весник на РМ бр. 27/14.*

## *ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Елементите на говор на омраза содржани и во дефинициите за говор на омраза може да бидат инкриминирани и кај други кривични дела со елементи на насилство, имотни деликти, каде покрај основните дејствија на извршување – напад врз физички интегритет на личноста, посебно на лицата од друга национална, верска или етничка припадност ќе бидат употребени и дејствија со говор на омраза манифестирани преку: различни форми на вербално вознемирување чија цел е да предизвикаат чувство на непријатност, страв, вознемиреност на поединецот, на пр. честа злоупотреба на телефон во неразумно време: употреба погрдни зборови „етикети" кои стигматизираат одредени општествени групи и нивните членови, на пр. „црнчуги", „педери", употреба различни неоправдани обвиненија, лаги и стереотипи за да ја оправдаат омразата против лица припадници на друга заедница, симболички акти преку комуницирање „очи во очи", што со своето изразување директно може да му наштети на жртвата или да предизвика физички конфликт; вербално заплашување на членовите на одредени групи за да ги натера да заминат од работното место, местото на живеење, училиште; нагласување на различни симболи или симболични акции со цел да се насочат кон целните групи и да им се покаже дека се непожелни во одредено опкружување, како што се свастиката, палење на крстот, напад на религиозни и културни институции и сл.

Говорот на омраза може да биде и потик или мотив во однос на вршење и на имотните кривични дела и тоа кај контактните имотни кривични дела со елементи на насилство и тоа кај разбојништвата и тоа организираните разбојништва насочени спрема лица од другата заедница, каде покрај имотниот мотив како цел на напад се бираат и лица од различна национална, верска или етничка припадност има и мотиви на говор на омраза манифестирани преку вербалната комуникација за време и по извршувањето на кривичното дело.

Во Република Македонија имајќи го во предвид сложениот национален, етнички состав на населението и верската припадност на граѓаните секогаш има простор за размислување и воведување на квалификаторни елементи со говор на омраза и кај други кривични дела, за кои се правеа анализи и врз основа на одредени укажувања и на стручни и професионални лица и тоа кај кривичните дела во кои може да биде изразена омразата, а посебно говорот на омраза посебно при планирањето и реализацијата на кривичното дело, но и кај кривичните дела кога говорот на омраза се

јавува при самото извршување на кривичното дело и кога сторителот ќе ја осознае припадноста на жртвата од друга заедница делото го врши на посебно суров и понижувачки начин, но и со користење на поекспилицитни елементи на закана и примена на психичка и физичка сила. Поголем дел на кривични дела од Кривичниот законик може да содржат и елементи на говор на омраза, но македонскиот законодавец тоа го предвидел со општа норма во членот 39 ст. 5, но тоа не значи дека во иднина и не треба да се предвидуваат и други кривични дела со елементи на говор на омраза, како поединечни кривични дела или како посебни начини на извршување кои ќе бидат квалификаторни во однос на санкционирањето на сторителите.

Кај кривичните дела кои се гонат по службена должност при целосното расветлување на настаните, покрај доказите за начинот, средствата, местото, времето, односот на сторителот и жртвата, службените лица ги обезбедуваат сите докази материјални и субјективни врз основа на кои може да се извлечат заклучоци дали кривичното дело е мотивирано од говор на омраза или говорот на омраза е еден од основните елементи при извршувањето на кривичното дело. Додека кај кривичните дела кои се гонат по приватна тужба, жртвите треба да вложат исклучителни напори и финансиски средства во делот на обезбедување на докази неопходни за поднесување на тужба против сторителите, бидејќи се работи за докази кои се содржани во текст, вербален говор или закана, одредени симболи и за покренување на тужба е потребно да се знае сторителот. Токму поради тоа, треба во иднина да се посвети внимание и за други кривични дела кои може да ги содржат елементите на говор на омраза, но истите да се гонат по службена должност и на тој начин да се овозможи обезбедување на докази во службена постапка, но и на некој начин ќе се превенираат поведенија кои содржат говор на омраза и кај други кривични дела.

## 3. АНАЛИЗА НА ДРУГИ ЗАКОНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАДЕ СЕ СОДРЖАНИ ОДРЕДБИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

### 3.1. Закон за спречување и заштита од дискриминација

Во Република Македонија Кривичниот закон и Законот за спречување и заштита од дискриминација има за цел да обезбеди спречување и заштита од дискриминација[215] во остварувањето на правата загарантирани со Уставот на Република Македонија, закон и ратификувани меѓународни договори.

Законот за заштита од дискриминација е донесен во 2010[216] година донесен е Законот за спречување и заштита од дискриминација[217] и истиот согласно меѓународните препораки има неколку измени и дополнувања од кои позначајни се измените и дополнувањата од 2019 година.[218]

Законот ги прифаќа Препораките од повеќе меѓународни правни акти и истите ги имплементира, а тоа се: Директивите на Европскиот Парламент и на Советот - Директива бр. 2000/78//ЕЗ на Советот од 27 ноември 2000 година за воспоставување на општа рамка за еднаков третман во вработувањето и занимањето; CELEX бр. 32000L0078; Директива бр. 2004/113/ЕЗ на Советот од 13 декември 2004 година со која се спроведува начелото на еднаков третман на мажите и жените во пристапот и обезбедувањето на стоки и услуги; CELEX бр. 32004L0113 и Директива бр. 2006/54/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 5 јули 2006 година за примена на принципот на еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените во областа на вработувањето и професиите (преработена), CELEX бр. 32006L0054. Исто така законот е и во согласност со Универзалната декларација за човекови права на ООН (1948) и Европската конвенција за човекови права (1950) на Советот на Европа, но збогатени и со елементи од Кривичниот закон на РМ, според кои се забранува секоја директна или

[215] Член 6: Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

[216] *Сл. весник на РМ бр. 50/10.*

[217] *Сл. весник на РМ бр. 50/10.*

[218] *Сл.весник на РМ бр. 101/19.*

индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување.[219]

Во членот 4 од Закон за заштита од дискриминација[220] е даден поимник за повеќе значајни поими, од кои ги издвојуваме:

- Маргинализирана група е група од поединци кои ги обединува специфична положба во општеството, кои се објект на предрасуди, кои имаат посебни карактеристики што ги прават подложни на дискриминација и/или насилство и помала можност за остварување и заштита на правата и слободите
- Дискриминација по асоцијација е секое разликување, исклучување или ограничување на едно лице поради поврзаност со друго лице или група врз која било дискриминаторска основа.
- Дискриминација по перцепција е секое разликување, исклучување или ограничување на едно лице поради претпоставена припадност кон одредена група врз која било дискриминаторска основа.
- Повеќекратна дискриминација е дискриминација вршена кон едно лице или група врз повеќе дискриминаторски основи.
- Повторена дискриминација е дискриминација вршена кон едно лице или група повеќепати, врз исти дискриминаторски основи.
- Продолжена дискриминација е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи.
- Интерсекциска дискриминација е секоја дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани.
- Тестирање ситуација претставува метод за докажување дискриминација преку вклучување на организирани тестери што се ставаат во споредбена

[219] http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/27,5-Zakon%20za%20zastita%20od%20diskriminacija.pdf
[220] *Сл. весник на РМ бр. 101/19.*

ситуација за да се истражи појавата на дискриминација во различни предмети, процеси и области врз која било дискриминаторска основа.

Поимот на дискриминација е даден во членот 6: „Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“ А со членот 8 се дефинирани поимите на директна и индиректна дискриминација: Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа и Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.[221]

Според членот 3 од Законот е прецизирано и кој треба да го применува истиот. Тоа се: сите физички и правни лица; од страна на сите државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, правни лица со јавни овластувања и сите други правни и физички лица во обласста на: работата и работните односи; образованието, науката и спортот; социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита; правосудството и управата; домувањето; јавното информирање и медиумите; пристап до добра и услуги; членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство; култура и сите други области. Наведените субјекти имаат обврска да преземаат мерки или дејства за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација и сите се должни да прибираат, евидентираат и обработуваат

[221] *Сл. весник на РМ бр. 101/19.*

податоци, имаат обврска овие податоци да ги прикажуваат според дискриминаторските основи, а со цел промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација.

Согласно наведениот закон е формирана Комисијата за заштита од дискриминација има свои надлежност предвидени во членот 21 која има своја надлежност членот 21. Имено Комисијата го промовира принципот на еднаквост, правото на недискриминација и справувањето со сите форми на дискриминација преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација; изготвуваат планови и програми, соработуваат со правни и физички лица, ги следат меѓународните правни акти и иницираат нивна имплемантација во националното законодавство и сл. Комисијата прима претставки од граѓаните за претрпени акти на дискриминација, по кои постапува и дава соодветни препораки, во случаите на непостапување се поднесуваат прекршочни пријавои до надлежните судови.

Правна одговорност е предвидена за дела што повикуваат или поттикнуваат на дискриминација и помагање на дискриминаторски третман врз основа на дискриминаторски основи и за повреда на достоинството или воспоставување заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

## 3.2. Закон за радиодифузна дејност

Радиодифузната дејност е посебно подрачје кое се уредува со закон посебно работата на јавните и приватните компании. Согласно Директива за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската комисија се предвидуваат голем број мерки за земјите - членки на ЕУ со кои се уредуваат националните законодавства во Унијата коишто се однесуваат на јавните и приватните радиодифузери. Во Директивата се содржани повеќе технички аспекти за начинот на функционирање на медиумите, а посебно се грижи аудиовизуелните содржини да не содржат некаков вид поттикнување омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.

Медиумската политика на Европа се заснова врз концептот на јавен интерес во медиумската сфера. Во теоријата на медиумското право и медиумската политика, концептот на јавниот интерес се поврзува со „доброто владеење“ и „ефективната

граѓанска партиципација". Ефективната граѓанска партиципација претставува партиципација на информирани граѓани, што подразбира слободно циркулирање на мноштво различни гледишта во медиумите и пристап на граѓаните до медиумите како примарна арена за политичка и културна комуникација. Оттаму, јавниот интерес како медиумски концепт се употребува за да се означи „...капацитетот на медиумите да го зголемат општествениот, економскиот и политичкиот развој преку подобрување на владеењето и отчетноста кон јавноста; создавање информирано и ангажирано граѓанство; зголемување на вклучувањето на маргинализираните групи; јакнење на културата и идентитетот на толеранцијата, разновидноста и креативноста."[222]

Советот на Европа и Европската комисија играат значајна улога во заштитата на слободата на изразување и говорот на омраза, па и во поглед на медиумската практика имаат усвоено поголем број препораки, насоки и други документи, врз чија основа земјите членки, односно кандидати за членство, се обврзни да изградат медиумски систем со кој се гарантира слободата на изразувањето, независноста на медиумите и медиумскиот плурализам и разновидноста. Сите овие документи се темелат врз основните принципи на слободата на изразувањето утврдени со членот 10 на Европската конвенција за човекови права кои претставуваат основа на демократската комуникација во едно општество. Притоа треба да се има во предвид дека остварувањето на јавниот интерес во радиодифузијата е најмногу поврзано со улогата и задачите на јавниот радиодифузен сервис, иако и другите два радиодифузни сектора – комерцијалниот и непрофитниот, имаат важна улога во демократскиот медиумски амбиент и придонесуваат кон ефективното граѓанство и доброто владеење. Во Амстердамскиот протокол за системот на јавната радиодифузија во земјите членки на Европската Унија, од 1997 година се нагласува дека јавната радиодифузија е директно поврзана со исполнувањето на демократските, општествените и културните потреби на секое општество и претставува фактор на кохезија во општеството. Неговата функција на фактор на општествена кохезија значи дека тој придонесува за интегрирање на сите делови на општеството, дека му служи на целото население, а не само на одделни

[222] Buckley S., Duer M. K., Mendel, T., & O'Siochru S., *Broadcasting, Voice, and Accountability: A Public Interest Approach to Policy,* Law, and Regulation, Washington: University of Michigan Press, 2008.

групи. Тоа значи дека ги задоволува потребите и на повозрасните и на помладите, и на побогатите и на посиромашните, и на пообразованите и на помалку образованите, и на групите со посебни интереси (културни, верски, научни, социјални, економски, спортски, и др.) и на општеството во целина. Со други зборови, јавниот сервис не треба да ѝ служи ниту на власта, парламентот, претседателот, политичките партии, ниту на било кој друг центар на моќ. Тој мора да биде независен од сите центри на моќ и да им служи само на интересите на граѓаните, и тоа како на граѓани, а не како потрошувачи.[223]

Согласно Законот за радиодифузна дејност,[224] Во Република Македонија се уредуваат условите и начинот на вршење на радиодифузната дејност и работите од јавен интерес во областа на радиодифузијата. Со законот се обезбедува: слобода на изразувањето во радиодифузната дејност во согласност со Уставот на Република Македонија и со меѓународните договори што ги ратификувала и кон кои пристапила Република Македонија; заштита на интересите на корисниците; поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, образовниот и научниот развој. Поттикнување на развој на творештвото, јазикот и традициите во радиодифузната дејност; унапредување и поттикнување на конкуренцијата и развој на радиодифузната дејност; транспарентност, независност и недискриминација во регулаторните процеси и независен и ефикасен јавен радиодифузен сервис.[225]

Радиодифузерите дејноста ја вршат преку емитување радио или телевизиска програма. Радио и телевизиските програми се темелат врз следниве принципи:[226]

---

[223] Трпевска С. и др. , *Анализа на јавната радиодифузија во Република Македонија во контекст на европската медиумска политика*, Македонски институт за медиуми, Скопје, 2010, стр. 7. http://iks.edu.mk/attachments/article/134/1142_277_izvestaj.pdf

[224] Законот за радиодифузна дејност, *Сл. весник на РМ бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/10, 145/10, 97/11, 13/12, 72/13.*

[225] Чл. 1 и 2 од Законот за радиодифузна дејност, *Сл. весник на РМ бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/10, 145/10, 97/11, 13/12, 72/13.*

[226] Чл. 68 од Законот за радиодифузна дејност, *Сл. весник на РМ бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/10, 145/10, 97/11, 13/12, 72/13.*

- Право на слободен прием и пренесување на информации и право на слобода на изразување.
- Негување и развој на хуманите и морални вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста.
- Еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот.
- Поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло.
- Поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи.
- Отвореност на програмите за изразување на различните култури што се составен дел на општеството; - зачувување и негување на националниот идентитет, јазичната култура и домашното творештво.
- Отвореност за различни политички мислења и гледишта.
- Објективно и непристрастно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.
- Почитување на авторското право и сродните права; - почитување на тајноста на изворот на информацијата.
- Гарантирање на правото на одговор и исправка и
- Самостојност, независност и одговорност на радиодифузерите, односно уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика.

Во програмите на радиодифузерите, како и во програмите што се реемитуваат преку јавните комуникациски мрежи не се дозволени програми што се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија или кон поттикнување или повикување на воена агресија или на разгорување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост.[227]

Токму со оваа одредба на законодавецот е предвидено да не се емитуваат програми со содржини кои потикнуваат национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост, а тоа е обврска на дистрибутерот за контрола на телевизиските програми и нивните содржини и отстранување пред емитување на такви содржини.

Од друг страна радиодифузерите имаат право да создаваат и да емитуваат во своите програми, реклами, телешопинг и спонзорирани програми, но со нив строго се забранува:[228]

- Да се загрозува човечкото достоинство.
- Да се темели врз нагласување на национални, етнички, религиозни, полови, расни или други разлики.
- Да се поттикнува однесување опасно за здравјето или однесување коешто ја нарушува безбедноста.
- Да се поттикнува однесување што ја загрозува животната средина и
- Да ги навредуваат религиозните или политичките убедувања.

Функциите на јавен радиодифузен сервис во Република Македонија ги врши Македонската радиотелевизија[229] и во поглед на остварување на јавниот интерес е должна:

- Да ја развива и планира програмската шема во интерес на целата јавност и да произведува и емитува програми за сите сегменти на општеството

[227] Член 69 од Законот за радиодифузна дејност, *Сл. весник на РМ бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/10, 145/10, 97/11, 13/12, 72/13.*
[228] Член 89 од Законот за радиодифузна дејност, *Сл. весник на РМ бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/10, 145/10, 97/11, 13/12, 72/13.*
[229] Регулирано со чл. 121 – 124 од Законот за радиодифузна дејност, *Сл. весник на РМ бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/10, 145/10, 97/11, 13/12, 72/13.*

без дискриминација, водејќи притоа сметка за специфичните општествени групи.

- Да се грижи низ програмите да се рефлектираат различни идеи, да се негува културниот идентитет на заедниците, да се почитуваат културните и религиозни разлики и да се поттикнува културата на јавен дијалог, со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција во функција на унапредување на односите меѓу заедниците во мултиетничка и мултикултурна средина.
- Да ги негува и развива говорните и јазичните стандарди на сите заедници во Република Македонија.
- Да ги негува, поттикнува и развива сите облици на домашно аудиовизуелно творештво кои придонесуваат за развој на македонската култура, како и да придонесува за меѓународна афирмација на македонскиот културен идентитет.
- Да го промовира почитувањето на основните човекови права и слободи, демократските вредности и институции, да ја почитува приватноста, достоинството, угледот и честа на човекот и др.

Македонската радиотелевизија е должна при создавањето и емитувањето на програмите да ги почитува професионалните принципи и на различните интереси во општеството да им обезбеди рамноправен пристап, да се залага за слободата и плурализмот на изразување на јавното мислење, како и да спречи каков било облик на расна, верска, национална, етничка и друга нетрпеливост.

За непочитување на одредбите на законот се предвидени прекршочни казни предвидени како парични казни и за конкретни случаи на емитување и реемитување на програмски содржини кои се насочени кон насилно уривање на Уставниот поредок на Република Македонија или кон потикнување или повикување на воена агресија или на разгорување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост.

### 3.3. Закон за медиуми

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со Законот за медиуми[230] се пропишуваат основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на издавачите на медиуми утврдени со овој закон при вршење на дејноста, како и обезбедување на заштита на малолетни лица, одговорен уредник и уредништво, правото на новинар да го изнесе своето мислење и став и да одбие да изврши налог, односно задача, заштита на изворот на информации, импресум, јавност во работата на издавачот на медиум и правото на исправка и одговор на објавена информација. Со законот се предвидува слободата на медиумите да опфаќа: слобода на изразување на мислења, независност на медиумите, слобода на прибирање, истражување, објавување, избор и пренесување на информации во насока на информирање на јавноста, плурализам и разновидност на медиумите, слобода на проток на информации и отвореност на медиумите за различни мислења, уверувања и за разновидни содржини, достапност до информациите од јавен карактер, почитување на човековата индивидуалност, приватност и достоинство и сл.

Законот за медиуми согласно член 4 забранува поттикнување и ширење на дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на колективни идентитетски карактеристики на некоја заедница во општеството. Според овој Закон надлежноста за постапување во случаите на поттикнување или ширење на говор на омраза преку радиодифузните медиуми е дадена на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и нејзиниот директор, на кои на располагање им стои целиот дијапазон за надзор и реакција во случај на говор на омраза: од опомени, преку покренување прекршочни постапки, до одземање на концесијата и бришење од регистерот на медиуми, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се забранува програми кои содржат, поттикнуваат или шират дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.[231]

Како недостаток на овој закон може да се издвои тоа што не содржи никаква санкција за прекршителите што поттикнуваат или шират дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност. А тоа, од

[230] http://arhiva.mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/zakoni/Zakon_za%20_mediumi_konsolidiran_15102015.pdf

[231] Орданоски С., *Слободата на изразување наспроти говорот на омраза во медиумите во Македонија,* Институт за комуникациски студии, Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје, 2018, стр. 19.

друга страна значи дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, нема можност да презема други мерки против медиумите што ја прекршуваат забраната, освен јавно да реагира или да се обрати и да ги извести другите надлежни институции. За разлика од неможноста да ги санкционира домашните медиуми, контрадикторно е тоа што Агенцијата, според законот, може да преземе соодветни мерки, со кои може времено да ја ограничи слободата на прием, односно на реемитување аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија, доколку програмските сервиси на радиодифузери од други држави „очигледно, сериозно и тешко" ги прекршуваат одредбите и поттикнуваат расна, полова, верска или национална омраза и нетрпеливост, Иако самиот говор на омраза е предвиден во повеќе  кривични дела од Кривичниот законик, практиката не покажува речиси никаков резултат во однос на казнување на говорот на омраза присутен во медиумите.  Како што е претходно напомнато, во моменталната законска регулатива не се предвидуваат ефективни механизми за санкционирање на говорот на омраза емитуван на домашните медиуми и во продукција на домашни продукциски куќи, додека, пак, за програми што содржат говор на омраза, а се во продукција на продукциска куќа однадвор, е предвидено санкционирање со забрана за реемитување.[232]

Со  Кодексот на новинарите на Македонија[233] на новинарите им се забранува да користат говор на омраза или да поттикнуваат на дискриминација од кој било вид. Но оваа забрана е пропишана само како морална обврска, за чијашто повреда не е пропишана никаква санкција, дисциплинска постапка или друг облик на реакција на повредата на професионалните стандарди. Исто така, медиумите и новинарите што не се членови на Здружението на новинари на Македонија можат себеси да се изземат од примена на Кодексот во својата работа, без разлика што тој промовира универзално

[232] Теговска М. и Младеновска С. ,  *Иницијатива за законски измени во начинот на кој се регулира говорот на омраза во медиумите во Македонија,* Фондација за демократија на Вестминстер, Скопје, 2016,  стр. 19.

[233] Кодекс на новинарите на Македонија. Достапно на: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440.

општоприфатливи етички вредности за новинарската професија.[234] Оттука, може да се констатира дека законодавната рамка во Република Македонија која го санкционира говорот на омраза е усогласена со меѓународните стандарди и документи. Меѓутоа, при споредба на легислативата со актуелната судска практика, се воочува сериозна недоследност во применливоста на законите од страна на јавното обвинителство и судството кога доаѓа до појава на говор на омраза.

[234] Живановски Н. , *Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза,* Македонски институт за медиуми, Скопје, 2017, стр. 6.

# 5. ДЕЛ

# ПОСЛЕДИЦИ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

## 1. ПОСЛЕДИЦИ ОД БЕЗБЕДНОСЕН КАРАКТЕР

Говорот на омраза причинува голема штета и тоа како на конкретните индивидуи на кои се однесува изразувањето, така и на општеството во целина.[235] Имено, последиците од извршување говор на омраза може да бидат поделени во три групи:

- Вијанието врз поединци - може да биде психолошко и емоционално, оставајќи ги последиците и идентитетот на жртвата и самопочитта. Исто така, го зголемува нивото на насилство и омраза. Директната (непосредна) жртва може да доживее поголема психолошка повреда и зголемено чувство на ранливост, нетрпеливост, несигурност посебно во мултиетничките средини каде што се поизразени. Говорот на омраза нанесува емоционална и психолошка болка на жртвите, влијае на општествената мобилност и просперитетот во работата: психолошките одговори на ваквите вербални напади се состојат од чуство на пониженост, изолираност, мразење на себе си и сомневање во себе си. Афектираното лице може да реагира барајќи излез во алкохол, дроги или други видови на антисоцијално однесување.“ Дополнително, понижувањето може да се прикаже себе си во такви општествени симптоми како пристап кон родителството кој ја поткаструва самодовербата на детето и го потврдува очекувањето на општествен неуспех. Сите овие симптоми може да произлезат од понижувањето содржано во говорот на омраза.[236] Актите на говор на омраза

[235] Михајлова Е., Бачовска Ј. и Шекерџиев Т., *оп. цит*. стр. 34.
[236] Михајлова Е., Бачовска Ј. и Шекерџиев Т., *оп. цит*. стр. 34.

може да имаат прекршочен или криминален карактер кои придонесуваат за подлабоко психолошко влијание врз нивните жртви, што доведува до чувство на депресија и анксиозност.

- Ефект врз целните групи (заедници) - Општ терор во групата од која припаѓа жртвата, инспиративно чувство на ранливост од другите членови, кои би можеле да бидат следната жртва. Заедницата која има заедничка карактеристика со жртвата, исто така, може да се исплаши и да се заплаши. Другите членови на целната група не само што можат да го почувствуваат ризикот од напад во иднина, туку и да доживеат напад како да се жртви. Овие ефекти може да се мултиплицираат повеќекратно доколку станува збор за заедница која е жртва на дискриминација низ историјата.
- Влијание врз другите ранливи групи - е присутно и влијание врз другите ранливи групи, особено групи кои се идентификувани со цел, особено кога омразата е врз основа на одредена идеологија, во режија истовремено против неколку групи. Актите со прекршочен и криминален карактер со елементи на говор на омраза имаат влијание на многу поширок круг на луѓе и имаат потенцијал да предизвикаат социјална поделба и граѓански немири. Создавањето или нагласувањето на постоечките социјални тензии, може да имаат ефект на поттикнување на поделба меѓу групата на која припаѓа жртвите и општеството во целина.

Исто така, се повредува идеалот на еднаквоста или еднаквиот третман и принципот на недискриминација кои се фундаментални права за секое демократско општество.

Говорот на омраза има штетно влијание на општествениот ред, мир и квалитетот на животот во заедницата - овој говор има капацитет сериозно да ја оштети социјалната ткаенина и да ги раздели заедниците. И конечно, говорот на омраза потенцијално води кон криминал од омраза, а исто така може да води и кон геноцид. Имајќи ја на ум штетата која говорот на омраза ја причинува, јасно е зошто неговото регулирање генерално е прифатено, во смисла на негово казнување во различни степени. Европското искуство оди во правец на засилување на принципот на недискриминација со правото да не се биде дискриминиран (Протокол 12 од

Европската конвенција за правата на човекот) и со обидот за проширување на институтот „промоција на еднаквост“.

Последиците ја налагаат потребата од поголема активност на државата во елиминирањето на посуптилните форми на индиректна дискриминација и создавање на услови за ефективна еднаквост на можностите. Ова се одразува и посебно на говорот на омраза во смисла на далеку поголема чуствителност за опасностите од јавни изразувања кои содржат нетрпеливост и ксенофобија што е посебно потенцирано во препораките на ECRI, Совет на Европа и др.). Европското искуство прифаќа да влезе во правна разврска на преклопените права: право на слобода на изразување и право да не се биде навредуван по етничка и културна основа.[237]Ова значи дека злосторствата од омраза имаат последици што ги разликуваат од другите кривични дела и го оправдуваат различниот кривично - правен пристап. Кривичните дела извршени од омраза го нарушуваат идеалот на еднаквост меѓу членовите на општеството, кршејќи го основниот принцип на човековите права и слободи. Кривичните дела извршени од омраза претставуваат потенцијално сериозни проблеми за безбедноста и јавниот ред и мир. Кривичните дела извршени од омраза можат да ги влошат постојните тензии меѓу групите и да играат улога во создавање на меѓуетнички или социјални немири.

Во случаи на внатрешни конфликти, широко распространетите злосторства од омраза обично ја следат фазата на ескалација. Во ситуации кога односите меѓу етничките, националните или верските групи се веќе чувствителни, злосторствата извршени од омраза можат да имаат експлозивен ефект.

Последиците ог говор на омраза и другите акти на омраза може да предизвикаат и немири од пошироки размери, а со тоа може да се предизвика и безбедносна нестабилност, политичка криза и сл.

## 1.1. Последици со елементи на криминално делување

Со кривичните дела со елементи на говор на омраза се предизвикува штета на директните жртви, но и да се предизвикаат криминални поведенија кои не ги содржат

[237] http://www.osce.org/mk/skopje/116610?download=true

елементите од говор на омраза, но се предизвикани со говор на омраза, а со нив се нарушува јавниот ред и мир преку протести во кои преовладуваат или се „споделува„ чувството на повреда со директната жртва, од страна на заедницата на која припаѓа и се предизвикаат други последици како по живото на граѓаните, така и по нивниот имот и јавните добра.

*Пример: Случајот со убиството на матурантот Ангел од Ѓорче Петров – Скопје, кое е извршено по обидот на осомничениот за унистввото да изврши кражба на велосипед од дворот на семејната куќа на убиениот Ангел. По сите случувања од обидот за кражба до настанатото убиство граѓаните револтирани излегуваат на протести. Потестите се масивизираат бидејќи кон нив се приклучуваат и поголем број на граѓани, а во протестите се преземаат дејствија со кои се нанесени штети на имотот на граѓаните. Случајот е карактеризиран дека има елементи на говор на омраза, но поднесени се пријави за насилство, нарушување на јавен ред и мир.*

*Случајот предизвика голема заинтересираност во јавноста, посебно кај стручната јавност кои потенцираа дека едно долготрајно негување на говор на омраза и поделби по сите основи, во услови кога постои многу низок праг на меѓуетничка толеранција и во услови кога политичките партии ги користат меѓуетничките односи за воспоставување на своето владеење, многу е веројатно дека многу лесно ќе дојде до избувнување на тој анимозитет на површина.*[238]

Кривичните дела иницирани од говор на омраза можат да се утврдат како квалификациска околност. Утврдувањето на говорот на омраза како квалификациони околности на други кривични дела во некои случаи се нарекуваат „отежнувачки елементи при изрекувањето на казните" или „елементи со отежнувачки околности". Казната изречена за сторено кривично дело се зголемува кога ќе се утврди дека делото е мотивирано од омраза или предрасуда. Затоа, криминалот од омраза се смета за квалификуван елемент на сите злосторства. Тоа првенствено се манифестира со примена на физичка и психичка болка и страдање на одредено лице кое припаѓа на ранливите групи, поттикнување и насилство врз одредена личност или група (тепање, рани, закани, убиства според поединци, членови на засегнати или ранливи групи

[238] https://www.slobodnaevropa.mk/a/25391398.html

поради нивните лични карактеристики; предизвикување национална, расна и верска омраза и нетрпеливост; доведува до геноцид и воени злосторства и сл.) а кои се мотивирани од омраза и индивидуален капацитет од членови на одредена група. Ако кривичните дела мотивирани од омраза се третираат како и други кривични дела и ако тие не се признати како посебна категорија, тогаш со нив често не се справуваме на соодветен начин.

Говорот на омраза, расистичкиот говор или говорот со предрасуди пред, во текот, или по кривичното дело, може да претставува доказ за мотивот на сторителот и обично е дел од кривичната истрага на криминалот од омраза. На пример тоа би биле етничките навреди кои му претходеле или го придружувале физичкиот напад или испишувањето на графити со расистичка содржина на верски објект кој бил оштетен. Во вакви случаи навредите и графитите се доказ за мотивот од предрасуда, нападот односно вандализмот во овој случај ќе биде третиран како криминал од омраза.[239]

Одредување на специфични кривични дела на омраза со сите елементи на неговото битие – „конкретното кривично дело" е одделно кривично дело мотивирано од омраза или пристрасност, што е основен елемент на правната дефиниција на таквото кривично дело. Во многу земји овој вид криминал од омраза е релативно редок. Во Соединетите Американски Држави (на државно ниво и на ниво на поединечни земји), Чешка и во Велика Британија се наведени конкретни прекршоци, кои содржат мотив пристрасност. Во повеќето други земји ова не е случај.

Кога кривичните дела на омраза се утврдени со закон како посебни кривични дела, кривичното дело обично е подобро забележано, а податоците за злосторствата од омраза полесно се собираат. Според тоа, законите кои ги третираат злосторствата од омраза како посебни кривични дела ја задоволуваат експресивната функција на кривичното право. Законите што ги третираат злосторствата од омраза како одделни кривични дела со себе носи одредени предизвици. Со цел обвинетиот да биде осуден, а мотивот за злосторства од омраза како посебен кривичен прекршок мора да се докаже. Донесувањето на посебни закони кои ја третираат областа на злосторствата од омраза -

[239] Михајлова Е., Бачовска Ј. и Шекерџиев Т., *оп. цит*. стр. 34.

еден од моделите е донесување на посебен закон lex specialis за кривични дела од областа на злосторства од омраза.[240]

Практичното влијание на усвојувањето на законите за злосторства од омраза може да биде значајно. Процесот на донесување на законот, според тоа, може да ја подигне свеста за злосторствата извршени од омраза и да ја подобри одговорноста спрема нив. Подобрената реакција на системот на кривичната правда го подига нивото на доверба на засегнатите заедници. Ова доведува до информации и соработка на заедниците кои може во друг случај да изрази претпазливост кон полицијата. Тоа води кон голем број на истражувања, не само во однос на кривичните дела сторени од омраза, туку и во други области каде што се јавува потребата од интервенција на полицијата. Затоа, законот ја подигнува свеста и обезбедува повеќе внимателно набљудување, што пак доведува до делотворно спроведување на законот и подобрувањето на односите меѓу полицијата и заедницата.[241]

Некои противници на специјалниот закон за кривични дела од омраза тврдат дека тие ги штитат некои групи подобро од другите и дека поради тоа се дискриминаторски.[242] Иако најчестите кривични дела се злосторства од омраза против припадниците на малцинските заедници, тие исто така може да се случи и против мнозинските заедници;[243]

- Сторителите може да потекнуваат од малцинска група.
- Целта може да биде избрана затоа што припаѓа на мнозинска група.
- И сторителот и целта може да бидат членови на различни малцински групи.

---

[240] Anti-Defamation League, *Hate Crimes Laws: Introduction, 2001*. Достапно на: http://www.adl.org/99hatecrime/intro.html.

[241] *Hate Crimes Law: A Practical Guide*. , Organization for Security and Co-operation in Europe Mission to Bosnia and Herzegovina, Sarajevo. 2009, pg. 26.

[242] Jacobs J. and Potter K. . *Hate Crimes: Criminal Law and Identity Politics*.New York: Oxford University Press, 1998, p. 52; James J. Should Hate Be a Crime?. *The Public Interest*, vol. 113, Fall, 1993, pg. 14.

[243] *Hate Crimes Law: A Practical Guide*., Organization for Security and Co-operation in Europe Mission to Bosnia and Herzegovina, Sarajevo. 2009, pg. 26.

Принципот на еднаквост пред законот значи дека злосторствата извршени од омраза не се заштитени и не треба да се заштити една група од друга. На пример, ако законот за злосторства од омраза ја вклучува етничката припадност како карактеристика, тој не наведува конкретно; па според таквиот закон, жртвата може да биде од која било етничка припадност, вклучувајќи го и мнозинство. Донесувањето на закони кои ги третираат злосторствата од омраза како посебни кривични дела има одредени предности. Со оглед на важноста на Законот за злосторства од омраза, до одреден степен, како за жртвата како поединец, така и за општеството во целина, се наоѓа симболичната вредност на осудата на злосторствата, законите кои злосторствата од омраз ги третираат како одделни прекршоци експлицитно ја осудуваат предрасудата како забранет мотив. Исто така, како аргумент за конкретни закони, се наведува дека тие се неопходни за заштита на јавниот ред и мир и безбедност воопшто. Друг аргумент кој често се цитира е дека специјалниот закон lex specialis е логично продолжување на широко прифатените закони со кои се забранува дискриминација врз основа на раса, пол, религија, националност итн.[244]

Казнената политика за злосторствата од омраза вклучува три главни аргументи кои ги оправдуваат дополнителните казни за злосторства од омраза.

- Прво, симболичната вредност на законот може и треба да се искористи за да покаже дека општеството одбива кривични дела базирани на пристрасност. Усвојувањето на законот за злосторства од омраза е моќен израз на општествена осуда на одредени престапки како намерно престапување, кое заслужува поголема казна.
- Второ, кривичниот закон казнува за нанесено зло. Како што е наведено погоре, злосторствата од омраза имаат поголемо влијание врз жртвата од обичните кривични дела, а исто така имаат влијание врз другите кои се членови на групата со потекло од жртвата. Оправдувањето на долгорочните пресуди, според тоа е дополнително зло предизвикано и на поединецот и на заедницата.

[244] Streissguth T. , *Hate Crimes*. New York: Library of Congress Cataloging-in-Publication Data, 2003, pg., 38 - 40.

- Трето, законите на кривични дела извршени од омраза ја казнуваат вината на сторителот. Мотивот на сторителот го прави овој прекршок посериозен отколку што прекршокот би бил сторен без таков мотив. Кривичното право често предвидува построги казни за акти врз основа не само на нивниот исход, туку и на намерата на сторителот. Според тоа, овој аргумент претпоставува дека сторителот има намера да нанесе непропорционално зло, или дека сторителот изразува небрежност за ризикот од понатамошно повредување на жртвата.

### 1.2. Последици со нарушување на соживотот и толеранцијата во меѓуетничките средини

Бројот на ограничувања на слободата на говорот укажува на постоење на други проблеми во општеството, односно на моќта на државата да обезбеди и гарантира слобода на говорот. Колку повеќе е ограничена слободата на говорот, државата е помалку способна да го гарантира таквото право. Поради таквите слабости, на пример, Србија не можеше да ја гарантира безбедноста на геј парадата[245] и воведе ретрограден закон за информации. Сепак, Европа има светли примери за таквата борба. На пример, Данска има покажано дека сака да ја заштити слободата на говорот на сите свои граѓани, без оглед на тоа дали мнозинството граѓани се согласуваат или не се согласуваат со ставовите на индивидуалните граѓани[246].

Тоа не значи дека инфантилното исмејување и навредите треба да го надвладеат јавниот дискурс, туку говорот на омраза е огромно и сложено прашање кое треба да се реши на сеопфатен начин, но без да се загрози најголемиот чин на демократското општество: слободата на говорот.

---

[245] Urošević P., *Da li je zabrana gej parade u centru Beograda kršenje ljudskih sloboda i prava*?, Nova srpska politička misao, 2010. Превземено на 10.08.2018 од: http://www.nspm.rs/kulturna-politika/da-li-je-zabrana-gej-parade-u-centru-beograda-krsenje-ljudskih-sloboda-i-prava-q.html?alphabet=l.

[246] New Mohammed cartoon book out in Denmark,, 2010, *Zeenews*, Превземено на 10.08.2018 од: http://www.zeenews.com/news658769.html.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За жал, општеството во кое живееме доминира во културата на ексклузивност и нетолеранција, дури и кога не постои говор на омраза. Јазикот на насилство и одбранбената комуникација доминира во нашиот приватен и јавен разговор. Ние немаме култура на логичен дијалог заснован на разбирање на различното мислење на нашиот соговорник. Дури и во средниот век, разговорот беше исфрлен од училиштата во Европа, а, кај нас се чини дека никогаш не е ни вратен. Нашите деца во основно училиште не учат доволно да се изразуваат слободно и без страв со аргументи да ги објаснат сопствените ставови, да го почитуваат и прифатат правото на другите на сопствено мислење, без разлика колку е поинакво или различно. Значи школото е најзначајното место за борба против нетолеранција и говор на омраза. Но, ако ги исплашиме младите луѓе во училиште, може да добиеме омраза на улица. Бидејќи оние кои нема да научат да разговараат, обично почнуваат да ′ржат и лаат,  а потоа да касаат. Последиците од сите кривични дела се тешки на свој начин. Сепак, последиците од злосторствата од омраза се специфични за последиците на другите престапници. Таа специфичност се рефлектира во различни и многу моќни ефекти кои таквото дело обично ги има врз поединецот и / или групата на која и припаѓа, но исто така и на целата општествена заедница. Последиците од злосторствата од омраза се широко распространети од директните жртви во форма на концентрични кругови, преку заедницата на директни жртви во соседството, заедницата на директни жртви надвор од соседството, другите заедници кои се чести цели на напад, на сите оние луѓе кои може да се идентификуваат со жртвата како човечки суштества. Таквиот ефект на говор на омраза е зголемен преку проекција на конкретен настан за членовите на пошироката заедница. Имено, сите членови на заедницата кои имаат целна карактеристика на жртва на злосторство од омраза се виктимизирани, додека членовите на другите групи се потсетуваат на сопствената ранливост на слични напади.[247]

Значи, голем број членови на конкретната заедница живеат во страв. Овој страв често влијае на фактот дека говорот на омраза се ескалира во поголеми конфликти, што

[247] OSCE/ODIHR, *Hate Crime Laws – A Practical Guide* (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2009), pg. 20.

обично е случај кога членовите на доминантната група сметаат дека се нападнати. [248] Сето ова има влијание врз општествените односи и владеењето на правото во пошироката заедница.




***Слика 2. Последици од кривичното дело говор на омраза***

Предмет на напад на криминал од омраза, исто така, може да биде имотот, кој е поврзан со поединец или група која ги дели заштитените карактеристики. Нападот врз верски објекти е вообичаено сценарио за злосторства од омраза, а нападите врз светите места или предмети, во споредба со другите форми на вандализам, обично предизвикуваат поголема штета за заедницата.[249]

Ефектите кои кривичните дела од говор на омраза во заедницата се разновидни и бројни, па затоа нивното пребројување често се оневозможува. Сепак, меѓу најочигледните ефекти на овие кривични дела се:

---

[248] Community Research Associates, *National Hate Crimes Training Curricula: Student Manual*, pg. 60.
[249] Mc Laughlin, *op. cit.* pg. 42.

- Издвојување на големи финансиски средства.[250]
- Поларизација на заедницата – „ние против нив".
- Реваншизам.
- Создавање на непотребни тензии.
- Губење на духот на заедницата.
- Пад на моралот
- Создавање и акумулација на гнев.
- Уништување на имот.
- Намалување на вредноста на имотот (цените на недвижностите).
- Одземање на времето потребно за спроведување на позитивни програми во заедницата.
- Ограничување на можностите за позитивна социјална интеракција.
- Услов да се зголеми степенот на безбедност во училиштата, компаниите, верските објекти, населбите и сл.
- Барање за зголемено внимание на формалните тела за социјална контрола.[251]

Сето ова го поддржува заклучокот дека ефектите од кривичните дела (и други инциденти) извршени од страна на жртвите на омраза се повеќе од ефектите од „обичните" кривични дела. Имено, им е оневозможено правото на одредени заедници да бидат дел од општеството.

Освен тоа, и што е најважно, знаењето на практичарите за ефектите од злосторствата од омраза ќе придонесе за намалување на секундарната виктимизација на жртвата.

## 2. НАДЛЕЖНОСТ И ОВЛАСТУВАЊА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Кога станува збор за законското санкционирање на говорот на омраза, тука состојбата е еднакво сложена. Наизглед се чини дека некоја штета во општеството најлесно е да се забрани со закон. Ваквото решение е присутно во одредени европски

[250] OSCE/ODIHR, *Challenges and Responses to Hate-Motivated Incidents in the OSCE region*, pg. 35 – 41.

[251] Community Research Associates, *National Hate Crimes Training Curricula: Student Manual*, pg. 63.

закони.[252] Јавното негирање, односно тврдењето дека Холокаустот, геноцидот или злосторствата против човештвото не биле потврдени од надлежен суд, е казниво со затвор во Австрија, Германија и Франција. Обединетите нации и Советот на Европа исто така, во некои документи, предлагаат санкционирање на говор на омраза.[253]

Идејата за забрани и санкции е особено привлечна за власта. Се чини дека полесно е проблемот да се забрани, отколку да се реши. Владата со задоволство би забранила сè што ја попречува нејзината политичка идила, бидејќи тоа се чини дека е најлесниот начин да се решат најголемиот дел од социјалните проблеми. Иако тоа може да биде поекономично за државата, можеби не секогаш е и за демократијата. Се разбира, постојат и спротивни мислења.[254]

Но, токму таму каде што има најголема слобода на говорот, има исто така и голем број проблеми со последици од таквата слобода, јазикот на омразата не е санкциониран на начин кој ја загрозува слободата на изразување, без разлика колку е непопуларен или неточен. Како што е наведено од страна на судијата на Врховниот суд на САД, Луис Брендејс (Louis Brandeis), „сончевата светлина е најдоброто средство за дезинфекција". Имено, за да се ослободиме од злото, да се справиме со проблемот, треба да го ставиме во светлината на денот. Ако ја забраниме, омразата нема да исчезне, туку ќе се крие, ќе бара други канали и форми, ќе се насобере и ќе ја чека својата шанса. Конечно, и во светите книги има говор на омраза, но не би требало кривично да се гонат оние што ги читаат и толкуваат таквите текстови во јавноста. [255]

Се разбира, против говорот на омраза, мораме да се борат сите и на секое место: силата на аргументираниот дијалог, развивање на комуникациски вештини, создавање

[252] Kunić A., *Sloboda izražavanja na granici između prava i odgovornosti za javno iskazanu riječ*, Govor mržnje: Zbornik radova,, 2010, str. .473.

[253] Morait B. , *O potrebi definisanja i mjeri sankcionisanja govora mržnje u izbornom procesu*, Govor mržnje: Zbornik radova, 2010, str. 44.

[254] Hornsby J. , *Free speech and hate speech: Language and rights, u Egidi, Rosaria, Dell'Utri*, Massimo & De Caro, Mario (Eds.): Normatività fatti valori (297-310). Macerata, Italy: Quodlibet, 2003.

[255] Dee J., California W, and Parker R. , *Free speech on trial: Communication perspectives on landmark Supreme Court decisions,* Tuscaloosa, AL: University of Alabama Press, 2003, pg. 36.

простор за еднаков разговор, за разговор каде разликите се прифатливи и добредојдени.

Против говорот на омраза треба да се бори и да се посочуваат примери на говор на омраза, на инфантилните особини на таквиот говор, на неговите суштински логички недостатоци, невнимателноста како и можните последици од таквиот говор за човечките односи и опстанокот на заедницаата .

Според Михајлов М.,[256] во домашното законодавство постојат одредби кои го криминализираат говорот заради неговата посебна содржина. Казнено - правните забрани на говорот на омраза се фокусирани на инкриминирање на злоупотребите на слободата на изразување, кои се состојат во поттикнување на насилство или други повреди на еднаквите слободи и права или изразување на дискриминаторен однос кон другите. Во македонската практика кај органите надлежни за превенција и спречување на говор на омраза (министерството за внатрешни работи и јавното обвинителство) постои резервен однос кон примена на законските забрани, и тоа покажува на малиот број на регистрирани случаи на казнено гонење или преземање други законски мерки.

Согласно одредбите на Законот за кривична постапка, Министерството за внатрешни работи преку неговите организациони Единици, односно надворешните канцеларии на криминалистичката полиција се надлежни за гонење на сторителите на кривични дела, покрај останатите и за кривичните дела со елементи на говор на омраза предвидени со Кривичниот законик на Република Македонија.

- Во организационите Единици на Министерството за внатрешни работи може да се пријават случаи со елементи на говор на омраза, но пријава може да се поднесе и директно до Јавното обвинителство. Министерството за внатрешни работи постапува со сите пријави и постапува согласно закон и со примена на сите законски мерки и дејствија координирани од страна на надлежниот Јавен обвинител.
- До Комисијата за заштита од дискриминација може да се поднесе претставка за случаите на дискриминаторски, вознемирувачки или понижувачки говор, што

[256] Михајлов М. и др., *оп. цит.*, стр. 8.

има цел или резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина.

- Од аспект на користењето и ширењето на говорот на омраза преку медиуми и други средства за јавно информирање, потребно е да се имаат предвид следните можности: [257]

  - За случаите на говор на омраза на радио и телевизија може да се поднесе претставка до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
  - За случаите на говор на омраза во медиумите од страна на новинари кои се членови / членки на Здружението на новинари на Македонија може да се поднесе претставка до Советот на честа на Здружението на новинари и
  - За случаите на говор на омраза во објавените содржини во медиумите може да се поднесе жалба до Совет за етика во медиумите на Македонија, чијашто работа има цел саморегулација на медиумите преку примена на морални санкции кон оние што не ги почитуваат професионалните стандарди и Кодексот на новинарите.

## 2.1. Надлежности и овластувања на Јавниот обвинител за справување со криминалот со елементи на говор на омраза

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.[258] Тоа постапува во границите на својата стварна и месна надлежност, ако со закон поинаку не е определено. Основното јавно обвинителство постапува пред Основен суд. Вишото јавно обвинителство постапува пред Апелационен суд. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапува пред Основен суд со специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал. Додека пак, јавното обвинителство на Република Македонија постапува пред

[257] Пировска У. , *Знам зошто, знам како : брошура за механизми за заштита на човековите права,* Хелсиншки комитет за човековите права во Република Македонија, Скопје, 2016, стр. 23.

[258] Закон за јавно обвинителство, *Сл. весник на РМ број 150/07, 111/08.*

Врховниот суд на Република Македонија и пред други органи и други правни лица на своето подрачје кога за тоа е овластено со закон.

Во остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела и прекршоци, јавниот обвинител:[259]

- Ги има овластувањата што ги имаат Министерството за внатрешни работи и другите државни органи за откривање на кривични дела и нивните сторители и на прибирање на докази заради кривично гонење на сторителите на кривични дела.
- Во предистражна постапка има овластувања да издава наредби за примена на посебните истражни мерки.
- Ја раководи предистражната постапка и ги има на располагање овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа во согласност со закон.
- Може сам да го преземе секое дејствие потребно за откривање на кривичното дело и откривање и гонење на неговиот сторител за кое со закон е овластено Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа.
- Да одлучува за преземање или продолжување на кривичното гонење за сторителите на кривични дела.
- Да поднесува и застапува обвиненија пред судовите.
- Да изјавува редовни или вонредни правни лекови против судски одлуки.
- Да поднесува барање за поведување прекршочна постапка и
- Да врши и други дејствија определени со закон.

Јавниот обвинител врши и други дејствија определени со закон за ефикасно функционирање на кривично - правниот систем и спречување на криминалот. Во случај на непостапување на другите државни органи, кои имаат полициски овластувања.

[259] Чл. 30 од Законот за јавно обвинителство, *Сл. весник на РМ бр. 150/07, 111/08.*

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во поглед на говорот на омраза Јавниот обвинител функцијата ја врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува и заштитува слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти и во рамките на своите надлежности, во име на општеството се грижи за ефикасност на кривичноправниот систем. А исто така, во вршењето на функцијата обезбедува еднаквост на граѓаните пред законот, независно од полот, расата, бојата на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба.[260]

За кривичното дело со елементи на говор на омраз, граѓаните може да поднесат кривична пријава до Основното јавно обвинителство, што треба да го истражи случајот и да одлучи дали ќе поведе кривична постапка против посочениот сторител.[261]

Јавниот обвинител може самостојно да преземе некоја од законските мерки, најчесто да обави разговор, односно да земе од пријавителот и пријавениот (доколку станува збор за пријавен со познат идентитет), а може да соработува со правосудната полиција, најчесто кога станува збор за говор на омраза соработува со полициските службеници од Министерството за вантрешни работи, на кои им дава насоки за преземање на законски мерки и дејствија во насока на обезбедување на докази за тоа дали станува збор за конкретно кривично дело со елементи на говор на омраза.

Самата кривична постапка е поделена на неколку фази: претходна постапка во која спаѓаат предистражната и истражната постапка; фаза на обвинување во која спаѓа поднесувањето на обвинителниот акт; фаза на главна расправа и пресуда во која на основен суд се расправа за делото и се изрекува пресуда; и фаза на правни лекови со кои имате право и да се жалите на пресудата.[262]

Познавањето на ефектите од криминалот од омраза ќе им овозможи на обвинителите полесно да донесуваат одлуки кои се однесуваат на гонењето на

[260] Закон за јавно обвинителство, *Сл. весник на РМ бр. 150/07*.

[261] Шуклева Х. , *Бела книга за состојбата со говор на омраза во Република Македонија*, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Скопје, 2017, стр. 7.

[262] Дрндаревска Д., *Прирачник за користење на институционалните механизми за заштита на ЛГБТИ заедницата*, Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници", Скопје, 2016, стр. 11.

кривичното дело, но исто така ќе им помогнат да го претставуваат обвинението пред надлежен суд. Од друга страна, при одлучувањето за конечната одлука, односно изборот на видот и мерките за кривична санкција, судовите треба да ги земат предвид и околностите во врска со силата на заканата или кршењето на одредено право или гарантирана слобода на пријавениот, но и да оцени врз основа на обезбедените докази дали и колкав е степенот на загрозување на жртвата, дали има претрпено душевна болка, нанесен и е углед во заедницата, или друга штета и сл.  Затоа, за донесување соодветна одлука потребно е да се знаат ефектите од злосторствата од омраза на поединците и пошироката заедница.

## 2.2 . Надлежности и овластувања на Министерството за внатрешни работи

Министерството за внатрешни работи во својата надлежност има постапување при откривање и докажување на сите кривични дела, така да има надлежност и за постапување по пријави од граѓаните за криминал со говор на омраза. Но, може да постапува и по пријава од некој државен орган или институција каде е поднесена поплака за говор на омраза од посериозен облик. Полицијата има законска обврска да ги заштитува животот, личната сигурност, имотот на граѓаните и да ги заштитува слободите и правата на човекот.[263]

Министерството за внатрешни работи има во надлежност посебно да постапува при спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост и во таа насока да постапува при спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дел. Работниците во Министерството се должни во вршењето на работите и задачите да го штитат и чуваат животот и имотот на граѓаните, да ги почитуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот и да ги  применуваат на пропишан начин само мерките и средствата на присилба што со овој закон или друг пропис се утврдени.[264]

[263] Чл. 5 од Законот за полиција, *Сл. весник на РМ бр. 114/06.*

[264] Чл. 2 и  6  од Законот за внатрешни работи, *Сл. весник на РМ бр. 42/14, 116/14, 33/15.*

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во рамките на Министерството за внатрешни работи е формиран Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика, кој се состои од Одделение за истраги за компјутерски криминал и Одделение за дигитална форензика. Во рамките на своите надлежности овластените службени лица од Министерството за внатрешни работи постапуваат по пријави од граѓани, а соработуваат со јавното обвинителство во насока на преземање на законски мерки и дејствија за постапување и обезбедување на докази. Во одредени случаи соработуваат и со претставниците на медиумите, а посебно со администрацијата на социјалните мрежи Фејсбук, Инстаграм и др. во насока на обезбедување на компјутерски податоци, ако говорот на омраза е преку компјутерските системи. Македонската криминалистичка практика е богата во однос на преземање на мерки и дејствија за стабилизација на немирите предизвикани со повик од профили на групи на Фејсбук, со расветлување на криминалните поведенија, направените прекршоци и сл. Но, многу е мал бројот на осомничени за ова кривично дело, сите случаи се процесуирани со нанесување на тешки телесни повреди или предизвикување на општа опасност.

За немирите предизвикани со ширење на говор на омраза преку компјутерски систем, односно преку профили на Фејсбук, немири во кои се користени средства на насилство, сила и уништување на имот, македонската полиција поднела кривични пријави против 60 лица, поради постоење основи на сомненија за сторени дела од областа на јавниот ред и мир и предизвикување на општа опасност, нанесување на тешки телесни повреди и сл. Во делот на спречување на ширењето на говорот на омраза преку компјутерските мрежи на Фејсбук, македонската полиција во соработка со администрацијата на Фејсбук побарала отстранување на профилите кои постирале содржини со елементи на говор на омраза и нетолеранција.[265]

На сајтот на Министерството за внатрешни работи е воведена апликацијата „Црвено копче“, која е наменета здруженијата на граѓани, за случаите за кои имаат пријавено говор на омраза преку „Црвеното копче“ потенцираат дека не се преземаат мерки.

[265] Шуклева Х., *Бела книга за состојбата со говор на омраза во Република Македонија*, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Скопје, 2017, стр. 6 - 7.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Пример: На 18.11.2015 година, Коалицијата СЗПМЗ поднела кривична пријава до МВР- Одделението за компјутерски криминал и дигитална форензика поради Ширење расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем и Предизвикување раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминациска основа, што имплицитно опфаќа и заштита врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Станува збор за коментари под видеото „За нација без дискриминација“ промовирано од страна на Коалицијата СЗПМЗ, Здружението ХЕРА и Комисијата за заштита од дискриминација на 17.11.2015 година. Дел од коментарите повикуваат на насилство врз основа на сексуална ориентација и политичка определба („SIEG HEIL 14/88 – само истребување вакви гниди“, „Смрт за либералните паразити!“).“*[266]

и за пријавување какви било сознанија или информации за повикувањето на насилство.[267] Според Извештаите на некои од

Министерството за внатрешни работи постапува согласно своите овластувања и надлежности и соработува со сите релевантни фактори во насока на спречување на посериозни инциденти со елементи на говор на омраза. Имено, Единицата за борба на компјутерски криминал може да побара од Facebook отстранување на групите, но и IP адресите на администраторите и корисници кои постираат содржина со законски недозволена содржина, а тука станува збор и со пишуван текст, видеа или слики со елементи на говор на омраза или на друг начин повикување на насилство поради расна, верска, етничка или друга припадност и дејствија со еленети на нетрпеливост и насилство. Таков бил случајот со настаните на скопското „Кале“, каде потенцирало дека ќе се санкционира секој акт на насилство.[268]

---

[266] Трајковски Ж., Прелиминарен извештај на тема правни рамки и мерки за борба против говорот на омраза, 2018, https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/04/1.3-Preliminaren-izveshtaj-go

[267] Апликацијата овозможува пристап до „Формулар/пријава за повикување на насилство (кога е забележан на интернет)“, http://redbutton.mvr.gov.mk/

[268] https://www.it.mk/mvr-bara-da-se-izgasnat-agresivnite-facebook-grupi-za-crkvata-na-kale/

Секое кривично дело што е поврзано со говорот и насилствата од омраза можете да се пријави во која било полициска станица во Република Македонија или на полициски службеник надвор од полициска станица.[269]

Пријавувањето кривични дела е бесплатно. Пријавата може да биде писмена или усна. Кога пријавата е примена во полициската станица, полицискиот службеник е должен веднаш да состави записник. По составувањето на записникот, полицискиот службеник е должен да и го прочита записникот на странката, и доколку има забелешки, да ги внесе. Дури откако ќе се согласи странката со записникот, треба да го потпише. Полицискиот службеник кога прима пријава на записник (во полициска станица), должен е да даде потврда за примање на пријавата. Доколку пријавата е надвор од полициската станица, полицискиот службеник е должен да изготви службена белешка за примена пријава за сторено кривично дело. По примената пријава, полицискиот службеник е должен да преземе мерки и дејства за потврдување и за документирање на кривичното дело, по што составува кривична пријава и ја доставува до јавниот обвинител. Кривичната пријава може да биде против познат или против непознат сторител. Во случај, пак, во кој полицискиот службеник ќе процени дека е неопходно да се преземат одредени мерки и дејства (излегување на местото на настанот, обезбедување на местото на настанот, прибирање докази, итн.), полицискиот службеник треба да состави кривична пријава веднаш по преземањето на овие мерки и дејства и да ја достави до јавниот обвинител.[270]

### 2.3. Соработка со Интернет провајдерите

Информатичката технологија овозможува одредена контрола на говор на омраза преку специјален софтвер кој може да препознае таква содржина и автоматски да ја отстрани. Ова вклучува различни филтри и автоматска умереност, што може автоматски да блокира одредени термини кои се сметаат за навредливи. Сепак, овој

[269] Шуклева Х., *оп. цит.*, стр. 6 - 7.

[270] Дрндаревска Д. , *Прирачник за користење на институционалните механизми за заштита на ЛГБТИ заедницата,* Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“, Скопје, 2016, стр. 10.

вид на софтвер тешко може да препознае понекогаш суптилни и индиректни пораки, како и пораки кои се, на пример, во формат на слика.[271]

Опасноста што ја има технологијата при говор на омраза е истата опасност кога станува збор за слободата на говорот на Интернет. Всушност, тешко е да се одредат границите во кои човекот има право да интервенира во слободата на говорот, а со тоа да не дозволи цензура, како што е во некои случаи проблематично надгледувањето на приватната комуникацијата.

Со оглед на технолошката специфичност на Интернетот како платформа за ширење говор на омраза, технологијата се чини дека е многу важна и потенцијално поефикасна кога станува збор за борбата против ваквите појави. Имајќи ги предвид проблемите на разбирање и дефинирање на говор на омраза, разликите во правните норми кои го регулираат говорот на омраза во различни земји, комплексноста на интернет комуникацијата која го прави надгледувањето на таквите содржини многу тешка и речиси невозможна, неопходно е да се развијат дополнителни механизми и ресурси кои би се покажале ефективни. Фоксман и Волф, кои на некој начин се посветени на воведување јасни законски регулативи за говорот на омраза во САД, веруваат дека некои механизми се многу поефикасни во борбата против говорот на омраза. Тие ја истакнуваат важноста на компаниите кои овозможуваат и управуваат со интернет комуникацијата и всушност профитираат од неа (т.н. гејткипери). Овде се вклучуваат компаниите кои овозможуваат т.н. хостирање, обезбедување платформа и просторот на кој е поставена интернет страницата, компании кои обезбедуваат интернет пристап и директно обезбедуваат интернет комуникација, сопственици на интернет пребарувања и најголеми социјални мрежи. Нивното влијание врз корисниците е далеку подиректно и далеку поголемо од влијанието на било која влада во светот што може да ја има. Во групата за посреднички комуникации има и сопственици на интернет портали и најразновидни апликации за мобилни комуникации, кои се под голем притисок да земат активно учество во ограничувањето

[271] Spell-check for hate' needed, says Google's Schmidt: пристапено на: 11.08.2018 http://www.bbc.com/news/technology-35035087

на говор на омраза преку некој вид автоматска селекција и умереност на содржината. Сепак, досега немало договор за тоа како е технички изводливо да се стори тоа.[272]

Па поради тоа се јавува потребата од соработка помеѓу интернет провајдерите и правосудните органи, а со тоа ќе се овозможата потребните податоци кои се значајни за истрагата. Во текот на претходната постапка обезбедувањето на потребните компјутерски податоци може да биде неизвесно и во случаите каде правосудните органи кои се задолжени за водење на истрагите веќе отпочнале постапка за обезбедување на компјутерските податоци и во оние случаи каде таа постапка сè уште не е започната. Неизвесноста произлегува од следново:[273]

- Кај започната постапка за обезбедување компјутерски податоци јавниот обвинител и полицијата:
    - не се сигурни дали бараните податоци постојат,
    - дали истите ќе бидат дадени врз основа на отпочнатата постапка, и
    - кој е реалниот временски рок во кој може да се очекува декаќе бидат доставени бараните податоци.
- Кај одреден број случаи јавниот обвинител и полицијата не отпочнале постапка за обезбедување на компјутерски податоци бидејќи:
    - немале точни информации за тоа дали тие податоци воопшто постојат и дали се достапни,
    - кој ги поседува податоците и од кого треба истите да бидат побарани, и
    - која е постапката да се побараат потребните компјутерски податоци.

Соработката со Интернет провајдерите има големо значење во делот на обезбедување на докази во предистражната и истражната постапка која ја раководи јавниот обвинител, а постапките ги преземаат полициски службеници од Министерството за внатрешни работи од единицата за компјутерски криминал. Од клучно значење е обезбедувањето на докази, тоа се електронски докази, осносно

[272] Paris attacks: *Silicon Valley in crosshairs over encryption*, пристапено на: 11.08.2018 http://www.bbc.com/news/technology-34855462

[273] Стоилковски М. и Стојановски Ј. , *Обезбедување докази во електронска форма од меѓународни и домашни интернет сервиси провајдер*, ОБСЕ, Скопје, 2017, стр. 10.

компјутерски податоци за начинот на манифестација на говорот на омраза и откривање на идентитетот и електронските логови на лицата кои ги постирале облиците на говор на омраза кои може да бидат во форма на текст, слика или комбинација, но и текст кој содржи мотив на омраза и повикува на омраза и акти на нетолеранција, масовно собирање, а во одредени ситуации и акти на одреден вид на закани или насилство. Многу е битно брзо и ефикасно постапување од сите инволвирани за решавање. Ефикасноста за решавање на на предметите за кои е потребно да се обезбедат компјутерски податоци е условена од времето на случување, времето на поднесување барање, извлекувањето на податоците, и нивната анализа. Врз основа на квалитетот на доказите, јавниот обвинител одлучува дали ќе поднесе обвинителен акт, неопходен за поведување на кривична постапка против сторителите.

За целите на кривичната истрага, најчесто е потребно да бидат обезбедени следниве видови податоци:[274]

- *“Податоци за претплатникот”* - информации за идентификација на корисникот на одреден Интернет Протокол (IP адреса) или IP адреси кои се користатод страна на одредена личност. Овие податоци претставуваат и дел од податоците кои можат да се добијат од регистрите на регистранти на домени.
- *“Податоци за интернет сообраќај”* - преставуваат log датотеки каде се евидентирани активности на оперативниот систем на одреден компјутерски систем или на друг софтвер или на комуникации помеѓу компјутери, особено на изворот и дестинацијата на пораките.
- *“Податоци за содржина”* – Во овој вид влегуваат пораки, слики, филмови, музика, документи или други податоци. Постои разлика помеѓу содржини кои се чуваат односно податоци кои се веќе достапни на компјутерски систем и содржини кои треба да бидат сочувани во иден период, а кои сè уште не се на располагање и ќе мора да бидат добиени во реално време.

Информатичката технологија и компјутерските системи и мрежи овозможуваат брзо и непречено ширење на сите пораки, вклучувајќи го и говорот на омраза, што е особено проблематично ако се има во предвид фактот дека се повеќе граѓаните ја

[274] Ibid, стр. 11.

користат електронската комуникација. Брзината на ширење на информации, како добрите така и информациите што имаат елементи на говор на омраза се шират многу брзо и опфаќаат широк круг на корисници. Токму поради тоа треба да се интензивира соработката на органите на прогон и интернет провајдерите како во детектирање на такви содржини, така и во обезбедување на истите и обезбедување на лицата кои ги постираат и со тоа овозможуваат дискриминација, нетолеранција и можност за негативни ефекти врз живеењето посебно на мултиетничките средини кои се осетливи на говор на омраза со што се намалува квалитетот на живеење во тие заедници, однсно со претставува дополнителна закана и потенцијална опасност за чувствителните меѓучовечки односи.

### 2.4. **Невладините организаци и нивните активности кон истражувања на говорот на омраза**

Во Република Македонија невладиниот сектор посветува посебно внимание кон соодветни активности во делот на свои истражувања со проблемот на говорот на омраза. Посебно со свои активности се истакнува Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија кој во декември 2018 отпочна и со спроведување на проектот „Следење на говор на омраза на локално ниво” финансиран од страна на Фондацијата отворено општество – Македонија. Проектот е со времетраење од 12 месеци, а главната цел е обезбедување на систем за следење на говорот на омраза на локално нивно. Активностите се насочени кон обезедување на примарни податоци од терем кои се обработуваат и објавуваат во месечни и годишни извештаи. За целта на проектот, но и поранешното работење на Хелсиншкиот комитет во делот на обезбедување на податоци е забележителна нивната соработка со Министерството за внатрешни работи, посебно на полицијата и криминалистичката полиција со спроведување на одредени обуки кои се посветени на препознавањето на говорот на омраза, но и активности за обезбедување на систем за овозможување на добивање на информации за говор на омраза, нивна анализа, но и систем на проследување пред се на информациите кон полицијата и следење на случаите во делот на тоа како случаите се процесуираат од аспект на класификација на конкретни кривични дела. Кривичните дела мотивирани од не толеранција, односно предрасуди кон одредена група од

општеството се опишува како креминал од омраза.За неговото постоење морат да бидат два услова: **делото морат да е предвидено во кривичното право и спорувањето мора да е мотивирано од некои предрасуди.**

Во изработката на докторскиот труд се користени материјали од повеќе невладини организации, поточно од нивните извештаи каде се анализирани националните законски и подзаконски акти, нивната усогласеност со меѓународната регулатива, а посебно анализата на појавните облици и форми на говор на омраза и мерките и дејствијата за нивното превенирање, а посебно како се водат постапките спрема сторителите на овие дела со елементи на омраза.

Покрај Хелсиншкиот комитет за човекови права и други невлаидни организации се занимаваат со истражувања на говорот на омраза како појава која ги загрозува мултиетничките општества и претставува сериозен безбедносен проблем. Посебно загрижувачки е проблемот со говор на омраза преку медиумите и Интернет.

Во насока на подобрување на состојбата и меѓусебна соработка на владиниот и невладиниот сектор на 30 јануари 2019 година е донесена Декларацијата за борба против говорот на омраза во медиумите и на Интернет, чии потписници се:

- Министерството за внатрешни работи,
- Министерството за информатичко општество и администрација,
- Кабинетот на министерот без ресор задолжен за комуникации, отчет и транспарентност,
- Народниот Правобранител,
- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Академијата за судии и јавни обвинители,
- Здружението на новинари на Македонија,
- Независен Сојуз на новинари на Македонија,
- Фондацијата Метаморфозис,
- Институтот за комуникациски студии,
- Македонскиот медиумски институт,
- Центарот за развој на медиуми,

- Хелсиншки комитет,
- Коалицијата Маргини,
- Институтот за истражување на општествениот развој и
- Центарот за интеркултурен дијалог.

# 6 ДЕЛ

# ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПОЕБЕН АКЦЕНТ НА АНКЕТИРАЊЕ ВО ЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА ДРЖАВАТА

## 1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Говорот на омраза е тема на која се спроведени повеќе истражувања во Република Македонија изминативе години и тоа од тимови на експерти од меѓународни институции и тела, но и од домашни тимови кои во своите Извештаи ги анализираат состојбите со говорот на омраза, поведените постапки против прекршителите и начинот на санкционирање и превенција.

Во Прелиминарен извештај на МЕТАМОРФОЗИС, Фондација за интернет и општество, Скопје на тема Правни рамки и мерки за борба против говорот на омраза, се објавени податоци врз основа на нивните методи на обезбедување и анализа на податоци кои укажуваат на тоа дека јавното обвинителство има отфрлено повеќе кривични пријави за говор на омраза од засегнати лица и организации, па дури и за говор на омраза со кој се поттикнува насилство, со што се придонесува за создавање на перцепција во јавноста дека говорот на омраза не се казнува, што предизвикува недоверба кон правниот систем. Во однос на истрагите, обвинувањата за говор на омраза и судските постапки не се води систематско прибирање и објавување на податоци, па поради тоа тешко може да се извлечат заклучоци. Од случаите познати во јавноста, има неколку пресуди за говор на омраза согласно чл. 319 од Кривичниот

законик случајот на објавувањето на верското календарче од страна на Ј. В. и случајот со поставувањето на албанските знамиња од страна на Р. О. како и случајот со цртањето на графит – мапа на голема Албанија, на влезот на Тетово во 2011 година.[275]

Говорот на омраза како специфичен облик на криминалитет за кој е надлежна полицијата која треба да ги процесуира случаите во соработка и координација со Јавното обвинителство. Во таа насока полицијата треба да постапува согласно сите пријави од страна на граѓаните кои имаат елементи на говор на омраза и преку сеопфатно истражување со обезбедување на квалитетни докази кои се оценуваат од јавното обвинителство да се оцени дали е потребно поведување на кривична постапка.

Бидејќи говорот на омраза е релативно ново искуство во македонската правосудна практика, доста често се изедначува со делата на навреда и клевета. Но овие две кривични дела се избришани во Кривичниот законик на РМ во 2012 година, а во неколку други кривични дела се направени дополнувања кон основните битија на делата, дека истите можат да бидат мотивирани и од омраза и со говор на омраза.

Говорот на омраза како незаконска активност и постапувањето по пријавите на граѓаните за говор на омраза, се проблематика на која посебно посветува внимание Хелсиншкиот комитет за човекови права во чии извештаи се обединети податоци за поднесените пријави и за нивното процесуирање.

### 1.1. Анализа на извештаите на Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија

Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија ги следи состојбите со непочитување на човековите права и дискриминацијата на граѓаните и врз основа на воспоставена методологија ги прибира податоците од сите соодветни државни органи и институции, ги анализира и изготвува годишни извештаи. Покрај другите извештаи се подготвува и посебен годишен Извештај за пријавени и процесуирани случаи со говор на омраза.

---

[275] Трајаноски Ж., *оп. цит.*, стр. 19.

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според Годишниот извештај за криминал од омраза на Хелсиншкиот комитет за човекови права за 2016 година биле регистрирани вкупно 70 злосторства од омраза. Најмногу од инцидентите биле регистрирани откако за нив известиле медиумите или Министерството за внатрешни работи, додека 3 од инцидентите биле пријавени од набљудувачите на МХК. Од инцидентите половина или 35 биле потврдени преку контакт со полицијата, полициските билтени, медиумските известувања и средби со жртвите, а 35 инциденти не биле потврдени, но сепак биле вклучени во извештајот заради следење на состојбите и извлекување на индикатори на пристрасност кои вклучуваат: перцепција на жртва/сведок, коментари дадени на местото на настанот, разлика меѓу жртвата и сторителот според етничка основа, модел/зачестеност на претходни инциденти; природата на насилството, недостаток на други мотиви и локација и време. Поконкретно, непотврдените инциденти биле вклучени поради добиената информација за местото на инцидентот (на пример: во етнички мешани населби и училишта, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места на кои во минатото веќе се случиле злосторства од омраза итн.), видот на инцидентот (на пример поголема група малолетници напаѓа една или повеќе жртви без провокација, групни тепачки, напад во автобус или на автобуска станица итн.), време на инцидентот (по претходна тепачка како одмазда, по завршување на училишна настава, за време или по завршување на спортски настан итн.) и имотна штета за време на инцидентот (на пример: места за извршување религиозни обреди). Од вкупниот број на инциденти 24 спаѓаат под поттикнување на омраза, раздор и нетрпеливост на национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа, а 1 настан спаѓа под расна дискриминација. Често кривичните дела сторени во еден инцидент исполнуваат критериуми за две или повеќе кривични дела, па оттука е и поголемиот број на кривични дела, отколку на инциденти претставени во ова поглавје. [276]

Според Годишниот Извештај на Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија за криминалот од омраза за 2017 година вкупно биле пријавени 70 инциденти. Пријавените инциденти резултирале со уништување на имот, имале елементи на телесна повреда, елементи на насилство, напад со ладно и огнено оружје, а во еден случај забележани се и елементи на уништување на симболи. Во однос на жртвите во инцидентите од омраза 43 % се поради етничка припадност, 3 % од верска

[276] https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/05-2016- HATE_CRIMES_MONITOR_2016.pdf.

припадност, 50 % поради политичка приадност и 4 % друго. Од сите инциденти по нивното процесуирање поднесени се 5 кривични пријави за 15 од откриени сторители, но не се реализирани судење.[277]

Во 2018 година, Хелшинскиот комитет за човекови права на Република Македонија регистрирал вкупно 123 инциденти и дела од омраза. Инцидентите биле регистрирани веднаш штом истите биле пријавени од страна на медиумите или од Министерството за внатрешни работи. Притоа, од вкупниот број регистрирани дела/инциденти, 60 инциденти (49 %) биле потврдени, 63 инциденти (51 %) останале непотврдени. За најголем дел од непотврдените инциденти и дела од омраза, а во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл) постоело разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно сторителот. Од вкупните инциденти 79 инциденти се поради етничка припадност и нетрпеливост, 31 инцидент поради политичка нетрпеливост. Дополнително, биле регистрирани 6 инциденти сторени поради мигрантскиот односно бегалскиот статус на жртвите, 4 инциденти биле сторени поради религија или верско уверување како основ, 4 на спортски настани и 1 инцидент поради попреченоста на жртвата. Елемените на кривичното дело „Ширење на национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост“ биле исполнети кај 11 од регистрирани инциденти. Жртвите и сторителите најчесто се младинци и членови на различни етнички припадности (претежно Македонци и Албанци). [278]

Бројот на инциденти регистрирани во 2018 година бил двојно поголем од бројот на инцидентите регистрирани во 2017 и 2016 година. Во 2018 година инцидентите се зголемиле поради донесувањето на Законот за употреба на јазиците, а кулминирале за време на референдумот од септември 2018 година. Токму врз основа на тоа и анализираните случаи посебно тие што имаат криминален детектирана е причинско - последична врска помеѓу говорот на омраза и конкретните инциденти. Во 2018 година бројот на регистрирани инциденти мотивирани од етничкото потекло бил двојно поголем (79) и овие инциденти стануваат најзагрижувачкиот проблем, особено со

[277] https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/05/HATE_CRIMES_MONITOR_2017.pdf
[278] Хелшински комитет за човекови права на Република Македонија - https://mhc.org.mk/reports/godishnik-za-kriminalot-od-omraza-za-2018-godina/

оглед дека големото мнозинство на жртви и сторители во овие инциденти се малолетници.[279]

Од пријавените инциденти во 2018 година и според разјаснувањето на ситуациите кај 11 од регистрираните инциденти биле исполнети елементи на кривичното дело „Ширење на национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост". Жртвите и сторителите најчесто биле младинци и членови на различни етнички припадности (претежно Македонци и Албанци). Честопати кривичните дела сторени како еден инцидент ги исполнуваат критериумите за две или повеќе кривични дела, па оттука постои поголем број кривични дела отколку инциденти. Повеќето инциденти биле предизвикани поради политичката припадност или политичките уверувања. Но, како жртви покрај поединци кои претрпеле одредена имотна штета или други навреди, омаловажувања, се јавуваат и правните лица кои имаат претрпено штета на нивниот имот. Во овој Извештај се потенциани и податци за тоа како се квалифицирани инцидентите преку поединечни кривилни дела предвидени со Кривичниот законик на Република Македонија, така што со елементи на насилство биле 67 инциденти, 26 со елементи на оштетување на имот, со елементи на телесна и тешка телесна повреда биле 18 инциденти, 15 инциденти се со елементи на загрозување на сигурнста/сериозна закана. Додека 11 инциденти потпаѓаат под предизвикување омраза и нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа, 6 се квалификувани според елементите на разбојништво и 1 инцидент под предизвикување на општа опасност. Значителни промени биле во поглед на пристрасната мотивација со оглед на која биле извршени делата од омраза. Најзначајната промена се однесувала на бројот на дела од омраза сторени поради политичката припадност или уверување. Додека во 2017 година 50% од сите инциденти биле извршени со оглед на политичката припадност или политичкото уверување на жртвите/сторителите (35 од 70), во 2018 овие инциденти на 23% (31 од 123) од сите регистрирани инциденти. Меѓутоа, иако процентуално се забележува пад на овој вид инциденти, нивниот број останува скоро ист како минатогодишниот.

[279] Хелшински комитет за човекови права на Република Македонија - https://mhc.org.mk/reports/godishnik-za-kriminalot-od-omraza-za-2018-godina/

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Порастот на овие видови на дела од омраза е особено евидентен пред и за време на изборите

Во Резимето на Годишниот извештај за 2018 година е потенцирано дека и покрај тоа што повеќе од 2.000 полицајци поминале тренинг за препознавање на делата од омраза и покрај фактот што автоматските ситеми за регистрирање и распределба на јавнообвинителските и судските предмети имаат дополнително копче за регистрирање на дела од омраза, во пракса, навремено и соодветно препознавање и регистрирање на делата од омраза од страна на полицијата и јавното обвинителство сè уште недостасуваат.“[280]

Примери од поединечни инциденти анализирани во Извештајот Хелсиншкиот комитет за човекови права во 2018 година и тоа:

1. *Навивачи на КК „Шкупи“ истепале полицајци и кошаркари на КК „Пелистер“. Имено на 13 јануари 2018 година навивачи на кошаркарскиот клуб „Шкупи“ во салата „Шабан Трстена“ во скопската населба Чаир повределе двајца полицајци, еден кошаркар и технички раководител на клуб, а удирале и други играчи. Според СВР Скопје, инцидентот почнал во 19.20 часот, по завршување на натпреварот помеѓу кошаркарскиот клуб „Шкупи“ и кошаркарскиот клуб „Пелистер“. Од трибината каде што била навивачката група на „Шкупи“ била фрлена една петарда на клупата каде што седеле кошаркарите на „Пелистер“. Тие потоа возвратиле со фрлање пластично шише полно со вода кон навивачите. Потоа навивачите на кошаркарскиот клуб „Шкупи“ ја прескокнале оградата од трибината и нападнале неколку кошаркари на „Пелистер“, при што со повреди се здобиле техничкиот раководител на клубот и еден од играчите, како и двајца униформирани полицајци. За случајот веднаш бил известен и јавен обвинител, а полицијата работи на расчистување на случајот.*
2. *На социјалните мрежи се појавила фотографија од графит на ѕидот на една зграда во Битола со содржина „Смрт за Шиптари!“што*

[280] Ibid

*претставува израз на говор на омраза по етничка основа, а тој графит „краси“ ѕидот битолска улица. То е случено по изгласаниот закон за употреба на јазиците и не било реткост во Битола, според набљудувачите на ЦИВИЛ. На годишнината на албанската азбука во 2016 година биле искршени прозорците од Музејот на албанската азбука, а во март 2017 година биле фрлени четири молотови коктели во истиот објект.*

3. *Тепачка меѓу две групи малолетници и каменување на автобус бр.65-б. Имено, на 01.02.2018 година околу 19.35 часот во Единицата за информации и команда Скопје, возач во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје пријавил дека на ул. „Алија Авдовиќ“ имало тепачка помеѓу две групи малолетници. Притоа, едната група го каменувала автобусот со број 65-б, кој сообраќал на релација Транспортен центар - Брњарци, од што биле искршени четири стакла од вториот кат на автобусот. Еден камен го пробил стаклото и удрил 15-годишник од с.Стајковци, Скопско. Во врска со настанот, во полициската станица Гази Баба биле приведени 20 лица од двете групи. Биле преземени мерки за целосно расчистување на случајот, при што се утврдени елементи на Оштетување туѓи предмети по член 243, Предизвикување на општа опасност по член 288, Телесна повреда по член 130, а биле пријавени 20 сторители од двете групи. Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се: разлика во етничкото потекло – во нападнатиот автобус бр. 65 на ЈСП сообраќа во реон каде живеат и се движат луѓе од различно етничко потекло (македонци и албанци), двете групи малолетници кои се тепале биле од различно етничко потекло (македонци и албанци). Инцидентите од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на луѓето во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив (јавен превоз, населби во кои живеат и се движат, јавни простори автобуски постојки).*

4. *Запалени албанско и грчко знаме за време на протест. За време на протестот за одбрана на името кој се одржа на 27 февруари 2018 година и*

*кој започна во 18 часот пред седиштето на ЕУ во Скопје, а продолжи пред Собранието се случија неколку инциденти, според информациите од МВР. Според полицијата, при пристигнувањето на граѓаните, од страна на неколку лица биле фрлани камења кон зградата на ЕУ- Инфо Центар, при што со еден камен е погоден полициски службеник во пределот на левата надколеница. Исто така, за време на протестот, пред Собранието, од страна на неколку непознати лица биле запалени знамињата на Република Грција и Република Албанија. При преземање мерки и активности, во паркот Жена борец во Скопје биле пронајдени пет шишиња со запалива течност, а во врска со настанот бил приведен К.Г.(24) од Скопје. По извршениот разговор, К.Г. бил задржан во полициска станица. За време на протестот, пред Собранието, од страна на неколку непознати лица биле запалени знамињата на Република Грција и Република Албанија. По расчистувањето на случајот биле утврдени елементи на кривичните дела: Предизвикување на општа опасност по Член 288, Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа по член 319, а идентификуван е еден сторител, останатите биле неидентификувани. Во овој инцидент пристрасниот мотив бил етничко потекло и национална припадност.*

За 2019 година Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија го нема објавено Годишниот извештај за криминал од омраза, но ги има објавено месечните извештаи според кои пријавени се вкупно 134 инциденти, но поглемиот дел од нив не се потврдени како сериозни инциденти, дел се потврдени и откриени се 37 сторители за кои се поднесени 14 кривични пријави за кривични дела со елементи на  елементи на телесна повреда, елементи на насилство, а поднесени се и 6 кривични пријави поради постоење на елементи „Ширење на национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост.“[281]

Според севкупната анализа на повеќето извештаи од невладините организации, најцелосни податоци се прикажани во Извештаите на Хелсиншкиот комитет за

[281] https://mhc.org.mk/reports/mesechnik-za-zlostorstva-od-omraza-dekemvri-2019/

човекови права во Република Македонија кои на месечно ниво соработувале со Министерството за внатрешни работи и со другите институции каде се пријавувани инциденти и врз основа на сите податоци подготвуваат месечни извештаи, а Годишните извешати се со сеопфатни анализи, содржат и покарактеристични случаи. Во 2019 година скоро во сите месечни извештаи се евидентира случајот со Никола Саздовски кој беше убиен, а како мотив во пресудата е наведен и говорот на омраза и националната нетрпеливост изразена помеѓу членовите на навивачки групи со различен национален и етнички состав.

### 1.2. Анализа на Извештаи од Министерството за внатрешни работи на Република македонија за постапувања по кривични дела со елементи на говор на омраза

Министерството за внатрешни работи на Република Македонија е надлежно за постапување по пријавите за кривични дела со елементи на омраза. Во текот на 2017 година било постапувано по 3 кривични дела.

Во 2018 година тој број е доста заголемен со тоа што се откриени 33 кривични дела за кои се пријавени 50 сторители. Најголем дел од кривичните дела биле Загрозување на сигурноста по пат на информатички систем – 21 кривично дело по чл. 144, Ширење расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем - 4 кривични дела, а останатите се со елементи на расна и друга дискриминација и насилство. [282]

Според Годишниот Извештај на Министерството за внатрешни работи објавен на нивната веб страница за 2019 година во делот на криминалот од омраза, забележано е зголемување на инкриминациите за 54,5% во однос на 2018 година, при што во 2019 година регистрирани се вкупно 51 кривично дело, за што се поднесени 45 кривични пријави против 51 сторител. Според видот, најбројни се кривичните дела се „Ширење

[282] Министерство за внатрешни работи, file:///C:/Users/user/Desktop/Godisen%20izvestaj%202018.pdf

на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ – 25 кривични дела, потоа „Загрозување на сигурноста“ по пат на информатички систем - 21 кривично дело, три кривични дела „Предизвикување на омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“ и „Насилство“ - две кривични дела. Во 90% од случаите, кривичните дела се извршени преку информатички систем, со упатување на закани по животот и телото, поднесените кривични пријави се пред Јавното обвинителство за понатамошно постапување.

Говорот на омраза, но и другите криминални поведенија со елементи на омраза се содржани во повеќе кривични дела од Кривичниот законик на РМ, но според полициско – криминалистичката практика како дела со говор на омраза најчесто се квалификуваат говор на омраза преку социјалните мрежи на Интернет и тоа се најчесто со елементи на Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, или загрозување на сигурноста, каде како квалификаторен елемент е загрозувањето со закани искажани повторно со користење на информатичката технологија.

Според Годишните Изештаи на Министерството за внатрешни работи како кривични дела извршени од омраза, кои во голем дел содржат и елементи на говор на омраза се следните:

1. Повреда на рамноправноста на граѓаните според чл. 137 ст. 1
2. Загрозување на сигурноста по пат на информатички систем според чл. 144 ст. 5.
3. Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа според чл. 319.
4. Насилство според чл. 386 ст. 1.
5. Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем според чл. 394 – г
6. Расна и друга дискриминација според член 417.

**Табела бр. 1 откриени кривични дела и пријавени сторители за кривични дела со елементи на говор на омраза според Годишните извештаи на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија**

| Година | Чл. 137 ст. 1 | | Чл. 144 ст. 4 | | Чл. 319 | | Чл. 386 ст. 1 | | Чл. 394 – г | | Чл. 417 | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КД | С. | КД | С. | КД | С. | КД | С. | КД | С. | КД | С. | КД | С. |
| 2017 | / | / | / | / | / | / | / | / | 3 | 5 | / | / | 3 | 5 |
| 2018 | 1 | 1 | 21 | 30 | 4 | 8 | 1 | 1 | 5 | 9 | 1 | 1 | 33 | 50 |
| 2019 | / | / | 21 | 21 | 3 | 3 | 2 | 2 | 25 | 25 | / | / | 51 | 51 |
| Вкупно | 1 | 1 | 42 | 51 | 7 | 11 | 3 | 3 | 33 | 39 | 1 | 1 | 87 | 106 |

За периодот 2017 – 2019 година кога и се забележани криминални случаи со говор на омраза може да се забележи дека во 2017 година откриени се 3 кривични дела, за кои се пријавени 5 сторители и тоа за кривично дело со елементи на говор на омраза, односно Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем според чл. 394 – г. Но најизвршувано кривично дело во извршуваниот период е Загрозување на сигурноста, по пат на информатички систем како што е предвидено во членот 144 ст. 5 од Кривичниот законик на РМ и тоа вкупно се откриени 42 кривични дела за кои се пријавени 51 сторител. Додека говорот на омраза се манифестирал и преку Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем според чл. 394 – г и тоа за откриените 33 кривични дела пријавени се 39 сторители. Откриени се 7 кривични дела Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа според чл. 319 за што се пријавени 11 сторители, откриени се 3 кривични дела со елементи на насилство и говор на омраза и се пријавени 3 сторители и по едно кривично дело се Повреда на рамноправноста на граѓаните според чл. 137 ст. 1 и Расна и друга дискриминација според член 417, пријавени се по еден сторител.

За истражуваниот период 2017 – 2019 Министерството за внатрешни работи во своето постапување открило вкупно 87 кривични дела со елементи на говор на омраза за што се пријавени 106 сторители. Фактот дека се пријавени повеќе сторители од откриени кривични дела укажува на тоа дека се извршувани и кривичните дела од страна на повеќе лица, а според анализата на поединечните случаи при извршувањето учествувале 2, 3 или повеќе лица. Во дел од случаите криминално делувале 3 и повеќе лица и тоа кај Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем според чл. 394 – г. Ова е и очекувано бидејќи се работи за компјутерски кривично дело каде сторителите брзо реагираат и се приклучуваат кон веќе пуштени материјали со елементи на говор на омраза и стануваат сторители со тоа што ќе ги шират материјалите на социјалните мрежи на Интернет. Нема евидентирано криминална ситација за постоење на елементи на Злосторничко здружување, но сепак може да се забележи дека сторителите делувале како група. Според Кривичниот законик во чл. 122 ст. 28 е предвидено дека: Под група, банда или друго злосторничко здружение или организација се подразбираат најмалку три лица кои се здружиле за вршење кривични дела, во кој број влегува и организаторот на здружението. [283]

Според Лабовиќ М. и Николоски М., под облици на организиран криминал се подразбира криминалното поле на делување на организираните криминални групи, банди, здруженија (криминални организации), односно кон кои кривични дела или групи кривични дела е насочена нивната криминална активност.[284] Кривичните дела со елементи на говор на омраза, посебно кога се користат компјутерските системи како средства на извршување се извршуваат доста често и токму поради тоа се очекува во иднина дека ќе се јавуваат повеќе криминални случаи, посебно ако се види тредот на посраст од 2017 до 2019 година, кога од 3 кривични дела во 2017, случаите се зголемиле со 33 во 2018 и 51 кривично дело во 2019 година, но ис според пријавените поголем број на сторители во однос на кривични дела може да се очекува организиран начин на вршење на овие кривични дела посебно кај младата популација која и е најчест корисник на компјутерските мрежи и се подложни на провокации и

[283] Сл. весник на РМ бр. 80/99, бр. 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11 , 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14 и 132/14.

[284] Лабовиќ М. и Николовски М., *Организиран криминал и корупција*, Факултет за безбедност, 2010, стр. 57.

нетолеранција, а тоа може да се види и од анализата на практичните случаи презентирани во трудот.

Во Годишните извештаи на Државниот завод за статистика за истражуваниот период 2017 – 2018, но и 2019 евидентирана е само една пресуда за Расна и верска нетрпеливост, останатите случаи се или преквалификувани во текот на кривичната постапка или сеуште се во постапка. Но, според анализата на информациите во медиумите кои будно ја следат проблематиката, забележани се повеќе случаи на судски постапки за гонење на сторители за кривични дела кои имаат и квалификаторни елементи со елементи на говор на омраза и некои од нив се анализирани како покарактеристични.

## 2. АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ ОД МАКЕДОНСКАТА БЕЗБЕДНОСНА ПРАКТИКА ОБЈАВЕНИ ВО МЕДИУМИТЕ

Република Македонија е мултиетничко, мултикултурно и мултиконфесионално општество. Согласно одредбите од Уставот на РМ, државата е дефинирана како демократска држава, заснована на еднаквост, рамноправност и почитување на различностите. Ова подразбира дека различноста и толеранцијата се темелот на македонското општество и како важни демократски вредности, освен со Уставот се уредени и со други закони и етички кодекси. Иако, мултиетничкиот модел на македонското опшество е уредено со Уставот на Република Македонија и голем број на закони, сепак во практиката можевме да сретнеме зачестена употреба на говор на омраза кон различни општествени и социјални групи, особено на национална основа.

Омразата и говорот на омраза се сериозни поведенија кои може да предизвикаат одредени последици кои може да бидат од само повредување на одредени чувства, слободи и права на поединец, до повреда на чуствата, правата и слободите на дел од општествената заедница. Самиот мултиетнички карактер на Република Македонија доведува до тоа да одредени случаи имаат и сериозен одек во јавноста, посебно во медиумите, а со тоа и обврска за институциите да постапуваат согласно нивните надлежности. Некои од случаите во македонската јавност со елементи на говор на

омраза беа сериозно истражувани од новинарите, според чии истражувања може да се извлече заклучок дека како жртви на говор на омраза не се само одредни заедници од различна национална, етничка, расна, верска или друга припадност, доста често и посебно во изборните периоди застапен е говорот на омраза од политички мотиви, но во одреден временски период тоа беа и сексуалните мотиви насочени кон ЛБТ попилацијата.

Согласно на темата на истражување се анализираат само дел од случаите кои имаат елементи на говор на омраза поврзан со мултиетничноста, мултинационалноста на република Македонија.

**Случај: Емисијата за Мијаците на МТВ**

Емисијата под наслов "Мијаците" беше емитувана на 5 јуни 2007 година во рамките на општообразовната програма на МТВ 1. Станува збор за емисија во која му е беше даден 30 - минутен простор на Петар. П., авторот на книгата „Крваво досие", каде тој, меѓу другото, за Гегите (Албанците) вели дека: „општопознато во науката и дефинирано, дека е тоа криминогена нација". За овој случај, Советот на честа имал реакција по повод емисијата и излезе со соопштение во кое се истакнува дека во овој случај, под маската на презентирање на „научна студија" и е даден публицитет на една несомнено шовинистичка теорија која шири омраза и етничка нетрпеливост, што е за најостра осуда". Постапувал Советот на честа кој апелирал до надлежните институции Јавниот обвинител и Советот за радиодифузија за преземање на соодветни мерки за санкционирање за лицата кои заговараат етничка омраза и расизам, со напомена дека говорот на омраза не е манифестација на правото на слободно информирање, туку негова злоупотреба и негација.[285]

**Случај: Говор на омраза преку телевизски интервјуа**

До Јавното обвинителство било поднесено барање од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Комисијата за заштита од дискриминација за поведување против водителот на емисијата на Алфа М.Н. бидејќи при водење на

[285] Соопштение на Здружението на новинарите на Република Македонија http://nemrazi.mk/znm-2007-06-11-emisija-za-mijatsite-na-mtv/

интервју со гостинката М.В. во јануари 2018 година, ширеле дискриминација, нетрпеливост и омраза кон албанската етничка заедница. Во известувањето од Агенцијата било наведено дека: „Во емисијата на М.Н. бил прекршене членот 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (посебна забрана за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност), но бидејќи во Законот не била предвидена мерка за прекршување на овој член, писмениот извештај го доставиле до Основното јавно обвинителство и до Комисијата за заштита од дискриминација за нивното понатамошно постапување". Агенцијата во извештајот навела и конкретни зборови кои двајцата новинари не смееле да ги користат како: „диво племе", „дивјаци", „скитачи", „чергари", „дојденци". Основното јавно обвинителство не покренало постапка, исто како и Комисијата за заштита од дискриминација која во писмениот допис до АВМУ навело дека не ги разгледала доказите. Образложението било дека засегнатите лица од тој говор можат да поведат граѓанска постапка пред надлежните судови.[286]

**Случај Говор на омраза на Мечкин камен**

На 02.08.2018 година околу 13.00 часот на местото „Мечкин Камен" во Крушево, каде се одржуваше манифестација по повод прослава на националниот празник „Илинден", пријавените лица организирано присуствувале на прославата како дел од група составена од навивачи од повеќе навивачки групи. За време на положувањето на цвеќе од страна на присутните делегации провопријавениот М.Д., второпријавениот Ѓ.Д. и други лица, стоејќи во непосредна близина до ВИП ложата, спроти бината каде се одржувала манифестацијата, скандирале навредливи пораки со што сториле кривично дело „Предизвикување омраза, раздор, или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа." По случајот постапувала Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп која до Основното јавно обвинителство во Прилеп, поднела кривична пријава против битолчаните М.Д. (24) и Ѓ.Д. (19) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и

[286] https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2018/12/

друга дискриминаторска основа". Покрај пријавените со кривични пријави, биле повикани и други лица против кои се поднесени прекршочни пријави.

**Случајот од 27 април 2017 година**

Непосредно по изборот на претседател на Собранието на РМ од страна на парламентарното мнозинство, на 27 април 2017 година, околу 19 часот, организаторите и учесниците во протестот „За заедничка Македонија" насилно влегоа во собраниската зграда. Видно од многубројните видео снимки, полициските службеници задолжени за чување на јавниот ред и мир и безбедноста на присутните во собраниските сали, дозволија непречен влез на протестантите. Влезот им беше дозволен и на лица кои беа маскирани со качулки и кои со себе носеа тврди и остри предмети наменети за загрозување на физичкиот интегритет на присутните во Собранието. Набрзо потоа повредени беа десетина пратеници (од кои најмалку еден со тешки повреди), над 70 граѓани и над 20 полициски службеници. Министерството за внатрешни работи во координација со Основното јавно обвинителство Скопје идентификуваше дваесетина сторители на кривични дела. Дел од нив беа приведени, а за дел беше определен притвор, куќен притвор и други мерки на претпазливост. Засега, идентификуваните сторители се осомничени дека сториле три вида на кривични дела – Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие, Учество во толпа што ќе изврши кривично дело и Предизвикување општа опасност.

Овој посебен извештај се однесува на кривични дела идентификувани преку фотографии, аудио-видео материјали и сведоштва, како и на кривичните дела за кои постојат сомненија, но сѐ уште не е истражено дали биле сторени и од кого. Извештајот се осврнува на повредите на права и слободи гарантирани со Уставот и санкционирани со Кривичниот законик. Текстот е наменет за информирање на јавноста, но и како алатка која на правосудните органи може да им послужи при носењето на одлуки поврзани со квалификацијата на кривичните дела и индивидуализација на кривичната одговорност при изрекувањето на казни од страна на суд. Извештајот содржи вкупно 28 кривични дела, од кои за 18 веќе постојат значителен број на докази и 10 кривични дела за кои постои сомнение дека се

извршени. Можните сторители се поделени во четири групи: 1) организатори, 2) извршители, 3) полициски службеници и 4) нивни претпоставени). Кривичните дела произлегуваат од 8 поглавја од Кривичниот законик, а беа насочени против: 1) животот и телото, 2) слободите и правата на граѓаните, 3) имотот, 4) сигурноста, 5) државата, 6) службената должност, 7) правосудството и 8) јавниот ред. Улогата на правосудните органи е да утврдат дали и кои од посочените кривични дела се сторени или имало обид за нивно сторување и да не дозволат погрешна квалификација, колективизирање на одговорноста и паушално санкционирање.[287]

Овие случувања имаат и елементи на говор на омраза бидејќи постои сомнение дека дел од пратениците повеќе од три часа беа противправно лишени од слобода (член 12 право на слобода). Сомнение дека преку присилба, малтретирање и загрозување на сигурноста беше предизвикана и разгорена омраза, раздор и нетрпеливост врз основа на политичка и етничка припадност поради што дојде до безредие и насилство спрема луѓе и имотна штета од поголеми размери. Потврдата на ова сомнение би значело дека дел од кривичните дела се дела од омраза, што претставува отежнителна околност за можните сторители (член 319).

Сомнение дека за немирите во Собранието е создадена група или банда што имала за цел вршење на кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од три или повеќе години. Сомнението произлегува од маскираните и координирани напаѓачи, нивното снаоѓање во собраниската зграда, организираното делување и воспоставените врски со дел од полициските службеници (член 394).

Исто така постои сомнение дека некои од присутните во Собранието и други лица, преку компјутерски систем во јавноста ширеа расистички и ксенофобичен пишан материјал, слики и други репрезентации на идеи или теории што помагаа, промовира или поттикнуваа омраза, дискриминација и насилство, против одредени лица и групи, врз основа на етничка и политичка припадност. Сомнението произлегува од материјали што се шират по социјалните мрежи и дека поради нив дојде до безредие и насилства спрема луѓе и до имотна штета од големи размери (Член 394-г).

---

[287] Хелсиншки комитет, *Посебен извештај за идентификувани и кможни кривични дела сторени за време на насилство во собрнието на 27 април 2017 година*, Скопје, 5 мај 2017 година.

## 3. АНАЛИЗА НА НАПРАВЕНИ ИНТЕРВЈУА ОБЈАВЕНИ ВО МЕДИУМИТЕ

Според Филип Стојановски од Фондацијата за Интернет и општество „Метаморфозис“, граѓаните на Република Македонија имаат потреба од дополнителни сознанија во врска со дефинирањето на говор на омраза, како дел од борбата за човекови права. Според него овие теми не се дел од општата култура ниту на ниво на „теорија“, но уште поважно е што соодветните реакции на овие појави отсуствуваат од практиката. Постоело неспроведување на законите, преку неказнувањето на кривичното дело поттикнување омраза, односно нетрпеливост на етничка, верска и друга основа испраќа порака дека таа тема е небитна. Инаку, наједноставна дефиниција на многу комплицираниот поим говор на омраза е дека се работи за говор кој промовира или поттикнува насилни дејствија или кривични дела сторени од омраза и кој креира клима на омраза и предрасуди, која пак, на крајот може да поттикне извршување на такви дела. Тој смета дека мора да се прави разлика меѓу навредлив говор, лична дискредитација и говор на омраза. Без разлика што и првите две работи се поврзани со поттикнување омраза, говорот на омраза кој починатиот Роберто Беличанец го нарекувал „вербално насилство“ е во целосна спротивност со концептот на слобода на говор. Со говорот на омраза се пропагира заменување на комуникација со физичка пресметка или отстранување на соговорникот. Затоа што е поттикнувач на насилство, говорот на омраза е забранет во најдемократските општества, а е опфатен и со Кривичниот законик. Развојот на „култура“ на говор на омраза во Република Македонија е евидентен во последните неколку години, при што важен документ е „Црната книга“ од 2009 година која покажа дека тој феномен настанува со поттикнување „одгоре“, од оние кои ја имаат моќта во општеството. [288]

Според Зоран Бојаровски, уредник во ТВ „Алфа“, „Говорот на омраза предизвикува насилство и кривични дела од омраза. Зашто, кој може да биде сигурен дека говорот на омраза нема да предизвика некого да ги земе бејзбол - палката, шипката, или пиштолот... откако некој ќе напише дека гробовите се подготвени,

[288] https://www.radiomof.mk/intervju-filip-stojanovski-makedonija-razvi-kultura-na-govor-na-omraza/

бетонските надгробни плочи се нарачани“. „Говорот на омраза создава амбиент во кој кај мнозинството од јавноста, неука за тоа што е говор на омраза, а што е слобода на изразување, се прикажува како нормална појава во едно демократско општество. Таа перверзија на вредностите им оди во прилог на промоторите на тој амбиент за да ја остварат својата единствена цел – со медиумски терор да го продолжуваат своето владеење. Зашто говорот на омраза е медиумски тероризам.“ Освен намалувањето на квалитетот на медиумските содржини, рушењето на новинарскиот интегритет, како посериозни ефекти од говорот на омраза, ова истражување ги нотира делата на насилство од омраза.

Во поглед на новинарската слобода на изразување Мирјана Лазарова Трајковска поранешен судија во ЕСЧП истакнува дека слободата на изразување налага култура на толеранција и прифаќање на новинарската критичка мисла со посебен однос кон заштитата за новинарското изразување кое понекогаш може да понуди информации кои може да шокираат, да предизвикат неодобрување или вознемиреност. Новинарската слобода покрива и можно прибегнување кон одреден степен на претерување, па дури и провокација, но со услов сето тоа да води кон пренесување на информации и содржини кои водат кон јавна дебата за прашања од јавен интерес. Новинарите во секое демократско општество имаат улога на пренесувач на информации и идеи, а јавноста има право да ги добива истите. Во спротивно, новинарите нема да може да ја остваруват својата улога на „јавен надзорник“ или како што Судот во Стразбур вели „куче-чувар“. Слободата на изразување ќе биде основ за каков било исказ се додека тој не води кон охрабрување и повикување на насилство, вооружен отпор и се додека не претставува говор на омраза. Тука е границата.[289]

Поранешната претседателка на Советот на честа во ЗНМ, новинарката Тамара Чаусидис, посочува дека уште пред околу три и пол години, Советот реагирал на говор на омраза во одредени медиуми, но дека тоа останало речиси незабележано во јавноста.

## 4. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РЕАЛИЗИРАНАТА АНКЕТА

[289] Интервју, https://scoop.mk/

Со цел потврдување на поставените хипотези во докторската дисертација применет е истражувачки инструмент „Анкета“ која е реализирана на испитаници кои живеат во мешовити средини и тоа во западниот дел на Република Македонија во градовите: тетово, Гостивар, Кичево и Струга и во неколку населени места кои се, каде живеат граѓани од различна национална, етничка и верска припадност. Токму популација која може да даде свои ставови во смисла за нивниот соживот и одредени ситуации на загрозување на нивната безбедност и нормално живеење посебно со примена на елементи на говор на омраза изразени преку повеќе форми. Опфатени се 300 испитаници, анкетирани со претходно структуирани прашања во анкетен прашалник, анкетирањето е анонимно и спроведено во определен временски период.

Првите прашања се однесуваат на општи прашања кои се однесуваат на пол, возраст, образование и национална припадност, а вториот дел од прашањата се конципирани согласно темата на истражување врз основа на чии одговори се потврдува поставената главна хипотеза и поединечните хипотези.

Од спроведеното истражување добиени се следниве резултати каде во табелите е претставена фреквенцијата, а графиконите процентуалното учество на ставовите на испитаниците.

**Табела 1. Испитаници според пол**

| Пол | фреквенција |
|---|---:|
| Машки | 190 |
| Женски | 110 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 1. Испитаници според пол***




Истражувањето беше спроведено со цел да се согледа состојбата во Република Македонија во поглед на говорот на омраза и неговата застапеност особено на територијата каде што живее мулитетничко население во Западна Македонија. За таквите цели беа анкетирани повеќе од 300 испитаници, а процетнуалното учество во поглед на полот по застапен е машкиот односно 63 % од вкупниот број на испитаници се од маол, додека 37 % проценти од женски пол. Меѓутоа ваквата полова застапеност нема особено влијание врз истражувачките резултати кои се добиени.

**Табела 2. Испитаници според возраст**

| Возраст | фреквенција |
|---|---|
| Од 18 до 20 години | 6 |
| Од 21 до 30 година | 24 |
| Од 31 до 40 години | 89 |
| Од 41 до 50 години | 105 |
| Од 51 до 60 години | 70 |
| Над 61 година | 6 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 2. Испитаници според возраст***




Старосната структура на испитаниците е во шест групи, со тоа што првата група се граѓани над 18 години, односно дека се анкетирани полнолетни лица. Согласно старосната структурата на испитаниците, на возраст од 18 – 20 години се 2 %, од 21 – 30 години се 8 %, од 31 – 40 години се 30 %, од 41 – 50 години 35 % , од 51 – 60 години 23 % и над 60 години се 2 %.

**Табела бр. 3 Испитаници според степен на образование**

| Образование | фреквенција |
|---|---:|
| Основно | 59 |
| Средно | 136 |
| Високо | 90 |
| М-р./Д-р. | 15 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 3. Испитаници според образование***




Во поглед на степенот на образованието се застапени испитаници од сите образовни нивоа, а најголем процент се со средното образование и тоа 45 %, 30 % од испитаниците се со високо образование, 20 % се со основно образование и 5 % се со звање м-р и . д-р., ваквата застапеност на сите образовни нивоа придонесува да се видат сваќањата на широката популација без разлика на образовното ниво кое го имаат стекнато.

**Табела 4. Испитаници според националната припадност**

| Национална припадност | |
|---|---|
| Макрдонец/ка | 112 |
| Албанец/ка | 85 |
| Ром/ка | 36 |
| Турчин/ка | 29 |
| Србин/ка | 18 |

| | |
|---|---|
| Други | 20 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 4. Испитаници според национална припадност***




Со оглед на тоа дека истражувањето се спроведуваше во мултиетнички населени места, очекувано е да имаме застапеност од сите националности, а особено од македонската и албанската национална припадност. Тоа се потврди и во самото истражување, па врз основа на добиените резултати можеме да видиме дека најголем процент од испитаниците се од македонска националност и тоа 37 % , 28 % се албанци, 12 % се од роми, 10 % се турци, 6 % срби и 7% на останати припадности. Ваквите резултати се статистички значајни за ова истражување бидејќи нивните ставови даваат можност да се согледа колку што е можно пореално состојбата со говорот на омраза во Република Македонија во мултиетничките заедници.

**Табела 5. Испитаници според средината на живеење**

| Во каква средина живеете | |
|---|---|
| Етнички чиста | 116 |
| Мултиетничка | 184 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 5. Испитаници според средината на живеење***




Кога станува збор за средината во која живеат испитаниците може да се види дека 61 % живеат во мултиетничка средина, додека 39 % во етничко чиста средина. Меѓутоа ваквите резултати се сосема очекувани бидејќи на територијата на Западна Македонија, дел од населените места се етнички чисти (односно живее само население од еден етникум, најчесто македонци или албанци), а во дел од населените места се со мултиетнички карактер каде што покрај македонци и албанци, живеат турци, роми, срби и други.

**Табела 6. Прашање бр. 1 Дали досега се имате сретнато со говор на омраза?**

| Дали досега се имате сретнато со говор на омраза? | |
|---|---|
| Да | 215 |
| Не | 85 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 6. Прашање бр. 1 Дали досега се имате сретнато со говор на омраза?***




Проблемот на истражување е говорот на омраза во мултиетничките средини, токму во таа насока е и првото прашање: Дали досега се имате сретнато со говор на омраза? На ова прашање 72 % од испитаниците се имаат соочено со говор на омраза, за разлика од нив 28 % истакнале дека не се сретнале со говор на омраза или можеби не ја препознале ваквата форма на говор.

**Табела 7. Прашање бр. 2 Каков карактер најчесто има говорот на омраза со кој се имате сретнато?**

| Каков карактер најчесто има говорот на омраза со кој се имате сретнато? | |
|---|---|
| Национален | 62 |
| Верски | 33 |
| Етнички | 49 |
| Политички | 88 |
| Социјален | 68 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 7. Прашање бр. 2 Каков карактер најчесто има говорот на омраза со кој се имате сретнато?***




Според одговорите на испитаниците, говорот на омраза во Република Македонија е од политички и национален карактер, а тоа го потврдува и самото истражување. Имено 29 % од испитаниците истакнале дека говорот на омраза со кој се имаат сретнато има политички карактер, 23 % се соочиле со социјален говор на омраза, 21 % со национален , 16 % со етнички и 11 % со говор на омраза во кој се вклучени верски мотиви. Ваквите резултати само ја потврдуваат состојбата со говорот на омраза дека на територијата каде што живеат мултиетничките заедници, е застапен говорот на омраза од сите карактери.

**Табела 8. Прашање бр. 3 Со која форма на говор на омраза се имате сретнато?**

| Со која форма на говор на омраза се имате сретнато? | |
|---|---|
| јавно искажани ставови, мислења | 32 |
| напишани пароли на јавни места | 86 |
| графити | 53 |
| говорот на омраза преку компјутерските системи и мрежи | 129 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 8. Прашање бр. 3 Со која форма на говор на омраза се имате сретнато?***




Кога станува збор за формата на говорот на омраза и начинот на кој се манифестира, може да се види дека најзастапен е говорот на омраза кој се шири преку компијутерските мрежи и тоа според 43 % од испитаниците, тоа е и сосема очекувано со оглед на тоа дека живееме во ерата на глобален развој на информационата технологија. Меѓутоа, не изостанува и говорот на омраза кој се шири со испишување на пароли на јавни места и со оваа форма на говор на омраза се имаат сретнато 29 % од испитаниците, во вид на графити се имаат соочено 18 % од испитаниците, а остатокот од 10 % истакнале дека говорот на омраза како форма го имаат препознаето во јавно искажаните мисли и ставови на јавни личности.

**Табела 9. Прашање бр. 4 Говорот на омраза е присутен во медиумите кои создаваат плима на нетолеранција, верска омраза и нетрпеливост?**

| Говорот на омраза е присутен во медиумите кои создаваат плима на нетолеранција, верска омраза и нетрпеливост? | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 71 |
| Се согласувам | 151 |
| Не се согласувам | 55 |
| Потполно не се согласувам | 23 |

| | |
|---|---|
| Вкупно | 300 |

**Графикон 9. Прашање бр. 4 Говорот на омраза е присутен во медиумите кои создаваат плима на нетолеранција, верска омраза и нетрпеливост?**




Говорот на омраза секојдневно е присутен во сите форми на медиуми весници, телевизија, интернет, радио, па со оглед на неговата широка застапеност во мас медиумите високи 74 % од испитаниците потврдуваат дека во медиумите се создаваат плима на нетолеранција, верска омраза и нетрпеливост, наспроти нив 26 % имаат негативен став во поглед на ова прашање.

**Табела 10. Прашање бр. 5 Дали сметате дека компјутерските системи и социјалните мрежи на Фејсбук и Твитер можат да придонесат во забрзано ширење на говорот на омраза?**

| Дали сметате дека компјутерските системи и социјалните мрежи на Фејсбук и Твитер можат да придонесат во забрзано ширење на говорот на омраза? | |
|---|---|
| Да | 245 |

| | |
|---|---|
| Не | 55 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 10. Прашање бр. 5 Дали сметате дека компјутерските системи и социјалните мрежи на Фејсбук и Твитер можат да придонесат во забрзано ширење на говорот на омраза?***




Нераскинлива е врската помеѓу говорот на омраза и социјалните мрежи во ерата на информационата технологија, па врз основа на тоа 82 % тврдат дека компјутерските системи и социјалните мрежи на Фејсбук и Твитер придонесат во забрзано ширење на говорот на омраза, додека негативен одговор дале 18 % од испитаниците.

**Табела 11. Прашање бр. 6 Дали на говорот на омраза гледате како криминално дело?**

| Дали на говорот на омраза гледате како криминално дело? | |
|---|---|
| Да | 191 |
| Не | 109 |

| | |
|---|---|
| Вкупно | 300 |

***Графикон 11. Прашање бр. 6 Дали на говорот на омраза гледате како криминално дело?***




Дали испитаниците на говорот на омраза гледаат како на криминално дело, висок е процентот во однос на тоа дека тие говорот на омраза го препознаваат како одреден криминал и тоа 64 % од вкупниот број на испитаници, за разлика од нив 36 % истакнале дека на говорот на омраза не гледаат како криминално дело, туку тоа е само една појава која е резаултат на постојаните случувања во земјава, но и го прифаќаат како нормално однесување во средините во кои живеат.

**Табела 12. Прашање бр. 7 Со кое криминално дело од омраза најчесто се среќавате?**

| Со кое криминално дело од омраза најчесто се среќавате | |
|---|---|
| Омраза, раздор и нетрпеливост | 62 |
| Расна и друга дискриминација | 105 |
| Злосторничко здружување | 56 |
| Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем | 77 |

| | |
|---|---|
| Вкупно | 300 |

***Графикон 12. Прашање бр. 7 Со кое криминално дело од омраза најчесто се среќавате?***




Најчеста форма на криминално дело од омраза со која се имаат соочено испитаниците е расната и други форми на дискриминација, тоа го потврдиле 35 % од испитаниците, потоа следи криминалното дело од омраза ширење на расистички и ксенофобични материјали по пат на компјутерски системи со овој вид на криминално дело се соочиле 26 % од испитаниците, додека остатокот од испитаниците подеднакво се сочиле со злосторничко здружување, омраза, раздор и нетрпеливост.

**Табела 13. Прашање бр. 8 Дали кривичните дела со елементи на говор на омраза се инкриминирани во Кривичен законик на РМ со цел полесна превенција и репресија?**

| Дали кривичните дела со елементи на говор на омраза се инкриминирани во Кривичен законик на РМ со цел полесна превенција и репресија? | |
|---|---|
| Да | 222 |
| Не | 50 |

| | |
|---|---|
| Незнам | 28 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 13. Прашање бр. 8 Дали кривичните дела со елементи на говор на омраза се инкриминирани во Кривичен законик на РМ со цел полесна превенција и репресија?***




Говорот на омраза како кривично дело во Република Македонија е регулиран со посебни законски акти со ваквата регулатива се запознаети испитаниците и тоа 74 % тврдат дека кривичните дела со елементи на говор на омраза кои се инкриминирани во Кривичниот законик на Република Македонија имаат за превенција и репресија. Ваквиот податок говори за свеста која постои кај испитаниците дека на говорот на омраза треба да се гледа како на кривично дело.

**Табела 14. Прашање бр. 9 Дали се согласувате дека говорот на омраза предизвикува појава на други криминални појави од полесен карактер до најсериозни безбедносни појави?**

| Дали се согласувате дека говорот на омраза предизвикува појава на други криминални појави од полесен карактер до најсериозни безбедносни појави? | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 149 |

| | |
|---|---|
| Се согласувам | 105 |
| Не се согласувам | 28 |
| Потполно не се согласувам | 18 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 14. Прашање бр. 9 Дали се согласувате дека говорот на омраза предизвикува појава на други криминални појави од полесен карактер до најсериозни безбедносни појави?***




Говорот на омраза сам по себе носи штетни последици по благосостојбата и животот на луѓето и имплицира појава на други криминални појави од полесен карактер до најсериозни безбедносни појави  со ваквата консататација се согласуваат 85% од испитаниците.

**Табела 15. Прашање бр. 10 Кои се последиците од говор на омраза?**

| | |
|---|---|
| Кои се последиците од говор на омраза? | |
| материјални штети | 89 |
| губење на човечки животи | 18 |

| | |
|---|---|
| нарушување на безбедноста и стабилноста на граѓаните во мешовитите средини | 193 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 15. Прашање бр. 10 Кои се последиците од говор на омраза?***




Како секое криминално дело така и говорот на омраза носи одредени последици, па така најголем број од испитаниците односно 64 % сметаат дека говорот на омраза може да ја наруши безбедноста и стабилноста на граѓаните во мешаните средини, 30 % сметаат дека со говорот на омраза се нанесуваат и големи материјални штети, а 6 % истакнуваат дека говорот на омраза може да има фатални последици почовековиот живот.

**Табела 16. Прашање бр. 11 Дали се согласувате дека последиците од говорот на омраза ги чувствуваат највеќе граѓаните од мешаните средини?**

| Дали се согласувате дека последиците од говорот на омраза го чувствуваат највеќе граѓаните од мешаните средини? | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 123 |
| Се согласувам | 89 |
| Не се согласувам | 65 |
| Потполно не се согласувам | 23 |

***Графикон 16. Прашање бр. 11 Дали се согласувате дека последиците од говорот на омраза ги чувствуваат највеќе граѓаните од мешаните средини?***




Со последиците од говорот на омраза може да се соочат сите граѓани, но во најголема мера тие доаѓаат до израз во мешовитите средини и со ваквиот став се согласуваат 71 % од испитаниците, додека 29 % не се согласувате или потполно не се согласуваат дека последиците од говорот на омраза ги чувствуваат највеќе граѓаните од мешаните средини.

**Табела 17. Прашање бр. 12 Омразата и нетолеранцијата претставуваат можна закана за безбедноста во смисла на ескалација на насилството?**

| Омразата и нетолеранцијата претставуваат можна закана за безбедноста во смисла на ескалација на насилството? | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 102 |
| Се согласувам | 156 |
| Не се согласувам | 29 |
| Потполно не се согласувам | 13 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 17. Прашање бр. 12 Омразата и нетолеранцијата претставуваат можна закана за безбедноста во смисла на ескалација на насилството?***




Неминовен факт е дека омразата и нетолеранцијата се најчеста причина за појава на говор на омраза, па според тоа тие всушност претставуваат можна закана за безбедноста во смисла на ескалација на насилството ваквиот став го делат дури 86 % од испитаниците.

**Табела 18. Прашање бр. 13 Дали сметате дека говорот на омраза има потреба законски да се санкционира?**

| Дали сметате дека говорот на омраза има потреба законски да се санкционира? | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 141 |
| Се согласувам | 82 |
| Не се согласувам | 46 |
| Потполно не се согласувам | 31 |

***Графикон 18. Прашање бр. 13 Дали сметате дека говорот на омраза има потреба законски да се санкционира?***




На прашањето “Дали сметате дека говорот на омраза има потреба законски да се санкционира“,  47 % од испитаниците одговориле потполно се согласувам, 27 % се согласувам, 16 % не се согласувам и 10 % потполно не се согласувам. Ваквите резултати укажуваат на тоа дека е неопходно законско санкционирање на говорот на омраза и за тоа постои свест кај испитаниците кои учествуваа во истражувањето.

**Табела 19. Прашање бр. 14 Дали сметате дека безбедносните службина на говорот на омраза гледаат како на сериозен проблем?**

| Дали сметате дека безбедносните службина на говорот на омраза гледаат како на сериозен проблем? | |
|---|---|
| Да | 134 |
| Не | 62 |
| Незнам | 74 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 19. Прашање бр. 14 Дали сметате дека безбедносните службина на говорот на омраза гледаат како на сериозен проблем?***




Поделени се ставовите во поглед на тоа дали безбедносните служби на говорот на говорот на омраза гледаат како на сериозен проблем, имено 50 % од испитаниците имаат позитивен став во поглед на ова прашање, 27 % се делимични и 23 % имаат негативен став.. Со оглед дека безбедносните служби соодветно реагираат во ситуации

кога некој се соочува со говор на омраза неможе да се каже дека тие на говорот на омраза не гледаат како на сериозен проблем.

**Табела 20. Прашање бр. 15 Дали сметате дека кај меѓународната заедница постои поголема свест за опасноста од говорот на омраза и последиците од тоа и поради тоа дава препораки за националните законодавства за имкриминирање на криминални поведенија со говор на омраза?**

| Дали сметате дека кај меѓународната заедница постои поголема свест за опасноста од говорот на омраза и последиците од тоа и поради тоа дава препораки за националните законодавства за имкриминирање на криминални поведенија со говор на омраза? | |
|---|---|
| Да | 174 |
| Не | 69 |
| Незнам | 57 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 20. Прашање бр. 15 Дали сметате дека кај меѓународната заедница постои поголема свест за опасноста од говорот на омраза и последиците од тоа и поради тоа дава препораки за националните законодавства за имкриминирање на криминални поведенија со говор на омраза?***




Кога станува збор за говорот на омраза на билатерално ниво 58 % од испитаниците истакнале дека кај меѓународната заедница постои поголема свест за опасноста од говорот на омраза и последиците од тоа и поради тоа дава препораки за националните законодавства за имкриминирање на криминални поведенија со говор на омраза, за разлика од нив само 23 % имаат негативен став во поглед на ова прашање.

**Табела 21. Прашање бр. 16 Дали се согласувате дека безбедносните служби имаат сериозен предизвик во однос на превенцијата и репресијата на говорот на омраза?**

| Дали се согласувате дека безбедносните служби имаат сериозен предизвик во однос на превенцијата и репресијата на говорот на омраза? | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 77 |
| Се согласувам | 197 |
| Не се согласувам | 22 |
| Потполно не се согласувам | 4 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 21. Прашање бр. 16 Дали се согласувате дека безбедносните служби имаат сериозен предизвик во однос на превенцијата и репресијата на говорот на омраза?***




Како што секое криминално дело претставува предизвик за навремено и соодветно елиминирање, така и во поглед на говорот на омраза безбедносните служби имаат сериозен предизвик во однос на неговата превенцијата и репресијата, со ова се согласуваат високи 92 %. Ваквиот процент е само потврда дека на говорот на омраза треба да се гледа како криминално дело и безбедносните служби треба навремено да превземаат соодветни активности за негово елиминирање и да се спречи неговото ширење пред тој да прерасне во сериозна безбедносна закана

Со оглед на тоа дека Интернетот претставува најмасовно користено средство за комуникација очекувано е говорот на омраза да се прошири и таму. Па затоа во истражувањето за да ја согледаме состојбата со говорот на омраза на Интернет на испитаниците им беа поставени десетина прашања кои ќе допринесат да се согледа состојбата со говорот на омраза на Интернет.

**Табела 22. Прашање бр. 17 Дали сте се сретнале со говор на омраза на интернет?**

| Дали сте се сретнале со говор на омраза на интернет? | |
|---|---|
| Да | 231 |
| Не | 22 |
| Не сум сигурен/на | 47 |

***Графикон 22. Прашање бр. 17 Дали сте се сретнале со говор на омраза на интернет?***




Во најголема мера испитаниците се имаат сретнато со говор на омраза на Интернет и тоа го потврдуваат 77 % од испитаниците, додека 16 % од вкупниот број на испитаници истакнале дека неможат јасно да ја определат границата на говор на омраза, односно дали станува збор за провокации од моменталните збиднувања или пораките имаат за цел да шират говор на омраза. Додека 7 % од испитаниците истакнале дека не се имаат соочено со говор на омраза на Интернет.

**Табела 23. Прашање бр. 18 Дали сте биле жртва на говор на омраза?**

| Дали сте биле жртва на говор на омраза? | |
|---|---|
| Да | 207 |
| Не | 68 |
| Незнам | 25 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 23. Прашање бр. 18 Дали сте биле жртва на говор на омраза?***




Голем процент од испитаниците односно 69 % биле жртва на говорот на омраза на Интернет, меѓутоа ова е сосема очекувано во време масовно користење на Интернет од страна на сите граѓани, за разлика од нив 23% истакнале дека не биле жртва на говор на омраза на Интернет,а 8 % истакнале дека не може да се определат во дадена ситуација дали станува или не за говор на омраза на Интернет.

**Табела 24. Прашање бр. 19 Која е најчеста причина поради кој е упатен говорот на омраза преку Интернет?**

| Која е најчеста причина поради кој е упатен говорот на омраза преку Интернет? | |
|---|---|
| Етичка припадност | 69 |
| Верска | 48 |
| Полова | 33 |
| Сексуална орентација | 13 |

| | |
|---|---|
| Политичка орентација | 106 |
| Социјален статус | 28 |
| Физичка или ментална состојба | 3 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 24. Прашање бр. 19 Која е најчеста причина поради кој е упатен говорот на омраза преку Интернет?***




Постојат голем број на причини поради кои може да се упати говорот на омраза кон одредено лице или група, но како најчеста причина поради кој е упатен говорот на омраза на Интернет е политичката ориентација и тоа го потврдуваат 36 % од испитаниците, 23 % како причина ја наведуваат етничката припадност, 16 % верската припадност, 11 % половата припадност, 9 % се изјаснуваат дека тоа е социјалниот статус, 4 % дека е сексуалната ориентација и 1 % физичката или менталната состојба.

**Табела 25. Прашање бр. 20 Каде најчесто го среќавате говорот на омраза на Интернет?**

| Каде најчесто го среќавате говорот на омраза на Интернет? | |
|---|---|
| На интернет страни | 5 |
| Форуми | 19 |
| Вести | 21 |
| Блог | 17 |
| Фејсбук | 79 |
| Твитер | 42 |
| Инстаграм | 23 |
| Јутуб | 56 |
| Месинџер | 33 |
| Портали | 5 |

***Графикон 25. Прашање бр. 20 Каде најчесто го среќавате говорот на омраза Интернет?***




Говорот на омраза на Интернет е застапен на сите социјални мрежи и портали, но испитаниците истакнале дека со говорот на омраза на Интернет најмногу се соочиле на Фејсбук, тоаа го потврдиле 26 %, 19 % од испитаниците со говорот на омраза на Интернет се сретнале на Јутуб, 14 % истакнале на Твитер, 11 % на Месинџер, 8 % на Инстаграм, не се исклучени ни форумите, вестите, блоговите и сл. Ваквата состојба можеби е резултат на тоа што најголем дел од популацијата најмногу го користи Фејсбук, јутуб, Месинџер и Инстаграм па и сосема очекувано е на овие социјални мрежи да се соочат со говор на омраза.

**Табела 26. Прашање бр. 21 Во каква форма најчесто го среќавате говорот на омраза на Интернет?**

| Во каква форма најчесто го среќавате говорот на омраза на Интернет? | |
|---|---|
| Слики | 39 |
| Текстови | 86 |
| Видеа | 81 |
| Зборови | 39 |
| Клипови | 55 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 26. Прашање бр. 21 Во каква форма најчесто го среќавате говорот на омраза на Интернет?***




Креаторите на говорот на омраза на интернет ги користат сите можни записи за да го шират и да предизвикаат немир помеѓу граѓаните, најчесто говорот на омраза на Интернет е во форма на текстови ова го потврдиле 29 %, меѓутоа не заостанува ни

говорот на омраза во форма на видео и ова го потврдиле 27 %, меѓу формите на говорот на омраза се среќаваат и клиповите со кои се соочиле 18 %, а подеднаков број на испитаници истакнале дека најчеста форма говор на омраза е во вид на слика и зборови ова го потврдуваат по 13 % од тие групи на испитаници.

**Табела 27. Прашање бр. 22 Која возрасна група сметате дека е најпогодена од говорот на омраза на Интернет?**

| Која возрасна група сметате дека е најпогодена од говорот на омраза на Интернет? | |
|---|---|
| Децата | 5 |
| Младите | 42 |
| Возрасните | 39 |
| Сите | 214 |

***Графикон 27. Прашање бр. 22 Која возрасна група сметате дека е најпогодена од говорот на омраза на Интернет?***




Кога станува збор за групата која е најпогодена од говорот на омраза на Интернет од аспект на старосната граница 71 % од испитаниците тврдат дека во поглед на ова

прашање неможе да се конкретизира одредена возраст бидејќи сите кои користат Интернет имаат подеднаква можност да се соочат со говорот на омраза.

**Табела 28. Прашање бр. 23 Како реагирате кога ќе се соочите со говор на омраза на Интернет?**

| Како реагирате кога ќе се соочите со говор на омраза? | |
|---|---|
| Бурно одговарам и реагирам | 37 |
| Ги информирам интернет провајдерите | 39 |
| Барам совет | 15 |
| Ја пријавувам содржината кај админите на групата или страната | 77 |
| Игнорирам | 132 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 28. Прашање бр. 23 Како реагирате кога ќе се соочите со говор на омраза на Интернет?***




Најголем дел од испитаниците кога ќе се соочт со говор на омраза на Интернет настојуваат да го игнорираат и ова го потврдуват 44 %, 26 % од испитаниците се одлучиле да ја пријават содржината кај администраторите на групата, додека 13 % ги информирале Интернет провајдерите, додека 12 % одговориле со бурна реакција.

**Табела 29. Прашање бр. 24 Дали имате учествувано во активности за сузбивање на говорот на омраза на Интернет?**

| Дали имате учествувано во активности за сузбивање на говорот на омраза на Интернет? | |
|---|---|
| Да | 59 |
| Не | 241 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 29. Прашање бр. 24 Дали имате учествувано во активности за сузбивање на говорот на омраза на Интернет?***




На говорот на омраза почна да се посветува внимание во последните години па сосема очекувано е тоа што испитаниците немаат земено учество во активностите за сузбивање на говорот на омраза на Интернет, но нетреба да се потценат 20 – те % кои учествувале во активности за подигнување на свеста кај граѓаните за спречување на говорот на омраза на Интернет.

**Табела 30. Прашање бр. 25 Дали некогаш сте пратиле или добиле онлајн содржина која содржи говор на омраза?**

| Дали некогаш сте пратиле или добиле онлајн содржина која содржи говор на омраза? | |
|---|---|
| Да | 223 |
| Не | 17 |
| Незнм | 60 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 30. Прашање бр. 25 Дали некогаш сте пратиле или добиле онлајн содржина која содржи говор на омраза?***




Со оглед на фактот дека испитаниците се соочиле со говор на омраза на Интернет тоа значи дека во исти момент добиле онлајн содржина која содржи говор на омраза, но одредена група и посегнале по упатување на содржини со говор на омраза на Интернет, ова го потврдиле 74% од испитаниците.

**Табела 31. Прашање бр. 26 Дали се имате соочено со ситуација кога говорот на омраза на Интернет бил причина за физички пресметки?**

| Дали се имате соочено со ситуација кога говорот на омраза на Интернет бил причина за физички пресметки? | |
|---|---|
| Да | 171 |
| Не | 129 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 31. Прашање бр. 26 Дали се имате соочено со ситуација кога говорот на омраза на Интернет бил причина за физички пресметки?***




Меѓу другото не изненадува фактот што 57 % од испитаниците истакнале дека говорот на омраза на Интернет бил причина за физички пресметки, сепак ваквиот процент не треба да се занемари, туку напротив треба да се реагира во насока на повисок степен на превенција.

**Табела 32. Прашање бр. 27 Дали сметате дека треба да се воведат поригорозни законски мерки за лицата кои шират говор на омраза преку Интернет?**

| Дали сметате дека треба да се воведат поригорозни законски мерки за лицата кои шират говор на омраза преку Интернет? | |
|---|---|
| Да | 266 |
| Не | 34 |
| Вкупно | 300 |

***Графикон 32. Прашање бр. 27 Дали сметате дека треба да се воведат поригорозни законски мерки за лицата кои шират говор на омраза преку Интернет?***




На прашањето “Дали сметате дека треба да се воведат поригорозни законски мерки за лицата кои шират говор на омраза преку Интернет” 89 % од испитаниците дале потврден одговор, ова упатува на тоа дека постои свест кај испитаниците дека говорот на омраза во одредена мера носи и штетни последици по соживотот, посебно во мултиетничките средини и поради тоа е потребно и воведување на поригорозни законски мерки и соодветен третман од надлежните институци и тела.

Анкетниот прашалник е систематизиран од 32 прашања од кои првите 5 се однесуваат на демографските податоци на испитаниците и се однесуваат на полот, возрастам степенот и средината на живеење на испитаниците. Останатите прашања се однесуваат на темата на докторскиот труд во кој е поставена хипотеза и која е појдовна основа во однос на поставените прашања и сознанијата кои треба да се добијат од анкетираните лица во насока на добивање на изворни сознанија за предметот на истражување, а тоа е говорот на омраза како безбедносен проблем во мултиетничките средини. Токму и целта на истражувањето е токму добивање на сознанија за овој проблем, негово детектирање, посебно дали граѓаните го препознаваат проблемот и колку тој проблем се чувствува во нивните средини на живеење.

Од анализата на одговорите на прашањата на испитаниците се добиваат сознанија за реалната состојба во мултиетничките средини, а посебно тоа е претставено во делот на заклучоци во докторскиот труд.

Анкетните прашалници се обработени со статистичка обработка и извлекување на процентуална вредност во однос на вкупниот број на испитаници и нивните одговори во однос на понудените одговори во самиот прашалник.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

За секоја демократската држава е императив да им биде гарантирано правото на слободен говор на граѓаните, при што ова право им се обезбедува како со формалната регулатива, така и со севкупната општествена атмосфера на фактичка толеранција и почитување на другите посебно во мултиетничките заедници, што е карактеристика за западниот дел на Република Македонија. Но, слободата на говор се поврзува со безбедноста како суштинска состојба и потреба за нормално функционирање и развој на демократското општество. Зачувувањето на безбедноста е приоритет на сите држави, а посебно тоа е приоритет на Република Македонија која низ историјата ги преживувала бројните состојби на нарушување на безбедноста, но од кои се излегувало со помош на државните органи и институции, но и со помош на меѓународниот фактор.

Говорот на омраза е појава за која се говори поинтензивно последниве години, меѓународните тела и институции го осознаваат проблемот и во насока на негово превенирање и сузбивање даваат препораки во неколку меѓународни правни акти за инкриминирање на поведенија со говор на омраза кои се дела од незаконските поведенија со елементи на омраза, дискриминација со кои се задрозуваат човековите слободи и права. Низ историјата, но и денес во неколку случаи кои биле од поагресивен и помасовен карактер, дека ако говорот е агресивен и навредлив, тој може да ја загрози слободата на другиот. Поради тоа е потребно законско регулирање на злоупотребата на слободата на изразување со предвидување на мерки на превенција и предвидување одредени законски санкции, кои би ја спречиле злоупотребата на слободата на говор за тој да не премине во говор на омраза.

Проучувањето на говорот на омраза во мултиетничките средини во Република Македонија е проблематика која е проучувана од повеќе аспекти во докторскиот труд, врз оснаова на теоретското проучување и спроведеното емпириско истражување врз

основа на определениот предмет и цели на истражувањето и поставената хипотеза може да се извлечат повеќе заклучоци.

Во делот на теоретското проучување говорот на омраза е анализиран како еден од битните фактори на безбедноста и за следење на појавните облици и форми на таа безбедносна појава неопходни се законски решенија кои во Република Македонија се донесени врз основа на бројните препораки содржани во повеќе меѓународни конвенции и други акти, формирани се национални тела за регулирање на состојбите во делот на слобода на изразување, заштита од дискриминација и следење на состојбите во медиумите како најекспонирано средство за ширење на говор на омраза, а посебно електронските медиуми и социјалните мрежи на Интернет.

Во Република Македонија  направени се и одредени измени и дополнувања на Кривичниот законик каде се редефинирани содржините на веќе инкриминирани кривични дела кои се дополнети со тоа што може да бидат мотивирани од омраза или мотивирани од говор на омраза, но инкриминирани се и поединечни кривични дела со кои се санкционираат актите на дискриминација, ширењето на расизам, ксенофобија, нетолеранција и посебно ако како средство на извршување се користат компјутерските системи. Такви се кривичните дела: Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска – чл. 319 и Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем -  чл. 394 – г, а во други кривични дела се направени дополнувања дека може да бидат извршени и со закани со елементи на говор на омраза и истите се анализирани во текстот на трудот.

Во Кривичниот законик на Република Македонија кај неколку одредби што го криминализираат говорот поради неговата посебна содржина, казнено - правните забрани на говорот на омраза се фокусирани на инкриминирање на злоупотребите на слободата на изразување што се состојат во поттикнување насилство или други повреди на еднаквите слободи и права на другите или изразување дискриминаторски однос кон другите.

Законската регулатива во Република Македонија и тоа: Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за радиодифузна дејност, законот за медиуми и другите закони се усогласени во насока на почитување на човековите слободи и права,

но и во делот на предвидување на нарушување на слободите и правата од акти на дискриминација, нетолеранција, омраза со препораките на меѓународните конвенции, пред се со Универзалната декларација за човекови права, Конвенцијата за укинување на сите форми на расна дискриминација, Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, Европската конвенција за заштита на човековите права, Конвенцијата за компјутерски криминал, Дополнителен протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал за заштита од расизам и ксенофобија, Препораката бр. R (97) 20 во врска со „говор на омраза“ и др. Со кривичниот законик се прифатени препораките и предвидени се повеќе одредби за незаконски поведенија со елементи на говор на омраза. Но, секогаш постојат ставови и размислувања за тоа дали доволно е регулирана проблематиката со говор на омраза и спречување на истата со превенција и секако предвидување на санкции со прекршочен или кривично – правен карактер дека треба да се предвидат уште законски решенија и други кривични дела. Во таа насока во Републила Македонија крајот на 2018 година се направени дополнувања кај неколку кривични дела дека може да бидат мотивирани од омраза или говор на омраза. Според анализата на предвидените санкции може да се забележи дека тие криминални поведенија се третираат како квалификаторни елементи на основните облици на кривичните дела. Во македонскиот кривичен законик нема посебно кривично дело кое во називот содржи „говор на омраза“, тоа е содржано во текстот на кривичните дела со дефинирање на начините, користените средства на извршување и последиците. Со сите измени и дополнувања на Кривичниот законик постојат доволно кривични дела кои ги содржат елементите на говор на омраза и доколку постојат криминални акти може да се преземат законски мерки и дејствија против сторителите. Но според анализата на практиката на пријавување и постапување по акти со говор на омраза може да се извлечат заклучоци дека пријавите се евидентираат, но дека само мал дел завршиле со кривични пријави, или со поднесени обвинителни акти. Пресуди за говор на омраза нема, освен некои пресуди каде е потенциран говорот на омраза како еден од квалификаторните елементи при извршувањето на кривичните дела

Малиот дел од процесуирани случаи укажува на резервиран однос посебно на јавните обвинители кои координираат со полицијата и нивното постапување, но и

примаат пријави директно од граѓаните и од други институции и тела, таа резервираност, според анализите на повеќе извештаи од тимови кои го истражуваат говорот на омраза во Република Македонија е поради укинувањето на кривичното дело Навреда, но и како посигурни им се обвиненијата кои се темелат на други основни кривични дела, а како еден од елементите на извршување се потенцира говорот на омраза. Поради нема ниту една правосилна пресуда во која некое лице било осудено за говор на омраза, иако сите се согласни дека во изминативе години употребата на говор на омраза во медиумскиот дискурс била присутна како никогаш дотогаш. Непроцесуирањето на говорот на омраза и неказнувањето на сторителите, доведе до состојба поединци да бидат охрабрени да го користат и да го шират, а жртвите од таквиот говор да немаат можност правно да се заштитат. Исто така, несоодветниот пристап на правосудните органи, односно неказнувањето на промоторите на говорот на омраза, но и непрепознавањето на опасностите од говорот на омразата како општествено опасна појава, претставува сериозен проблем, кој може да предизвика негативни последици, што е нотирано во повеќе домашни и меѓународни извештаи. Примерот со физичкото насилство врз студентите, кои мирно протестираа против изградба на црква на плоштад, е најдобар показател како планско и систематско користење говор на омраза против одредена групација, води до ескалација на насилство.

Говорот на омраза е реалност препознаен од страна на граѓаните без разлика од која национална или етничка заедница се, пријави се поднесуваат, но завршницата со санкционирање заостанува, тука сепак е оценката за тоа дали постојат елементи на кривични дела е на јавното обвинителство како независна институција за гонење на сторителите на кривични дела. Неказнувањето, или поригорозното постапување ги охрабува поединците или групи за примена на говор на омраза како практика, а на тоа укажуваат и одредени настапи во медиумите, при што доаѓа до израз и уредувачката политика на медиумите и почитувањето на законите.

Извештаите на Хелсиншкиот комитет  за човекови права содржат податоци за криминал од омраза кои се прибираат, обработуваат и објавуваат со примена на соодветна методологија. За истражуваниот период 2017 – 2018 година се евидентирани повеќе инциденти од омраза, но само половината од нив се потврдени од органите на

прогон како инциденти од омраза, но само против мал дел од нив се поднесени кривични пријави што може да се види и од Годишниот извештај на МВР за 2017 и 2018 година, според кој во 2017 е се откриени 3 кривични дела од омраза, а во 2018 33 кривични дела за што биле пријавени 50 сторители и тоа најголем дел од кривичните дела биле Загрозување на сигурноста по пат на информатички систем – 21 кривично дело по чл. 144, Ширење расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем - 4 кривични дела, а останатите се со елементи на расна и друга дискриминација и насилство.

Криминалот од омраза може да се појави насекаде, ниту едно општество не е имуно на влијанието на предрасудите и нетолеранцијата. Поединечните појави на криминал од омраза во себе го носат зачетокот на потенцијални конфликти, затоа што можат да ескалираат и во однос на бројот на погодени лица и во однос на интензитетот на насилството.

Истражувањето спроведено за потврдување на поставената главна хипотеза и поединечните хипотези е реализирано над 300 испитаници со анкетен прашалник во кој се структуирани прашања со цел добивање на одговори врз основа на кој се извлечени и заклучоци за потврдување на поставената главна хипотеза. Имено анкетата е спроведена во повеќе населени места од западниот дел на Република македонија и тоа во населени места од чист етнички состав (македонско или албанско население) или мешани средини каде што покрај македонци и албанци живеат и турци, роми, срби и др.

Вкупно се систематизирани 32 прашања од кои првите 5 прашања се однесуваат на полот, возраста, националната припадност, средината на живеење и степенот на образование. Со анкетирањето опфатени се од вкупниот број на 300 испитаници 37 % се македонска националност, 28 % се албанци, 12 % роми, 10 % турци, 6 % срби и 7% се од останатите припадности. Структурата на испитаници е основ за добивање на релевантни одговори на поставените останати прашања поврзани со темата на истражување. Останатите 27 прашања системски се поставени со цел да се добијат одговори на прашањата дали граѓаните знаат што е говор на омраза, дали го препознаваат, дали знаат дека тоа е со закон забрането и санкционирано и дека говорот на омраза се шири и преку компјутерските системи, Според одговорите на прашањата

може да се извлечат заклучоци дека граѓаните знаат што е говор на омраза, го препознаваат говорот на омраза. Од вкупниот број на испитаници 72 % одговориле дека се имаат соочено со говор на омраза, а според карактерот на говор на омраза 29 % од испитаниците истакнале дека говорот на омраза со кој се имаат сретнато има политички карактер, 23 % се соочиле со социјален говор на омраза, 21 % со национален , 16 % со етнички и 11 % со говор на омраза во кој се вклучени верски мотиви. Во однос на прашањето поврзано со обликот на говор на омраза, според 43 % од испитаниците дека тоа се преку содржини на компјутерските системи, 29 % од испитаниците дека е во вид на пароли на јавни места, дека се на графити се имаат соочено 18 % од испитаниците, а остатокот од 10 % истакнале дека говорот на омраза како форма го имаат препознаето во јавно искажаните мисли и ставови на јавни личности. Поголемиот дел од испитаниците или 74 % ја потенцираат широката застапеноста во медиумите кои создаваат плима на нетолеранција, верска омраза и нетрпеливост, наспроти нив 26 % имаат негативен став во поглед на ова прашање. Дека говорот на омраза е присутен на социјалните мрежи на Интернет потврдно се изјаснуваат 82 % од испитаниците, а со негативен одговор биле останатите 18 %. Испитаниците го осознаваат проблемот на говор на омраза дека има елементи на кривично дело и токму тоа го потврдуваат 64 % од испитаниците кои се изјасниле дека на говорот на омраза гледаат како на криминално дело, за разлика од нив 36 % истакнале дека на говорот на омраза не гледаат како криминално дело, туку тоа е само една појава која е резултат на постојаните случувања во земјава, но и го прифаќаат како нормално однесување во средините во кои живеат. Дека овие криминални дела се со акти на дискриминација сметаат 35 % Како најчеста форма дека говорот на омраза дека има елементи на расна и друга форма на дискриминација, дека е ксенофобија и расизам сметаат 26 %, а останатите 39 % сметаат дека во криминалните дела има елементи на организираност, омраза, раздо и нетрпеливост. Поголемиот дел од испитаниците сметаат дека има соодветни кривични дела во кривичниот законик на РМ и тоа 74 %, и висок процент од 84 % сметаат дека со говорот на омраза се нанесуваат штетни последици по благосостојбата и живото на луѓето во меѓуетничките средини. Од испитаниците 64 % сметаат дека говорот на омраза може да ја наруши безбедноста и стабилноста на граѓаните во мешаните средини, 30 % сметаат дека со

говорот на омраза се нанесуваат и големи материјални штети, а 6 % истакнуваат дека говорот на омраза може да има фатални последици по човековиот живот, дека со последиците може да се соочат сите граѓани сметаат 71 %, а дека тоа претставува можна закана за безбедноста во смисла на ескалација на насилството сметаат дури 86 % од испитаниците. Во однос на санкционирањето 74 % сметаат дека треба законски санкции, додека останатите сметаат дека на друг начин треба да се состојбите. Поделен е ставот на испитаниците за тоа дали безбедносните служби на говорот на говорот на омраза гледаат како на сериозен проблем, имено 50 % од испитаниците имаат позитивен став во поглед на ова прашање, 27 % се делимични и 23 % имаат негативен став. Во однос на тоа како на говорот на омраза се гледа кај мешународната заедница, 58 % од испитаниците истакнале дека кај меѓународната заедница постои поголема свест за опасноста од говорот на омраза и последиците од тоа, а останатите имаат различни ставови. Дека безбедносните органи се соочуваат со предизвикот за превенција и репресија на говорот на омраза позитивно се согласуваат дури 92 % од испитаниците. Испитаниците се имаат најчесто сретнато со говор на омраза на Интернет и та 77 %, 16 % не разликуваат во целост говор на омраза или друг вид на провокација, а само 7 % од испитаниците истакнале дека не се имаат соочено со говор на омраза на Интернет. Висок процент од 69 % биле жртва на говор на омраза на Интернет, 23 % не се соочиле, а 8 % не разграничуваат дали е опасност или не. Но ставот на испитаниците околу причината за говор на омраза одговорите се дека тоа е според 36 % од испитаниците политичка ориентираност, 23 % како причина ја наведуваат етничката припадност, 16 % верската припадност, 11 % половата припадност, 9 % се изјаснуваат дека тоа е социјалниот статус, 4 % дека е сексуалната ориентација и 1 % физичката или менталната состојба. Говорот на омраза е застапен на сите социјални мрежи и тоа на сите социјални мрежи и тоа: Фејсбук, Јутуб, твитер, месинџер и др. и дека се манифестира преку текст, слики, клипови и др. Како најпогодена група испитаниците сметаат со 71 % дека сите се погодени бидејќи со масовизацијата на социјалните мрежи на Интернет секојдневно се зголемуваат и нивните корисници. Од испитаниците говорот на омраза 44 % го игнорираат, а останатите пријавуваат или кај администраторите, кај Интернет провајдерите и мал дел бурно реагирале. Според испитаниците дали учествувале на некој начин за сузбивање

на говор на омраза 20 % одговориле потврдно со одредени активности за подигнување на свеста кај граѓаните за спречување на говорот на омраза на Интернет. Од испитаниците 57 % од испитаниците истакнале дека говорот на омраза на Интернет бил причина за физички пресметки, што е сигнал за погплема превенција. На ова се надоврзува и одговорот на последното прашање за воведување на поригорозни законски мерки за лицата кои шират говор на омраза разрешуваат испитаниците дале потврден одговор, што укажува на тоа дека граѓаните ја сфаќаат опасноста од ширење на говор на омраза и можна ескалација на проблемите.

Според теоретската анализа на проблемот со говор на омраза и неговата регулираност со меѓународните и националните правни акти и спроведеното анкетно истражување се потврдува поставената главна хипотеза дека: „Говорот на омраза е негативна безбедносна појава во Република Македонија која е реалност и се прифаќа како „нормална“ појава, се до моментот на ескалација и предизвикување на нарушување на безбедносната состојба на локално, регионално ниво и се чувствува само таму каде што е проблемот, а на национално ниво се шири говорот на омраза преку медиумите, социјалните мрежи и сл. и има прекршочен и криминален карактер согласно законите на Државата и ратификуваните меѓународни правни акти.“ Потврдени се и поголемиот дел од посебните хипотези.

преку Интернет, 89 % од

Врз основа на заклучоците се даваат и некои препораки се со цел да се подобри состојбата на подигнување на степенот на превенција од говор на омраза со цел зачувување на безбедноста, мирот, соживото и толеранцијата во милтиетничките средини на Република Македонија. За таа цел се препорачува:

- Посветување на внимание за зајакнување на можностите за меѓуетничка интеракција на младите, посено тие што живеат во мултиетнички средини преку алтернативни образовни програми, како што се кампови, курсеви, работилници и слично за подигнување на свеста од потребата за соживот, безбедност, толеранција, почитување на различностите.

- Креирање на образовни програми за меѓуетничка интеракција во кои би биле опфатени содржини од значење на различните етнички заедници, а со што треба да се намали етничката дистанца и негативните стереотипи и да се зголеми нивото на меѓуетничката коегзистенција во општеството.
- Воведување на можности за факултативно изучување на јазиците на заедниците во рамките на државниот образовен систем.
- Градење на предуслови за намалување на силно изразената етноцентричност, преку механизми кои ќе го зајакнат граѓанскиот концепт и зајакнување на чувството на припадност кон државата.
- Зајакнување на капацитетите на универзитетите, преку поинтензивна соработка со соодветните државни институции и единиците на локалните самоуправи, во насока на зголемување на меѓуетничката интеракција и зајакнување на општествената инклузија врз основа на прашањата кои немаат силно изразена етничка и религиска димензија.
- Сензибилизација на граѓаните за различните облици на дискриминација и зголемување на нивото на знаење и информирање. Притоа, се препорачува стимулирање на соодветно медиумско прикажување на дискриминацијата и последиците од дискриминацијата врз остварувањето на основните права и слободи на различните групи на граѓани.
- Подигање на јавната свест за различните појавни форми на говорот на омраза и добри практики на национално и локално ниво за негово надминување. Борбата со говорот на омраза треба да се заснова на трислоен пристап: развивање на позитивни политики; заштита преку административните и граѓански постапки и предвидување на кривични санкции. *Camden* принципите за слобода на изразување и еднаквост се корисен водич за позитивни политики и мерки со кои се гарантира слободата на изразување и еднаквоста во општеството.
- Преземање на превентивни мерки против криминалот од омраза, вклучувајќи едукација за човековите права и подигање на јавната свест за вредноста на културната различност и инклузијата со цел сите делови на општеството да имаат улога во борбата против таквата нетрпеливост.

- Министерството за внатрешни работи, да посветува пове ќе внимание и на најмалите ситуации за говор на омраза со преземање на соодветни мерки и спречување на ескалација на проблемите имајќи ги во предвид можностите на социјалните мрежи и брзото ѓирење на говорот на омраза и предизвикување на брзи масовни собир и други форми на нарушување на јавниот ред, но и предизвикување на матреичајни штети и штети по животите на граѓаните.
- Јавното обвинителство да го зголеми својот интерес и да постапува по службена должност и поднесени кривични пријави за говор на омраза согласно надлежностите.
- Изработка и воведување програми против говор на омраза во средните и основните училишта во Република Македонија и зголемена работа со млади во соработка на Министерството за образование и наука со невладините организации што работат на оваа тематика.
- Спроведување обуки за полициски службеници, судии, јавни обвинители и адвокати со цел подигнување на свесноста, препознавање и разбирање на феноменот на говорот на омраза, вклучително и за судската практика на Европскиот суд за човекови права во оваа област.
- Казнените одредби во Кривичниот законик треба да понудат и алтернативни мерки за казнување на сторителите. Практични примери за доброволна работа во невладини организации со сторителите согласно основата на омраза кон индивидуа или група даваат поголеми резултати во процесот на реинтеграција и рехабилитација на сторителите покрај изречената затворска или парична казна.
- Превенција преку широки дебати и организирање на одредени активности за запознавање на сите граѓани за опасноста од говорот на омраза, од најнизок степен до највисок се мисли од најмалите општествени заедници на ниво на локална самоупорава до највисок степен на државно ниво.
- Потребна е широка дебата во која би учествувале претставници на медиумите, новинари, професионални медиумски и новинарски здруженија, претставници на судската власт, граѓанскиот сектор и власта, која би придонесла кон подигнување на свеста на пошироко општествено ниво во однос на говорот на омраза.

- Казните што се предвидени за говорот на омраза, паричната казна или казната затвор во Кривичниот законик, може да се дополнат со алтернативни казни, како општествено корисна работа, кои би ги изрекувал судот и кои ќе бидат насочени кон надминување на предрасудите на сторителите и суштински ќе влијаат врз нив, наместо само гола примена на казна што може да даде и спротивен ефект.
- Судиите треба да да ги следат практиките на Европскиот суд за човекови права во домашните судски постапки, особено одредбите што се однесуваат на правото на слобода на изразување и неговите ограничувања од членот 10 од Европската конвенција за човекови права.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Alaburić V. , *Ograničavanje „govora mržnje” u Demokratskome društvu - teorijski, zakonodavni i praktički aspekti* I Dio, 2003. http://www.pravo.unizg.hr/USTP/predmet/ups/seminar_-_dr._sc._a._horvat_vukovic
- Alaburić V. , *Kazneno pravo,* Hrvatska pravna revija, Zagreb, 2003.
- Ананиев Ј., Арифи Б., Габер - Дамјановска Б., Лазарова- Трајковска М., Поповска Ж. И Чубриќ С., *Човекови права,* ОБСЕ; Скопје, 2018.
- Anić V. , *Rječnik hrvatskog jezika*, treće, prošireno izdanje, Zagreb, 2000.
- Бислимовска Ј. и др., *Човековите права во здравствената заштита - Прирачник за практичари,* Медицински факултет; ЦРИС Студиорум, Скопје, 2010.
- Bogdanić, A. , *Govor mržnje." Znakovi i poruke*, Komunikoloski kolez, Banja Luke, 2010, http://kfbl.edu.ba/wp-content/uploads/2015/02/ZiP-III-1-2010.pdf,
- Buckley S., Duer M. K., Mendel, T., & O'Siochru S., *Broadcasting, Voice, and Accountability: A Public Interest Approach to Policy,* Law, and Regulation, Washington: University of Michigan Press, 2008.
- Walker S. , *Hate Speech: The History of an American Controversy,* Lincoln: University of Nebraska Press, 1994.

- Weber A., *Manual on hate speech*, Council of Europe.
- Wilkinson P., *The Media and Terrorism*: A Reassessment, Frank Cass, London, 1997.
- Vejnović D., Lalić V., Grbić Pavlović N., Pavlović G., Ponorac T. , *Politička kultura i govor mržnje u Bosni i Hercegovin, Evropski defendologija centar za naučna, politička, ekonomska, socijalna, bezbjednosna, sociološka i kriminološka istraživanja,* Banja Luka, 2011.
- Gagliardone I., Gal D., *Thiago Alves, Gabriela Martinez, "Countering Online Hate Speech*", UNESCO, Paris, 2015.
- Голберт Д., *Регулирање на медиумите, компаративна студија*, Арс Ламина, Скопје, 1998.
- Dee J., California W, and Parker R. , *Free speech on trial: Communication perspectives on landmark Supreme Court decisions,* Tuscaloosa, AL: University of Alabama Press, 2003.
- Deb A., Donohue S. and Glaisyer T., *Is Social Media a Threat to Democracy?,* The Omydiar Group, October 2017.
- Дрндаревска Д., *Прирачник за користење на институционалните механизми за заштита на ЛГБТИ заедницата*, Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници", Скопје, 2016.
- Ѓорѓиевска В., *Размислувај глобално, дејствувај локално, македонска перспектива,* Меѓународна конферемција на МАНУ на тема „Дијалогот меѓу цивилизациите и предизвиците на толеранцијата во дигиталната ера", Скопје, 2018.
- Ерцег Т., *Расна нетрпељивост и говор мржње - међународни и хрватски стандарди и пракса,* Центар за људска права., 2004.
- Живановски Н., *Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза – Законот во сенка на политичкото толерирање на говорот на омраза",* Македонски институт за медиуми, Скопје, 2017.
- Иванова Д. , *Расна дискриминација*, УГД, Штип, 2017.

- Ивановски З. и Ангелески М., *Безбедносни системи*, Европски Универзитет на Република Македонија, Скопје, 2005.
- Иванчевић Н., *Систем безбедности Југославије - Увод у теорију система интегралне безбедности*, Београд, 1993.
- Jacobs J. and Potter K., *Hate Crimes: Criminal Law and Identity Politics.*New York: Oxford University Press, 1998.
- Janet P., *Ljubav i mržnja,* Naprijed, Zagreb, 1968.
- James J. Should Hate Be a Crime?. *The Public Interest,* vol. 113, Fall, 1993.
- Јованова Д., *Говор на омраза и медиуми*, Student's social science journal, Faculty of law University „ Goce Delčev" – Štip, 2017, number 4.
- Камовски В., *Коментар на Кривичниот законик на РМ*, Второ издание, Матица, Скопје, 2015.
- Камбовски В. и Лазарова Трајковска М. , *Правна анализа на концептот на казненото дело омраза и говор на омраза*, Издание на ОБСЕ во Република Македонија, Скопје, 2012.
- Ковачевић С., *Основи система ДСЗ*, Београд, 1980.
- Cohen-Almagor, R., *Freedom of Expression v. Social Responsibility: Holocaust Denial in Canada.* Journal of Mass Media Ethics, 2013.
- Kunić A., *Sloboda izražavanja na granici između prava i odgovornosti za javno iskazanu riječ,* Govor mržnje: Zbornik radova,, 2010.
- Kušić S. , *Online društvene mreže i društveno umrežavanje*, Život i škola, 2/2010, 2010.
- Carmani D., *Komparativna politika*, Zagreb, 2013.
- Лабовиќ М. и Николовски М., *Организиран криминал и корупција*, Факултет за безбедност, Скопје, 2010.
- Ljubić D., *Ustavi pojmovi prava, slobode, jamstva, načela, mogućnosti i zabrane*", Hrvatska pravna revija, Zagreb, 2011.
- Маслов Н. А, *Мотивација и личност*, Нолит, Белград, 1982.

- Matić J. , i Mršević Z. , , *Slobodan govor vs. govor mržnje, Pomeramo granice pribavljeno.*, 2007.
- Мајхошев А. , *Прва меѓународна научна конференција филологија, култура и образование,* Универзитет "Гоце Делчев", Штип, 2016.
- Михајлова Е., Бачовска Ј. и Шекерџиев Т., *Слобода на изразување и говор на омраза,* ОБСЕ, Полиестердеј, Скопје, 2013.
  https://www.osce.org/mk/skopje/116610?download=true.
- Михајлов М. и др. , *Говорот на омраза за време на изборна кампања 2014 година*, ФЕС, Скопје, 2014.
- Mojsilović Ž., Gavrić N., *Kuda vodi vršnjačko nasilje – maloletnička delinkvencija, pojam i karakteristike.* Laktaši, Visoka škola unutrašnjih poslova u saradnji sa Hans Zajdel fondacijom. Zbornik radova, Vršnjačko nasilje, 2007.
- McLaughlin, *Responding to Hate Crime: A Multidisciplinary Curriculum for Law Enforcement and Victim Assistance Professionals,* 2000.
- Morait B. , *O potrebi definisanja i mjeri sankcionisanja govora mržnje u izbornom procesu,* Govor mržnje: Zbornik radova, 2010.
- Николоска С. , *Методика на истражување на економско – финансиски криминалитет*, Ван Гог, 2013, Скопје. (1)
- Николоска С., *Методика на истражување компјутерски криминалитет,* Факултет за безбедност- Скопје, Скопје, 2013. (2)
- Outli K., *Emocije,* Clio, Beograd, 2005.
- Oitheimer M. , Protecting Freedom of Expression *„The Challenge of Hate Speech in the European Court of Human Rights Case Law"*, Cardozo Journal of International & Comparative Law, 2009.
- Орданоски С., *Слободата на изразување наспроти говорот на омраза во медиумите во Македонија,* Институт за комуникациски студии, Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје, 2018.
- Pálmadóttir J. , *Hate speech; an overview and recommendations for combating it,* Human rights centre, Island, 2018.

- Пировска У. , *Знам зошто, знам како : брошура за механизми за заштита на човековите права,* Хелсиншки комитет за човековите права во Република Македонија, Скопје, 2016.
- Поповска. Ж. , *Стереотипите и предрасудите како причина за дискриминаторските практики,* http://eprints.ugd.edu.mk/16376/1/Stereotipi%20i%20predrasudi%20vo%20presudite%20na%20ESCP_trud%20na%20Z.Poposka.pdf
- Поповска Ж. и Јовески Л., *Антидискриминациско право*, ОБСЕ, Скопје, 2017.
- Радуловић Р. , *Лексикон безбедности и заштите*, Нови Сад, 1994.
- Ракша – Зубчевиќ А., Војводиќ Ј., Бендер С., *Регулаторни тела за медиумите и говорот на омраза*, Публикација на Совет на Европа, Скопје, јуни, 2017.
- Reid E., Qin J., Zhou Y., Collecting and Analyzing the Presence of Terrorists on the Web: A Case Study of Jihad Websites, University of Arizona and Haifa University, Tuscon, Haifa, 2007.
- Russell J. Human Rights: The Universal Declaration vs The Cairo Declaration, London School of Economics and Political Science, 2012, http://blogs.lse.ac.uk/mec/2012/12/10/1569/
- Simović M., *Pravo na sloboda na izrazavanja iz član II/3HR ustav Bosne i Hercegovine i član 10 Evropske konvencije i novija praksa ustavnog suda Bosne I Hercegovine,* Evropski defektologija centar za naučna, politička, ekonomska, socijalna, bezbjednosna, sociološka i kriminološka istraživanja, Banja Luka, 2014.
- Smolla Rodney A., *Free Speech in an Open Society*, Alfred A. Knopf, New York, 1992.
- Спасески Ј., Николовски М. и Герасимоски Саше (2010), *Безбедносни системи*, Факултет за безбедност, Скопје, 2010.
- Streissguth, T. , *Hate Crimes*. New York: Library of Congress Cataloging-in-Publication Data, 2003.
- Стоилковски М. и Стојановски Ј. , *Обезбедување докази во електронска форма од меѓународни и домашни интернет сервиси провајдер*, ОБСЕ, Скопје, 2017.
- Стојановски Т., *Полицијата во демократско општество*, 2 Август С, Штип, 1997.

- Стојкова А. и Бошковски Д. , *Национален механизам за заштита на човековите права, Коалиција на здруженија на граѓани“,* Сите за правично судење“, Скопје, 2011.
- Стојановска Љ. , *Информациите од јавен карактер се за давање, а не за чување, Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во соработка со Македонскиот институт за медиуми*, Скопје, 2009.
- Теговска М. и Младеновска С. , *Иницијатива за законски измени во начинот на кој се регулира говорот на омраза во медиумите во Македонија,* Фондација за демократија на Вестминстер, Скопје, 2016.
- Трајковски Ж., и др. , *Медиумите, говорот на омраза и маргинализираните заедници : водич за медиуми,* Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“, Скопје, 2013.
- Трајаноски Ж., Прелиминарен извештај на тема правни рамки и мерки за борба против говорот на омраза, Проект: Слобода на Интернет, МЕТАМОРФОЗИС, Фондација за интернет и општество, Скопје, 2018.
- Трпевска С. и др. , *Анализа на јавната радиодифузија во Република Македонија во контекст на европската медиумска политика*, Македонски институт за медиуми, Скопје, 2010.
  http://iks.edu.mk/attachments/article/134/1142_277_izvestaj.pdf
- Тупанчевски Н. и Кипријановска Д. , *Основи на македонското информатичко казнено право*, МРКПК бр. 2 - 3, Скопје, 2008.
- Turner, J. I. , *The Expressive Dimension of EU Criminal Law. American Journal of Comparative Law* 60, 2012.
- Urošević P., *Da li je zabrana gej parade u centru Beograda kršenje ljudskih sloboda i prava*?, Nova srpska politička misao, 2010.
- Friedman M., *Kapitalizam i sloboda*, Globus, Zagreb, 1992.
- Фрчкоски ,Д., Георгиевски С. и Петрушевска Т. , *Меѓународно јавно право*, Магор, Скопје, 2012.
- Harper D. , *Etimology Dictionary*, Historian, Nev York, 2008.

- Hornsby J. , *Free speech and hate speech: Language and rights, u Egidi, Rosaria, Dell'Utri*, Massimo & De Caro, Mario (Eds.): Normatività fatti valori (297-310). Macerata, Italy: Quodlibet, 2003.
- Čupić Č, *Politika i poziv*, Udruženje za političke nauke Jugoslavije i Čigoja štampa, Beograd, 2002.
- Шуклевска К., и др. ,А*нализа на состојбите, заштитата и можностите за превенција од говорна омраза во Република Македонија“,* Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Скопје, 2015.
- Шуклева Х. , *Бела книга за состојбата со говор на омраза во Република Македонија*, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Скопје, 2017.
- Шулевска Х., Голубовска Ј., Младенова В., Барлаковска С. , *Бела книга за состојбата со говор на омраза во Македонија,* Хелсиншки комитет за човекови права на РМ, Скопје, 2015.

Закони, Зборници, Препораки, Прирачници, Правна анализа

- *American Psychological Association position paper released in 1998*.
- *Водич за мониторинг на говорот на омраза*, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, 2014.
- Законот за спречување и заштита од дискриминација, *Сл. весник на РМ бр. 50/10.*
- Закон за пристап до информации од јавен карактер, *Сл. весник на РМ бр. 13/2006; 86/2008 и 6/2010.*
- Законот за радиодифузна дејност, *Сл. весник на РМ бр. 100/2005; 19/2007; 103/2008; 152/2008; 6/2010; 145/2010; 97/2011; 13/2012 и 72/2013.*
- Закон за облигациони односи, *Сл. весник на РМ бр. 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009 и 161/2009.*
- Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013). Достапно на: http://www.avmu.mk/images/Redakciski_precisten
- *Hate Crimes Law: A Practical Guide.*, Organization for Security and Co-operation in Europe Mission to Bosnia and Herzegovina, Sarajevo. 2009.

- Закон за спречување насилство и недостојно однесување на спортски натпревари*, Сл. весник на РМ бр. 89/2004; 142/2008; 135/2011; 27/2014.*
- Закон за јавно обвинителство, *Сл. весник на РМ број 150/07, 111/08.*
- Законот за полиција, *Сл. весник на РМ бр. 114/06.*
- *Европска конвенција за заштита на човековите права,* https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf
- ECRI: Good Practices: Specialized bodies to combat racism, xenophobia, antisemitism and intolerance at national level, Strasbourg, April 1999.
- ECRI General Policy Recommendation No. 7 on national legislation to combat racism and racial discrimination, Strasbourg, February 2003.
- ECRI General Policy Recommendation No. 7 on national legislation to combat racism and racial discrimination,Strasbourg, February 2003., пристапено на: 20.07.2018 - http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/ activities/gpr/en/ recommendation_n7/ecri03-8%20recommendation%20nr%207.pdf
- Committee on the Elimination of Racial Discrimination, ._wish Community of Oslo et al. v Norway, Communication No. 30/2003.
- Commission Comm unication on the activities of the EUM C (to gether with p roposals to recast Council Regulation (EC) 1035/97) COM (2003)483 final
- Council Regulation establishing the European Monitoring Center on Racism and Xenophobia, Official Journal L 151 of 10. June 1997.
- Council Decision laving down the procedures for the exercise of implementing powers conferred on the comission во согласност со член 7/3/ Decision 1999/468/EC.
- Кривичен законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 07/08, 19/04.*
- *Правна анализа на концептот на казнено дело на омраза и говорот на омраза*, ОБСЕ, Полиестердеј, Скопје, 2012.
- Препораката бр. R (97) 20 на Комитетот на Министри на Советот на Европа за „говор на омраза“

http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec%281997%29020&expmem_EN.asp

- *Politička enciklopedija,* Beograd, 1975.
- *Универзалната декларација за човекови права:* http://bezomrazno.mk/wp-content/uploads/2013/10/Univerzalna-deklaracija-za-pravata-na-covekot.pdf
- *Universal Declaration of Human Rights.*
- Feedom of the Media, Freedom of Expression, Free Flow of Information; Conference on Security and Co-operation in Europe (CSCE) and Organization for Security and Co-operation in Europe (OSCE) 1975-2012, 2nd Edition.- Vienna: OSCE Representative on Freedom of the Media, 2013, 56 pp. http://www.osce.org/fom/99565

Интернет извори

- https://www.pravdiko.mk/sloboda-na-izrazuvane-i-govor-na-omraza/
- https://akademik.mk/evropski-den-na-zhrtvite-na-kriminalot-od-omraza
- https://civilmedia.mk/sken-politichki-video-magazin-govor-na-omraza-i-ne-kaznivosta/
- http://www.osce.org/mk/skopje/116610?download=true
- https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A0%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC
- http://aktiv.mk/attachments/article/343/%D0%9A%D1%81%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%84%D0%BE%D0%B1%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf.
- http://aktiv.mk/attachments/article/343/%D0%9A%D1%81%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%84%D0%BE%D0%B1%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf
- http://www.pewglobal.org/2015/11/18/global-support-for-principle-of-free-expression-but-opposition-to-some-forms-of-speech/
- http://progres.org.mk/files/publications/Govorot%20na%20omraza%20za%20vreme%20na%20izbornata%20kampanja%202014.pdf
- https://www.pravdiko.mk/definirane-na-govorot-na-omraza/

- https://dzlp.mk/sites/default/files/u1002/pravo-na-govor-ne-e-pravo-na-govor-na-omraza11%20(1).pdf
- http://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2014/09/Vodic-za-IKT-na-Metamorfozis-br-10-MK-za-WEB-1.pdf
- www.ohchr.org
- https://www.lawteacher.net/...essays/.../international-bill-of-huma
- http://www.osce.org/event/shdm_nov2011
- http://hatecrime.osce.org/odihrs-capacity-building-efforts
- https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/106289
- https://www.osce.org/mission-to-montenegro/386145
- http://www.osce.org/fom
- https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016805cc2c0
- https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf
- http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1734%3A-r97-20-q&catid=50%3Aevropska-legislativa-cat&Itemid=339&lang=mk
- http://www.conventions.coe.int/treaty/EN/treaties/html/189.htm
- eu_hr_guidelines_on_freedom_of_expression_mk.pdf
- http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/activities/gpr/en/recommendation_n7/ecri03-8%20recommendation%20nr%207.pdf
- https://www.coe.int/en/web/commissioner/the-commissioner
- https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=library/collections
- https://globalfreedomofexpression.columbia.edu/cases/jersild-v-denmark
- https://rm.coe.int/16800c10cf
- http://www.osce.org/mk/skopje/116610?download=true
- http://www.adl.org/99hatecrime/intro.html.
- http://www.nspm.rs/kulturna-politika/da-li-je-zabrana-gej-parade-u-centru-beograda-krsenje-ljudskih-sloboda-i-prava-q.html?alphabet=l.
- http://www.zeenews.com/news658769.html.
- http://redbutton.mvr.gov.mk/
- http://www.bbc.com/news/technology-35035087

- http://www.bbc.com/news/technology-34855462
- http://redbutton.mvr.gov.mk/
- https://respublica.edu.mk/blog/2018-11-21-09-23-39.
- https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A3%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%B5%DD0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5_%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0

## ПРИЛОЗИ

### Анкетен прашалник

Анкетниот прашалник се спроведува со цел да се согледа состојбата со говорот на омраза во мултиетничките места, а добиените резултати ќе бидат искористени исклучиво за целите на трудот.

**I- Социо-демографски податоци**

1. Пол

a. Машки
b. Женски

2. Возраст

a. Од 18 до 20 години
b. Од 21 до 30 година
c. Од 31 до 40 години
d. Од 41 до 50 години
e. Од 51 до 60 години
f. Над 61 година

3.Образование

a. Основно
b. Средно
c. Високо
d. М-р./Д-р.

4. Национална припадност

a. Макрдонец/ка
b. Албанец/ка
c. Ром/ка
d. Турчин/ка
e. Србин/ка
f. Други

**II – Податоци кои водат кон анализа на говорот на омраза**

5. Во каква средина живеете

a. Чиста
b. Мултиетничка

6. Дали досега се имате сретнато со говор на омраза

a. Да
b. Не

7. Каков карактер најчесто има говорот на омраза со кој се имате сретнато

a. Национален
b. Верски
c. Етнички
d. Политички
e. Социјален

8. Со која форма на говор на омраза се имате сретнато

a. јавно искажани ставови, мислења,
b. напишани пароли на јавни места,
c. графити,
d. говорот на омраза преку компјутерските системи и мрежи

9. Говорот на омраза е присутен во медиумите кои создаваат плима на нетолеранција, верска омраза и нетрпеливост

a. Потполно се согласувам
b. Се согласувам
c. Не се согласувам
d. Потполно не се согласувам

10. Дали сметате дека компјутерските системи и социјалните мрежи на Фејсбук и Твитер можат да придонесат во забрзано ширење на говорот на омраза

a. Да
b. Не

11. Дали на говорот на омраза гледате како криминално дело

a. Да
b. Не

12.Со кое криминално дело од омраза најчесто се среќавате

a. Омраза, раздор и нетрпеливост
b. Расна и друга дискриминација
c. Злосторничко здружување
d. Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем

14. Дали кривичните дела  со елементи на говор на омраза се инкриминирани во Кривичен законик на РМ со цел полесна превенција и репресија (2).

a. Да
b. Не
c. Делумно

15. Дали се согласувате дека говорот на омраза предизвикува појава на други криминални појави од полесен карактер до најсериозни безбедносни појави  (7)

a. Потполно се согласувам
b. Се согласувам
c. Не се согласувам

d. Потполно не се согласувам

16. Кои се пследиците од говор на омраза

a. материјални штети
b. губење на човечки животи
c. нарушување на безбедноста и стабилноста на граѓаните во мешовитите средини.

17. Дали се согласувате дека последиците од говорот на омраза го чувствуваат највеќе граѓаните од мешаните средини

a. Потполно се согласувам
b. Се согласувам
c. Не се согласувам
d. Потполно не се согласувам

18. Омразата и нетолеранцијата претставуваат можна закана за безбедноста во смисла на ескалација на насилството

a. Потполно се согласувам
b. Се согласувам
c. Не се согласувам
d. Потполно не се согласувам

19. Дали сметате дека говорот на омраза има потреба законски да се санкционира

a. Потполно се согласувам
b. Се согласувам
c. Не се согласувам
d. Потполно не се согласува

20. Дали сметате дека безбедносните службина говорот на омраза гледаат како на сериозен проблем

a. Да
b. Не
c. Делумно

21. Дали сметате дека кај меѓународната заедница постои поголема свест за опасноста од говорот на омраза и последиците од тоа и поради тоа дава препораки за националните законодавства за имкриминирање на криминални поведенија со говор на омраза

a. Да
b. Не
c. Делумно

22. Дали се согласувате дека безбедносните служби имаат сериозен предизвик во однос на превенцијата и репресијата на говорот на омраза

a. Потполно се согласувам
b. Се согласувам
c. Не се согласувам
d. Потполно не се согласувам

23. Дали сте се сретнале со говор на омраза на интернет

a. Да
b. Не
c. Не сум сигурен/на

24. Дали сте биле жртва на говор на омраза

a. Да
b. Не
c. Незнам

25. Која е најчеста причина поради кој е упатен говорот на омраза преку интернет

a. Етичка припаднос
b. Верска
c. Полова
d. Сексуална орентација
e. Политичка орентација
f. Социјален статус
g. Физичка или ментална состојба

26. Каде најчесто го реќавате говорот на омраза на интернет

На интернет страни

a. Форуми
b. Вести
c. Блог
d. Фејсбук
e. Твитер
f. Инстаграм
g. Јутуб
h. Месинџер
i. Портали

27. Во каква форма најчесто го среќавате говорот на омраза на интернет

a. Слики
b. Текстови
c. Видеа
d. Зборови
e. клипови

28. Која возрасна група сметате дека е најпогодена од говорот на омраза на интернет

a. Децата
b. Младите

c. Возрасните
d. Сите

29. Како реагирате кога ќе се соочите со говор на омраза

a. Бурно одговарам и реагирам
b. Ги информирам интернет провајдерите
c. Барам совет
d. Ја пријавувам содржината кај админите на групата или страната
e. Игнорирам

30. Дали имате учествувано во активности за сузбивање на говорот на омраза на интернет

a. Да
b. Не

31. Дали некогаш сте пратиле или добиле онлине содржина која содржи говор на омраза

a. Да
b. Не
c. Незнм

32. Дали се имате соочено со ситуација кога говорот на омраза на интернет бил причина за физички пресметки

a. Да
b. Не

33. Дали сметате дека треба да се воведат поригорозни законски мерки за лицата кои шират  говор на омраза преку интернет

a. Да
b. Не

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МУЛТИ ЕТНИЧКИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА